ОЛИВЕР АНДОНОВ




# ПРЕМРЕЖИЈАТА НА ЕДНО СУДБОНОСНО ВРЕМЕ ЗА МАКЕДОНИЈА

ПОЛИТИЧКИ СТАТИИ, КОЛУМНИ И ИНТЕРВЈУА
ЗА ЕДНО ВРЕМЕ И ИДНИНА

II дел

ОЛИВЕР АНДОНОВ

# П Р Е М Р Е Ж И Ј А Т А

**на едно судбоносно време**

**за**

# М А К Е Д О Н И Ј А

политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднина

(втор дел)

Македонија - 2021

**Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија**
***политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднина***
**(втор дел)**

**Автор:**
**Вонреден Професор д-р Оливер Андонов**

**Рецензенти:**
**Професор д-р Стојан Кузев**
**Професор д-р Тони Ѓоргиев**

**Техничка обработка:**
**Дамјан Ачкоски**

**Печати:**
**НОВИТЕТ-ПРИНТ, Скудриње – Маврово и Ростуше**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323.1(=163.3)(045)
304.4(497.7)"2016/17"(045)

АНДОНОВ, Оливер
Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија : политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднината. Д. 2 / Оливер Андонов. - Скопје : О. Андонов, 2021. - 254 стр. ; 25 см

ISBN 978-608-65457-3-4

а) Македонци -- Национален идентитет -- Статии б) Македонија -- Општествено-политички прилики -- 2016-2017 -- Статии

COBISS.MK-ID 54634245

## Содржина

Збор на рецензентите ........................................................................ I

Вовед ........................................................................ 1

Муртинска политика ........................................................................ 3

Мајтап ........................................................................ 7

Заев како Тито во создавањето на Горно-Северна нација ........................ 10

Не смее да помине ........................................................................ 13

Демократија низ призмата на СДС ........................................................ 15

Дилеми или трилеми ........................................................................ 17

Изживување, неинвентивност и злоупотреба ........................................ 21

Ципрас вели ... Рада не коментира, а геополитиката... ........................ 24

Превртени слики ........................................................................ 28

Кажав ли дека се ѓонови, манипулатори и … ........................................ 31

В П Ш  или Н П Ш ........................................................................ 34

Референдум, а што е тоа? ........................................................................ 38

Во водата дупка ........................................................................ 40

Фарбачи ........................................................................ 43

Глупирање ........................................................................ 47

Уставните измени, историски парадокс и катастрофа за (само)укинување на Македонската нација и држава ........................................................ 50

Нобеловец ........................................................................ 57

Оркестар за погреби ........................................................................ 60

Вештачка творба ........................................................................ 62

Измами и одговорност ........................................................................ 64

Монолози ........................................................................ 67

Северни дебати во СДС-то ........................................................................ 70

Какафонија ........................................................................ 73

Северњачка лексика или паламудатор, мрчатор, чучулатор итн. ..................... 76

Дно ........................................................................ 79

Нервоза ........................................................................................................ 82
Втор круг или висока цена ............................................................................ 85
Метла ........................................................................................................... 87
Маслосување ................................................................................................ 90
Опасно загрозувачка неспособност .............................................................. 92
Препораки и пораки ...................................................................................... 95
Плачко .......................................................................................................... 98
Стратегија ................................................................................................... 101
Давител vs Давител ..................................................................................... 103
Кој му даде безбедносен сертификат на Заев ............................................. 107
Евтини приказни на барон Минхаузен Хибридов ......................................... 110
Има ли пилот во авионот ............................................................................. 113
Молк на интелектуалната и академска јавност ............................................ 115
Еурека ......................................................................................................... 118
Ave Cesare, morituri te salutant ..................................................................... 121
Qvo vadis domine? ........................................................................................ 123
Црвениот хипокрит ..................................................................................... 126
Пофалба на глупоста ................................................................................... 129
Експрес лонец ............................................................................................. 133
„РЕКЕТ“, лаги и видео ленти ....................................................................... 135
Ода за новинарите ....................................................................................... 138
Левијатан ..................................................................................................... 141
Сведоштва, свиркања и симулации ............................................................. 144
Вознесот и падот на политичките лилипутанци ........................................... 147
Терминолошки и практични дивергенции на актуелната политика во Македонија ........................................................................................................ 150
Волшебници ................................................................................................ 155
Од дневникот на Гроф Сен Жармен ............................................................. 158
Пишман Аџија ............................................................................................. 160

Дијагноза ........................................................................ 163
Безбедност или сигурност ........................................................................ 166
Виновни ли сме? ........................................................................ 169
Апотеоза на апсурдот ........................................................................ 172
Над пепелиштето од мојата земја ........................................................................ 174
РЕ – ФОРМА ........................................................................ 176
Државен непријател Бр.1 ........................................................................ 179
CON – SPIRARE ........................................................................ 182
Дефокусирање ........................................................................ 184
Политичка коректност или глумата на Заев ........................................................................ 187
Кому му треба историјата? ........................................................................ 190
Медиокритет ........................................................................ 193
Карантин или COVID19 – СДС20 ........................................................................ 195
Оглед за трулежот ........................................................................ 198
Манџуриски (муртински) кандидат ........................................................................ 202
Политичко решение ........................................................................ 205
Ресетирање на државата ........................................................................ 208
Кој беше во право ........................................................................ 211
Поп во најава, пропаднат правник, кризен премиер или ... ........................................................................ 215
Бегство ........................................................................ 219
Ден потоа . . . ........................................................................ 222
Втора фаза ........................................................................ 225
Ecclesia patiens ........................................................................ 228
Ecclisia militanis ........................................................................ 232
Трета фаза ........................................................................ 236
Волшебникот од Оз (Шипковица) ........................................................................ 239
Изборни последици ........................................................................ 241
Ода на примитивизмот (Заевизмот) ........................................................................ 244

Одекот на тишината ........................................................................................ 247
Д. О. О. Е. Л.................................................................................................. 249
Поговор ......................................................................................................... 252

**Збор на рецензентите**

Авторот на Монографијата е наставно-научен работник кој своите професионални обврски ги исполнува работејќи на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски". Но, тој не е само наставно-научен работник. Имајќи пред вид дека неговиот образовен профил е од областа на општествените науки, разбирливо е што неговиот непосреден интерес е насочен кон состојбата на општествените процеси во Република Македонија па и пошироко.

Монографијата претставува хронолошки пристап на авторот кон актуелните случувања во Република Македонија. Токму актуелните случувања се доволна инспирација за авторот јавно да се произнесе за нив со свој став. При тоа, тоа го прави на продлабочен начин, односно не застанува на констатирање на состојбите, туку напротив, тоа го прави аналитички. Ги анализира претходните состојби, одлуките кои се донесени во насока на нивно подобрување или подобро речено нивна критика. Критиката на донесените одлуки по прашањата кои се предмет на елаборација во одделни колумни се поткрепени со јасни индикатори за тоа, при тоа укажувајќи на можните порационални одлики и решенија. Не ретко авторот тоа го прави со алегорија. Се надевам дека читателите на ова Монографија ќе имаат можност да се уверат во ваквите мои констатации.

На крајот, сакам да истакнам дека авторот зафаќајќи се со јавно произнесување за состојбите по определени општествени прашања, се потврдува како активен интелектуалец кому не му е сеедно во кој правец се движи Република Македонија. Во услови кога јавно искажаниот став и мислење на интелектуалците и универзитетската јавност во државата е минималвно или сосема лимитирано, авторот со својот пристап претставува светла точка во креирањето на јавното мислење.

Од погоре изнесеното, целосно го поддржувам излагањето на ставовите на авторот во ова Монографија, а на читателите топло им ја препорачувам.

**Професор д-р Стојан Кузев**

Авторот на монографијата, професорот д-р Оливер Андонов во серијата од книги, е втора книга (монографија) каде доследно содржи стотици илјада зборови кои говорат за премрежјата на една држава која се вика Република Македонија. Имајќи ја во предвид неговата стручност и компетентност како професор и човек, некриејќи ги само за себе своите чуства со кој ни најмалку срамежливо, понекогаш и арогантно, е застанат зад браникот на одбраната на својот народ, во своите колумни ги критикува тие кои се препознават, а за тие кои неможат да се препознаат авторот вели „дека ќе се препознаат, но ќе биде предоцна“.

Очигледно е, дека од корист му беше помошта на многумина истакнати експерти од одредени области, што би рекол авторот „неможе човек се да знае, но убаво е да му се каже за да знае“, но преку своите колумни и многубројните напишани страници, одговорноста за сите мислења што се изнесени на овие страници е само на авторот. Но, тие мислења се развивани, предизвикани и прочистени со текот на многу разговори со стари пријатели и нови познаници.
Хронологијата на присапот на авторот е за се што е актуелно случување во Република Македонија, за се што се случува или ќе се случи, а авторот се обидува да го долови и укаже пред Македонската јавност, за да не задутре нешто недостасува, а тоа е факторот „време“.

За смислување на концептот за толку долг период преку *колумни* се потребни вештини, а неговата професионалност гарантираше дека истите ќе стигнат до читателот, поради што и неслучајно е таму каде што е, на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје.

Разбирливо за инспирациите кои ги има професорот Андонов, додека ја пишувам рецензијата, на многумина им се задолжив за благодарност, посебно задоволство ми е тоа да го изразам сега.

**Професор д-р Тони Ѓоргиев**

**Вовед**

Ова Монографија е продолжение на претходната која беше издадена во 2018 година, а како одраз на исклучително важните и пред се трауматични собитија за Македонската нација и држава во периодот од 2018 до крајот на 2020 година.

Несомнено, читателот или истражувачот на Македонската современа историја во некои идни времиња, ќе треба да ги надоврзе случувањата опишани во првата Монографија со ова како неделив нејзин продолжеток. Впрочем, историјата на еден народ може да се подели на периоди или епохи, но таа останува нераскинлива нитка вткаена во колективната меморија на народот при што минатите времиња и случувања оставаат силен печат врз современите и идни случувања.

Не постои народ (или барем јас не сум сретнал, дури и низ историските проучувања) кој толку апатично и инертно се однесува кон својата самобитност и државност, дозволувајќи на секакви криминални ништожници да го уриваат нивниот вековен копнеж и нивната вековна борба за национална, државна и духовна слобода, како што е тоа случајот со Македонскиот народ во последниве години. За жал, оваа тенденција продолжува со намера да стане печат (обележје) на една неславна и ужасна декада на национални порази и разнебитување на Македонската нација, држава и црква. Нешто сосема спротивно од нормалната цел на секој народ, а тоа е создавање на сопствена национална држава и себе впишување во листата на историски и современи светски нации. Тоа е процес кој трае со децении, а во нашиот случај со векови, додека процесот на разнебитување кои се одвива пред наши очи се одвива со молскавична брзина во последниве неколку години. При тоа, сите ние не реагираме соодветно и сме како парализирани, не само физички туку што е пострашно и духовно и интелектуално.

Ова Монографија пред се, ја отсликува политичката, националната и етичко-духовната паднатост на Македонската политичка елита во перодот од 2018 до крајот на 2020 година, односно периодот на владеењето на СДСМ и Зоран Заев, период одбележан со безброј национални порази, анационалност, недржавност, но и со енормно изразен криминал со активно учество и поддршка на елитата на власт, а неспособност на опозицијата претставена во ВМРО-ДПМНЕ и персонифицирана од нејзиниот претседател Мицкоски за конкретно и успешно спротивставување на ужасните политики на СДСМ и Заев.

Во исто време, низ колумните може да се забележи и алузија на однесувањето на опозицијата или ВМРО-ДПМНЕ која упорно (намерно или ненамерно, на читателот, но и на историјата ќе остане да го утврди тоа) не ја „симнува маската од очите“.

Дел од колумните во монографијата не се објавени во медиумите од разни причини, а дел по нивното објавување беа блокирани за да не бидат достапни до читателите. Ова е одлука на цензурата и притисок од поедини „авторитети“ врз медиумот или порталот, а со едноставна забелешка, да не допре гласот на разумот и освестувањето до граѓаните за антинационалната дејност на некои лажни авторитети во Македонија задскриени зад политичките функции и партиската „моќ“ поткрепена со валкани пари.

Искрено се надевам дека ова Монографија во континуитет со првата Монографија ќе придонесе кон ново согледување на вистинските збиднувања во Македонија преку дневно-политичките теми кои всушност имаа долгорочни и стратешки последици врз целото Македонско општество.

На денот на Светите бесребреници Козма и Дамјан
14.07.2021 година

Авторот

**Муртинска политика**

Таман си помислив дека ќе се посветам повеќе на научни пишувања, кога не било речено. Не издржа срце јуначко да не напишам за глупостите на „одличната надворешна политика“ и уште „поодличната внатрешна политика“ на ѓон СДС предавничка. Според зборовите на нивниот врховен предавник, внатрешната политика ќе ја средел по теркот на Струмица, тешко нас, тоа значи *муртинска политика*.

И како што секогаш велам, да не заборавиме, па накратко ќе се припомниме за тоа дека се започна со „Шармер дипломатијата“ на оној министеро за по надвор кој има-нема рамка и линии, а за детерминирана државна или недај Боже национална политика не станува збор. Потоа продолжи со дебатите за се и сешто на лицето под маска, узурпатор на функцијата Претседател на Владата, па нели националност во пасош и националност како определба не е исто (како во странство оние со Македонски пасош ги третираат како да се Тунгузијци), се до тоа дека оној ѓон-лице под маска сите во регионот го сакаат, па затоа веројатно не се прибира во Македонија (освен кога оди на прослави, а му се погодија последниве денови, Св.Трифун во Кавадарци и Неготино и карневалот во Струмица), оти љубовта треба да ја шири и раздава, по надвор де, а за по дома ако остане, ако не ете ни муртинска политика. Но, и на овие домашните појавувања полн е со бисери во изјавите кои ги тресе како од ракав, а воглавно се поврзани со директно нанесување на штета на виталните национални интереси. Поради сето ова следува тоа гарантирано субјективно чувство кое овој лик под маска го има самиот за себе, а тоа е дека сите го сакаат во регионот. Секако се согласувам со тоа дека сите го сакаат, навистина го сакаат и тоа буквално според онаа српската **„Сви ме воле, тако ме и зову“**.

Ќе те сакаат, море ќе те обожаваат и тоа со пофалби на цела уста (по онаа старата „Фали ме усто, оти ќе те расчепам“), неможеа ниту да замислат и посакаат на сон, а не пак на јаве да им се даде еден ваков тип кој ќе им ги исполни сите нивни барања и желби кон Македонија. Се ќе им исполни и тоа во името на „платонската љубов“ секако за сите да го сакаат. И како што веќе напишав „Сви га воле...

Јасна ни е нам неговата „успешна“ политика за по надвор, но што станува со татковината во меѓувреме додека овој лик под маска се шета онака белосветски делејќи љубов?

Многу работи стануваат и токму затоа сакам да потсетам, да ве запрашам сите вас, сите нас во Македонија, а најповеќе Македонскиот народ како носечки народ во државата Република Макеоднија, која сеуште така се вика слава на Бога, дали по девет месеци спроведување на муртинска политика сме свесни каде не води овој лик под маска?

Нема да зборувам за меѓународните односи, геополитиката, регионалната политика, заштитата на националните интереси. Многу пати досега зборував и пишував за овие прашања и сметам дека во овој миг истите

се далечни од граѓаните од Македонецот. Далечни се едноставно затоа што секој од нас поединечно е загрижен и преокупиран токму од внатрешната политика на Муртинецот, од неизвесноста која ја носи неговата муртинска политика. Со сигурност знам дека надворешната политика и сите прашања поврзани со неа му се непознати на овој лик под маска, но исто така со сигурност тврдам дека истиот е супер манипулатор. Додека ние се смеевме на неговите недоветни изјави, тресења глупости, а поедини наши сограѓани се занесуваа со шарено-револуционерни дела и прифаќаа вградување на некоја си измислена идеја за уривање на некаков си режим, овој лик под маска успеа да се инсталира на позицијата која ја узурпираше и денес ни раскажува приказни за неговата „успешност" во внатрешната политика по теркот на Струмица (по се изгледа мислеше по теркот на Муртинска политика). Притоа, овој лик под маска не повикува на трпение, а во меѓувреме државата потона и сега може да чекаме само да не покрие песок и талог.

Но, што се случува на внатрешен политички план, во онаа Муртинска политика за која Заев алијас ѓон Црпко не убедува дека ќе му била успешна. Веројатно за него е успешна, бидејќи никако да се појави на суд за неговата корупција додека во меѓувреме крајно лицемерно ни објаснува за борбата против корупцијата и правдата за сите. Ова е еклатантен пример на цинизам, потценување на сопствениот народ и безобразие. Научени од неговиот пример неговите предавнички следбеници се однесуваат исто па така во државата се случува се само не напредок, правда, развој, живот. Се случува беззаконие, секој од нас на секој чекор може да се сретне со ова беззаконие, со самоволието на функционерите од ѓон СДС-предавничка, противзаконски отпуштања од работа, противзаконско прекинување на договори со измислени образложенија, деградирање во државната и јавната админситрација, поведување на неосновани и измислени дисциплински постапки, тенденциозни судски процеси, кривични пријави за јавно изречен збор и критика на оваа неспособна власт, непрофесионално судење и донесување на пресуди без согледување на сите докази, факти и спротивно на закон, суптилни закани врз вработените во државните и јавните претпријатија, притисок и рекет врз приватните стопанственици (а тие се исклучително важната алка во синџирот на економијата на Македонија), цинизам и плукање по Македонија и Македонското, затварајќи ги за тероризам патриотите, а ослободувајќи ги извршителите на убиство и незнам уште колку нечесни и беззакони дејанија кои score неможат да се добројат.

Што да се каже за економскиот просперитет на Муртинската политика? За нивната корумпираност, почнувајќи од промоторот на Муртинската политика. Доколку не е така, се прашувам зошто не се појави на судење и тоа јавно судење? Да кажеме нешто или немушто да се потсетиме и да не заборавиме за поскапувањето на горивата, за оданочувањето и молзењето до крв на секого од нас, за новиот закон за јавни набавки кој не враќа во „златните деведесетти" (без рамки и регулатива и можности за спогодби во четири или во три и пол очи), за општата економска стагнација и падот на производството или за енормното задолжување. Самиот Муртинец кажа дека државата била

задолжена 5 милјарди евра, а јас ќе потсетам дека за само 9 месеци тој ја задолжи државата 1,5 милјарда евра и ги потроши државните резерви, што вкупно изнесува приближно половина од долгот кој самиот тој го кажува (доколку може да му се верува, а неможе). Како успеаа да не задолжат за толку многу пари за само 9 месеци на власт е практична слика на чудото и животот кој ги произведува ѓон СДС-предавничка. Да се потсетиме дека до пред девет месеци во Македонија се градеше и се изгради, сега се застана, застанаа дури и завршените проекти за кои само требаше формално да се пресече црвена лента, застанаа започнатите проекти. Пругата кон Бугарија која еден министер (заборавам му името) ја најави помпезно како некогаш нивниот Бранко во 1994 година, повторно ја заборавија. Да, впрочем тоа е дел од муртинаскта политика, манипулации, лажни ветувања, корумпираност, тендери, распродажби, лично богатење, беззаконие, за која повторно ние треба да имаме трпение, трпение за да имаат време да ја деструираат државата и тоа во секој поглед.

Го гледаме скандалот со годишната програма на Министерството за култура, распределбата на државни пари во приватни цели, а не за промоција на културата и уште притоа и измислување на „традиции" (од типот на сунетот како стара Албанска традиција). Ова е навреда врз сите Муслимани во Македонија, вклучително и Албанците со исламска вероисповед, но и во светот, бидејќи се работи за верски обред застапен кај сите припадници на Исламот, но зарем и тоа треба да се објаснува. На секој чекор гледаме неукост, незнаење, немање ниту желба да се научи. Постои само желба за инсталирање на своите полуписмени партиски кадри и шарени револуционери кој сето ова го примаат како своја лична „заслужена" награда, награда која си ја одработија и сега треба добро да се „товарат", а за Македонија и народот не им е гајле.

На крајот и во највисоките инстанци на нивното „парламентарно мнозинство" без интерес за заштита на националните интереси и интересите на секој граѓанин-човек во Македонија, заштита на човековите права, без ни најмалку чувство за демократско однесување ѓон СДС – предавничка се обидува да собере кворум за некаква работа и да глуми собраниска работа донесувајќи ужасни законски решенија или глумејќи демократија да се обидува да организира „јавни расправи" за да пред нивните ментори креира лажна слика за вклученост на опозицијата, додека во меѓувреме ВМРО-ДПМНЕ и понатаму не учествува во работата на Собранието како резултат на политичките прогони врз сите патриоти.

Лажната слика секако ќе им ја прифатат и „сите ќе ги сакаат" се додека имаат надеж дека ѓон СДС ќе им испорачаат нешто што на менторите им е во интерес. Спротивно на ова ние како Македонски народ, како граѓани на нашата Македонија нетреба да заборавиме што се и какво не зло ни донесе муртинската политика и на надворешен и на внатрешен план, а колку ли уште ќе продуцира зло ќе имаме можност да видиме, само дај Боже да траат пократко, а тоа секако зависи и од сите нас. Колку лични страдања, премрежија и голготи поминува секој од нас, токму благодарение на муртинската политика ќе треба да се

погледне во секој од нас, но на крајот ќе треба и да се сублимира како еден скор на владеењето на предавничкиот режим на ѓон СДС.

Премногу се и овие девет месеци и еве видовме што навистина е режим и тоа режим кој не се грижи токму за ништо во сопствената држава, единствено за својата комоција и шетање по црвен тепих за да не си ги натопи чевличките во светата Македонска земја, впрочем тие очигледно и не припаѓаат тука, затоа и вака владеат, а од нас бараат трпение за нивните хирови. Времето за трпение измина, по утрото денот со познава, а нив веќе пладне ги фати.

Апелирам до младите генерации, вие сте иднината на Македонија и да не бегате од татковината, туку напротив силно да се спротивставите на овие лажговци, предавници, манипуланти и да немате трпение за муртинската политика. Ваше право е да се изборите за вистинските (не шарените) вредности на нашата заедничка Македонија. Тие вредности се вредностите на традиционализмот, на десницата, на конзервативизмот на Македонија која е една, единствена, обединета, заедничка држава на Македонскиот народ и сите нејзини граѓани, која е напредна и почитувана, безбедна, правна, праведна, европска земја. Имавте можност во изминативе девет месеци да ги видите погубните политики на СДС и на надворешен и на внатрешен план, да ја препознаеме нивната лажна и манипулаторска муртинаска политика и да ја отфрлиме.

Да го прашаме ѓон СДС-предавничка: „Нели живот за сите? Или не баш за сите? Туку според вашите извртени и шарени вредности, живот за вас и за по некого“.

На денот на Сретение Господово (02/15.02.2018 година)

**Мајтап**

Дојде време да гледаме како во пракса се тера мајтап со државата. Го гледаме тоа онака немушто и во неверување, а всушност сме многу на јасно дека за се ова бевме предупредувани и сеуште добиваме предупредувања. Зошто, од кои причини со какви мисли или „паралели“ споредувајќи ги современиве собитија во нашево општество со некои претходни не реагираме и сме анемични незнам и колку и да се обидувам да навлезам во суштината на ваквото однесување и воедно да најдам оправдување за истото неможам истото да го осознаам. Познатиот Американски дипломат, Кисинџер во една прилика има изјавено: „Да знае народот кој се води држава, ќе умре од страв“. Ние и знаеме и гледаме кој ни ја „води“ Македонија и сме потполно безгласни на се она што ни се случува во нашата држава Македонија.

Гледаме како се тера мајтап до вулгарност со државата, со граѓаните, со секого од нас поединечно и нема реакција. Кога велам нема реакција, мислам на граѓанска реакција, на гласот на граѓаните. Партиската реакција на ВМРО-ДПМНЕ не изостанува и слава на Бога што барем имаме глас во пустината на мерзоста и апатијата што повикува и што укажува дури и на мајтапот и изживувањето кое се врши врз државата и народот од страна на оваа хунта. Се прашувам, дали при очи сме слепи и при уши глуви кога дозволуваме покрај криминалот на ѓон СДС-бандитска и кланот-картелот на ѓон Црпко да дозволиме да не мајтапат и да ни ја навредуваат интелегенцијата и тоа онака колективно без разлика на национална, религиска, родова или незнам каква не припадност. Всушност, овде не се работи ниту за малцински, национални, верски, родови или незнам какви права, не се работи ниту за лепче и солца да се изранат гладните деца, туку се работи за највулгарно ругање врз сопствениот народ со кој оној кловн со своите побратими узурпатори владее. Можеби јас имам погрешна перцепција, веројатно ќе да е така, бидејќи никој претседател на Влада па дури и октроирана-узурпаторска Влада, не би си дозволил така да се мајтапи на сметка на својот народ и да го прави будала пред очи уништувајќи му ја државата и нацијата. Но, не и овој претседател на Владата на Р.Македонија претставен во лицето под маска на ѓон Црпко. Точно ќе да е дека се мајтапи и глуми недоветен „демократ“ кој јавно се извинува на народот што три дена немало одговор од Владата со која раководи во врска со поставувањето на Џезаир Шаќири-Хоџа за советник на премиерот за внатрешна безбедност. Кога сме веќе тука кај трите дена и односите со јавноста и оној министерот му за пропаганда кој доби по уши токму од новинарите на режираната му прослава, поставувам едно јавно прашање: „Дали ѓон Црпко ќе побара одговорност од министерот за пропаганда затоа што три дена не одговорил на барањето на медиумите„? Лично сметам дека нема да има одговорност. Три дена всушност Владата не работела и премиерот си бил на викенд па немало кој да реагира на барањата на медиумите. Но, еве каде е дилемата тука. Дали тоа значи дека следниот викенд кога ќе се празнуваат Св.Кирил и Св.Методиј и Духовден, Владата ќе биде пет дена на викенд и доколку се случи нешто ќе треба да се почека до првиот работен ден.

Мајтап па поголем здравје, доколку го исклучиме оној со името на државата, бидејќи тоа што се прави околу ступидните преговори (читај договори) со Грција за нашето, напоменувам нашето име е мајтап на столетието што скапо ќе не чини. Мореее, да не кобам јас. Со овие ништо не се знае каков се бисер нема да извадат, уште ќе станам и суеверен, па и ова со името да стане вистина.

Сега неколку зборови за сега веќе бившиот советник за внатрешна безбедност и оној кого ќе го советува. Ниту ех-советникот ниту пак ѓон Црпко знаат што е тоа безбедност, внатрешна безбедност, национална безбедност, меѓународна безбедност и други видови на безбедност. За да го знаат тоа треба да знаат и што се извори на загрозување на безбедност, како се прави проценка на заканите, како се врамува безбедноста и како се врши рано предупредување и превенција на краток, среден и долг период од истите тие закани. А, како и би знаеле кога и двајцата се закана по безбедноста на Р.Македонија и тоа закана од најтривијално, но во исто време и највисоко ниво. И двајцата се всушност лица кои се гонети или се гонат за сторени кривични дела кои се однесуваат на чисто криминално поведение, односно сторени кривични дела во областа на имотните деликти, а овој советникот малку и „напреднал“ па е суден и гонет и за некои потешки кривични дела. Ете ја линијата на поврзаност, видлива чиста нескриена, едноставно криминална. Тоа е тоа друштво и сега може да заклучам дека ех-советникот за внатрешна безбедност ќе го советуваше премиерот за тоа како да се прикријат измами, корупција, рекет, насилство и други сторени кривични дела. Нема ништо од лепчето за децата има врска со криминал и секако со тоа што ѓон Црпко му ветил на советник Хоџа како противуслуга за некои не така далечно минати времиња. Нема ништо ниту од ресоцијализацијата затоа што Хоџа е познат клиент на полицијата и правосудните органи уште од времето на СФРЈ и веќе повеќе од 30 години не се ресоцијализирал. Уште на крајот ѓон Црпко ќе го обештетел ех-советникот Хоџа за прекинатиот договор од наши пари, а нели овој стручњакот самиот си даде оставка. Па нели не беше се до парите, море се им е до пари и лични лукративни интереси, само мајтапот со сите нас и лицето на државата што го грдат во меѓународната заедница ќе ни останат бакшиш. Сега да се потсетиме кој тоа зборуваше за „грдото лице“ на Македонија, а ѓон Црпко и неговиот картел со ѓон СДС-бандитска, грди-грди па што велат кумановчани: „Да болеше грдоќа-усвет ќе фатеше“. Но, не фаќа усвет ѓон Црпко, барем додека не не изнамајтапи со името, а тоа му е главниот проект од кој убеден сум тој лично ќе заработи и ќе оствари некоја негова покрупна лукративна цел за која партнерите му од странство ќе му прогледаат низ прсти, но нема да му заборават и да му припоменат повремено колку им должи за нивното прогледување.

Многу едноставно кажано, ѓон СДС со ѓон Црпко наголемо манипулираат со Македонскиот народ со сите граѓани на Македонија, манипулираат до вулгарност со потполно навредување на интелектот на секого од нас поединечно. За какви тоа еднакви можности зборува Заев, со каква бесрамност се служи со флоскули па уште и се прави наивен и „невин“? Мора

да признаам дека со нетрпение и помалку сеирџиски иако со голем немир и огромна болка чекам да видам како ќе се обидат да не измајтапат и направат будали во врска со договорот со Грција и промената на името на Република Македонија, а со тоа и на нацијата и сите атрибути кои не карактеризираат како Македонска нација. Иако не е за мајтап работата, јас имам претстава како ќе ја тераат се со цел да некако се направат недоветни, невини, а сите нас да не замешаат во кашата и ние да бидеме виновни. Токму затоа и гледаат да избегнат лидерска средба за да не мора да објаснуваат и да си продолжат со мајтапот.

Толку од ѓон СДС и нивната политичка матрица на флоскули и празни зборови. Се надевам дека граѓаните доволно видоа за оваа година која помина со власта на ѓон СДС, дека доволно видоа за шарените лаги и празни зборови, за грабежот и непродуктивното трошење на буџетот, но најмногу за мајтапот со кој се подбиваат на сопствениот народ и држава.

На здравје мајтапот од оваа хунта која се претставува како Влада, народе Македонски и дигајте го гласот, бидејќи овој нивен мајтап нас на нос ќе ни излезе, а последиците ќе бидат и врз нас и врз нашите деца.

На денот на Св.пророк Еремиј (01/14.05.2018)

**Заев како Тито во создавањето на Горно-Северна нација**

Слушаш, неверуваш. Гледаш, пак неверуваш.

„Кој има уши нека слуша, а кој има очи нека гледа“. Овој парафразиран дел од Новиот Завет во комбинација со неверувањето едноставно може да се примени во Република Македонија и тоа ни помалку ни повеќе во дневно-политичката прагма на СДС-то.

Доколку добро се сеќаваме, а јас впрочем како и секогаш во моите јавни написи и обраќања упорно го повикувам Македонскиот народ да не биде со кратко паметење, токму Заев (алијас Црпко) велеше дека нема потреба од референдум. Дека тој е храбар и современ политичар кој носи храбри одлуки затоа што нели му била дадена довербата од граѓаните. Но, не било така (а кога било така кога Заев нешто ќе ветел, секако освен она што ќе му го „избоксираат“ менторите), било малку поинаку. Ќе има референдум. Така велит Заев. Одтука се поставува едно сосема логично прашање: „Дали позицијата на Заев и СДС-то ќе биде промена на уставното име Република Македонија за надворешна употреба во Горна/Северна или слично“? Доколку е ова така, а апологетите на Заев во ликот и делото на плус Инфо тоа веќе го апсолвираа како ударна вест и успех кој ги затресе дури и Грците, тогаш се поставуваат уште неколку исклушително важни прашања кои задираат во националниот идентитет на Македонскиот народ, а на кои Заев и СДС-то му мораат да дадат конкретни одговори. Еве ги прашањата, на кои не очекувам одговор да добие нацијата ниту сега, ниту при кампањата за евентуален референдум:

1.Дали оваа промена во Горна/Северна или незнам каква Македонија ќе биде на ниво на меѓудржавен договор по принципот на „привремената референца“ БЈРМ?

2.Дали ова значи дека сега наместо Заев да прифати одоговорност со неговото ново парламентарно мнозинство, ќе се обиде да го „насанка“ народот за самиот да си биде виновен дека си го сменил името на државата?

3.Како тоа ќе изгледа да нема промена на Уставот а за надворешна употреба и во пасошите ќе треба да пишува Горна/Северна или незнам каква Македонија?

4.Како тоа ќе изгледа да нема промена на Уставот, а за надворешна употреба ќе стои граѓанин на Горна/Северна или незнам каква Македонија?

5.Дали ова значи дека Заев и СДС-то заедно со ДУИ веќе се договорени да по којзнае кој пат свесно го прекршат Уставот?

6.Дали овој „референдум“ заедно со „не промената на Уставот“ значи вовед во некои тајни договори и како Заев ќе „гарантира“ (а познат е по своите гаранции и нивното исполнување) дека во следната фаза нема да го смени и Уставот (онака заради усогласување со меѓународната заедница)?

7.Како во пракса, со кои закони (закон за патни исправи, за лични документи и многу други) и на кој начин СДС-то со парламентарното му мнозинство ја се

реализира оваа шизофренија која се нуди на Македонските граѓани? и последно но не и најмалку важно,

8.Како ќе гласи референдумското прашање? Дали можеби повторно ќе биде двосмислено како онаа за независност кое да се потсетиме токму претходниците на Заев од СКМ-ПДП го измислија за да си остават простор за манипулации, но за нивна жал историјата ги демантираше.

Очекувам некој да има храброст и јавно да одговори на овие прашања, а доколку одиме на јавна дебата (омилениот спорт на Заев), тогаш со сигурност ќе се отворат многу повеќе потпрашања на кои би сакал отворено да добијам одговор и тоа не заради мене и моето его, туку заради граѓаните, Македонскиот народ, нацијата и пред се заради судот на историјата и идните генерации.

Очигледно е дека Заев во својот пропагандистички скок за прелажување на нацијата отворено манипулира, а притоа се сетил да глуми херој. Повеќе од очигледно е дека плус Инфо ударно ги пренесува Грчките медиуми кои го сметаат Заев за „тврд преговарач“. Заев во стилот на историското НЕ на Тито кон Сталин, на „клетите“ Грци им испорача дупло НЕ.

Дал да плачам ил да се смеам. Ова само покажува за што Заев го смета сопствениот народ, истите оние граѓани нели кои му ја „дадоа“ довербата носејќи му „победа“ на 11-ти декември 2016 година (само онака за потсетување) и му овозможија да ја достигна историската и „заслужена“ победа на локалните избори минатата година.

Замислете, просто неверојатно е дека „Заев отфрла ерга омнест...“, „Заев поддржува двојно име“, секако едно за меѓународна употреба, а другото за по дома. Ами, како може да сум препознатлив надвор, сигурно по тоа име кое го употребувам со сите, а тоа е во контекст и на идентитетот (Горно/Северно или незнам како Македонци). Тоа во суштина ќе ја измени перцепцијата за Македонската нација, јазик и култура како легитимација во светот, а за по дома никому не му е гајле како те викаат (миловно или потсмешливо). Проблемот е како ќе се претставиш во меѓународните односи.

Мене ова НЕ ми изгледа како ДА и како отворено учество на Заев во создавањето на нова амалгамска нација некаква си Горно/Северно или незнам каква со придавка Македонска, колку за залажување е ова Македонска.

И повторно да се присетиме. На времето Глигоров нудеше двојна формула. Грција да не вика како што сака, а ние да си бидеме за сите останати и за себе Република Македонија. Овој генијалец од Заев и СДС-то смислија нова двојна формула за сите и секаде во меѓународната комуникација Горна/Северна или незнам каква Македонија, а за внатре Република Македонија како ние да не знаеме дека сме Македонци, а можеби и тоа ќе ни го проблематизира во следната фаза (впрочем овде се се одвива по фази)

Така Заев треба да се прикаже како голем национален борец, демократ и визионер, а не она што е, предавник на нацијата кој се откажал од името на државата, идентитетот Македонски, јазикот, културата, историјата и се друго. Во оваа приказна треба по секоја цена да се вовлече ВМРО-ДПМНЕ, а особено

Мицкоски како нејзин лидер. Бидејќи, доколку не биде така тогаш ќе исплива вистината на површина па историјата и идните генерации ќе судат ама со друг аршин, а тоа нема да биде добро. Со оглед на тоа што живееме во екстремно брзи времиња и судот може да дојде многу бргу па не би сакал Заев самиот да се соочи со овој проблем. Затоа и му треба валкањето на ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски, за да се оправда себеси. Ете затоа и рече Османи дека наводно Мицкоски бил потполно информиран за преговорите и договореното со Грција. Знам дека тоа не е вистина и дека се работи за евтин обид за валкање на Мицкоски. Сигурно може да му се најдат забелешки на Мицкоски за некои политички потези, но треба да имаме пред вид дека тој е лидер на опозицијата, нема моќ да донесува државни одлуки и дека за само четири месеци неможе да се направат реформи и издигнување на политичка партија од маштабот на ВМРО-ДПМНЕ. За жел во овој период, СДС-то многу прагматично дејствуваше и сеуште дејствува за да ја отежни позицијата не само на ВМРО-ДПМНЕ, туку и на Мицкоски лично (земете ги најавите од директорот на ЕЛЕМ) и да го девалвира, а се заради остварување на сопствените разурнувачки политики.

Да заклучиме. Заев не е Тито, нема визија ниту идеја, туку е послушник воден од други кои знаеме како го добраа до власта. Заев никому (од меѓународните претставници и соседите) му нема кажано НЕ, а пак дури двојно НЕ. Ќе се засилува медиумската кампања за негова (на Заев) глорификација, но и манипулација со граѓаните и оневозможување да народот правилно согледува и расудува. Ова се сложени политичко-разузнавачки операции и не треба да бидеме наивни кон информациите кои ни се пласираат, туку треба добро да ги одмеруваме и да ги гледаме задните намери и цели.

Ние сме тие кои во даден миг ќе треба да кажеме НЕ. Тоа НЕ е вистинското НЕ на народот кон оваа лажлива и предавничка власт.

Христос воскресе! Навистина воскресе!

На денот на Св.Преподобен Никита Исповедник (03/16.04.2018)

**Не смее да помине**

Политиката на уцени, притисоци, понижување и однародување не смее да помине. Не постои ниту едно оправдание за влегување во ваква „спогодба“ со Грција и тоа со предавање на сопствениот идентитет и државност. Генерации Македонци се бореа за да ние можеме да го живееме сонот за независна Македонија, да бидеме Македонци и свои барем на оваа парче земја. Зошто тогаш поради будалаштината на еден ѓон Црпко и предавството на ѓон СДС да плукнеме на сето онаа што со векови генерации го граделе?

Нема причина за такво нешто. Сакаме во НАТО и ЕУ и тоа е јасно декларирана политика на сите влади на Република Македонија. Тука се е јасно и моето прашање до лидерите на ЕУ и НАТО е многу едноставно. Дали вие би се однародиле и би се самоукинале како нација за да влезете во НАТО и ЕУ? Овде треба да се даде едноставен и јасен одговор без еуфеменизми и политички објаснувања за да се оправда ѓон Црпко, односно за да си ги оправдаат своите постапки со кои поддртжуваат и поттикнуваат вакво однесување. Токму ова однесување е фашистичко однесување кон една мала земја и народ како што е Македонија и Македонскиот народ. Тоа не би требало да биде својствено за ЕУ и НАТО и нивните демократски вредности. Зарем треба да влеземе во сојуз каде што не не признаваат?

Многу прашања за кои нема одговор, како и многу јасна слика за непринципиелната и недемократска политика кон Македонија и Македонците. Но, јас се обраќам кон Македонскиот народ кој е единствениот меродавен судија за тоа што ќе треба да се прави во иднина и затоа сакам да напишам збор-два за скриените замки во предавничката спогодба на ѓон Црпко. Читајќи ја истата на прв поглед е видливо дека се работи за спогодба во која намерно се измешани нормалните правила на однесување во меѓународните односи кои ги регулираат добрososедските односи помеѓу било кои две држави и сето она што Македонија именувана како „втората страна“ треба да го направи како отстапка кон Грција именувана како „првата страна“. Обврските за втората страна (Македонија) се задолжителни и опфаќаат приближно 90% од обврските и на двете страни. Првата страна (Грција) има обврски кои се задолжителни и по меѓународното право, така што ама токму ништо ниту вложува ниту губи.

Според текстот на документот, ова е „конечна спогодба“ посведочена од ООН и неможе да се менува, а ја потпишуваат **министрите за надворешни работи** на двете страни. Еве ја првата измама која Црпко си ја подготвил како своја историска отстапница. Што и да зборува сега во јавноста или пред странците, тој во историјата нема да влезе како некој кој потпишал ваква предавничка и капитулантска спогодба. Секогаш потписот врз документот ќе биде на Димитров и во историјата Димитров ќе биде тој кој ја потпишал спогодбата, така што како и да се креира (пишува) новата историја на ѓон СДС, Црпнатиот ќе може да игра помеѓу амнестија од историска одговорност и заслуги за спогодбата. Ова е класична измама која Заев ја прави дури и врз Димитров и мислам дека Димитров се согласил за определен надомест да биде тој кој историски ќе стави потпис врз судбината на Македонскиот народ.

Заклучокот е дека ѓон Црпко воопшто не е глупав и во потполност е свесен за тоа што прави со Македонската држава и народ, дека свесно ги распродава од сопствени лукративни причини, а притоа се ќе стори за да не остави историски траги на местото на злосторството.

Намерно тргнав од назад на спогодбата, бидејќи сакам љубени мој народе да ви укажам на епохалната измама од еден човек кого го сметавме за недоветен, но кој со измами, лаги и манипулации успеа да биде доведен на власт во Македонија. Замислете само кога за пет години како што предвидува спогодбата во целост ќе ги почувствуваме последиците од истата, а за плаќање ќе пристигнат и сметките од Бугарија, Албанија и Србија кои водени од нашиот поттик за самоуништување воопшто нема да се мислат како на наш грб да ги остварат своите регионални интереси во Македонија. Токму тогаш за пет години или нека е за педесет години ќе се проучуваат документите бидејќи во историјата е важна фактографијата, токму тогаш ѓон Црпко викан Заев ќе го нема на ниту еден документ како потписник. И еве како смислил да не измами сите колективно, а тој и неговото проклето потомство да имаат оправдание во раката.

Од ова се гледа дека овој лик под илјада маски е подготвен на секаква измама и манипулација заради неговите лични лукративни причини. Тој секого ќе жртвува само заради сопственото удобство и тука нема етика и емоции, тој лик е празен како шуплив орев и ние како народ сме единствените кои можеме да го спречиме. Овој лик ни приредува само едно огромно национално понижување и ништо повеќе. Ќе бидеме за мајтап на целиот свет и како поединци, но и како народ, а штетата која веќе ја направи може да ја исправиме единствено доколку му кажеме дека **нема да му помине**.

Нема да должам повеќе, бидејќи знам дека не чека тежок период во кои јас лично ќе се обидам да ги објаснам сите замки кои во потполност ќе ја укинат Македонската нација и држава и ќе не сведат на вештачка нација формирана од аморфна маса. Во следните колумни ќе се осврнам и на замките кои со оваа спогодба им се отвараат како можност на другите соседи. Ова претставува нова 1913 година, нова делба и распарчување на Македонија и Македонскиот народ, но овој пат со политички методи под изговор за членство во НАТО и ЕУ, но најповеќе со наше учество.

Не смее да помине Македонци, не смее да помине оваа последна и погубна измама на лицето ѓон Црпко. Нема да помине доколку се обединиме како народ и застанеме цврсто еден до друг без разлика на политичка и идеолошка определба, бидејќи Македонија е една и единствена за сите нас. Не чека отсудна борба во која многу „експерти“ ќе се обидуваат да ни продадат шарени лаги и приказни за тоа како не чекаат мед и млеко. Затоа те предупредувам мој народе исконски, да бидеш буден и упорен во борбата за опстојување на Македонија и Македонскиот народ.

На денот на Св. Свештеномаченик Лукијан (03/16.06.2018)

**Демократија низ призмата на СДС**

На здравје нека ни е вистинскиот режим. Граѓаните на Македонија особено Македонците можеа да се уверат во пракса како тоа ѓон СДС предавничка ја практикува демократијата на дело. Особено имајќи пред вид дека тоа значи спречување на покажување било какво несогласување со предавничкото и капитулантско менување на името на државата и идентитетот на Македонскиот народ.

Но, да не должам со воведот, едноставно „демократската" полиција на Спасовски и Заев примени несразмерна сила и вулгарно груба тактика за справување со демонстрантите пред Собранието на Република Македонија.
На овој начин ѓон Црпко со ѓон Спасовски, а подоцна на нивните медиуми и нивниот елоквентен апологета ѓон Рада, сите припадници на предавничкото друштво ни упатија две клучни пораки.

Првата е дека и по цена на сила и жртви ќе го бранат предавничкиот и капитулантски договор (спогодба) склучена со Првата страна (Грција) и ќе опстојат на промена на идентитетот на нацијата и промената на името на државата, Втората страна ( државата примена во ООН со резолуција едикоја си).

Втората е дека Македонскиот народ не смее да го каже ниту своето мислење за нивното предавство, бидејќи тоа не е демократски, а за да се зачува нивната власт ќе се примени репресивната сила на нивната нели народна полиција.

Толку од нивната демократија. И колку и да правиме споредба со тоа како полицијата не реагираше во времето на „режимот" на Груевски против пироманско-уништувачките орди на шарените и ѓон СДС предавнички „револуционери", со тоа што народната полиција го направи врз недолжни граѓани кои мирно протестираа, нема да смениме ништо.
Македонци мои, овде се работи за диктаторска матрица на овие нови фашисти, кои војуваат против сопствената нација и држава. Да не е трагично едноставно е за неверување, но ни се случува нам.

Во оваа колумна нема да давам повеќе политички пораки и лекции за демократија. Едноставно ќе бидам краток, што патем не е својствено за мене. Но, сакам да му дадам една лекција на ѓон Спасовски и неговите гавази во врска со употребата на полицијата.

Постои нешто што се нарекува полициска тактика при демонстрации. Во нејзини рамки е предвидено доколку полицијата од првиот кордон воочи проблематични лица помеѓу демонстрантите да ги лоцира и раководниот старешина на вториот ред полицајци од кордонот им дава насоки со опис на лицето, потоа првиот ред од кордонот се отвара и буквално вториот ред го вовлекува посоченото проблематично лице по што првиот ред се затвора, а вториот ред го предава лицето на групата за прифат која е позиционирана во третиот ред и истата го приведува лицето. Ете така функционира професионална полиција со професионален и искусен командант, што претставува превентивно дејствување кон поединци кои поттикнуваат нарушување на јавниот ред и мир.

Во конкретниот случај ѓон Спасовски покажа сила употребувајќи посебни полициски единици со борбени возила и со употреба на специјални средства врз масата граѓани која не беше насилна и мирно протестираше.
Затоа сметам дека полицијата која ѓон СДС ја злоупотреби ги пречекори своите овластувања, бидејќи ниту објектот ниту полицајците беа нападнати и загрозени за да се употреби таква несразмерна сила и такви средства (дваесетина солзавци и шок бомби). Поради фрлени десетина факели и неколку пластични шишиња со вода се употреби сила и покажа дека власта и оваа хунта ќе се држат по секоја цена.

Колку и да се обидува апологетот ѓон Рада да го осуди „насилството" и повторно да прави паралели со 27-ми Април за да може да прокниži некои политички поен против ВМРО-ДПМНЕ нема да и помине. Македонскиот народ гледа и памети кој го потпиша предавничкиот и капитулантски договор и кој употреби прекумерна полициска сила и специјални средства против сопствениот народ. Тоа не беше ВМРО-ДПМНЕ дури и кога палевте, замачкувавте и уривавте.

Поради тоа еден убав ден за овој народ напатен, за Македонецот, вие предавници од ѓон СДС предавничка ќе одговарате за велепредавство на Македонија.

Македонецот се увери како ѓон СДС предавничка во пракса ја практикува демократијата и низ каква призма ја гледа истата, особено кон сопствениот народ.

Стани Македонијо, стани народе Македонски.

Да живее Република Македонија нашата татковина, слободна и независна.

На денот на Св.свештеномаченик Доротеј Тирски (05/18.06.2018)

**Дилеми или трилеми**

Со насловот на оваа колумна не сакам да асоцирам на вицот за Мујо кога јадникот бил во трилема па не знаел зошто оди кај Хасо, дали поради 100-те евра кои му ги должел, дали поради Фата или поради Хасо. Времињата во кои се бориме за државен и национален опстанок се премногу сериозни за мајтап иако веќе напишав дека ѓон Црпко и неговата предавничка банда си играат мајтап со цела држава. И можеби подобар вовед би била констатацијата по онаа стара народна: „Тоа што една будала ќе расипе илјада паметни неможат да го поправата“. Е па сега сетете се која е будалата, а длабоко верувам дека Македонскиот народ е паметен, што значи дека оваа будалаштина на ѓон Црпко и предавничката банда на ѓон СДС предавничка има шанса да ја исправат повеќе од 1,5 милион паметни.

Целта на оваа колумна е појаснувањето на некои можни дилеми во врска со претстојниот веројатен референдум заради изјаснување на граѓаните во врска со предавничката Спогодба која ѓон Црпко ја потпиша со Грција (не со Ципрас, со Грција-како договор со трајни последици по Р.Македонија).

Основната дилема која иако може да констатираме сеуште е рано (во временска смисла) за нејзина промоција, но може да ја поставиме пред Македонскиот народ е: „Да се излезе ли масовно на претстојниот референдум или истиот да биде бојкотиран“? Покрај оваа дилема, се наметнуваат уште многу прашања кои како резултат токму на решавањето и резултатот од оваа дилема ќе се појават како дополнителни и дури тогаш како народ, но пред се како личности ќе бидеме во страотна трилема и психолошка дупка со трајни последици врз нашето ментално здравје, а што како Божја казна ќе се пренесе и врз нашите деца.

Како пред прашање во врска со претстојниот референдум е клучното дефинирање на самото референдумско прашање, односно неговата формулација, детерминираност на што треба да се одговори за што тоа ќе треба да се изјаснат граѓаните и со какви последици доколку се изјаснат на еден или друг начин.

Но, еве да се обидеме накратко да ги објасниме и двете дилеми преку компаративна анализа на позитивните и негативните последици и од двете можности:

*1.Дали да се излезе на референдум?*

Можностите кои се нудат во случај на решение за излегување на референдум зависат пред се од достигнувањето на масовност во излегувањето и тоа исклучиво на Македонскиот национален корпус со излезност над 90%. Причината за ова лежи во тоа што Албанското малцинство и другите малцинства за очекување е да излезат во огромен број (дури и со 100% излезност на некои места), а нивната определба да биде над 90% за прифаќање на оваа предавничка спогодба. Затоа е многу важно во рамките на оваа опција на референдумот да учествува и Македонската дијаспора, односно да се

организира сите Македонци по род да дојдат во Македонија и да го дадат својот глас.

Она што од политички, но и во историски аспект ќе влијае позитивно во оваа варијанта од историската дилема во која се наоѓаме е да доколку масовно излеземе на референдум и јасно ја отфрлиме предавничката спогодба, тогаш ќе имаме меѓународно цврст легитимитет и аргумент со историски печат и огромни димензии дека Македонскиот народ е свесен за своето самобитие, државност, посебност, јазик, култура и историско место на овие простори. Со ова историски и непобитно би се затвориле сите идни, но и минати шпекулации со македонскиот идентитет и посебност. Овој факт посебно би требало да влијае врз меѓународната позиција на Македонија и Македонската нација и нејзиното цврсто меѓународно позиционирање засекогаш.

Секако дека во овој контекст постои ризик и тоа пред се од недостигнување на критичниот процент на излезеност од страна на Македонците со што бројот на оние кои се против предавството на СДС во апсолутни бројки и проценти би било помало од бројот на оние кои го поддржуваат предавството на ѓон Црпко. Во овој случај, излезноста на Македонците ќе биде само во функција на достигнување на цензусот. Вториот ризик е во веќе направената пресметка на ѓон Црпко кој кажа дека 700.000 граѓани ја поддржуваат неговата предавничка политика. Оваа пресметка немора да е точна и убеден сум дека не е точна, туку напротив укажува на тоа дека на СДС предавничка и ѓон Црпко предавник, според нивните или туѓите проценки потребни им се 700.000 гласови за поддршка, а тоа значи дека со 1.3 милиони излезност тие ја имаат остварено целта.

Се извинувам за оваа весела математика, но токму затоа сакам да укажам на потребата од масовна излезност на Македонскиот народ и неподдршка на предавството и самоукинувањето доколку се оди на првата варијанта од дилемата.

Третиот ризик е тесно поврзан со вториот ризик, а се однесува на реалната и веројатна можност структурите на СДС потпомогнати со ДУИ и полицијата под контрола на ѓон Спасовски да извршат фалсификување на волјата на Македонскиот народ. Токму со масовно излегување на референдумот и гласање против предавството ќе се намали можноста од фалсификување на референдумот. Секако дека постојат и други ризици, но за нив ќе можеме да зборуваме-пишуваме во други прилики.

*2.Бојкот на референдумот?*

Оваа опција во дилемата е исто така демократска и возможна, но со неа најпрво директно се овозможува структурите на СДС и ДУИ заедно со полициските структури на ѓон Спасовски да направата инжинеринг и да прикажат дека на референдумот излегле над 870.000 граѓани, односно над 50% од граѓаните со право на глас и дека повеќе од половината од нив ја поддржале предавничката политика на ѓон Црпко. Во овој случај нема потреба од било какви обиди за фалсификат, доволен ќе биде само притисокот врз луѓето од

јавната администрација и локалните претпријатија за да излезат на референдум, па како сакаат нека гласаат. Ете од каде ѓон Црпко знае дека 700.000 го поддржуваат него и неговата предавничка политика.

Вториот ризик што со себе го носи бојкотот на референдумот и доколку тој навистина и покрај притисоците не успее и на истиот не излезат 50% од граѓаните со право на глас, е отварањето на една многу подла игра која ѓон Црпко може да ни ја приреди и тоа пред меѓународната заедница да не дотепа. Имено, се работи за можноста референдумот да не успее, а во меѓувреме како по којзнае кој пат ѓон Црпко да не се обрнува кон своите јавно изречени зборови и да излаже па референдумот да го прогласи за консултативен. Поради недоволната излезност да обзнани дека Македонскиот народ не е заинтересиран за својата иднина, односно нема став и дека согласно тоа тој ја презема одговорноста (еве каде е квачката со лидерството на кое толку се повикува) да ги спроведе уставните измени во Собранието. Ова сценарио ќе биде поразително за Македонецот отсликувајќи го како потполно незаинтересиран за судбината на сопствената држава и нација. Секако, кога народот не е заинтересиран за себе, тогаш зошто некој друг би го штител неговиот идентитет и државност.

По овој судбоносен и историски референдум во Македонија ќе се отворат уште многу трилеми пред се за Македонскиот народ, особено доколку на бандата предавници на чело со ѓон Црпко им успее да го реализираат сценариото. Но, за овие трилеми и предизвици нема сега да пишувам.

Одговорноста е на секого од нас поединечно, ама буквално на секого од нас Македонците, бидејќи ние сме носечката нација на државата која сеуште се нарекува Република Македонија, но во исто време и секој од нас поединечно е носител и на нејзиниот суверенитет и должни сме истиот да го чуваме како што го чуваме нашиот живот и животот на нашите деца, затоа што тој суверенитет сме го наследиле од нашите родители и ќе го предадеме на нашите идни генерации Македонци.

Да почекаме да го видиме референдумското прашање, а потоа следејќи го во овој миг основниот национален интерес за опстанок на Македонската држава и нација и ставајќи ги на тасот на историската, лична и колективна одговорност и меморија да заземе барем еднаш во историјата конзистентен и цврст консензуален Македонски национален став со кој ќе ставиме крај на предавството на ѓон Црпко и неговата банда.

И да запаметиме една важна работа. Референдумското изјаснување, излегување или бојкот немаат никаква врска со нашата идеолошка определба на левица или десница. Тоа има врска единствено со националното прашање за опстанок на Македонската нација и држава. Исто така, позитивниот или негативниот одоговор на референдумот, како и неговата успешност или не (повторно напоменувам во зависност од самото прашање), немаат никаква врска со политичката определба за членство во НАТО и ЕУ, туку има врска единствено и само со националното прашање за опстанок на Македонската нација и држава. Ова е од причина што ѓон Црпко и бандата предавници со

Спогодбата со која ја предадоа Македонија во рацете на Грција не отвараат политичко-идеолошка дилема или прашање за членство или не во НАТО и ЕУ, туку отвараат прашање за опстанок на Македонската нација и држава или поедноставно кажано отвараат прашање за наше самоукинување како Македонци.

Затоа сите спинови кои ќе се обидат да ни ги прават во следниве неколку месеци ветувајќи ни шарени лаги и розови очила за некаква си иднина во која ќе треба да влеземе како неидентификувана територија и аморфна маса народ немаат и нетреба да имаат никаква вредност. Единствената вредност до која сега треба да се држиме е националниот и државен опстанок на Македонија и Македонскиот народ.

На денот на Св.маченик Теодот (07/20.06.2018)

**Изживување, неинвентивност и злоупотреба**

Постапките кон сопствениот народ и држава на ѓон СДС предавничка и самиот ѓон Црпко со неговата предавничка булумента не се ништо друго освен едно тривијално изживување. Убеден сум дека овие луѓе не прават ништо друго освен што лечат фрустрации врз целиот народ, односно вршат колективно казнување на целата нација. Во таа своја злоба, а знаеме дека се злобници од највисок ранг, немаат мерка ниту кога вршат манипулација со млади лица, а се со цел да ги злоупотребат за своите предавничко-политички-бизнис цели.

Онаа глупост која се случи на 23-ти јуни вечерта со фрлањето на боја врз партиското седиште на ВМРО-ДПМНЕ, а по теркот на „шарената револуција", претставува врв на неинвентивност во политичката борба, немање на факти и реални одговори за рамноправна политичка борба со ВМРО-ДПМНЕ, изживување врз ВМРО-ДПМНЕ, а со цел провоцирање заради политичка девалвација на единствената патриотска политичка партија и на крајот злоупотреба на млади лица во политичко-удбашки игранки во режија на ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка.

Сакам да им порачам на оние млади момчиња кои фрлаа боја врз штабот на ВМРО-ДПМНЕ. Вие млади момчиња, очигледно бевте злоупотребени во една политичко-удбашка местенка и требаше да бидете жртви доколку некои од обезбедувањето на ВМРО-ДПМНЕ реагираше на вашиот вандализам, а по што за истата цел верувам несвесно ќе бевте и по втор злоупотребени, сега како жртви. Вие млади момчиња, треба да бидете свесни за тоа (а бидејќи сте словесни битија тоа и мора да бидете) дека промената на името, идентитетот и целата историја на Македонската нација и држава ги направи ѓон Црпко (лицето кое се пртетставува како Зоран Заев) заедно со неговата ѓон СДС предавничка. Вие млади момчиња, треба да го искажувате вашиот револт против оваа предавство пред седиштето на ѓон СДС предавничка, а не пред ВМРО-ДПМНЕ, а најмалку врз зградата на ВМРО-ДПМНЕ. На овој начин само покажувате дека ништо не сте разбрале од случувањата во Македонија и придонесувате преку вашата злоупотреба да им помагате на оние кои ја уриваат Македонија и Македонската нација. Доколку сакате да бидете дел од историјата и тоа онаа позитивната, а не да бидете на некои маргини како лица кои се злоупотребени во политичко-удбашката местенка на ѓон СДС предавничка ќе ви дадам еден добронамерен професорски совет. Имено, секој човек во животот прави грешки и со нив живее и ги окајува. Во тој контекст и во намерата да станете дел од позитивната историја на Македонија која сигурен сум бескрајно ја љубите, ви советувам да појдете во ВМРО-ДПМНЕ, да побарате средба со раководството на партијата, да се извините за вандализмот кој го направивте и буквално од почеток до крај да ја раскажете приказната за тоа со име и презиме кој, каде и како ве злоупотреби. Бидејќи, ве злоупотребија како што мнозина злоупотребија во таканаречената шарена револуција чии плодови ги уживаме сега. Ова ќе биде ваш огромен придонес за националното дело и ваше лично дело за да не се срамите пред вашите деца, а воедно и да ги разобличите структурите на политичко-удбашката номенклатура на ѓон СДС предавничка.

Сега неколку зборови до неинвентивната и удбашки ориентирана структура на ѓон СДС предавничка. Знам дека сте тотално неинвентивни и дека сакате да со вашите методи на деструкција направите преврнтена слика за да можете да манипулирате со јавноста. Прочитани се вашите злоупотреби и нема да ви успее да го извалкате ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ не учествува во оваа ваше предавство, јасно и гласно неколку пати кажа и самиот претседател на партијата Мицкоски дека ВМРО-ДПМНЕ е против овој предавнички договор со Грција. Друга работа е тоа што вие во вашата стратегија имате намера да го вклучите ВМРО-ДПМНЕ по истиот терк како и за 27-ми април. Сакате да го компромитирате раководството на ВМРО-ДПМНЕ како деструктивно и ретроградно, да го скршите духот на Македонецот за борба, заплашувајќи го со полициска тортура, затварања и судења за измислен тероризам. Вие сте истите тие кои ја уривате државноста на Македонија и на секој чекор го кршите уставот, а глумите демократи и дебатирачи, сакате да го вовлечете ВМРО-ДПМНЕ и да го злоупотребите чесниот Македонски народ во вашите подли игри. Ќе излезе Македонецот на отсудна битка против вас како против хунта и предавничко-злосторничко здружение, но ќе излезе достоинствено, патриотски, демократски и масовно, по што во законска процедура ќе си ја добиете заслужената казна.

Кога веќе ги споменав дебатите, да кажам збор – два и за овој феномен. Оној ѓон Црпко лажлив ветуваше дебати за се и сешто, а сега гледаме дека нема дебата ама баш за ништо. Доколку толку беа демократи и дебатчии, ајде на вашите „независни“ медиуми да продебатираме за сите аспекти на спогодбата која ја потпишавте со Грција, па да ви ги видиме аргументите и општествени и научни и прагматични и историски, а доколку сакате и проценки за во иднина. Знам дека никогаш нема да се нафатите на такво нешто, бидејќи немате никаков аргумент. Дури и вашите платени медиуми и новинари со судни маки и флоскули едвај ве оправдуваат во вашето епохално предавство. Но, за предавството нема оправдување, има само залажување.

Токму затоа се изживувате со народот, неинвентивно злоупотребувате млади лица набиени со патриотизам кој го насочувате во обратна насока, бидејќи знаете дека тој патриотизам во вистинскиот правец ќе ве изгори токму вас. Затоа упорно, но залудно се обидувате да го компромитирате ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија и Христијан Мицкоски како нејзин претседател. Што ви е следното? Да се обидете физички да го нападнете Мицкоски, да го прогласите за неуспешен професор, да фабрикувате некоја афера за него или за сите оние кои отворено ви се спротивставуваат, да се обидете насилно да влезете во седиштето на ВМРО-ДПМНЕ замаскирано под „граѓанско незадоволство“ од политиките на ВМРО-ДПМНЕ.

Што и да се обидете да направите во целата своја неинвентивност, колку и да се изживувате врз граѓаните, врз Македонците, колку и да ги злоупотребувате патриотските чувства и политичкото неискуство на некои луѓе, нема да ви помине таа приказна. ВМРО-ДПМНЕ ќе остане најголемата и единствената патриотска Македонски ориентирана политичка партија која ќе ве разобличи во вашето предавство на секој начин. ВМРО-ДПМНЕ ќе се избори

демократски да ве урне од узурпираната власт, а потоа и да одговарате за велепредавство и сите криминали кои ги направивте врз народот и татковината.

Нашето име е Македонија, ние сме Македонци и нема да ви заборавиме што направивте и што правите против сопствената држава и нација.

На денот на Преподобен Онуфриј Велики (12/25.06.2018)

**Ципрас вели ... Рада не коментира, а геополитиката...**

Кажува нешто Ципрас, но на владините мегафони некако не им се слуша непара. А, можеби не е важно што вели Ципрас, а што кажува Каменос, важно е што ѓон Црпко (во улога на премиер-узурпатор), ѓон Рада (во улога на фалбаџија за НАТО) и целото ѓон СДС-предавничко кажуваат (читај л а ж а т).

Инспирацијата за оваа колумна ми ја даде Сотир Костов, впрочем оваа идеја дека треба да се позаниваме малку повеќе со изјавите на Ципрас, Каменос, Мицотакис и другите грчки политички фактори одамна ми е присутна. Очигледно е дека со изјавите на ѓон Црпко (алијас Зоран Заев-премиер-узурпатор) нетреба да се занимаваме, бидејќи истите се полни со лаги, конфузност и тресење глупости, но најповеќе и јасно истите се „кристално чисто“ предавнички. Токму затоа, за нас се поинтересни изјавите кои доаѓаат од Грција.

Сепак, инспирацијата ми ја даде Сотир Костов, кога по неговиот настап во саботата на 14-ти јули во имисијата на Канал 77 на Столе Наумов онака домаќински и над се патриотски ја „исплеска“ ѓон Рада и тоа пред целата македонска јавност. Е нема бегање Радо, знаеме дека си елоквентна кога добро ќе те подготват за соло настап во наместени интервјуа и изјави во кои може да го користиш и помошното средство наречено „идиот“, но еве вака во живо апнсас што би се рекло, нешто слабо со елоквентноста. Особено потфрли со елоквентноста кога требаше да се бара образложение за изјавите на Ципрас дека Македонската влада (читај Заев и другите предавници) ја лаже Македонската и светската јавност дека го зачувала идентитетот и јазикот.

Се ми се чини дека овој бате Ципрас и чичко Каменос нешто не нѐ лажат, туку дека се добро информирани, а и политички и со знаење потковани, што не е случај кај „нашите“ преговарачи и внесувачи-славеници за НАТО и ЕУ. Впрочем, знае Ципрас како ја изиграл до крајот работата со Црпко, а тоа го парафразираше и Пендаровски јавно тврдејќи дека самите сме се подметнале за ерга омнест. Јас мислам дека не сме се самите подметнале, туку дека Црпко по неговите договори и подготовки со длабоката држава мора да не однесе на историска кланица како народ, односно мора да испорача, а доколку тоа не го стори тогаш самиот ќе заврши во црна вреќа и не само тој туку и мнозина околу него кои за тоа по се изгледа воопшто не се свесни.

Но, да се вратиме на тоа што вели Ципрас, а Рада не коментира и какви се последните геополитички пораки кои стигнуваат до нас. Ципрас вели дека, доколку Скопје ги реализира сите точки од договорот, а најважно за него е тоа да спроведеме уставни измени, тогаш во Јануари или Февруари следната година грчката влада ќе се обиде да најде модел како да го ратификува договорот. Еве ја главната измама. Грчката влада ќе се обиде да најде модел за ратификација во Јануари-Февруари, а тоа значи до први Март. Обидот може или да бидам попрецизен сигурно ќе пропадне затоа што Февруари може чичко Каменос да му излезе од влада или да се правда со почеток на кампањата за европските избори во Март, а потоа во Април да му падне владата и во Јуни да оди на

избори, малку порано од Септември 2019 кога и треба да бидат редовните парламентарни избори во Грција. Тоа ќе значи дека следниот грчки парламент и влада кои да се (а не верувам дека тоа ќе биде Ципрас и неговата СИРИЗА), нема никогаш да го ратификуваат договорт колку и тој да е на штета на Македонија. Затоа Ципрас тврди дека Македонската влада ја лаже Македонската и светската јавност дека го зачувала идентитетот и јазикот, бидејќи си го знае својот план и знае дека и во овој облик ништо не е зачувано, туку самиот тој создал нова држава на север од Грција (именувана како Северна Македонија) со неидентификувана нација или аморфна маса на Словени и некои други (и дел Албанци), без јазик како идентификација на нацијата (со двојазичност на еден недефиниран јазик-непризнат и Албански јазик). Токму владата и собранието на таа неидентификувана држава која до скоро се нарекуваше Република Македонија се самоукина, го смени уставот и пред меѓународната јавност призна дека не знаат ни кој се ни што се. Како резултат на тоа, Грција нема да мора да ратификува ништо што договорила со втората страна, затоа што Ципрас не е на власт и изменети се околностите па Грција не може да оди против своите национални интереси. И ова не е прв пат, погледнете во поновата историја наназад во последниве дваесет и нешто години, колку отстапки направи Македонија, а како Грција не ратификуваше многу меѓусебни договори. Само будала се сопнува од ист камен повеќепати.

На крајот од оваа предавство на Заев, Македонија ќе биде потполно редефинира со сменето име, нација, јазик, аморфна маса на новоименувана држава која повеќе ќе личи на територија, отколку на национална држава на Македонскиот народ, бидејќи Македонскиот народ нема да постои, а лижавчето наречено НАТО и ЕУ ќе ни го земат и така „и волкот сит и овците на број“, а Македонија и Македонскиот народ избришани од историјата.

Токму за овие работи елоквентната Шеќеринска не коментира. Лесно е да манипулира со јавноста во врска со Стратешкиот одбранбен преглед претставувајќи еден оперативен документ како стратешко достигнување на нејзиниот ресор во приближувањето кон НАТО, а во основа да со еден фалшлив документ да подготвува партиска чистка во МО и АРМ. Сето тоа правејќи го на крајно перфиден начин со полна уста за НАТО и обидувајќи се да го обвини ВМРО-ДПМНЕ за анти НАТО политика. Евтини трикови за дневна политика. Лесно е на снимени интервјуа или обраќања до јавноста или наместени новинарски прашања да се глуми елоквентност, но очигледно било тешко да се дадат одговори на прашањата кои Сотир Костов ги поставува и тоа во живо, а потоа Столе и Канал 77 ќе бидат виновни. Ова покажува на кое ниво е демократскиот капацитет на ѓон СДС предавничка кон медиумите и да биде уште потрагично нивниот безобразлук и хипокризија немаат граница. Оној Забрчанец, со сиот ум не дозволува известување од лидерската средба со образложение „молчевте 11 години, а сега се буните“ или така некако. Па нели вие зборувавте за живот за сите, нели вие го токмевте законот за медиуми како вам што ви одговараше и се уште го токмите, па нели вие сте тие кои сте за слобода на говорот, па нели вие се боревте против режим? Или, тоа беше тогаш, сега вие сте на власт па ќе си терате како што сакате, како власт. Само за

споредба ќе кажам од лично искуство и би сакал некои од новинарите со факти да ме демантира. Дали ете во мојот пример, а сум бил на безброј интервјуа и дебатни емисии на сите национални медиуми во Македонија, некогаш сум побарал однапред да ми бидат доставени прашањата, сум бил рестриктивен кон новинарите или соговорниците или не дај Боже сум се лутел на новинарите за поедини прашања кои ми ги поставувале како тоа што го направи Шеќеринска. Е па драги мој новинари, парите ќе си ги потрошите, но дамката и нечесноста ќе ви остане и ќе бидете омаловажувани како што тоа ви го направи јавно Шеќеринска, а потоа и Забрчанец. Толку од нивната елоквентност и подготвеност да дадат одговори на прашањата пред јавноста и толку од медиумската слобода, само прашањето е дали дел од медиумите еден ден нема да се срамите што бевте и се уште сте соучесници во злоделата против сопствениот народ и држава. Затоа Шеќеринска нема да ги коментира изјавите на Ципрас колку тој и да кажува, затоа што знае таа дека тој си ја кажува вистината за потребите на неговиот народ, бидејќи колку и да глумат во јавноста судир, околу националните интереси се единствени и со Мицотакис и со Каменос и со Златна зора и со Црквата и со секого во Грција. Тие си ја буткаат приказната кон нивнен стратешки успех по однос на Македонското прашање, а Шеќеринска нема да коментира и ќе се лути на Столе Наумов, затоа што Сотир Костов јавно ја прашал, а тоа не било договорено. Врв на политичка некултура, ароганција и простотилак од министер за одбрана и потпретседател на Владата на сеуште Република Македонија.

Кога не коментира вака видливи изјави ан Ципрас и Каменос, како ли би ги искоментирала изјавите на Трамп по средбата во Хелсинки со Путин? И токму тоа се геополитичките пораки кои треба да ги слушаме, а истите да ги анализираме компарирајќи ги со историското искуство. Во овој контекст да бидам појасен. Трамп предложи да се промени членот 5 од договорот за НАТО, бидејќи парафразирам, не гледа причина да ги бранат Црна Гора и Албанците на Балканот. Интересна изјава. Да се потсетиме на Јалта и договорот на сферите на влијание (Југославија-читај Балкан без Бугарија и Грција 50-50 влијание). Ова онака на прва ми личи дека оние двајца светски дрматори Трамп и Путин само ги реафирмирале сферите на влијание или во нивни рамки договориле да изградат нов систем во Европа, а со тоа да ги обезбедат нивните рути на енергенси на долг период. И ова е во контекст на онаа што вечниот Кисинџер го зборува и поддржува, а тоа е постоењето на национали држави, а само националните држави се носители на легитимитет во меѓународните односи. Тоа не се сојузите, бидејќи сојузите се договрни интересни групи на национални држави и кој како ќе влезе во сојуз, така и ќе излезе од него. Затоа треба да влеземе во НАТО како Република Македонија национална држава на Македонскиот народ и Македонци како Македонска нација, бидејќи кога ќе дојде време за излегување макар и по 500 години ќе излеземе како Република Македонија и Македонска нација.

На сето ова ѓон Рада нема коментар. Па кога сме веќе тука, на крајот да ја прашам: „За што тоа си ти министер за одбрана, кога освен манипулативните соло говори кои ги пласираш на Македонскиот народ, не си во состојба да

дадеш одговор на едноставни прашања за кои треба да знаат граѓаните каков став имаш, односно не си во состојба да коментираш изјави кои се исклучително важни за Македонија“?

Знам дека никогаш нема да одговори, затоа што не знае што да каже, а не дај Боже да се согласи на јавен дуел да одговара пред повеќе новинари за прашања во одбраната и воопшто политичката-предавничка агенда која ја тераат, со однапред неподготвени-наместени прашања.

Ете со кого си имаме работа Македонски народе, секој ден пред очи ни е вистината и ни се открива дека на власт се ниско капацитетни, исфрустрирани, недемократи и лажливи слаткоречиви луѓе кои би сакале да ве удават во капка вода, особено доколку им ја нарушите суетата која избликнува преку секоја мерка од нив.

Но, тоа воопшто не треба да не плаши, напротив треба да не прави одважни и храбри, бидејќи видливо е со кого си имаме работа. Особено имајќи на ум дека ние сме на вистинската страна и си ја браниме татковината Република Македонија и нашата Македонска нација и вековното име Македонија. Во таа одбрана ќе страдаме, но не смееме да поклекнеме и да се прелажеме од нивните елоквентни манипулации.

На денот на Преподобен Сисој Велики (06/19.07.2018)

**Превртени слики**

Заев му рече на Зоран, а потоа Зоран и Заев му кажаа на ѓон Црпко, а овој и кажа на Македонската јавност дека „Христијан Мицкоски лаже и е против членство на Македонија во НАТО и ЕУ“. Во исто време некој си таму пишува дека договорот со Мицкоски бил договор со ѓаволот.

Во две реченици, во две јавни обраќања (едното во изјава, второто во колумна), во само еден ден се отслика целата политика на ѓон СДС предавничка. Се отслика лагата, манипулацијата, предавството, впрочем за овие нешта веќе долго време секојдневно имаме еклатантни докази. Но, од вчера јасно се отсликува паниката на ѓон Црпко (лицето З.З. кое се претставува за Премиер на Република Македонија). Токму паника, чувство на немоќ, чувство на интелектуална инфериорност, неможност да се манипулира со тимот на ВМРО-ДПМНЕ, неможност да се „навлече“ Мицкоски на игрите кои му ги приредува ѓон Црпко, неможност да се побијат правните факти и емпиријата во правната наука изложени од Каракамишева на чист и јасен начин. На крајот се гледа паниката и очајот дека ѓон Црпко нема да може да го испорача тоа што пред неколку години го има ветено и да ги оправда милијардите потрошени за негова обука (само кратка порака до менторите му: „теле се учи вол не се учи“), за уривање на ВМРО-ДПМНЕ, за шарени револуции, лобисти, странски претставници и уривање на Република Македонија и Македонската нација. Нема да испорача, а чадорчето со право ќе му се налути, а потоа нема повеќе да има кој да го брани. По се изгледа и самиот ѓон Црпко е исклучително свесен за тоа дека нема да му успее предавството заради лични интереси, а кога неговата кожичка е во опасност, тогаш е очигледна паниката.

Затоа ѓон Црпко се обидува да не замајува со флоскули, да не де фокусира од вистинскиот проблем, а тоа веќе ви го кажав, затоа и измисли дека се се вртело околу наводна амнестија. Затоа сега ќе се обидува да прави измислена и тенденциозна паралела помеѓу наводното барање за амнестија и политичкиот став на Мицкоски „дали сакал Македонија да влезе во НАТО и ЕУ“. Ова е пренесено значење за две прашања за кои воопшто нема дилема. Прво, ВМРО-ДПМНЕ на овие лидерски средби не споменува амнестија, бидејќи како што повеќе пати кажаа ќе следува предлог-закон за амнестија. Второ и најважно, ВМРО-ДПМНЕ во сите овие 28 години на политичко делување никогаш не било против членството на Македонија во НАТО и ЕУ и тоа на дело го има докажано. Ова е јасно и за граѓаните, но и за нашиот стратешки партнер САД и партнерите од ЕУ и НАТО. Но, во последнава недела сосема е јасно и тоа дека „Царот е гол“, а гол е и грд да повеќе и не може да биде. Токму во тоа и е маестралниот потег на Христијан, поради што се запалија црвените светла во ѓон СДС предавничка.

Причината поради која лицето ѓон Црпко и целата ѓон СДС предавничка, се обидуваат да во јавноста пласираат превртени слики за вистинската состојба во Македонија и политичка тенденција на ВМРО-ДПМНЕ за владеење на правото, почитување на уставот и законите, заштитата на идентитетот на Македонската нација и Македонското име е многу јасна. Но,

како што секогаш напоменувам, сакам да паметиме. Да паметиме за да не успее ѓон Црпко со ѓон СДС предавничка да манипулираат со нас врз основ на лаги, спинови и превртени слики.

Првата причина е токму манипулацијата. Како полесно би можеле да манипулираат со нацијата доколку не би прогласиле некого друг за проблем („држте го крадецот“).

Втора причина е долгот кон менторите поради што и дојдоа на власт онака насилнички и узурпаторски (насилнички кон уставот и законите).

Трета причина се лукративните цели на ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка, бидејќи не само што нема да можат да си ги реализираат, туку нема да имаат заштита и ќе треба да одговараат (а ќе си лежат-како што милуваат да велат шарените им, но не само за лукративните цели, туку и за предавство на Македонија)

Четвртата причина е сосема лична за лицето ѓон Црпко, а се однесува на тоа што нема да може да глуми демократ и чесност и во „независното му судство“ да биде ослободен од обвинение при јасно видливи докази за корупција, а тоа значи дека граѓаните ќе го видат неговото грдо лице, не само како предавник, туку и како нечесен и корумпиран лик кој се обидел да им продава приказни.

Петтата причина е таа што со доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ ќе се открие кој навистина си ја сака татковината Македонија и сака на достоинствен начин да биде дел од НАТО и ЕУ, но во исто време ќе се открие што и за што тоа се ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка преговарале и што ветувале, а што и добиле лично тие.

Има уште многу да се набројува, но едноставно нема смисла да пишуваме до бескрај, а и треба да оставиме нешто со што ќе излеземе во периодот кој е пред нас.

Би сакал да напоменам еден ординарен факт кој ѓон Црпко се обиде да го изврти и изманипулира што е вообичаено за него. Имено, во изјавата на Мицкоски јасно беше кажано дека: „помина времето кога некои прашања не заслужуваат одговор“. Појасно здравје, ова е само уште едно потсетување за тоа кој е не демократа, кој повикуваше на бојкот на референдумот за територијална поделба, но во исто време и повторно потврда на демократскиот капацитет на ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски лично. Впрочем никој на граѓаните не им кажува што да прават. Излегувањето на референдумот е демократско право на секој граѓанин, како што тоа е и излегувањето на избори. Правото продолжува со тоа што по слободна волја и убедување секој од нас покрај тоа што ќе треба да одлучи дали ќе излезе на референдум ќе треба да одлучи и како ќе гласа и тука носиме лична историска одговорност за нашите одлуки. ВМРО-ДПМНЕ само сака да се почитуваат уставот и законите. Токму тоа му пречи на ѓон Црпко, тој не знае да функционира во бистро, зошто тогаш се се гледа па нема да може да мати и манипулира.

Затоа треба да бидеме постојано будни, да ги препознаваме пораките од ѓон Црпко и телалите му, бидејќи основната намера им е да не воведат во збрка, да направат какфонија, за да можат лесно да манипулираат. Немаат аргументи, немаат демократичност, немаат чесност, се е против нив сите факти, историското паметење на Македонскиот народ и токму затоа ќе се обидуваат да направат превртена слика, па црното да ни го продаваат за бело, токму да ни го продаваат, бидејќи ѓон СДС предавничка се продавачи на магла, политички лихвари, кожодери на сопствениот народ.

Во недостиг на факти и аргументи, при ѓон образ (реков па пореков) служејќи се со создавање на превртени слики ќе се обидат да ги прогласат ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски виновни за нивниот неуспех пред менторите им. Ќе се обидуваат да го заблудат Македонскиот народ и како вообичаено ќе ги испревртуваат зборовите кажани од Мицкоски или онаа што е напишано и кажано од секој кој е посветен кон делото на независна Македонија и Македонска нација. Тоа ќе го прават затоа што немаат образ туку ѓон, ќе се обидат да дискредитираат секого и секаде, нема да имаат обѕир ниту кон приватност ниту кон семејство, бидејќи нивната предавничка кожичка им е прескапа. Прв на удар ќе биде секако Мицкоски и таа војна против него нема да се води исклучиво на политички ринг, туку ќе биде се повеќе и повеќе насочена против неговата личност, бидејќи ѓон Црпко (кој самиот се девалвираше безброј пати досега-лажејќи бескрупулозно) нема друг „аргумент“ за да се бори со Мицкоски, а тоа го видовме во тв дуелот и другите јавни настапи.

Верувам дека владата има транскрипти, ако не и снимени материјали од лидерските средби. Би било исклучително добро за демократијата и вистината да ги сподели со јавноста, па да видиме дали зборот е зборот и кој што барал и застапувал, или за ѓон Црпко тоа е само уште една флоскула меѓу многуте со употребна вредност од ограничен временски рок, а наменета за правење на превртени слики во јавноста.

На денот на Светата великомаченичка Ефимија (11/24.07.2018)

**Кажав ли дека се ѓонови, манипулатори и …**

*Нека ни е честит и вековит ИЛИНДЕН,*
*да ни е вечна татковината Република Македонија*
*и името Македонско!*

Драги браќа и сестри, Ви кажав ли дека ѓон СДС предавничка се ѓонови? Кажав ли дека се манипулатори и мразачи, злобници и неинвентивни? Веќе три години како пишувам и јавно говорам за психолошките и менталните карактеристики (недостатоци) на ѓон СДС предавничка и оваа узурпаторска влада заедно со нивните медиумски манипулатори. Секој човек би чувствувал сатисфакција за тоа дека уште пред години предупредил на однесувањето и карактерот на менталниот склоп и однесувањето на лицата од ѓон СДС предавничка, но денес јас не чувствувам сатисфакција, ниту ликувам за тоа што се докажа тоа што го говорев. Напротив, јас сум натажен од безумноста на овие ликови под маска, на нивната магарешка упорност да не турнат в амбис.

Денес, на овој свет ден Илинден, на Мечкин камен се случи тоа што беше неминовно. Народот од никого не поттикнат и неорганизиран со свирежи и клетви ги дочека претставниците од узурпаторската влада на ѓон СДС предавничка. Но, уште пострашно за нив беше испраќањето им. Не само со свирежи, пцости и клетви, туку и со плуканици, прскање со вода и понекое фрлено пластично шише, Македонецот им кажа што мисли за нив.

Доколку судиме по нивните мерила и „демократските“ принципи, тогаш сигурно дека ова нешто било недемократски, но може ли некој да го спречи народниот гнев. Тие пак, (ѓон Анѓушев, ѓон Сугарески, ѓон Филипче и ѓон Манчевски) без срам и перде дојдоа и во текот на целата прослава го провоцираа насобраниот народ. Навистина пасивно, но дрско и безобразно. Не станаа да го пречекаат претседателот на Р.Македонија, не станаа да го поздрават, не станаа ниту на неговиот говор. Сѐ проследија седејќи и цинично потсмевнувајќи се, ругајќи се на народот в лице. Цинизам, безобразлук и надуваност на нивните суети во безмерие, арогантност на сите страни. А, кога на заминување се соочија со народниот гнев, тогаш набрзина со наведнати глави и два реда полициско обезбедување со чадори побегнаа. И тука не заврши нивниот безобразлук. За да се самооправдаат веднаш преку нивните спин мајстори (ѓон Ѓеро) смислија измама, подметнување, обвинување, манипулација. Тоа подметнување и обвинување го насочија против сопствениот народ и држава. Веднаш обвинија дека свирежите и навредите биле упатени кон дипломатскиот кор, особено кон Бејли и Палмер или читај кон САД, а организирани од „некого“-протоколот. Дека јадните тие се жртви, дека е избергнат инцидент, а тие самите провокативно посакуваа да има инцидент. Злобно и неинвентивно веднаш започнаа да манипулираат дека реакцијата на народот насочена кон нивното предавничко его е всушност анти НАТО и ЕУ реакција, безочно лажејќи и измислувајќи невистини, а и самиот претседател Иванов јасно кажа дека не сме против нашето членство во НАТО и ЕУ.

Ете ја нивната карактеристика на манипулатори и мразачи на сопствената држава и народ. Никој не свиреше и фрлаше клетви кон САД, туку кон ѓон СДС предавничка. Никој не ги навреди претставниците на дипломатскиот кор ниту амбасадорот Бејли и високиот гостин од САД Палмер. Се беше насочено кон покажување на оправдан револт кон политиката на ѓон СДС предавничка. Да не беа ѓонови ќе им беше јасно дека со самото нивно појавување го провоцираат народот, а со нивното однесување веќе настанатата тензија ја зголемија.

Се прашував како е возможно делегацијата на ВМРО-ДПМНЕ во чии состав беше поранешниот министер за транспорт и врски Владо Мисајловски и генералниот секретар на партијата како и другите двајца потпретседатели, а сите во некој период извршуваа или сега извршуваат јавни функции, без било какво обезбедување да се движат помеѓу граѓаните и никој да не упати ниту една навреда кон нив. Како јас и Кирил Миновски поранешен министер за финансии се движевме помеѓу народот и од никого не бевме нападнати ниту навредени. Како тоа претседателот Иванов со минимално обезбедување се поздравуваше со голем број од насобраниот народ и никој не го погледна попреку, а не пак да му дофрли. Но, го знам одговорот, а го знаат и во ѓон СДС предавничка. Едноставно, народот е подготвен да ги прости личните заблуди и грешки на секоја власт, на секој политичар како на човек или идеолошките разлики да ги тргне настрана кога е во прашање Македонија, но никогаш нема да прости предавство на Македонија и Македонската нација. Тоа е нешто што никогаш не се проштева и предавниците овој народен презир и проклетство ќе го пренесат на идните нивни поколенија.

Поради овој факт, колку и да се обидуваат да бараат виновник, во полицајците-обезбедувањето, во „контраразузнавањето", во протоколот, во организаторот, во не знам кого, најдобро би било да се покријат со сопствениот срам и да не излегуваат во јавност, бидејќи видливо беше дека доколку не беше полицијата по службена должност да ги заштитува немаше да поминат убаво со оглед на неорганизираната и спонатана реакција на народот. Сега нека се запрашаат дали смеат да прошетаат на улица без обезбедување, сами како обични граѓани и да се сретнат со граѓаните токму лице в лице, да зборуваат со Македонскиот народ во секојдневниот контакт. Треба да се сетат на тоа дека ќе им завршат мандатите и што правиме тогаш или можеби веќе имаат смислено каде ќе побегнат само да ја завршат валканата работа на која се нафатиле. Но, дали се бега од народниот гнев, пизма и историската одговорност?

Бедно е тоа што се обидуваат и тоа упорно се обидуваат да го прикажат Македонскиот народ како непријател на САД, како противник на НАТО и ЕУ членството на Македонија. Многу е бедно да се кријат со своето предавство, лакомост и неинвентивност зад САД и нивните дипломатски претставници во Македонија. Да го подметнуваат сопствениот народ и држава создавајќи превртени слики во бедниот обид да се претстават како жртви и тоа политички. Доколку сакаат нешто да научат, подобро нека ги прашаат дипломатите за искуствата во нивните земји во врска со предавствата на татковината и народниот гнев, отколку и нив да се обидуваат да ги мамат и злоупотребуваат

само и само да се оправдаат себеси во предавството. Нека им одговорат на дипломатите како нивните фирми и фирмите блиски до ѓон СДС предавничка добиваат убави тендери и како расне корумпираноста до бескрај и што велат граѓаните без усул, како паѓа економијата и осиромашуваат граѓаните и на крајот како ја лажеа не само македонската туку и меѓународната јавност и самите дипломати, само и само да се доберат до власт па макар и узурпаторски како што тоа го направија.

Не само што се ѓонови, манипулатори, кукавици, предавници, мразачи, туку се лицемерни нечесници кои не можат да му погледнат в очи на Македонскиот народ и го испоганија најсветиот ден за Македонецот, а потоа срамно гледајќи в земја побегнаа.

Толку од храброста нивна на која толку многу се повикува нивниот врховен предавник ѓон Црпко алијас Заев.

Да живее Република Македонија!

Долу предавниците!

На денот на Св.пророк Илија (20.07/02.08.2018)

**В П Ш или Н П Ш**

Во контекст на она, меѓу студентите позната фраза: „се запишав на ВПШ или ваша последна шанса", можеме да го препознаеме и пред референдумското лудило на власта на СДС. Сепак, и оваа лудило е во контекст на нивната позната тактика на превртени слики.

Токму за овој феномен сакам да пишувам во оваа колумна, колку нели да не биде дека не е кажано и за да бидеме на јасно и на чисто пред неумоливиот и неминовен суд на историјата кој ќе мора да следува како природна законитост. Но, за да се знае и да си знаеме сите ние, а пред се Македонците дека во големата измама и однародување кои ни ги прават, целата вина и историско предавство ќе се обидат да ја префрлат врз Македонскиот народ (народот во кој нели се колнат и за чие добро нели дојдоа на власт) кој ете самиот избрал да се самоукине, а политичката одговорност да ја префрлат врз ВМРО-ДПМНЕ, токму во контекст на последната шанса и не препознавањето на шансите. Всушност се е една голема лага, манипулација, извртена слика, поместени и превртени вредности на една група неранимајковци и национални предавници, крадци и тендер манги кои глумат загрижени демократи за напредокот на државата, а зад фасадата на НАТО и ЕУ ги кријат својата неспособност, безидејност и најмногу арамилак или „тендерманија"кој секојдневно ни се случува пред наши очи.

Драги мои Македонци и граѓани на Република Македонија за да ни биде појасна играта на непрокопсаните, потребно е да си знаеме дека ова ВПШ, не е наша последна шанса за влез во ЕУ и НАТО, туку дека е НПШ или **нивна последна шанса**. Нивна последна шанса за какво-такво политичко преживување и не одговарање за стореното велепредавство, а потоа и за сиот арамилак кој го направија последнава години и нешто повеќе, а се под изговор дека „посветено" работат за евро-атлантски интеграции на Македонија. Полна уста фалби за ништо, а само заради сопствено политичко преживување.

За да биде трагедијата поголема и создавањето на превртени слики поефективно, заради наше замајување секојдневно гледаме театар во режија на СЈО, а во изведба на псеудо актерската група на СДС и Кацарска. Овој судиски лик, спроведува селективна правда, дискриминација и тренира строгост врз поранешниот премиер и министри газејќи ги и тоа тврдам дека го прави потполно свесно, сите норми и вообичаени судски практики. Тоа е дел од сценариото за НПШ, да се заплаши народот колку државата може да биде „ефикасна" и некомпромисна кон поединецот па дури и тој да бил поранешен премиер или министер. Нам тоа ни е јасно и секако дека барем Македонецот добро знае што е тортура и слабост на поединецот пред државата. Но, доколку под нивната маска за „расчистување со криминалот" не беа селективни и го уапсеа роднината на Груби осомничен за убиство на Саздовски, а кого успешно го кријат и до кого Спасовски не може нели да дојде (патем кажано многу лесно имењакот му „скрои капа" на Лазе Велковски, а тоа покажува многу), тогаш ќе верувавме во не селективноста и тогаш ниту Груби ќе смееше да дава изјави од типот дека „договорот со Грција ги засега Македонците и тие губат, ние ништо

не губиме“. Дури и оваа ноншалантна изјава на Груби ни покажа многу. Изјавата ни покажа дека за оние кои разбраа (а не се сомневам во интелегенцијата на Македонецот) Груби ни кажа дека договорот е штетен, но за нас Македонците, не и за Албанците. Понатаму, Груби ни кажа и дека тој може да прави што сака и да дава политички изјави какви што сака. Потоа ни кажа дека воопшто не е засегнат за судбината на државата Македонија иако е пратеник во нејзиното Собрание. И, така ни кажа многу работи и јавно и затскриено. Сега останува на нас да перцепираме, да разбереме, да ни биде јасно и да одлучиме дали ќе им помогнеме на непрокопсаниве од ѓон СДС предавничка да ја добијат НПШ.

Во целата оваа бара која ја матата за да ја остварат нивната НПШ, оној ѓон Црпко врховниот предавник истрча со поставување на бројчаници на порта Македонија, многу силно остварување на предизборните му ветувања, а 500 евра просечна плата и тоа беше ветено нели и правна држава и немање корупција и тендер манги и слично и уште многу беше ветено, но само бројчаникот се оствари како проверен популистички чекор и начин за испраќање пораки. Така, ѓон Црпко велепредавник, ни испрати неколку пораки со бројчаникот. *Прво*, дека не го интересираат криминалите на неговите министри (впрочем тоа му е исто така предизборно ветување кон нив самите, дека ќе им дозволи да си местат тендери и да си крадат), но да го потсетиме дека Србите имаат една убава поговорка: „Ничија није горела до зоре“, па и нивната на ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка нема да гори вечно и ќе им се стемни. *Второ*, дека ни најавува скорешни пресуди од другарка му Кацарска и Катето специјалката за обвинетите од СЈО, па се подгтовува јавно да се фали со успесите на независното судство преку измислени бројки. Во овој контекст би прашал. „Дали е подготвен Заев така јавно да ги врати парите заработени по принципот евроваму евро таму и тоа да го објави на бројчаникот. *Трето*, да не потсети дека формира порта (ѕид) на срамот на кој секого може да закачи па дури и низ бројки, јавно одбележувајќи го како арамија во истиот миг кога неговата Кацарска и СЈО тоа ќе го решат формално правно. Но, како што се вели, тоа што го прави на другите надвор од нормалните судски постапки ќе го стигне и него, а овој лик под илјада маски е далеку од демократ колку и да звучи невино. За само година и малку повеќе негово владеење се случија илјадници финансиски афери и милион криминали, нерасчистени убиства и други арамилаци кои упорно медиумски и со глумење наивност, демократија и лажна скромност зад фасадата на НАТО и ЕУ се обидува да ги сокрие не само од граѓаните туку и од неговите „пријатели“ од меѓународната. *Четврто*, дека сме подложни на правосуден удар сите ние поединечно, без разлика дали активно или пасивно даваме отпор на НПШ (референдум, однародување, предавство и сл.). Во тој контекст дури и Спасовски јавно ги нападна активистите од Бојкотирам. Ете ја на дело нивната демократија, ќе се закануваат на секого кој им ја попречува нивната последна шанса за политички опстанок. Ами нивната кожичка е во прашање и тука нема компромис, каква демократија какви човекови слободи и права, каков патриотизам какво членство во НАТО и ЕУ,

се е тоа фарса кога нивната кожа е во прашање и затоа со сите сили сакаат да ја остварат НПШ.

Како врв на не вкусот е токму обидот да аналитичарите кои се про ѓон СДС предавничка не убедат дека целата оваа операција за денационализација на Македонскиот народ и уривање на државата Република Македонија не е НПШ, туку дека е токму ВПШ, односно наша зборувајќи ни дека ова е последна шанса за Македонија. Безобразно до бескрај. Вообичаено за ѓон СДС предавничка да ни создаваат превртени слики за да се фатиме на мамецот.

Во меѓувреме, психолошката машина ќе започне со мелење на мозоците, па дури и со „поддршка" од надвор за да не убедат како е добро да си го смениме вековното име и да исчезнеме од листата на нации иако сме мал, но стар европски народ. И сето тоа ќе ни го прават убедувајќи не и велејќи ни дека ова е ВПШ за членство во НАТО и ЕУ, а всушност и тие од надвор добро знаат дека ова е НПШ за ѓон СДС предавничка. Во ова невреме до 30-ти септември ( а токму 30-ти септември е добар и убав ден да правиме ајвар и ставаме вино односно да се потсетиме на традицијата во домашни услови) сешто ќе се обидат да ни направат и ќе не заплашуваат и ќе апсат и ќе пресудуваат и ќе се закануваат и ќе тормозат и ќе прават тортура и сето тоа со амин од надвор и во името на демократијата или демонократијата не разбирам баш. Во следниот период до 30-ти септември ѓон Црпко и неговата предавничка влада нема ништо друго да работат освен да трчаат низ татковината и да притискаат да ја реализираат НПШ, да си самооправдуваат предавството и тоа безполезно трошејќи наши – народни пари, а во тоа се неприкосновено најдобри. Затоа во пракса ќе може да ги видите покрај удбашко-комунистичките методи на делување и познатата матрица на работење на СДС предавничка и другите нивни неспособности, повторно нема учебници навреме (кратко ова летото), нема превоз за учениците (неможеа да се договорат за тендерите), ќе нема греење во училиштата, неплатени сметки од локалните власти на ѓон СДС предавничка и колапс на локалната самоуправа, Скопје се гуши во смет и многу други такви секојдневни работи кои всушност ни го отежнуваат животот, а го покажуваат вистинското лице на ѓон СДС предавничка. Ете затоа велам дека се во нивната политика е лага и фасада направена од декларација дека се за НАТО и ЕУ. Ете затоа и кампањата им се води со лажливо мото „За Европска Македонија", како Македонија да е во Африка а не во Европа и воедно лулка на европската цивилизација и почеток на словенската писменост и Богопознание. При очи не прават слепи и при уши глуви, а при памет сакаат да не направат глупави и да им ја дадеме НПШ на наша штета и штета за идните генерации. Во тој контекст ќе не посетуваат меѓународни емисари да ни кажат дека тоа е ВПШ, а никаде нема да зборуваат за НПШ и последиците врз нас како Македонска нација и држава.

Затоа Македонци, умно, со историска одговорност во себе за пред минатите и идните генерации, со потполно искористување на демократското право да се излезе или не, да се одговори со да или не. Иако, сентенцата на Мицкоски од пред некое време беше доста јасна, но добро е да се потсетиме на неа: **„Понекогаш е подобро да не се даде воопшто одговор, отколку да се**

**даде штетен одговор“.** На нас е да размислиме и со лична одговорност да одлучиме дали воопшто ќе дадеме одговор, а истиот да не предизвика било каква штета, не обична туку историска штета која нема да може да ја поправиме, особено не нашата генерација, а што треба да го имаме на ум.

Нека ни е вечна татковината Република Македонија и честит денот на независноста на Република Македонија, 8-ми Септември.

На денот на Оддание на Успение на Пресвета Богородица (23.08./05.09.2018)

**Референдум, а што е тоа?**

Постои една многу тривијална, но многу поучна анегдота која се раскажува на улица. Имено се работи за конверзација помеѓу маж и жена, при што мажот бара од дотичната да бидат интимно блиски, при тоа нудејќи и како надомест 100 евра. Кога госпоѓата го одбила, тој ја покачил понудата на 500 евра и се така до 5.000 евра кога дотичната прифатила. На тоа мажот констатирал: „Утврдивме дека си проститутка, а сега да се ценкаме“.

Ете, тоа се случува во пракса во рамките на Република Македонија, односно во самиот ѓон СДС предавнички, но и кон Македонските граѓани. Ѓон СДС предавничка прифати цена за продажба на Македонскиот национален идентитет и името, но сега се обидува сопствените граѓани пред се Македонскиот народ да ги направи проститутки нудејќи им милиони евра европски пари за не знам што не. Да биде трагедијата поголема нуди туѓи и тоа виртуелни пари. Ова во пракса покажува многу и кажува се за моралната паднатост на ѓон СДС предавничка и нејзиното водство да не ги именувам поединечно. Но, не е проблем нивната паднатост, проблем е тоа што и нас сакаат да не извалкаат со нивната гнасотија.

Толку за ѓон СДС предавничка и нивните етички, морални, стручни, патриотски и други не-квалитети. Да кажеме некој збор за нивниот референдум за кој толку се запнале да им успее, но како што стојат работите, таа желба нема да им се оствари и оваа превара нема да им успее.

Имено, референдумот вака како што е поставен јасно покажува дека е намерно спастрен во три значно прашање, а кои прашања немаат врска едно со друго. Прво, некој може да не е за членство на Р.Македонија во НАТО, а да е за членство во ЕУ, бидејќи нели човекот е антимилитарист да кажеме. Второ, некој е за членство во НАТО, но не и за членство во ЕУ, бидејќи е со став дека преку НАТО ќе ни се засили безбедноста, но со ЕУ ќе имаме неприроден одлив на младо работоспособно население во ЕУ. Трето, некој е за членство и во НАТО и во ЕУ, бидејќи и двете организации-сојузи ги поврзува преку поимот Евро-атлантски интеграции (што во основа е кованица за политички цели). Е па сега, нека ми каже некој каква врска, но не политички измислена и фабрикувана за дневна политика, има членството во НАТО и ЕУ на Р.Македонија со прифаќањето на предавничкиот договор од Преспа кој ѓон СДС и ѓон Заев здушно го бранат?

Во тоа име иститие овие предавнички лица под маска водат манипулативна и тенденциозна и виртуелна кампања, како да ќе треба да гласаме за членство во НАТО и ЕУ, а не да дадеме поддршка на нивниот предавнички залог. А, всушност целата поента на референдумот или што и да е тоа што сакаат да ни го спакуваат на 30-ти септември е да им го одобриме договорот со Грција или да се согласиме со нивното национално предавство и да бидеме дел од предавниците.

Токму поради оваа состојба, јасно и гласно кажано и тоа што овој договор со Грција ја поништува Македонската нација, јас како Македонец

истиот го сметам за ништовен, како да не постои и не го прифаќам, бидејќи немам намера да се самоукинам и тој зулум во исто време да го направам во името на моите родители и во името на моите деца и идните генерации. Едноставно го немам тоа право, ниту морално, ниту патриотски, ниту пред судот на историјата. Нема потреба од шарени лаги и ветување на виртуелни пари, Македонските граѓани не се проститутки и на крајот, доволно и премногу се навредите од страна на ѓон СДС предавничка кон сопствениот народ и држава.

Поаѓајќи од овој јасен и едноставен заклучок, ги повикувам сите граѓани на Република Македонија, сите колеги од академската јавност, научни работници, студенти, припадници на АРМ и на безбедносните сили на Република Македонија, сите патриоти, на 30-ти септември да не излезат воопшто да гласаат, бидејќи нема за што да се гласа. Затоа што не гласаме за НАТО и ЕУ, туку не повикуваат да гласаме за свое самоукинување и затоа на ниту една дебатна емисија на медиумите (кои гледаме дека најмногу се под контрола на СДС) не се расправа за содржината на договорот со Грција и последиците од истиот, туку се зборуваат флоскули за поубав живот за НАТО и ЕУ и за нивните пари, виртуелни пари. Понуда за надавање нели? Во исто време ѓон Заев предавник со неговата арамиска банда веќе си ја има утврдено цената на непроценливото – Република Македонија и Македонската нација и си наплатува, но засега само од нашиот џеб преку шемите за тендер манија и слични превари.

Затоа, ѓон Црпко предавник и ѓон СДС предавничка никогаш нема да и помогнат на Република Македонија, ниту ќе донесат економски напредок, ниту пак со нив и нивниот ментален склоп ќе одиме во НАТО и ЕУ. Тие едноставно заради сопствените им лукративни причини сега се на власт и се обидуваат да го одработата тоа за што и ги доведоа на истата таа власт.

Ете затоа, драги мои Македонци, Македончишта јас Оливер Андонов, Македонец, од родители Македонци, вонреден професор на Воената Академија Михајло Апостолски, Воена Акакдемија на Република Македонија, на чии достигнувања во изминативе 25 години сум исклучително горд, **НЕМА ДА ИЗЛЕЗАМ ДА ГЛАСАМ НА РЕФЕРЕНДУМОТ**.

Со јавно искажување на овој мој став, сакам да укажам на две работи: прво, дека референдумското прашање треба да се подели, бидејќи членството во НАТО и ЕУ нема врска со предавничкиот Договор од Нивице и второ, не го нарушувам правото на тајност на гласањето, бидејќи јас самиот искажувам историски димензиониран и патриотски став по едно исклучително и неповторливо прашање за нашата Македонска нација и татковина Република Македонија.

Да живее Република Македонија!

На денот на Светите праведни богооци Јоаким и Ана (09/22.09.2018)

**Во водата дупка**

За секоја јалова работа, нашиот народ вообичаено вели „во водата дупка“, а тоа кажува дека нема што да ја држи водата или пак се поставува реторичко прашање за тоа кој може да направи дупка во водата.

Токму така по истиот принцип на јалова работа помина и референдумското глупирање на ѓон Црпко предавник со целата ергела предавници од ѓон СДС предавничка. Но, не што тие се изглупираа, се покажаа во нивното вистинско светло и што од грдите им лица под маски им паднаа маските, туку гревовите навлекоа еден куп политички лица од меѓународната да го положат својот кредибилитет на буништето на ѓон СДС предавничка. Токму тоа меѓународната нема да му го прости на ѓон Црпко предавник, а ги предупредувавме дека овој лик под илјада маски е само еден обичен селски лажго и измамник. Впрочем тоа вчера го кажа и претседтаелот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски кој повторно констатираше дека Заев ги лажел партнерите од меѓународната заедница создавајќи им лажна слика за капитулантскиот договор и неговата прифатеност во Македонија, односно за успешност на референдумот.

Затоа по вчерашниот дебакл на политиките на ѓон СДС предавничка, не очекувам да си достојат на зборот и да заминат од политиката во неповрат, бидејќи како и секогаш лажат и манипулираат. За мене се значајни неколку други моменти и тоа:

1.Македонскиот народ, граѓаните на Република Македонија покажаа високо ниво на самосвесност и љубов и почит кон нашата татковина Република Македонија.

2.Граѓаните на Република Македонија покажаа пред целиот свет дека себеси се препознаваат како Македонци и дека се горди на овој свој идентитет.

3.Се покажа дека и покрај притисоците од хунтата и медиумските спинови и перења мозоци, како и лагите и манипулациите, граѓаните се подготвени да не ја поддржат погубната политика на ѓон СДС предавничка.

4.Очигледно е дека преку апстиненцијата од излегување на ваков намерно наметнат манипулативен референдум граѓаните испратија силна демократска порака до целиот свет.

5.Оваа генерација Македонци пред судот на историјата го оправда своето име и заложбите на нашите предци за независна Република Македонија и истиот аманет го остави на следните генерации.

6.Се потврдија историските решенија на АСНОМ и референдумот од 8-ми септември 1991 година за независна Република Македонија.

7.Македонија, Македонските граѓани на овој референдум не гласаа против НАТО и ЕУ, туку против погубната анационална и арамиска политика на ѓон СДС предавничка.

8.Пред целиот свет се разголе предавничката и манипулаторска лажлива политика на ѓон СДС предавничка, а како сведоштво за сите идни генерации кои се предавниците на националната кауза.

ПОКЛОН И ЧЕСТ ЗА САМОСВЕСНИОТ НАРОД НА НАШАТА МАКЕДОНИЈА

Сепак, да не се опуштаме, овие како што тргнале сега ќе се обидат да ја изманипулираат волјата на народот преку манипулации со бројки и проценти па ќе си играат игри во Собранието на Република Македонија. Затоа јавно ги предупредувам сите пратеници во Македонското Собрание, да не си играат со волјата на граѓаните преку весела математика за политичко-предавнички цели. Заврши политиката на ѓон Црпко предавник и да имаше барем малку и честичка совест тој ќе се повлечеше засекогаш од политиката како потполно поразен од сопствениот народ. Но, како што е врзан со ленгерите на среброљубието и отпадништвото нема да се повлече и затоа повторно ќе се обиде да лаже и мами. Токму затоа неговите медиумски убијци на свеста и разумот веднаш тргнаа во битка за да претставaт друга стварност. Вистината е сепак една и единствена и ете ја на површина излезена отсликувајќи го грдото предавничко лице на ѓон Црпко предавник и целата негова булумента. Нема веќе маска која ќе ви го сокрие предавничкиот лик, нема веќе лага зад која ќе ги скриете вашите предавнички намери, нема веќе збор со кој ќе го скриете вашето анационално и деструктивно однесување. Голи сте потполно, и тоа голи сосе козјите уши и рогови кои ги имате на главата (ова разберете го симболички како компарација чии синови сте), голи во целата ваша грдотија и покрај сите шарени слики и испревртени перцепции кои се обидувавте да ги наметнете. Не им успеа јаловата работа, но да не се залажуваме дека тука ќе застанат или дека ѓон Црпко предавнички ќе се повлече од политиката како што ветуваше. Тој многу ветуваше и кажуваше и ништо не исполни, па така ќе биде и сега. Впрочем затоа и тргна во лов на пратенички гласови за промена на Уставот на Македонија. Но, тоа нема да не обесхрабри, а се надевам дека и пратениците се свесни дека не смеат да подлегнат на никакви притисоци, уцени, компромитации, поткуп и други лаги. Ова се историски времиња за опстанок на нацијата и државата и само треба да се држат до референдумските резултати, а тоа е јасно искажаната волја на мнозинството граѓани на Македонија и нивниот став за глупостите на ѓон СДС предвничка.

Сега е време пратениците, сите тие во Собранието да ги одбијат небулозните игри на ѓон Црпко предавнички, да ги надминат сопствените стравови и пресметки и со храброст и чисто срце за татковината и сопствениот народ да поставaт многу прашања на кои граѓаните треба да добијат одговор, а тоа се прашањата за бандитските пресметки во центарот на Скопје, порастот на криминалот за над 140% во последната година, големиот број неразрешени убиства и други тешки кривични дела, тендерите приграбени од Заеви и министрите на ѓон СДС предавничка, нерешените случаеви на шверц со дрога, падот на економијата, намалувањето на економската моќ на граѓаните, немањето инфраструктурни проекти на сите нивоа, безидејноста и апатијата, стагнацијата на општеството во сите сегменти, паднатото здравство, доцнењето

на учебници во образованието поради тендер интереси и да редиме до бескрај какво зло направија од чисто лукративни причини. Покрај овие прашања кои се секојдневие во Македонија, важно е да не го заборавиме основното прашање и пораката која произлегува од него: „За колку пари ја предадовте татковината Македонија, Јуди“?

Е па ѓон Црпко предавник ќе си одговараш за велепредавство и покрај одговорноста за криминалот кој катадневно го правиш ќе си лежиш и за велепредавство. Ова ти го предвидов многу одамна, а правдата е спора но доаѓа. Правдата на народот, оној ист народ кој го мамиш и уличарски моташ ќе те стигне и ќе те стави под нозете негови. Божјата правда ќе го стигне твоето и на сите твои соучесници потомство, затоа што Божјата правда е вечна и до крај исполнителна.

На крајот од се, сакам да напоменам и да се знае еден многу значаен став, а тоа е дека овој референдум не беше против НАТО и ЕУ и членството на Република Македонија во овие меѓународни организации. Македонија е европска држава и тоа ќе го докаже не преку промена на името и идентитетот, туку преку промена на хунтата на власт и посветената работа за подобар живот на сите граѓани во сите области на општественото и економското живеење.

Да живее Република Македонија и Македонската нација!

На денот на Св. Великомаченици Евстатиј и Теописта (20.09./03.10.2018)

**Фарбачи**

Една од моите претходни колумни ја насловив како „Цртечи на веѓи и сеачи на магла“ и токму уште тогаш предупредив на проблематичниот ментален склоп на ѓон СДС предавничка, а во однос на создавањето на перцепции за реалните собитија во Македонија. Впрочем, имав уште една колумна со истата тема во која почитувани сограѓани ви зборував за превртените слики на СДС.

Со овој вовед и со насловот на оваа колумна сакам да го нагласам неопходното освестување на Македонскиот народ, на сите граѓани на Македонија за опасноста која ни е надвисната над нашата татковина, но и над секого од нас поединечно. Како и претходно, многу предупредувања се кажаа, многу факти се изнесоа на виделина, премногу аргументи и индикатори беа видливи, но се некако бевме во недоумица или поточно во неверие дека тоа не е возможно да се случи. Е па, драги мои еве ни се случува. Ни се случува, и тоа според онаа теоријата за ставањето на жабата во ладна вода и потоа загревајќи ја водата на тивок оган полека да се умртви жабата. Токму така со лаги, манипулации, спинови, лажни вести, цртање веѓи, сеење магла, прикажување на извртени слики и сега преку фарбања, не подготвија за самоуништување, за прифаќање на нешто што ниту една нација и држава не би го прифатиле. Во минатото со аргументот на сила и тиранија се обидуваа да ги денационализираат нашите прадедовци и дедовци, денес со боите на хедонизмот и личното задоволство, егоизмот и некаква си нејасна анационална иднина во некаква си недефинирана држава не премачкуваат онака колективно за да не дадеме отпор на ова што ни се случува.

Кога зборувам за тоа што ни се случува ќе ги прескокнам економските ужаси низ кои поминуваме, осиромашувањето, немањето на визија за развој и подобар живот за младите, катастрофите во здравството, корупцијата и енормниот сериозен и насилен криминал присутен на улиците во нашето секојдневие. Ќе зборувам за ужасниот обид за потполна дефокусација на јавноста од процесот за денационализација на Макеоднскиот народ и уништување на Македонската државност.

Фарбачите во ликот и делото на ѓон Заев предавнички и неговата фамилија заедно со ѓон СДС предавничка ни приредуваат еден театар, забава за народ и занимација заради свртување на вниманието на јавноста и занимавање со дребни работи. Во исто време треба да поминат сите елементи од предавничкиот Преспански договор и да се спроведат во живот, а внимавајте, не постојат никакви гаранции дека Грција ќе го ратификува договорот (и барем тоа да е некаква гаранција). Впрочем и Коѕијас го кажа тоа дека Ципрас и Каменос договориле пред Март 2019 договорот да не влезе во грчкото собрание. Каков поголем доказ за подлите намери на Византинците барате од тоа што на денот на Св.Димитриј Солунски (по нов стил), односно годишнината од почетокот на Грчко-Италијанската војна, Каменос го прогласи Солун за главен град на Македонија (нели е тоа спротивно од „намерите“ на договорот од Преспа?). Во исто време војниците на парадата облечени во

андартски униформи (ова е само слика за историското наследство и да ве потсетам дека токму тие и такви андарти со истата идеологија ги направија ѕверствата врз Македонците), громогласно пред очите на Европа и во името на нејзините цивилизациски вредности извикуваа навреди кон Македонија и Македонскиот народ. За сето ова нашето шармерско МНР не најде за потребно да упати нота на протест или да реагира на било кој начин.

Токму спротивно, предавничката влада на ѓон СДС предавничка започна со интензивно спроведување на одредбите од Преспанскиот договор, онака незабележително започнува со работа Комисијата со која „експертски“ без ниту еден историчар-професор од институтот за историја или за национална историја во комисијата, треба да ни се ревидираат учебниците, бидејќи нели ние сме иредентисти. Тоа што некој јавно повикува на крв и деструкција, а притоа демонстрирајќи и воена моќ е демократски. За да помине сето оваа енормно предавство незабележано од јавноста или барем забележано, но без било каква општествена реакција, фарбачите од ѓон СДС предавничка се решија да и сервираат на јавноста занимација со ВМРО-ДПМНЕ. Па така, Мицкоски и раководството на ВМРО-ДПМНЕ биле анти-западни. Како тоа одеднаш Мицкоски кој најголемиот дел од својата академска кариера ја изградил токму на запад стана анти-западен, а ѓон Заев предавнички кој ја „прошири“ Пандорината кутија стана ептен западно ориентиран. Погледнете само какви глупости тресе Заев и тоа на минута време, како отвори уста така или тресне глупост или излаже и прашајте се зошто токму него ни го наметнаа за власт. Потоа сериозно запрашајте се што ќе правиме доколку го наметнат и за прв Претседател на неговата Северна Македонија, а март 2019 е близу. Или, да се запрашаме за сопствената ни умствена, етичка, духовна и ментална состојба, а според онаа Кумановска поговорка: „За каква глава, так’в брич“.

Затоа ќе имаме ситуација во која заради дефокусација ќе се активираат сите „спијачи“ во ВМРО-ДПМНЕ и сите треба да се занимаваме со ВМРО-ДПМНЕ и внатрешните привирања во него, а на сето тоа ѓон СДС предавничка преку „слободните“ медиуми ќе лиферува потполни невистини за анти-западни ориентации во ВМРО-ДПМНЕ или за немање внатрешна демократија, а познавајќи им ги методите на работа наскоро може да очекуваме и лиферација на измислени компромитирачки информации за Мицкоски и луѓето од раководството на ВМРО-ДПМНЕ кои пак нема да имаат допирни точки со политиките и политичката активност, туку ќе бидат насочени само кон денунцирање и општествено омаловажување на поединци. Запрашајте се само, дали досега имаше било каква забелешка или јавна дискусија за грешките на Мицкоски кон интересите на Македонија при спроведување на политиките, а колку глупости направи ѓон Заев предавнички и тоа не само преку изјави, туку и со конкретно делување против Македонија. Токму затоа, според проверената шема за фрлање на прашина в очи на јавноста ќе следуваат грст „интересни“ дезинформации за состојбите во ВМРО-ДПМНЕ и личниот живот на луѓето од раководството на партијата. Па така, наместо да знаеме и гледаме што конкретно ќе работи Комисијата на Габер и како ќе ни се менува историјата пред наши очи, да ја критикуваме Владата за не реагирање на грчките

провокации и навреди, за тоа какви ќе бидат уставните амандмани и што тоа Беса и Села уште ќе ни приредат, кои се реакциите од соседството по однос на барањата за промена на уставот, да анализираме во академската јавност што се ќе донесат амандманските измени, односно какви ќе бидат долгорочните последици и евентуалните барања од други фактори во регионот пред се, ние ќе се занимаваме со измислици и наместени кризи во ВМРО-ДПМНЕ и личните животи на луѓе од раководството на партијата.

Доколку сметаме дека ова второто е позначајно отколку опстанокот на нацијата и државата, нека ни е на здрвје, „ќе не стрижат, ќе не мл'зат до крв". Потоа да не бидеме изненадени од нови барања и договори или анекси на договори со сите соседни држави и нови понижувања и поништувања на Македонската нација и држава. Само да се запрашаме: „Каков одговор, добар одговор ќе дадеме на нашите деца и внуци, но пред се каков добар одговор ќе дадеме на Страшниот Христов суд кога ќе бидеме запрашани за нашата улога во одбраната на нацијата и државата, под делот грижа за ближниот свој"?

Ве повикувам сите вас, да ги држиме очите ширум отворени и да не наседнуваме на фарбањето на фарбачите и нивните калфи или подизведувачи кои се претставуваат како ВМРО-ДПМНЕ (прозападна???), да не дозволиме да не прават слепи при очи и да не фарбаат со разни бои. Потребно е секојдневно да ги препознаваме нивните игри и шарени бои со кои се обидуваат да ни ја превртат сликата и да не измамат дека не чека розова иднина. Според утрото денот се познава, а утрото во спроведувањето ан Преспанскиот договор со целата жестина ја покажува намерата за наше национално и државно исчезнување. Затоа нема потреба да се занимаваме и забавуваме со случувањата во ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи партијата смата одвнатре ќе си ги реши проблемите, наше е како граѓани на Македонија и како Македонци да го сосредоточиме нашето внимание кон тоа што работи Владата на ѓон СДС предавничка, бидејќи тоа е суштински и животно значајно за Македонија.

Во овој момент по неуспехот на фарбачите да го прикажат Мицкоски како анти-западен, а попатно да го извалкаат лично со по некоја бледа боја од нивниот репертоар на обиди за лична компромитација, следува обид за внатрешна дезинтеграција на ВМРО-ДПМНЕ како втора фаза на фарбачите, при што во потполност се јасни целите на нарачателите (здруженото молеро-фарбарско друштво), а ќе следува и трета фаза во која молеро-фарбарите и нивните подизведувачи ќе се обидат да промовираат свои лица, секако префарбани согласно нивниот вкус, за наводна замена на Мицкоски. Класичен обид да со што повеќе бои го премачкаат своето учество во уривањето на Македонија и обесилувањето и обесуштествување на ВМРО-ДПМНЕ.

На крајот, како логичен след на можниот отпор и ставење разредувач во бојата на фарбачите, би препорачал формирање на еден широк фронт за национална борба за спас на Макеоднија и ослободување на татковината од оваа несреќа наречена ѓон Заев и ѓон СДС предавничка. Секако, сметам дека единствена силна и организирана политичка сила која би ја предводела таа борба е ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски

Се надевам драги мои сограѓани,  дека сега е многу јасно како се наоѓаме во една завршна фаза од ударот врз Македонија и Македонската нација. Како се најдовме во оваа небитнина  ќе треба секој од нас да си даде одговор пред самиот себеси, бидејќи предупредував на ова уште од пред три години и повеќе. Но, верувам дека ќе изнајдеме внатрешни сили да ја спасиме нацијата и државата.

Затоа Ве замолувам да не обрнувате внимание на претходно пласираните и идните измислените вести, ставови, информации (читај дезинформации) за состојбите во ВМРО-ДПМНЕ, туку со чист ум и отворени очи делувајте против политиките на ѓон СДС предавничка.

На денот на Св.апостол Лука 31.10.2018

**Глупирање**

Едноставно станува невозможно да се нотира континуираното глупирањето на Владата на СДС-то, или пак до невкус и одвратност да се поднесе обидот за перење на мозоци кои се обидуваат да го направат врз граѓаните на Македонија, особено врз Македонците.

По принципот „Тази дупка не е дупка", дури и во се по очигледните побивања на нивните претходни убедувања дека договорите со Бугарија и Грција се врв на дипломатскиот и шармерски успех, овие некадарни, неинвентивни, злобни и мрачни души се обидуваат да не убедат во спротивното. Се обидуваат да најдат вина во секого и во се што не е во контекст на нивната единствена политичка цел (промена на името и уставно редефинирање на Република Македонија) или пак во насока на оправдување на нивната неспособност за создавање услови за економски раст и подобар живот. Секако, тука се натрупуваат безброј отворени прашања и горливи проблеми за граѓаните, од безбедноста лична и јавна секако, криминалот во власта, социјалните прашања, ранливите групи за кои воопшто не се интересираат, здравјето и загаденоста, поскапувањето на основните животни продукти и што ли уште не. Но, не е се тоа клучните предизвици за нив. За СДС-то во спиритуален владеачки занес важно е да се „избутка" политичката агенда за редефинирање на државата, а потоа... е потоа, потоа ќе биде „бегање". Да токму така, бегање и повторно префрлање на одговорноста на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ кое повторно ќе се зафати да работи, да гради да помага, бидејќи Македонија и нејзините граѓани ги чувствува како свои, како дел од себе. Не дека нема да има проблеми, не дека нема да има појави на криминал. Тоа е впрочем неизбежно, како што има различни луѓе и карактери, така и криминалот е појава која е константно присутна во општеството и тоа на сите нивоа, но во прашање е желбата и ефективната борба против истиот.

Но, да се вратиме на поентата на оваа колумна. Забележлив е недостатокот на политичко образование кај луѓето од СДС-то. Не зборувам за политикантство и дневно политички, внатре политички и особено внатрепартиски шеми, тука се „цареви" на манипулацијата на чело со нивниот Минхаузен, зборувам за искуствена и прагматична политичка мисла, преточена во национална политичка стратегија. Тоа пред се подразбира образованост во полето на историјата, филозофијата, политичката филозофија, меѓународните односи, безбедноста, психологијата и методологијата или барем во континуитет читање на стручна литература од овие области. Неопходноста од поседувањето на знаења од вака широк спектар се огледа токму во потребата од создавање на национална стратегија, употребата на емпириското и сознајното или наученото во прагматичната политика. Секако не како орудие за злоупотреба на сопствените граѓани, туку како поддршка во креирањето на реалната политика и остварување на националната стратегија.

Токму во оваа дискрепанца на употребата и осознавањето на емпиријата, сознајното или наученото и препознавањето на политичката прагма

во конкретен момент лежи основата во глупирањето на оваа катастрофална влада.

Зарем не научија дека во меѓународните односи не постојат вечни пријатели туку егзистираат исклучиво интересите. Ова многу јасно им го кажа Черчил, поткрепувајќи го со Британското искуство. Дали не научија од историјата дека Грците во целиот свој занес за историско наследство на Стариот век и Византија како единствени наследници, ја наследија лукавоста на „византиските игри". Дали не ви е јасно дека токму затоа, а како белег на колективна историска меморија и денес во Бугарија Грците ги нарекуваат Византинци. Дали повторно треба да потсетувам на книгата на Љубомир Иванов и другите насловена како „Бугарската политика спрема Република Македонија", а која е всушност кратка презентација на стратешките цели кон Македонија. Ве замолувам да ја прочитате бидејќи е достапна и на Македонски јазик. Се надевам дека барем нешто ќе разберете. Како возможно да се нема историска меморија и тоа колективна за тоа какви се не обиди имало за поништување на Македонската нација и тенденција за државност.

Затоа што СДС-то очигледно не научија и останаа во состојба на глупирање, последиците врз сите нас како граѓани, но најповече врз Македонската нација и државноста ќе бидат големи. Незнам што очекуваа од Каракачанов, од Борисов и од Ципрас и Мицотакис? Дали можеби очекуваа да ја сменат политичката национална стратегија и тенденција кон Македонија и Македонското прашање после повеќе од еден век на нивно суштествување? Тоа значи дека овие од СДС-то се тотални политички слепци кои не носат во провалија. Колку и да се потсмеваме на Бугарите и на Грците со нашите изградени стереотипи од некои времиња, тие и тогаш и пред тоа и сега држави со традиција. Како ја добиле и обновиле нивната државност тоа и не е толку важно, важно е дека во еден историски период се обновиле како држави, воспоставиле свои национални стратегија во чии рамки е и односот кон Македонија и со мали измени на политичко-прагматичното делување во зависност од геополитичкиот миг тие во континуитет делуваат. Како што сето ова глупиранитите од СДС-то не можат да го разберат, затоа што очигледно се неграмотни, така и се обидуваат со своето глупирање сите нас да не направат слепи при очи и глуви при уши. Па така, изјавата на Каракачанов на Ковачев и други официјални лица на Бугарската влада да се обидат да ги минимизираат, а отворената најава од страна на Грција дека нема да го ратификуваат договорот од Преспа да го прикријат дека ете можно е да се ратификува со минимално мнозинство во Грчкиот парламент. Згора на тоа, нели во НАТО требаше да влеземе најдоцна летото 2019, а Пламер излезе со проценка дека тоа ќе се случи на пролет 2020. Што ли ќе се случува следниве 15-16 месеци со оглед на потресите во Европа и тензиите на релација Косово-Србија само Господ знае. Ние ќе си бидеме во вакуум простор со неспособната влада на СДС-то, во економска дупка, со разрушен безбедносен систем и тие ќе продолжат да се глупираат објаснувајќи ни дека „Тази дупка не е дупка".

Ами нели „живот за сите"?

Заради подобро разбирање на некои денешни состојби на кои упорно предупредувам во моите колумни веќе три години наназад, покрај стратегијата на Љубомир Иванов и другите, на сите вас ви препорачувам да ја прочитате книгата „Источно прашање“ од Фјодор Успенски. Впрочем се работи за книга издадена кон крајот на 19-от век, но која изобилува со архивска градба и факти од дипломатската активност и конкретните записи, анализи и хронологија на дејствувањата на Ватикан, Франција, Полска, Русија и Турција во периодот од половината на 15-от век (падот на Византија) па се до крајот на 19-от век, односно Руско-Турската војна. Во неа особено внимание ќе ви привлече описот на карактерот и „патриотскиот“ или „трговскиот-сребреољубивиот“ дух на Грците, Бугарите, Македонците, Власите, Србите и сите оние кои живеат и денес на Балканот и кои се инструмент во решавањето на таканареченото Источно прашање.

На денот на Св.апостол Андреј, првоповикан
и првиот претстојател на Константинополскиот епископски престол
(30.11/13.12.2018)

**Уставните измени, историски парадокс и катастрофа за (само)укинување на Македонската нација и држава**

*(една кратка анализа на Уставните измени и нивните последици)*

Кога се започна со насилната процедура за кршење на волјата на Македонските граѓани изразена на референдумот на 30-ти Септември 2018 година и спроведувањето на Уставните измени во Собранието на Република Македонија, поддржана од „новото парламентарно мнозинство“ (СДС, ДУИ, БЕСА, Алијанса за Албанците и одметнатите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ), некако наивно верував дека барем ќе имаме шанса во јавната расправа за понудените решенија да можеме како академска јавност да го искажеме својот став. Секако тој став да биде заснован врз научни и историски факти, како и врз реална проценка на последиците од ваквиот анти Македонски чин. Очигледно е дека длабоко се излажав и во минимум демократскиот капацитет на СДС-то и дека тие не се само ѓон СДС и на дното, туку дека се самото дно и под тоа. Затоа пак, самите тие организирајќи ги „нивните“ и само нивни нарачани јавни расправи за Уставните измени покажаа дека се до безумство недемократски умови, дека се срам за Македонија, за Македонскиот народ, за сите граѓани на оваа наша напатена Македонија. За жал покажаа и кој се од нивната академска јавност е дно на етика, професорска чест и неморал кон сопствениот народ и студентите кои ги образуваат. Велам образуваат, не ги воспитуваат, бидејќи овие лица под маска се лица за сите времиња и за сите власти. Така, Ве молам да ги запаметите Владо Поповски (министер на два ресори во влади на Република Македонија и директор на Агенцијата за разузнавање и универзитетски професор), Нано Ружин (амбасадор на Република Македонија во Брисел и тоа во мандатот на две влади), Маргарита Николовска Цаца (наш претставник во судот за човекови права во Стразбур), Љубомир Фрчковски (министер на два ресори во влади на Република Македонија и универзитетски професор), Светомир Шкариќ (универзитетски професор) и Темелко Ристовски (пензиониран полковник и универзитетски професор). Запаметете ги овие лица под маска, бидејќи со нивната не етичност и двоен морал кон Македонија, кон нејзините граѓани, нацијата и државноста во последниве триесетина години живееле од ресурсите на истата таа Македонија која денес (а веројатно и во изминатите години од своите високи општетствени и државни позиции) ја уриваат на најбезобразен начин и без било какви скрупули. Секако за оваа свое дејание тие дури и си го зедоа бедниот хонорар од по 20.000 денари награда за нивното „експертско“ мислење дека е добро Македонската држава и Македонската нација да престанат да постојат. Толку од силните титули, функции, звања. Немаа храброст да побараат од ѓон Црпко предавнички, од предавничката влада на ѓон СДС и од присутните на таканаречените јавни расправи да бидат присутни и нивните колеги универзитетски професори и експерти кои имаат сосема спротивно мислење од нивното за уставните измени и редефинирањето на Македонската држава. Тврдам дека никој од нас немаше да бара надомест за тоа што со факти и анализи на последиците ќе го тврдевме и ќе го докажевме спротивното од тоа што тие го тврдат. Кога се работи за опстанокот на татковината и нацијата за плата не се прашува ниту пак се бара.

Ете така завршија јавните расправи на кои владата на ѓон СДС предавничка не беше подготвена за реално соочување со јавноста и нејзиниот став за нивните уставни измени. Тоа е последица на стравот од соочување со јавно искажаниот збор поткрепен со факти од страна на академската јавност, експертите од повеќе области врз кои овие уставни измени ќе имаат долгорочни последици, медумите, граѓаните и нивното разбирање на оваа што ни се случува. Затоа и беа организирани јавни расправи во само пет дена во избран и платен круг на академска јавност и експерти и добро скриени од јавноста за која и требаше да биде наменета јавната расправа. Сега да се запрашате мои Македонци, кој тоа е платеник на власта? Кој ја продаде Македонија, Македонската нација и државност за 20.000 денари. Ете ја цената на непроценливото, цената на татковината, цената на животите и страдањата на плеада револуционери, страдањата на нашите предци и борбата за независна држава и Македонска нација. Оваа цена ја определи владата на ѓон СДС предавничка, а ја прифатија лицата под маска кои глумат академска јавност и експерти. Овие лица образуваа идни генерации, но не ги воспитуваа. Прашање е како ги образуваа и каков девијантен код им внесоа на истите. За нивните лукративни мотиви поради кои го направија оваа „интелектуално“ зло дело против сопствениот народ и држава ќе носат одговорност, доколку таа не е конкретна тогаш ќе биде најдлабоко понижувачка како за нив, така и за нивното потомство.

Но, да се вратам на суштината на овој есеј. Подготвувајќи се за јавна расправа и дебата за тоа што значат измените на Уставот така како што се предложени, но во исто време очекувајќи вакви манипулации, дојдов до исклучително значајни податоци за суштината на поедини терминолошки и историско-правни основи содржани во досегашниот Устав на Република Македонија, а кои сега се спорат, односно се менуваат.

Во неможност овие факти да ги изложам во јавноста на јавна расправа или преку електронските медиуми кои за жал не се потрудија да организираат ниту една дебата поврзана со уставните измени и последиците од истите, моите ставови ќе ги изложам на јавноста преку овој есеј.

Тоа ќе биде мојот влог за историската вистина и правдата која еден ден мора да дојде, а која во овој миг се убива и покрива како непожелен макар и немушт сведок на актуелните собитија.

Да почнеме по ред,

*Прв амандман кој е предложен е Амандманот 33.*

Коментарот за овој амандман 33 е дека секаде се заменува името Република Македонија со Република Северна Македонија, а тоа значи дека одредницата за политичкото уредување на Македонија ќе остане иста (републиканско), но во основа поимот Македонија се менува и амандманот врши потполно менување на името на државата. Државата Република Македонија, особено суштинскиот нејзин именител “МАКЕДОНИЈА” оди во историја. Предзнакот на уредувањето не е важен, бидејќи сега ќе сууштествува

според највисокиот конститутивен акт некоја нова Држава “Северна Македонија” и ќе биде носител на нова нација (доколку се оди по принципот држава – нација, бидејќи принципот нација – држава по автоматизам ни се одзема), но како нова нација тоа подразбира градење на нов идентитет и историја, започнувајќи од 2019 година кога ќе се усвојат измените на Уставот и кога би требало да стапи на сила. Онаа флоскула дека измените ќе стапат на сила откако Грција ќе го ратификува договорот од Преспа е само уште една голема лага за народот, бидејќи кај нас целата процедура ќе биде помината и за тоа ќе бидат известени сите меѓународно-правни субјекти (национални држави и сојузи). Дали потоа договорот од Преспа ќе помине во Парламентот на Грција е неважно, важно е дека ние сме прифатиле дека сме се согласиле да се редефинираме или самоукинеме. Се друго потоа не е важно, историскиот белег на аморфна маса која незнае ни кој е ни што е, врз нас, нашите предци и идните генерации ќе остане запечатен.

*Како резултат на тоа се поставуваат прашањата :*

1. Кои бевме досега ?
2. Од кого (кој ентитет) се создава тоа нова нација ?
3. Не дали, туку во кој обем соседите ќе ни одземат од нашата историја ?
4. Кој ќе бидат последиците во иднина ?
5. Какви ќе бидат понатамошните барања на соседите?

*Втор амандман кој е предложен е Амандманот 34.*

Бришењето на одлуките на АСНОМ е директно влијание врз бришењето на историјата и државно - правниот континуитет на Македонската држава и историскиот доказ за државотворноста на Македонскиот народ. На 2. Август 1944 година е конституирана првата слободна држава на Македонскиот народ како национална држава на Македонците и на Првото заседание на АСНОМ се донесени историски државотворни решенија од темелно значение и со трајна вредност за Република Македонија.

Внесувањето на “Прогласот од првото заседание на АСНОМ до Македонскиот народ” на местото на “Одлуките на АСНОМ” претставува историско воопштување на Македонската национална држава, бидејќи прогласот е всушност манифест до народот заради негово запознавање со важни историски настани, а не законска, правна и уставна потврда на државно – правниот континуитет и историски печат на Македонската држава. Во прогласот не се споменуваат клучните правни акти кои ја втемелуваат Македонската држава и Македонската нација со нејзините постулати како документи кои трајно не обврзуваат , а тоа се :

1. АСНОМ како највисоко законодавно тело и представничко тело на државната власт на ДЕМОКРАТСКА (РЕПУБЛИКА) МАКЕДОНИЈА, односно негов наследник е Собранието на Република Македонија;
2. Македонскиот јазик како единствен службен јазик во Македонската држава и на целата нејзина територија (вовед во укинување на македонскиот јазик и македонската држава);

3. Благодарност на Народно-ослободителната Војска (Откажување од антифашистичката борба и идеологијата на антифашизам како историска придобивка на Македонскиот народ, која става историски печат дека ние како Македонци во Втората Световна војна бевме на вистинската антифашистичката страна);
4. Прогласување на Илинден за народен-државен празник на Македонската држава (дали ова е овед во укинување на Илинден и неговото празнување како темел на Македонската држава, државност и симбол на националната борба на Македонскиот народ за самобитност или можност врз основа на Добрососедскиот договор Илинден да стане и Бугарски празник, а што ќе предизвика други проблеми за Македонија и Македонците).

Преку одбегнување на одлуките на АСНОМ  и уставните измени всушност и суштински се бришат тенденциите за "обединување на целиот Македонски народ", затоа што се создава нова нација (Северно Македонска), а воедно се негираат "Правата на полна слобода и рамноправноста на сите народности во Македонија" и затоа:

1. Токму внесувањето на Охридскиот договор во преамбулата ја внесува Македонија или Северна Македонија во насока на недефинирана државотворност и „бинационалност"
2. Зошто се брише делот „одлучиле да ја констатуираат Република Македонија" Ова е лексичко, семантичко,  правно и историско прашање кое асоцира дека Македонскиот народ и сите малцинства кои живеат како рамноправни граѓани во Републиката, не одлучиле да ја констатуираат Република Македонија , туку тоа го решил некој друг или го направиле тоа по налог на некој друг? Така и се создава нова нација и држава без историски континуитет, составена од аморфна маса без колективна меморија, историја, култура, религија, јазик.

*Трет амандман кој е предложен е Амандманот 35.*

Сосема непотребен амандман и истиот служи за замајување на јавноста. Имено, во член 34 амандман I, т.1 во Уставот на Република Македонија, јасно е посочено дека Република Македонија нема територијални претензии кон соседните држави. Прашање е дали тие во своите устави имаат такви гаранции кон Република Македонија? Ова е секако во насока на градење взаемна доверба и реципроцитетно. Но, очигледно е дека Грција има други стравови и нечиста совест кон историските збиднувања во односот кон Македонскиот народ, а тоа имплицира дека таков нечесен став и прагматично делување ќе има и во иднина. Впрочем, зошто тогаш е важно упорното гарантирање на немањето територијални претензии од наша страна кога се знае нашата не-моќ да било што направиме за да одземеме туѓа територија, а во исто време Грција нема таква одредба во нејзиниот устав.

*Четврт амандман кој е предложен е Амандманот 36.*

Овај амандман во целост го заменува член 49 од Уставот на Република Македонија. Притоа, досегашниот член 49 и амандманот II, се доволно јасни, но со овие измени и амандманот 36, Републиката се откажува од грижата за положбата и правата на припадниците на Македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија кои некогаш се иселиле од Македонија-како што е регулирано во член 49 став 1.

Со новите одредби се вметнуваат флоскули и глупави одредби како :

1.Републиката го штити, гарантира и негува историското и културното наследство на Македонскиот народ. (ова е глупост да се става во член 49 кој се однесува на заштитата на Македонскиот народ кој живее во Република Македонија, бидејќи и самиот Устав мора да го штити Македонскиот народ во неговата сопствена држава, гарантира и негува културното и историско наследство на Македонскиот народ во Република Македонија како што согласно член 48 тоа им го гарантира на сите заедници. Или, можеби некој сака да ни каже дека наскоро и во сопствената држава ќе бидеме малцинство, раритет на фолклорна група?). Со ова од уставот се прави каша полна со небулози.

2.Во точка 2 од амандманот 36, се вели дека Републиката ги штити правата и интересите на своите државјани кои живеат или престојуваат во странство. Зошто е ова потребно кога според меѓународното право државата мора да се грижи за своите државјани во странство. (уште една небулоза и нелогичност). На овој начин се сака да се постигне друга цел, а тоа е дека не се заштитува Македонскиот народ и неговиот идентитет, како што впрочем и во точката 3 од истиот амандаман се импутира, а што е на удар на измени во кои „Републиката треба да се грижи за својата **дијаспора**". Ова ни се пласира како европска вредност, а всушност отворено целта е да се избрише Македонската нација, Македонецот и Македонизмот како национална идеја (токму оваа идеја им пречи на нашите соседи, па дури и на Европа и нејзината совест).

3.Во точката 3 најмногу е видлива измамата која ни се пласира.

"Републиката се грижи за припадниците на Македонскиот народ (најнов предлог е наместо Македонскиот народ да биде **„дијаспората"**) кои живеат во странство":

*Прво* : За што се грижи, за подобро да живеат, за здравствената состојба, за имотот, за што? Или, Републиката треба да се грижи за правата на Македонците кои живеат надвор.

*Второ*: За кои Македонски народ или по се изгледа за која дијаспора ќе се грижи? За оние кои со генерации се државјани на соседните земји, а по род се Македонци? Или за оние кои сакаат да се наречат Македонци, а нивните домицилни држави тоа не им го дозволуваат? Или пак за никого, бидејќи според измените во амандманите 33 и 34, ќе немаме Македонска нација – Македонски народ туку Северно Македонски. (да се потсетиме дека во амандман 33 зборовите Република Македонија и зборот "Македонија" се заменуваат со зборовите, Северна Македонија).

4.Со оглед на овие измени и уставното откажување од Македонскиот народ во соседните земји и сведување на некаква си грижа за државјаните (дијаспората) кои живеат во странство јасно е зошто е "дозволена" употребата на "државјанство Македонско/граѓани на Северна Македонија"- согласно Преспанскиот договор. Како уште еден доказ на Византиската итроштина за која нашите „дудуци" и шупливите експерти беа подготвувани од надвор, односно беа компромитирани за да ја завршат валканата работи против сопствениот народ и држава. Со ова вие лица под маска и предавници:

- ✓ Се откажувате од Македонците и од Македонската националност во соседните држави.
- ✓ Ќе им дадете ли државјанство на сите оние кои се чувствуваат Македонци за да може барем некако да се грижите за нивните права?.
- ✓ Во образложенијата на амандманите не дадовте суштински означена потреба за менување на Уставот.
- ✓ Не кажавте дека со таквата измена се придонесува кон унапредување пред се на човековите права и слободи и развој на Република Македонија затоа што не можеше до толку безочно да лажете, бидејќи човековите права и слободи како и демократските процеси и напредокот на татковината воопшто не ве интересира.
- ✓ Секаде велите: "имплементација на Договорот со Грција заради пристапување на Република Македонија во ЕУ и НАТО". (зарем на овој начин не кажувате и тоа отворено дека правите нешто под странски диктат и за интересите на туѓа држава).
- ✓ Патем, добро знаете како експерти нели, дека во договорот со Грција ние не сме именувани како Република Македонија туку како "втората страна". (а која е таа втора страна и што е таа втора страна и колку ли обврски преземаа потписниците од таа втора страна во име на Македонскиот народ?).
- ✓ Конечно - Дали сте сигурни дека Грција ќе го ратификува договорот од Преспа , а ние односно вие веќе се разголивте пред меѓународната јавност и во меѓународните организации како непостојани, анационални и недоветни или како што еден наш поранешен дипломат јавно ве нарече „шарлатани".

Но, не само што вие се разголивте и ја покажавте вашата срамота како ѓон влада поддржана од лицата под маски наречени академска јавност и експерти, туку проблемот е што целата нација ја посрамотивте. Испадна дека не знаеме кои сме и што сме и тоа во 21-от век -СРАМОТА.

Од овој срам кој ни го нанесовте ќе треба со генерации да се миеме пред меѓународната јавност, а особено пред белосветските дипломати од кариера, кои секако многу добро знаат и кои сме и што сме, но кои како добро образувани кадри на нивните држави дисциплинирано работат за спроведување на политиките и интересите на нивните држави и народи. Тие ја имаат научено лекцијата дека интересот на нивната држава и нација и со тоа нивниот опстанок на меѓународната сцена како меѓународно-правен субјект е вечна максима и не постои цена за која би ја продале сопствената национална идеја и државност.

Всушност без нацијата и државноста ништо не значат државните функции во некаква си квази државна творба која кај соседите пред се ќе се разбере како привремена и преодна творба кон конечното решение на „Македонското прашање“. Последното прашање во рамките на големото „источно прашање“ кое остана нерешено и отворено од падот на Византија, а за чие наследство наречено решавање со векови се борат големите сили, но и сите на Балканот се со цел тие да бидат главниот пион или можеби лауфер во геополитичката шаховска игра на Балканот.

За жал, нашите платени експерти (за своето предавство од народни пари секако, како уште еден парадокс) и ѓон владата предавничка на чело со ѓон СДС предавнички и оние лица под маска кои глумат државни функционери и донесувачи на одлуки, не успејаа Македонија да ја направат барем важен пион во Балканскиот геополитички јазол, а кој ќе тежи на своето место. Вака станавме вејка на ветерот и од вистинските последици кои во политичко-безбедносен аспект допрва ќе ги почувствуваме како на внатрешен така на меѓународен план, не делат неколку месеци. Економските последици од владеењето на овие „шарлатани“ ќе ни се чини како нешто мало и незначајно во споредба со сето она што допрва како Македонски народ ќе го доживееме, соочени со сопствената вина на индолетност, апатија и неодговорност кон сопствената нација и држава.

На денот на Преподобен Нектариј Битолски (05/18.12.2018)

**Нобеловец**

Македонија е земја на чудата. Ова ми се потврдува многу често во последно време. Чудни типови се појавуваат како разузнавачко-контраразузнавачки величини и судски сведоци, а немаат никакво стручно познавање од безбедноста, се прават реформи во безбедносниот сектор а не знаеме која е таа фамозна експертска група која определува (советува) каков модел на реформи во безбедносните служби да се примени. Излегува ген-секот на ѓон СДС-то предавничко и ни соопштува дека 2018-та била успешна година, а ние јадните само пораз по пораз нанижавме годинава и тоа пред се како нација. Ни објаснуваат дека економијата цвета и дека има зголемен број на странски инвестиции, а никако да прогледаме во перспективата од толку цвеќиња или можеби смрдеата од цвеќињата не обзема па ни лути околу очите и не тера на плачење, па ни маглат штом не можеме да ги видиме успесите на ѓон СДС предавничка. Згора на се, предвидуваат дека идната година ќе сме доживееле економски „бум“, а на граѓаните на Македонија им се тресе душата како ќе преживеат идната година со урнисана држава и економија.

Нема ништо од шарените лаги и ветувања дека ќе има „живот за сите“, веројатно се работеше за лапсус лингва, тие мислеа „живот за сите нив“ од раководството на ѓон СДС предавничка.

Така, ќе се нагледаме ние уште глупости со кои ќе не замајува ѓон СДС предавничка, а се со цел да некако си ги протнат нивните лукративни и лични интереси, односно комотно да си владеат трошејќи ги удобностите на власта без ни најмала грижа за државата за граѓаните, затоа што тие се предодредени да владеат нели?

Сепак, најголемото чудо е идејата за номинација за доделување на Нобелова награда за мир на ѓон Црпко предавнички (оној узурпаторот што се претставува како претседател на владата на Република Македонија), лицето со иницијали ЗЗ кое одработи и е во завршна фаза на одработување редефинирање на државата за чии премиер се претставува. Очекувам ова чудо да стане и вистинско, бидејќи во наша Македонија се е возможно, па така според познатата народна песна „Излези Ѓурѓо мори чудо да видиш“, нема да се изненадам доколку се изнагледаме чуда, а веќе го видовме „зајакот со чалма“, нема да бидеме далеку и доколку лисицата со венец ја видиме или можеби, венецот ќе му го дадат на зајакот? Но, како и да е Ѓурѓа (народот наш напатен), веќе се излага и да се надеваме дека на претстојните претседателски избори нема повторно да се излага. Затоа што, само будалиот двапати од исти камен се сопнува.

Оваа промоција на ѓон Црпко предавнички е јасна. На овој лик под маска му тргна работата „сите да го сакаат“ (по онаа српската – Сви ме воле, тако ме и зову) и како што Бог (Бог да чува) го црпна од нивата за да ја „спаси“ Македонија, така сега како докажан миротворец го црпнуваат-номинираат за Нобелова награда за мир. Сето ова со оваа несреќна номинација ми наликува на еден огромен мајтап со Нобеловата фондација. Мајтап во интерес на

политиката и „промоцијата“ на лице под маска за нешто што ниту е ниту ќе биде. Едноставно овој лик со ѓон образ нема основ да биде номиниран, секако во нормални услови и процедура, но како што ние сме чудесна земја, така и ова чудо може да се случи, пу пу пу скраја да е.

Но, целата оваа операција за нобеловецот не е ни најмалку случајна и колку и да изгледа и навистина здраво разумски гледајќи ја претставува мајтап, воопшто не е наивна. Таа треба да послужи за неколку работи и тоа:

1.Да го исчисти ѓон Црпко предавнички од епохалното предавничко недело кон сопствената нација и држава Македонија. А, како подобро да се „измие“ од предавството ако не преку претставувањето на предавството како доблест, бидејќи миротворството е доблест (примерот со Мендела кој целиот живот пострада и страдаше за својот народ и остана доблесен и како претседател, или пак со Ганди и неговиот пацифизам). Така, ова е проѕирен обид ѓон Црпко да биде исплакнат од предавството на сопствената нација преку негово преобликување од предавник, аболициран криминалец во миротворец.

2.Да се сврти вниманието на македонските граѓани кон нешто што во овој историски и економски миг воопшто не е важно за граѓаните. Имено, по номинацијата во јавноста ќе се занимаваме со ѓон Црпко предавнички и неговите „миротворни успеси“ како наводно национално достигнување, а не со националниот пораз кој ни го нанесе и економската беда со која се соочуваме сите ние секојдневно.

3.Да му се отвори или олесни патот на ѓон Црпко предавнички кон неговата очекувана кандидатура за претседател на Република Македонија (со него Северна Македонија). Секако дека во сите порази и црнила кои ни ги направи, но особено во неговата нималку чиста лична и политичка биографија, самата номинација за Нобелова награда му дава материјал за водење на предизборната кампања. Всушност тоа е нивната анализа (SWOT) во која ќе ја потенцираат „силната“ страна на ѓон Црпко предавнички како меѓународно признат и заслужен политичар и тоа би придонело за подобрување на меѓународната позиција на Македонија. Ова се приказни за мали деца и немојте потоа да наседнувате на веќе започнатата кампања на про СДС медиумите кои пишуваат дека Христијан Мицкоски го „турка“ лицето ЗЗ да се кандидира за претседател. Прилично сум сигурен дека на Мицкоски му е сеедно кој од ѓон СДС-то предавничко ќе се кандидира за претседател, пред се затоа што му е јасно дека целата кампања ќе ја бутка ѓон Црпко предавнички со неговите удбашко-криминални инсталации на Спаосвски и со валканите пари. Затоа тврдам дека лицето под маска ЗЗ го „турка“ некој друг, а со лична согласност на именуваното лице под маска и тоа како „награда“ за сработеното. За Мицкоски и ВМРО-ДПМНЕ во секој случај победата над ѓон СДС предавничка на претседателските избори ќе биде победа врз политиките на ѓон Црпко предавнички и ѓон СДС предавничка, а тоа ќе отвори пат за можни предвремени парламентарни избори.

4.Да се остави отстапница секако позитивна и за Ципрас како соучесник во овој процес против Македонија и Македонскиот народ, а како резервна варијанта

дека тој лично се сторил, но ете во грчкото собрание не минала ратификација или како план Б, дека ќе ги изгуби изборите, но извојувал лична победа и сатисфакција на меѓународен план. Оваа сатисфакција ќе му овозможи да се одржи во политички живот за евентуално повторно враќање на сцена во Грција, а тоа значи дека некој има план за негова повеќекратна употреба, за разлика од другиот спотер кој е за еднократна употреба.

Така дојдовме до крајот на оваа елаборација на целите и интересите за прогласување на нобеловец во ликот под маска и (не)делото на ѓон Црпко предавнички. На крајот, останува да кажеме уште дека евентуалното прифаќање на неговата номинација и не дај Боже доделување на Нобелова награда за мир ќе биде срам за сите оние кои некогаш добиле Нобелова награда од било која научна дисциплина, а најповеќе за самиот Алфред Нобел. Како би изгледало тоа кога ѓон Црпко предавнички би требало да се нареди до Динан (првиот добитник на Нобеловата награда за мир-основачот на Црвениот крст), Вилсон, Келог, Хамаршелд, Мајка Тереза, Мендела и други, а со што тоа би се пофалил? Со беспрекорен неколку деценски труд на создавање на корумпирана семејна империја, со евро бизнисот, со аболицијата за сторените криминали, со соработката со странски служби и неговиот Верушевски, со „шарените“ револуционери кои ги изработи за еднократна употреба, со неговото Кате и СЈО, со Кацарска судството со чии реформи раководи, со прислушувањето на ОЈО и судовите, со нарушената лична и јавна безбедност на граѓаните и неговиот Спасовски кој се прави дека паднал од Марс, со семејните марихуана бизниси, со Вицето, со тендер приказните и бомбона бизнисите, со уривањето на македонската економија и осиромашувањето на сопствените граѓани или со најголемото (не) дело – предавството на сопствената држава и нација.

Ова се делата на ѓон Црпко предавнички и нема да побегне од нив. Промовиран или не, добил или не добил Нобелова награда, лицето под маска ѓон Црпко предавнички (алијас ЗЗ) еден убав ден кога во наша Македонија ќе завладее правото и правната држава, а тоа наскоро ќе се случи, ќе си одговара за велепредавство по сите основи, како и за сите криминали и ќе си лежи. Шведската Кралска Академија на науки која е носител на фондот на Алфред Нобел и доделувач на Нобеловата награда има многу елементи за размислување и одлучување по евентуалната номинација на лицето под маска, а поврзано со нејзиниот углед. Претпоставувам дека Шведската Кралска Академија на науките е спротивност на нашата (сеуште ли е наша?) МАНУ. А за МАНУ и нејзините чуда и глупирања во друга прилика.

На чудата во Македонија никогаш крај, но веројатно на крајот ѓон СДС предавничка и несудениот Нобеловец ќе останат зачудени.

Честит Божиќ на сите наши сограѓани од Римо-Католичка вероисповед

На денот на Преподобен Даниил Столпник (11/24.12.2018)

**Оркестар за погреби**

Да бидам искрен ова име го наметнаа мангупите од нашето маало, вистинското име беше „Оркестар за свадби, крштевки, родендени, матурски забави, конечни договори ...“, но за широка употреба оркестарот го користеше скратеното име „Дојде живот“.

Оформувањето на оркестарот се движеше тешко, немаше доволен број на свирачи, сепак Диригентот тврдеше дека подоцна ќе обезбеди. Со судни маки, и по некоја скршена глава, го освоија единствениот акустичен простор, во нашето маало, за вежбање. Впрочем, во ова многу му помогнаа од другите маала, па дури и од маалото од зад барата. Тоа беа разни продуценти, аранжери, режисери и други псевдо диригенти кои силно лобираа. Од нив доби на поклон блескави инструменти: Стенвеј клавир, Џипсон гитара, Премиер бубњеви, Страдивариус (како што ја нарекуваше диригентот) виолина, Селмер саксафон, драгачевска труба, Акрополи бузуки, чифтелија од Лазарет, кавали, шупелки во различни облици и димензии и др. Секако, доби и пропратни помагала како музичка вилушка од локалната кафеана „Раскољников“, метроном – висок од мајстор Буби (имаше два висока), а за штимер го зеде уличниот свирач, кој се фалеше дека некогаш свирел и во Ватикан.

Со првите звуци, што се слушаа од подрумот за вежбање, старците почнаа неволно да вртат со главата и тивко да мрморат, не знам што се случи подоцна, велат поради неодоливата привлечност на зелените хартии, но старците почнаа да го подржуваат Диригентот. Нашиот локален колпортер велеше дека проблемот, за лошите звуци, бил поради широкото образование на Диригентот, правел напори да создаде амалгам од Џез, полка, кантри, рок. Додуша и секојдневните изјави на Диригентот, како и музиката која ја компонираше, беа какафонични, денес изјавуваше дека свири рок, веќе утре дека всушност тоа било кантри со примеси на полка. Никако не можевме да го разбереме нашиот Диригент што всушност се обидува да создаде. Но, никој не ја знаеше длабоката тајна на Диригентот, создадена денови пред да го формира оркестарот.

Една зимска вечер додека, уморен од полските работи, се обидуваше да ги научи музичките графеми и занесено фантазирајќи за бродвејските блесоци, Карнеги хол, Скала, Ројал Алберт хол, Франкфуртската и Виенската опера, беше посетен од таинствена - маскирана личност. Персоната, кој се престави како Велзевул, му даде на Диригентот илјадници снимки, од разни музички жанрови, со барање да состави компилација во стиот на „Реквием“, за ова склучија договор со позамашна сума на пари. Велзевул на нашиот Диригент му звучешо многу отмено, некако странски, па реши ова име да го земе како свое уметничко име. И така, нашиот Велзевул, постојано зборуваше дека создава копозиција во духот на „Ода на радоста“, но во позадина го пишуваше својот „Реквием“, својот епитаф, подготвувајќи го оркестарот за свирка на погреб. Но, тешко му одеше, се обиде да направи одредени компилации, но звучеа какафонично, по сугестија на шареното друштво во неговиот оркестар, направи обид нашата локална музика да ја осоврмени, но испадна дека ја става во Прокрустова постела и таа, јадната, крвареше од сите страни. Нашиот

Диригент-хермафродит успеа да измеша се, крешендо со алегро, адаџо со форте, синкопа со стакато, експозиција со увертира, каденца...Започна кавга во публиката, се бараше одговор на основното прашање: Дали Диригентот е луд, или пак Ние кој го слушаме?

Продуцентите, аранжерите и режисерите од другите маала, на кои многу им се допаѓаше работата на Диригентот, се чудеа зошто во нашето маало не се прифаќа неговата музика. Велеа дека сме биле примитивци, музички неграмотни, кои не можеле да ја разберат авангардната – андерграунд декадентна музика, која била прифатена од мас-медиите во нивните маала. За да му помогнат на Диригентот, со цел да се создаде композиција која ќе се слуша во нашето, а и во другите маала, го советуваа да го зголеми оркестарот, предлагајќи му неколку џезери од катакомбите на ромското маало „Шутка", како и неколку дами, со сомнителни музички квалитети, за дувачки инструменти. Но, најголемото засилување, како корепетитор, беше најдобриот солист од предходниот оркестар, иако музички неопитен сите му признаваа дека е феноменален слухист. Некои негови драмолетки сеуште добро се држеа на топ листата, во нашето маало, на евергрин шлагери.

Нашиот Диригент, кој единствената песна која ја знаеше и постојано ја подпевнуваше беше „Баба Ката" од урбаните легенди „Црна точка", продолжи јавно со создавање на „Реквиемот". Сега веќе и „Децата од нашето маало" почнаа да ја насетуваат големата измама на Диригентот. Па така фијаското на кариерата на Диригентот Велзевул беше прашање на време. Концертот со „Реквиемот" заврши пред и да започне, мангупите од нашето маало во нивен, локален стил, ја засипаа салата за вежбање со најразлични производи од домашно производство, скапани френки и чушки, плесен, младешки идеали, стари алишта, стари спомени,изветвени идеали, изгубени мечти, чемер и јад, медали од разни војни,отропедски помагала, искористени кондоми, неупотребливи лубриканти... Оркестарот се разбега на сите страни,побегна по разни маала, некои дури и во маалото преку барата, подоцна дознавме дека тие од поодамна таму обитувале, па дури свиле и свои гнезда А, Диригентот..... за него АФЖ-то од моето маало зборуваше дека заминал на некои, сега дали невини или дефлорирани (дефлорација) не беше јасно, острови. Други пак вела дека го виделе на голем аветински брод „Титаник", на пат за Антарктикот. Но, нашиот уличен поштар, за кого пензионерите, заљубените и несрекните велеа дека е „најспориот поштар на светот", се колнеше дека го видел таму од каде и беше црпнат, на полињата за ран зеленчук на Идриз бег.

*На Рождество Христово 2019*

*Христос се роди!*

**Вештачка творба**

Како велат Кумановчани: „За каква глава – таков брич“. Така и ние Македонците си добивме брич каков што очигледно оваа генерација заслужува. Си заслуживме вештачка творба наречена Северна Македонија без никаква историска или национална подлога.

Не сум апатичен ниту разочаран. Напротив, за сето ова долго време пишувам, не само јас секако, ова го зборуваа мнозина и го зборувавме последниве три години, а интензивно пред изборите во 2016-та година.

Кратката ретроспектива и само набрзина фрлениот поглед на напишаното, изјавеното, снименото како официјални и неофицијални изјави забележани во периодот пред изборите 2016-та година, потврдува дека за се ова што денес се случува Македонскиот народ беше целосно информиран и тоа во детали. Затоа останува секој од нас самиот себеси да се запраша зошто не поверува и зошто сеуште не верува во тоа дека: ѓон Заев ја води Македонија кон дезинтеграција, ѓон Заев и ѓон СДС предавнички ја уништуваат Македонската нација како носечки столб на Македонската држава, ѓон СДС предавничка работи на целосно редефинирање на државното и уставно уредување на Македонија, ѓон СДС предавничка соработува со странски разузнавачки служби во насока на реализација на овие цели, а се поради крајно лукративни причини од личен аспект на раководството на ѓон СДС предавничка. За жал оваа и успеаа да го реализираат, барем во оваа фаза и се поради нашето „неверие“ или слаб капацитет за државност и колективно-национално расудување и препознавање.

Да не се лажеме, ова нема да заврши тука и сега со влез во НАТО. Зошто го тврдам ова:

1.НАТО е воено-политички сојуз кој еден ден ќе престане да постои, а државите членки од него ќе излезат такви какви што влегле. (сега секој од нас нека се запраша како ќе влеземе во НАТО, како Севрна Македонија и северџанска – нова нација без идентитет и историја).

2.Се поставува прашање, како ќе заврши драмолетката во Грција по напуштањето на Каменос на владата на Ципрас, односно дали Грците ќе применат модел на поткупување на пратениците или ќе глумат неможност да го ратификуваат Преспанскиот договор, а потоа ние ќе бидеме за потсмев што впрочем и веќе сме, благодарение на ѓон Заев и ѓон СДС предавнички.

3.Потешкото допрва доаѓа, односно сега започнува процесот на спроведување на Преспанскиот договор во пракса со сите негови обврски за „втората страна“, а тоа значи целосно демонтирање на Македонската нација и Македонската држава во детали во рок од 4-5 години, а ќе се покрива со наводно зачленување во ЕУ и низ процесот на предпристапните преговори со Европската комисија.

4.Како дополнување на овој процес кој се одвива пред наши очи ќе биде и редефинирањето на Македонската историја, а особено потполната промена на образовниот систем во Македонија со единствена цел на новите генерации

Македонци да им се избрише Македонското национално чувство и да се создаде аморфна маса на апатрити-космопилити.

5.Кратко и јасно, всушност целиот процес – операција е со цел укинување на Македонската нација и Република Македонија како национална држава на Македонскиот народ.

Во основа, целата оваа операција е насочена кон уништувањето на Македонизмот како национална и државна самосвест на една природно создадена и обликувана во политичка нација-Македонската нација.

Знаејќи го сето ова што го набројав и констатирав, потребно е веднаш да пристапиме кон создавање нова Македонска национална стратегија. Таа стратегија треба да биде втемелена на сите општествени структури на Македонците како национална платформа. Секој Македонец и во Македонија и надвор во дијаспората во рамките на оваа платформа треба да работи на клучните прашања за нацијата, а тоа: **Прво**, „Возобновување на Македонскиот национален дух и вербата во самите себеси“, **второто** клучно прашање определено преку одржувањето на Македонизмот дури и преку усмено предание на секој од нас кон своите деца и внуци, **третото** клучно прашање е поврзано токму со претходните две и се однесува на потполно или барем 80% реализирано национално обединување кое ќе донесе нов импулс за создавање на четвртата Македонска република. На овој начин, во нови меѓународни услови, во сосема различни социолошко-општествени и политички состојби внатре во Македонија ќе можеме да сториме крупен чекор кон укинувањето на една вештачка творба наречена „Северна Македонија“.

Остварувањето на оваа цел и возобновувањето и експанзијата на Македонската нација (духовно и биолошки), како и создавањето на нова Македонска држава воопшто нема да биде лесна работа, пред се затоа што на сопствениот пример можеме да видиме дека генерации со мака ја создадоа Република Македонија, а ние како генерација за 30-тина години дозволивме со конформизам и компромитираност на политичките елити да ја изгубиме.

Затоа, повикувам на храброст, посветеност и сплотеност на патот кон возобновување на Македонската државност што треба да започне веднаш и првиот чекор да биде уривање на оваа предавничка узурпаторска власт на ѓон СДС предавничка. Останатите постапки кои како граѓани, како самосвесен народ можеме да ги преземеме во пракса ги имаме во изобилие на располагање. Почнувајќи од граѓанска непослушност преку неприфаќање на новите документи издадени од узурпаторската и предавничка власт во име на вештачката творба па се до упорно и насекаде употребувањето на името Република Македонија како единствено прифатливо за секој од нас поединечно.

Нека Господ ни ја благослови и умножи работата и трудот на делото за Македонија што никогаш не престанува и е борба и труд на секоја генерација непрекинато.

На денот на Св.Василиј Велики (01/14.01.2019)

**Измами и одговорност**

Жално е, а во исто време и едноставно неверојатно колку многу измами во последниве три-четири години голтнаа граѓаните на Република Македонија. Кого се ѓон Црпко предавнички и ѓон СДС предавничка не излажаа. Ги излажаа буквално сите граѓани, секоја категорија граѓани во Македонија и тоа го сторија потполно без срам, а да биде уште поодвратна оваа состојба на лаги и измами, продолжуваат со истиот начин на однесување кон сите општествени категории и групи.

Покрај сета измама која секојдневно ја гледаме, сега гледаме и како се удира по секоја општествена група и тоа се удира и врз основната егзистенција на поедини групи граѓани. Откако ѓон СДС предавничка ги заврши „обврските" поврзани со предавството на Македонската нација и редефинирање на Македонската држава, а потоа и спроведувањето на другите платформи и сето тоа на јуриш, сесрдно се зафати да им бркне во џебот на граѓаните со нови давачки и дополнителен товар врз грбот на граѓаните.

Ѓон СДС предавничка, секогаш знаеле како да стрижат и молзат до крв и тоа да го молзат сопствениот народ за да си овозможат комотно владеење. Јас не сум експерт за економија и финансии, мојата област на интерес и општествена и научна се безбедноста и одбраната. Но, токму затоа, ќе кажам јасно и гласно дека сиромаштијата и лишеноста на граѓаните од ресурсите или создавање на економска немоќ претставува директен извор на загрозување на личната и јавната безбедност на граѓаните. Покрај ова, од силно наметнатиот јарем на „арач"' врз сопствените граѓани, не можам да видам дека е планирано да се издвојат повеќе средства за одбраната, а особено во делот на заштитата и спасувањето на населението и превенцијата од несреќи и катастрофи. Кога најголем дострел на Министерот за одбрана (онаа глупост да се нарекува „министерка" нема врска со родовата еднаквост и е спротивна на правописот во Македонскиот јазик) е примо-предавањето на гуми за моторните возила на АРМ. Невиден дострел на развојот на одбраната кога една редовна активност се прикажува како успех, а во исто време не гледаме ништо дури и од фамозниот Стратешки Одбранбен Преглед кој како оперативен документ упорно го претставуваа на Македонската јавност како стратешко достигнување. Каде и да погледнеме се сами ѕвездени дострели на оваа узурпаторско-предавничка влада.

Токму затоа, сега пристапуваат кон интензивно перење на мозокот дека само што не ни тргнало и дека сега им треба време да се посветат на економијата и развојот на Македонија. Како да развојот, оној економскиот доаѓа сам по себе, без идеи и конкретни проекти, едноставно доаѓа само со наметнување на поголеми давачки за сите граѓани. Да доаѓа развојот, но само за нивните лукративни интереси.

Сепак, мора да проговориме и за одговрноста. Одговорноста која ја носиме сите ние поединечно. Одговорност која ја имаме како словесни битија, како грамотни и разумни граѓани на Република Македонија. Одговорност која

ја имаме и кон минатите и кон идните генерации во секој аспект. Оваа одговорност подразбира не само чувство за одговорност за нашиот џеб, интерес или комоција. Тоа е одговорност и солидарност со секој наш сограѓанин, со секој оној од нас кој страда поради урнисаното здравство, поради нарушената лична и јавна безбедност, поради загадениот воздух, поради зголемените и воведените нови даноци, поради проблемите во образованието, поради лагите на ѓон Црпко предавнички, поради негрижата и арамилакот (тендер приказните) на сите слоеви на власта на ѓон СДС предавничка, поради нерешените прашања во локалната самоуправа, а кои се од секојдневно животно значење за секого од нас. Да се запрашаме каква одговорност имаме за тоа што ѓон СДС предавничка ниту на државно ниту на локално ниво „шајка не закова" за да направи некои напредок од интерес на граѓаните. Каква е нашата одговорност за тоа што не реагираме на недемократскиот прогон и тортура кои не само психички и економски-егзистенцијално, туку и физички-репресивно власта ги врши врз неистомислениците и оние кои јавно ја критикуваат. Па нели имаше режим? Нели тој режим сакаа да го менуваат? Или сега кога ги задоволија своите лукративни цели сите НВО хуманитарци и борци за човекови права не гледаат како во пракса се однесува режим кој е еднаков на хунта.

На крајот од се, истиот тој ѓон Црпко предавнички, кој се претставува како Премиер на Република Македонија чие име го смени и го погази уставот пред кој се колнеше, сега се обидува да во гнасотијата на предавството не вовлече сите нас, како колективна одговорност. Очигледно е дека од целата комунистичка приказна на која се повикува ја научил само лекцијата за колективна одговорност, но не и онаа за патриотизмот. Согласно наученото сега се обидува и нас да не извалка со предавство и да понесеме колективна одговорност.

Секако дека како нација сме одговорни за сето тоа што ни се случи, но на прво место е личната одговорност на секого од нас. Предупредував на ова што ни се случува, на последиците кои ќе бидат историски и долготрајни, а со кои ќе треба да се бориме со генерации за да ги исправиме. Веројатно, не бев доволно убедлив, јасен, разбирлив и не успеав да ја создадам реална претставата за катастрофата и последиците од предавството на ѓон Црпко предавнички, но тоа значи дека јас имам одговорност само во тој дел, но не и соучесништво во чинот на предавството. Секој оној кој не веруваше и гласаше за ѓон СДС предавничка, носи поголема одговорност затоа што при очи и уши се правеше слеп и глув. Сите оние кои агитираа за прифаќање на предавството носат вина и за оние кои успеале да ги убедат-наговорат. Пратениците, особено оние кои гласаа за промена на Уставот на Република Македонија носат историска и политичка одговорност, без разлика дали некој ги убедувал, уценувал, им се заканувал или не знам што им правел.

Време е да се погледнеме во огледало, да позборуваме со самите себе си и да се запрашаме: „Што ние сторивме за нашата татковина Македонија и каква е нашата одговорност за состојбата во која ја доведовме државата и нацијата"?

Искрениот одговор на оваа прашање, искрено одговорен пред самиот себеси би требало да не освести што направивме. Ова освестување е неопходно доколку сакаме уште веднаш да ја започнеме борбата (секако со разум и политички средства) за враќање на Македонската држава и нација од патот на пропаста. Ова освестување бара национално единство и макотрпна работа и себе жртва на полето на Македонското дело. Од тука, од себе да тргнеме кон обновување на нацијата и државноста.

Што се однесува до предавниците, до оние кои директно носат секаква одговорност за оваа состојба, со нив треба да се има сосема различен пристап. Тој пристап нема да ги освести, но треба засекогаш да ги обележи и екскомуницира од Македонското национално ткиво.

На денот на Св.Григориј Ниски (10/23.01.2019)

**Монолози**

Се што ветија излажаа. Едноставна сублимирана констатација за политиката на ѓон СДС предавничка, како онаа прагматичната, така и на онаа идеализираната кај граѓаните, а пласирана за изборни потреби.

Така, ѓон СДС предавничка на чело со велепредавникот ѓон Заев ветуваше демократија, слобода на медиумите, отворени политики, пракса на квалитет и професионалност, општество за сите или како беше онаа „живот за сите“ па се до „дебати“ или јавни дебати за сите прашања, па дури и отчетност на Владата како јавна дебата.

Доколку тргнеме по ред да ги објаснуваме сите лажни ветувања ќе ни требаат повеќе од еден авторски табак простор или можеби добри неколку часа време за набројување и препрочитувања, затоа ќе се задржиме само на фамозните дебати и јавни дебати по прашање на отчетноста на Владата на ѓон СДС предавничка. Зошто токму на дебатите и јавната отчетност на Владата? Затоа што последнава недела се исклучително промовирани „дебатните“ емисии на еден медиум во кои упорно гостуваат клучните функционери на ѓон СДС предавничка. И се би било во ред доколку токму тие емисии се навистина дебатни, односно доколку на истите, Русковска, Катето (специјално во слободен пад), ѓон Спасовски, ѓон Рада и другите ѓон СДС функционери имаа некој соговорник од опозицијата со кого ќе ги соочеа аргументите за тоа кој колку и што сработил за татковината, а богами и кој изврши велепредавство и со кои цели и мотиви и од кого поттикнат и поддржан (на што еден убав ден мора да се даде одговор). Вака, нарачаните монолози со инструирани „прашања и коментари“ на „дебатите“ само потврдуваат две клучни спознанија за прагматичната и јавната политика на ѓон СДС предавничка и тоа:

1.Јавните политики на ѓон СДС предавничка воопшто не се јавни, туку тоа се политики скроени во исклучиво тесен круг на партиски „експерти“ при што максимално се избегнуваат мислењата на академската јавност и особено на оние кои се директно засегнати од тие политики, а воедно јавноста е потполно исклучена. (примери за ова има и премногу, од реформите во безбедносниот сектор, па се до законот за служба во АРМ и други важни прашања за граѓаните)

2.Таканаречените дебати на ѓон СДС предавничка всушност се само монолози во отсуство на опозицијата и во кои дури не сме удостоени ниту со сериозна отчетност за работата на Владата, а покажува колку се стерилни политичките ставови и демократската тенденција на ѓон СДС предавничка.

Така за само скоро две години од владеењето на ѓон СДС предавничка имаме состојба на потполна медиумска затвореност или крајна селективност за опозицијата, монолози на власта за нивните ѕвездени дострели, нарачани телефонски прашања со цел глумење на демократија и отвореност кон граѓаните и секако повторно раскази со превртена слика колку се тие демократи и успешно ја водат државата. Само убави раскази, приказни за мали деца, слаткоречивост и полна уста со ЕУ и НАТО. Но, никаде неможеме да видиме конкретни резултати кои ќе овозможат „живот за сите“. Нема да набројувам и

да објаснувам каде сме со економијата, финансиската моќ на граѓаните, порастот на јавниот долг, задолженоста на државата. Ступидните популистички обиди за „реализација на ветеното“ најавени со помпа и пласирани како вест на денот дека се отстранува оградата од пред зградата на Владата имаат за цел само дневна дефокусација на граѓаните од конкретните проблеми. За тоа од каде се „внатрешните средства“ за овој вандализам и нагрдување на просторот ќе прашаме друг пат и во други услови (веројатно ѓон Црпко предавнички од џеб ги извадил-внатрешниот де). Исто така, нема прашања за тоа до каде е со расветлувањето со големиот број на убиства и тешки кривични дела или кој изврши оружен грабеж врз експозитурата на Халк банка во сред ден или можеби кој стрелаше со ракета (РПГ или Зоља) во ТЦ Мавровка, секако ова се дребни работи и министерот за по внатре не одговара на вакви ситници (од кога тоа личната и јавната безбедност на граѓаните е значајна работа-ќе си се снаоѓаме кој како знае и умее, нетреба да го замараме овој лик под маска со неважни работи), тој – ѓон Спасовски предавнички одговара само на нарачани прашања, тенденциозни со дневно политичка цел и во рамките на своите монолози. Во нивните монолози или нарачани прашања нема ниту збор за ваквите успеси или можеби страшните успеси на меѓународен план.

Кога сме на прашањето на меѓународниот план, за НАТО – ДА, НО е тоа е она **НО** што прави проблем и создава горчина кај секој Македонец (овие од власта не мислам дека се Македонци и дека имаат национална свест), горчината е токму во тоа што во НАТО влеговме понижени, обезличени, посрамотени и што е најважно, наместо со затворени проблеми со соседите ние влеговме во НАТО како Северна Македонија која отвори уште повеќе прашања за решавање со соседите, но и внатре. Сите тие прашања допрва ќе дојдат на дневен ред и тоа многу бргу во текот на пристапните преговори за ЕУ. Сметката од шармер дипломатијата и будалаштините на оваа власт на ѓон СДС предавничка допрва ќе ги плаќаме со генерации. Така е тоа кога народот наш Македонски нема да гледа подалеку и чисто на целата слика, туку само дневно-политички замаен со „демократијата и животот“ на ѓон СДС предавничка. Токму затоа и нивните монолози ќе се претставуваат како врвен медиумско демократски дострел, а се одвиваат по принципот „фали ме усто, оти ќе те расчепу“. Тие ќе си се фалат и ќе глумат дебати во своите монолози и до тој степен ќе забегаат што оној шармерот од министер за по надвор води дебата самиот со себе за тоа дали ќе биде кандидат за Претседател на Република Северна Македонија. Ова е показател на врвна лудост или пак отворен мајтап со сите нас, а и за едното и за другото како политичка анализа веќе имам пишувано, така што одлуката е сепак во наши раце, а не во нивните само дебати.

Бидејќи, ништо не остана ниту од дебатите на ѓон Црпко предавнички (алијас лицето 33) и се претворија во монолози кои понекогаш претставниците на власта ги водат дури и самите со себе, внатре во нивната психа и тоа јавно го кажуваат, ми се наметнува едно прашање кое сакам да го споделам со вас почитувани граѓани, но на кое не очекувам одговор. Имено тоа гласи: „Дали претседателскиот кандидат на ѓон СДС предавничка кои нели ќе си го изберат

демократски на свадбата на 3-ти Март (има некоја коинциденција со датумот на закажаната свадба, Ве молам проверете да не е некој мајтап во прашање или сватовите ќе бидат од странство) ќе биде малку доблесен за да сподели со јавноста каква тоа дебата во текот на кампањата ќе води самиот со себе“? Доколку остане на себе преслушување и тоа не го сподели со јавноста на една медиумски отворена монолог емисија, ептен ќе повлијае врз демократскиот рејтинг кој го достигна оваа власт на ѓон СДС предавничка.

Кога веќе се допревме до претседателските избори (од предвремени парламентарни нема ништо, затоа што знаат дека ќе ги изгубат), само ќе напоменам дека сум убеден во победата на ВМРО-ДПМНЕ, но имам да кажам уште неколку клучни аспекти на кои ќе се осврнам пред почетокот на кампањата, односно кога ќе бидат познати двајцата клучни кандидати за Претседател. Ова не е од аспект на приклонување за мудро заземање страна, туку затоа што за некои анализи и нивни јавни презентации едноставно е потребно да се случи во вистинско време за да бидат правилно разбрани.

На крајот повторно да Ве потсетам драги мои Македонци, граѓани на Македонија. Борбата за Македонија и Македонизмот е генерациска борба, а на нашата генерација е да создадеме услови за исправање на грешката која самите ја направивме.

На денот на Св.Григориј Богослов 25.01./07.02.2019

**Северни дебати во СДС-то**

Е па Ес Де Ес ОВЦИ драги, ви дојде на глава. Со свој камен по глава, како што вели народната. Ве стигнаа дебатите на вашиот ѓон Црпко предавнички и тоа многу побргу отколку што и самите си мислевте. Откако оваа политичка сподоба и креација заврши со дебатите за името на државата, а претходно десет години дебатираше низ општина Струмица правејќи ја свој семеен феудален чифлиг, а власта на ВМРО-ДПМНЕ и сите ние се потсмевавме со овој лик под маска и лицето Б.Ц. го аболираше во името на партиската ви правда за што сега верувам дека се кае, дојде време да дебатирате и во вашето ѓон СДС предавничко. Да, ќе „дебатирате“ за промена на вашето партиско име согласно предавничкиот „Преспански договор“. Незнам зошто да дебатирате, еве вашиот ѓон Црпко предавнички ќе ви надене име или прекар како што самиот себеси си го надена „Црпкоте“ од бремето кога Господ го црпна од нива.

Колешката Лидија Димова (во шарено не-време „возач комбија“), а и мнозина од вас од ѓон СДС-то предавничко јавно ми забележувавте дека сум ве навредувал кога наназад две години ве нарекувам накратко „СДС-то“. Не дека јас сум прозорлив, туку едноставно, познавајќи го карактерот на ѓон Црпко предавнички знаев што ве чека и внатре во партијата, знаев дека низ една „демократска дебата“ вие како познати демократи ќе дебатирате за името на вашата и само ваша партија. Нели оној Б.Ц. велеше дека и држава не ви треба ако ја немате партијата. Колку визионерски од него. Сега кога ја немаме Република Македонија, нема потреба ниту да си го имате СДСМ. Многу едноставно си го имате ѓон СДС предавничко и ви препорачувам во вашето внатрепартиско дебатирање да си го земете и носите името **ѓон СДС предавничка**. Ете тој белег дека придонесовте кон предавството на државата кое го изврши вашиот ѓон Црпко предавнички, а вие сесрдно му помогнавте во тоа, ќе мора да го носите целиот живот и да го оставите во наследство на вашите поколенија.

Знам дека ѓон Црпко предавнички и целата оваа власт на ѓон СДС предавничка ќе се обиде и името на ВМРО-ДПМНЕ да го смени или дури и законски да го наметне тоа со изговор дека треба да се придржуваме кон договорот со Грција, но јавно кажувам дека тој историски ревизионизам може да го прават со дебатирање во нивната предавничка опција, не во туѓ двор. Особено затоа што светите букви ВМРО и Македонската револуционерна организација не ја создаде ѓон Црпко предавнички туку Македонците во 19-от и 20-от век кои се бореа за независна Македонија и несакаа да направат никаков компромис во националното Македонско дело со Фанариотите како тоа што го направивте вие од ѓон СДС предавничка.

Тоа што се случува со Македонската нација и во психолошки поглед е навистина за проучување. Се поставува прашање: „Како е возможно цела една нација да молчи и замаено да гледа на своето уништување од страна на нејзините изроди“? Пред очи ни се случува историски ревизионизам, поништување на нација и држава, а ние си молчиме. Погледнете како Словенците и Хрватите реагираа на изјавите на Италијанскиот политичар дека

Истра и Далмација се Италијански земји, по што истиот се извинуваше и правдаше дека не мислел така и не го разбрале добро. Во нашиот случај, ѓон Црпко предавнички им се извинува на Бугарија и Грција кога ќе каже дека сме Македонци (тогаш де кога нели жицата ќе му засвири, онаа што не му се скинала). Во сета оваа Монтипајтовска состојба која би била одлична комедија да не е трагично вистинита, ние се однесуваме како да не сме од тука, како сето ова да му се случува на некој друг во друга нам далечна земја. Но, вистината е дека токму нам ни се случува и тоа на јаве во реалност, со план кој уште повеќе ќе ни покаже како згрешивме во 2016 година и му дозволивме на ѓон Црпко предавнички да собере 49 изроди предавнички, а потоа да формира влада. Сега со сето она што е содржано во акциониот план, за една година (а таа бргу поминува) ќе се соочиме и со променети документи и со променети пари и со називи и со двојазичност и со историски ревизионизам во образованието и конкретните културни и уметнички достигнувања на Македонскиот народ.

Овој процес има една единствена цел, а тоа е да се скрши идејата за државност на Македонскиот народ, да се уништи Македонизмот, да бидеме незнајни на својата земја прадедовска, да не асимилираат и делат и како народ и како територија. Сето ова си го приредивме самите давајќи му можност на ѓон Црпко предавнички и неговата анационална камарила да дојдат на власт и да управуваат со нашите животи кои на наши очи ќе станат уште потешки и ќе бидеме уште повеќе понижени.

Ова е само едно потсетување на сето она што според акциониот план на владата на ѓон СДС предавничка не чека во идниот период. Не чека промена на се што во себе го носи името МАКЕДОНИЈА со придавка северна. Се прашувам дали како граѓани ќе бојкотираме да земеме лични документи од северна Македонија или тоа ќе биде став на граѓанска непослушност. Не сакам да сум малициозен и дефетист, но не сум убеден дека масовна граѓанска непослушност ќе успее. Затоа тврдам дека е време и тоа последно време за силна борба. Конкретна и национална борба на Македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија кои не се согласуваат со историското предавство на ѓон СДС предавничка ревизионизам и преименување на се Македонско во северно и аморфно.

Таа борба, може да биде успешна единствено доколку ја урнеме оваа предавничка власт и тоа што побргу. Тоа уривање нема да биде одеднаш, туку макотрпно демонтирање на нивните предавнички инсталации дел по дел во следниве 2-3 години и колку побргу започнеме толку побргу ќе успееме да си ја вратиме Република Македонија.

Конкретната активност започнува со претстојните Претседателски избори и токму затоа што ѓон СДС предавничка знаат дека не можат да победат се одлучија да не дозволат предвремени парламентарни избори. Едноставно си оставаат простор за манипулации. Верувајте тие се исплашени и затоа со нивниот акционен план брзаат да го реализираат онаа што го ветија и договорија на штета на Македонија и Македонскиот народ. Најголем проблем за нив би било народот-граѓаните да им го прекинат мандатот и да не можат да

го реализираат ветеното, а потоа да одговараат за сторените кривични дела „велепредавство“. Во исто време, очајно бараат сламка за која би се фатиле за да покажат дека имаат некаков кредибилитет и поддршка. Помеѓу овие две можности за спас и историско тонење на ѓон СДС предавничка стои активизмот на Македонскиот народ и ВМРО-ДПМНЕ што мора да се обедини во широк Национален фронт против предавничката власт и да ја изрази потполно и масовно волјата на Македонскиот народ за своја држава и нација Македонска не северна.

На крајот, до сите занесени силни поддржувачи на СДС-то и членовите кои му веруваа на ѓон Црпко предавнички. Ви го честитам новото име партиско де, кое историски ќе ви биде забележано со придавката ПРЕДАВНИЦИ. Со наведната глава да си го носите во век и веков на резил и на вас и на вашите поколенија.

На денот на светите три Јерарси,
Св.Василиј Велики, Св.Григориј Богослов и Св.Јован Златоуст
(30.01/12.02.2019)

**Какафонија**

Чудо е ова животот што го донесоа ѓон Црпко предавнички и дружината му од ѓон СДС предавничка. Живот за сите или едно општество за сите како што велеа, ама не докажаа дека под тоа „сите“ се подразбираат само тие самите. Останатите сме осудени на преживување и поднесување на секаков облик на тортура. Овие од ѓон СДС предавничка се однесуваат како целото време на Македонскиот народ да им е доделено ним и само ним да го потрошат, а при тоа намерно создаваат какафонија (не на звукови, туку на информации или дезинформации) за да можат да ја заматат што повеќе за да не биде бистра. Оти во бистрината ќе им се види нивната валканост, подлост, мрзливост, злоба, завист, неинвентивност, арамилак, деспотизам, недемократичност, ограничен ум и што ли уште не од нивната паднатост. Затоа си велат: „Подобро да ја матиме и да го матиме умот на народот, отколку во бистрина и трезвен ум да видат што шкарт сме и да не разоткријат како ги измамивме само и само за да се добереме на власт“. Ете тоа е целата стратегија на ѓон СДС предавничка, сублимирана во една проста реченица: „Стратегија за измама на сопствениот народ“. Ова со „сопствениот народ“ е само метафорично кажано, тие и така одамна се одродени од Македонскиот народ така што и не им паѓа тешко да го мамат Македонскиот народ, да ја редефинираат државата и над се да тендерисуваат до бескрај, секако во матно, а во исто време ѓон Црпко предавнички да глуми наивност во јавните настапи.

Ете затоа и во последниот еклатантен случај на загрозување на животот и личната сигурност на Јанакиевски и Ристовски во затворот во Шутка, направија таква какафонија, за да не може да се препознае лагата од вистината, односно да се препознае нивната недемократска, узурпаторска, деспотска власт. Во целата дефокусација на јавноста, дури се обидуваат да ја протнат и легализацијата на употребата на Канабисот или познатата Марихуана. Секако, одлично време за протнување на ваков закон и легализација на „лесни дроги“ и отворање на нов „бизнис“, а да се потсетиме кој има најголеми плантажи за одгледување на Марихуаната за медицински цели и со тоа и добра предност за почеток на новиот бизнис.

Тргајќи ги сите нивни „теории“ за исценирани, провоцирани и незнам какви модели на одвлекување на вниманието на јавноста вклучително и занимавањето со колегата Мицкоски зошто бил во посета на Јанакиески во болницата, останува само една и единствена вистина (а вистината секогаш е само една, се друго се нејзини модификации), дека управата на затворот Шутка, Управата за извршување на санкции, Министерството за Правда, Министерството за внатрешни работи и Владата, сите заедно, неможат да гарантираат безбедност на лицата кои (праведно или неправедно) се наоѓаат во притвор или на издржување на затворска казна. Одамна ни е јасно дека личната и јавната безбедност во Македонија не се ни на десетто место по приоритет на оваа узурпаторска и диктаторска влада, бидејќи голем број на убиства и други тешки кривични дела не се откриени, ниту нешто се работи за да се откријат. Но, во исто време да се „забавува“ граѓанството со апсења за да се прикаже дека

нешто се работи, а всушност за да се сее страв помеѓу политичките не истомисленици е врв на изгубен контакт со реалноста, а не пак призрак од некаква си демократија па дури и по теркот на ѓон Црпко предавнички и ѓон СДС предавничка.

Наместо да следуваа оставки (дури и како одраз на морален чин) од директорот на затворот Шутка, од директорот на управата за извршување на санкции, од Министерот за Правда, од Министерот за внатрешни работи и на крајот и од Премиерот, ние два дена имаме какафонија на дезинформации, полуинформации и глупости, а се со цел да се дефокусираат граѓаните и да незнаат што точно се случува. Најмалку се поставува прашањето за состојбата на жртвите (Јанакиевски и Ристовски) како кон луѓе кои доживеале напад врз нивните животи, никаде не се зборува за преземање мерки за казнување на албанските терористи кои ги нападнаа и за тоа какви превентивни мерки ќе преземе управата за извршување на санкции за да не се случуваат вакви работи во иднина.

Се поставува и едно клучно прашање (впрочем неколку се), а тоа е:

„Како е возможно лица осудени за тероризам на долгогодишни казни затвор да се сместени во ист објект и да бидат воопшто во контакт со лица притвореници или други лица осудени на казни затвор за помали кривични дела“?

Другите прашања кои се наметнуваат се однесуваат на достапноста за контакти на социјалните мрежи на осудени лица, постојан контакт со нивните семејства, испраќање во јавноста на насилнички, шовинистички, расистички и други пораки од осудени лица за тероризам.

Потоа, како е возможно вработен во затворската полиција јавно на социјални мрежи да се заканува со сексуално насилство врз притвореници, а уште по „чудно е“ како сега МВР и ѓон Спасовски предавнички не реагираат за говор на омраза и нема никакви мерки против овој типус кој треба да ја штити законитоста и да ја гарантира личната безбедност на притворениците и затворениците, но затоа против колеги универзитетски професори и граѓани кои не ја поддржуваат политиката на ѓон СДС предавничка експресно се преземаат мерки на прогон од страна на МВР.

Сепак најголемото прашање кое си го поставувам во оваа какафонија која ја создаде узурпаторот и велепредавникот ѓон Црпко е: „Дали можеби вие од узурпаторската власт на ѓон СДС предавничка, заедно со ДУИ потрчковците, не сте свесни дека на се има крај и дека не што ја отвората Пандорината кутија, туку и ја натиснавте до крајно напрегање спиралата на трпени, но и спиралата на насилство“?

Доколку не сте свесни за последиците од вашето владеење, треба да бидете свесни за последиците кои може подоцна да дојдат, и да не се мислите многу, „со каков аршин мерите, со таков ќе ви се мери“. Поддржувајќи насилство и сдоздавајќи какафонија, ќе дојде денот кога вие ќе ја барате вистината со боринче, но заплеткани во темнината на од вас создадената какфонија ќе ги слушате само ехото на вашето адско смеење врз маката на

другите, а нема да можете да го видите дури ни призракот од светлината. Не за друго, туку затоа што како насилна власт дадовте таков пример. А, Груевски испадна дека е во право, кога се дрзнавте ова да им го правите на Јанакиевски и Ристовски, тогаш со сигурност него едвај го чекавте за да се изживувате.

Можете да се изживувате врз целата држава како што тоа впрочем го направивте и се уште го правите, можете и врз народот да се изживувате колку што сакате како што и правите, но ве уверувам не и до кога сакате.

Видливо е дека ништо конкретно и од полза за Македонија и граѓаните не направивте, така што единствено се обидувате да понудите гладиаторски игри и крв како добри ученици на безбожните римски цареви.

Господ да ги закрилува и сочува сите затворени кои страдаат од оваа ненародна хунта, и да им даде утеха на нивните семејства и на сите нас. Ќе му дојде крајот на оваа зло, а нам ни останува покрај молитва да земеме и мотика и со активизам да поработиме сите заедно на полето на Македонија и делото за враќање на демократијата во нашата татковина, колку и многу предавничкото СДС да се труди да направи какафонија, а се со цел да не дефокусира и збуни.

На денот на Св.маченик Никофор (Победоносец) 22.02.2019

**Северњачка лексика или паламудатор, мрчатор, чучулатор итн.**

Помина медиумски долго најавуваниот телевизиски дуел помеѓу Мицкоски и Заев и покрај веќе познатата политичка реторика и веќе од претходно познатите ставови дојдовме и до нови лексички форми на изразување. Овие лексички изразувања беа карактеризирани од Заев како изворни термини во Македонскиот јазик, односно како нова лексика во Северњачка провиниенција промовирана од еден лик под маска со сомнителни интелектуални капацитети.

Понижувачки, навредливо во секој смисол во однос на интелектуалниот капацитет на нацијата што во подолг временски период се промовира како политичка лежерност, надменост и „доминација" над политичкиот противник и плебсот. Се започна со онаа самоуверено „паламудење" на Заев на тв24 пред две години, продолжи со упорно лажење и манипулирање на Македонските граѓани преку различни облици на дезинформирање, а деновиве се изразува со „чучулење" на ушите и „мрчење" како поими кои би требало според ликот под маска да бидат израз на негова лична доминација врз политичкиот противник.

Како и да го гледаме оваа некултурно однесување на ликот кој се претставува како Премиер на Република Македонија или некој може да мисли дека тоа е духовито, мангупски, лежерно, жаргонски, сепак очигледно е дека на Заев му е неопходно дообразование или затворање на етичките, моралните, образовните, но најповеќе воспитните дупки кои му заостанале од времето на детството, адолесценцијата и подоцна во текот на студирањето и оформувањето.

Немањето на чувство како треба да се однесува еден претставник на највисоките позиции на власт и претседател на партијата на власт, доведе до тоа дека овој лик ги измеша лончињата при што на еден јавен настап настапува како да е во своето Муртино пред кооперација со своите „пајташи" на кои може да им каже да не паламудат, мрчат и да си ги начучулат ушите кога тој зборува. Токму ваквото однесување укажува на залутаност на умот, на не поимање на тоа на која функција се наоѓа и со какви обврски кон сопствениот народ (кој патем да споменеме го преименува и обезличи), покажува изгубеност и безидејност која се покрива со лексички измислена комотност, надменост или обид за фиктивна доминација. Колку и да се обидува Заев, да го навреди Мицкоски и да ги омаловажи неговите политички засновани и издржани барања и ставови и идеи за кои се бори и во јавните дебати, тоа нема да ја смени вкупната перцепција за тоа кој е кој и со какви капацитети. Сепак, Мицкоски е универзитетски професор кој и покрај навредливото и „мангупско-уличарско" однесување на Заев не дозволи да биде испровоциран и целата „мрчаторска" реторика ја сврте кон шега и на тој начин му помогна на својот политички противник да се оправда за несоодветното изразување. Можеби некој друг немаше да има такво чувство на професионална и професорска емпатија кон својот политички противник и овој јавен „гаф" ќе го употребеше на сосема друг начин во сопствена политичка полза. Но, како и да е, целиот овој сплет на несоодветни лексичко северњачки термини на Заев само ни покажува колку

овој лик е далеку од потребното ниво за еден Премиер или да кажам под секое ниво. Се поставува едно суштинско прашање кое секако не можам да го одговорам, а не очекувам ниту Заев да даде одговор на истото, а тоа е: „Како ли изгледа најобична конверзација на Заев при официјалните или неофицијални средби со свои колеги од соседството или Европа“?

Одговорот на оваа прашање или негово проследување во пракса би било или смешно до солзи или зачудувачки фрапантно, а судејќи според неговото однесување и конверзација со членството, граѓаните и во јавноста дури и на политички дебати на највисоко политичко ниво не можам да претпоставам дека е дијаметрално спротивно од онаа што го гледаме пред наши очи или што го видовме во дебатата со Мицкоски или пак е крајно сервилно.

Во целата оваа нова лексичка стварност и нова терминологија на политичко-уличарско обраќање на јавноста најстрашно е што ни се пласира незнаењето, вулгаризацијата, жаргонизмот и не воспитанието како вредност која може да доведе до позиција на извршување на највисоките функции во Македонија. Ова е дотолку пострашно од причина што младите кои во иднина ќе се занимаваат со политика, овој лексички вулгаризам го примаат како израз на политичка доминација. Потоа, самиот Заев треба да се запраша (се сомневам дека е способен тоа да го направи), какви тоа вредности промовира во јавноста преку сопствениот лексички изблик на уличарство.

Како следен показател, овие северњачки лексички „паламудења и мрчења“ укажуваат на личната не воздржаност и надменост во односот кон Македонските граѓани пред кои се обраќа со овој речник иако со сигурност тврдам дека Заев мисли дека на овој начин му покажал на Мицкоски „кој е газда во државава“, кажувајќи му „да не мрчи“, а веројатно во преносна смисла му се обраќа и на Македонскиот народ „да не мрчи“ за се онаа што му го направи и му го прави, вклучително и неправедните пресуди кои имаат за цел да заплашат, а не да бидат правични. Можеби Заев мисли дека со ова ќе го исплаши Мицкоски или опозицијата? Но, тоа е само дел од сето тоа што ние како јавност можеме да го анализираме околу мотивите на Заев да се однесува покрај лажовно и арогантно „паламудејки и мрчејќи“. Со сигурност нема да исплаши никого туку ја покажа целата своја духовна и интелектуална бедност.

Во вкупното согледување на погрешната терминологија и вулгаризација од страна на Заев, можам да заклучам дека во основа лежи длабоко незнаење, несигурност, без идејност и дезориентираност која треба да се покрие со енормно голема ароганција и тривијална лексика.

Ова однесување на Заев е еклатантен показател за тоа со кого си имаме работа и што треба да правиме на претстојните претседателски избори, односно за кого да го дадеме својот глас. Изборот е едноставен, а е помеѓу знаењето, смиреноста, доблеста и ориентираноста на ВМРО-ДПМНЕ и колешката Сиљановска и манипулантството, незнаењето, ароганцијата и тривијалноста на СДС и Пендаровски како експонент на Заев.

Дебата помеѓу Мицкоски и Заев го покажа токму тоа на најдобар можен начин, во ликот на лидерите на двете партии, за што може да се дискутира во иднина околу близините и различностите.

На денот на Преподобен Бенедикт (14/27.03.2019)

**Дно**

Тоа што како на нација и држава вчера ни се случи, а во континуитет трае веќе подолго време ме доведе во недоумица. Дали го допревме дното? Дали ние сме дно? Можеби отидовме дури и под дното во талогот запретувајќи се за да не се познава дека воопшто некогаш сме битисувале на белиот свет како народ, држава, нација, општество, цивилизација.

Навредите болат и минуваат, но историскиот срам не се брише. За некој образот е ништо, а за некого тоа е прашање на битието на животот на помнењето за него и неговото опстојување. Тоа е основната и суштинска разлика помеѓу нас и нив, ние кои си ја сакаме татковината и нив ( читај СДС) кои не ни помислуваат на татковината, а се заради лични лукративни интереси.

Кога лицето Зоран Заев кој се претставува како премиер пред свој колега па дури и од Грција нека е, се лигави и однесува како недозреан и тинејџерски си прави селфи без трошка достоинство, кога министерот за одбрана Шеќеринска (намерно или случајно, а во случајности не верувам) ќе го дочека Ципрас во модна комбинација во боите на Грчкото знаме и ќе се слика крај него, кога намерно нема да се интонираат химните на државите при официјална посета на странски државен претставник од највисоко ниво, кога сопругата на Заев ќе ја шета по Бутел и во шопинг (во приватна режија) партнерката на Ципрас, кога почесната гардиска чета на АРМ и воениот оркестар нема да бидат на дочекот и уште многу кога... Тогаш, не станува збор за службена официјална посета на премиер на друга држава, туку станува збор за еднодневна екскурзија на Ципрас со својата партнерка и бизнис партнери во приватна посета на Заев и неговата сопруга и бизнис партнерите на Заеви, а се со цел да си се зацврстат личните пријателски и бизнис врски. Тоа што се излигавија пред Ципрас на разни начини, кој со селфи, кој со длабоки поклони, кој со усогласена соодветна и пригодна гардероба, кој со пофалби за својата кооперативност и неизмерна „љубов" кон Грција и демократската денационализација на Македонскиот народ, тоа нема врска. Да нема врска, но нема врска со здрав памет.

Сепак оваа лично простирање како „пачаври" пред Ципрас и покажување на политичка незрелост и аморфност е лична карактеристика на сегашната Влада и СДС. Страшно е тоа што се покажува тенденција која и во пракса секојдневно можеме да ја видиме на предизборните митинзи на СДС, а која покажува дека вирусот на лигавење и полтронизам кој започнува од самиот Заев ги инфицира дури и граѓаните, членовите на СДС и за тоа има комплетна партиска поддршка. Лигавењето кое го гледаме на митинзите на претседателскиот кандидат на СДС е слика на дното на кое се наоѓаме како општество. Среќа што се уште има сол на Македонската земја (односно самосвесни и цврсти патриоти Македонци) та тлее огнот на Македонизмот и има надеж за Македонија и Македонскиот народ.

Замислете сега, како со ваква матрица на лигавење кон меѓународната заедница и странските претседатели и премиери ќе се однесува Пендаровски

доколку (не дај Боже) биде Претседател на Република Македонија (или по нивно Северна Македонија) и уште пострашно е да се замисли со каков ли „ентузијазам“ ќе врши стравичен притисок врз потчинетите да се однесуваат полтронски под секое ниво и човечко достоинство кон него како кон нивен претпоставен. Познавајќи некои од луѓето кои по функција се потчинети на институцијата „Претседател“ и знаејќи какви цврсти личности се, мислам дека тоа ќе биде голем проблем како во личните така и во професионалните релации и ќе се рефлектира врз државата.

Овој начин на однесување на СДС, на самиот Заев и сите околу него преточено во тенденцијата таа полтронска матрица да ја инсталираат во нивното партиско членство и тоа да го прикажат како вредност која треба да биде општоприфатено однесување во Македонското општество претставува страшен етички и психолошки удар врз нацијата. Не се работи за инсталирање на „Заевизам“ ова е класичен ИДИОТИЗАМ во кој Заев и СДС колективно сакаат да не внесат и притоа да не лоботомираат за да бидеме зомби во нивна функција.

Таквиот колективен идиотизам кој се пласира како вредност и корисно однесување се погубен чекор врз менталната хигиена на нацијата. Не ме чуди што логореичниот „бард“ на Македонското новинарство веднаш по задача и нарачано истрча да ги брани селфи приказните на Заев и Ципрас, впрочем не само во светските медиуми и на светските социјални мрежи излегоа нивните селфи слики како на попалени тинејџери, а не како на премиери на две држави (кој колку е тука независен и самостоен, како и какви се коментарите на социјалните мрежи е друго прашање). Не ме чуди ниту тоа што го нема реформаторот Петар Богоески на прекар викан Бунтур (во превод прекарот му значи „Ѓубре“), бидејќи и тој по нарачка одработува, но само во дворот на ВМРО-ДПМНЕ кога треба да се напаѓа ВМРО како партија или Мицкоски како нејзин претседател и лично, за недемократија и слични измислици, едноставно таква му е задачата, но ќе се јави тој, како што се јавуваше и против Груевски, нели и тогаш имаше недмократија во ВМРО-ДПМНЕ и Македонија, а сега...

Овој невкус на идиотизам на полтронство на заевизам или „завидлизам“ според севењачката лексика на Заев, токму не доведе до дното или станавме дно на сопственото етичко однесување, на сопствената самосвест за моралните вредности, на себе понижување како колективно така и индивидуално. Жално и трагично како за нацијата така и за секого од нас поединечно, не само за оние лица кои во неповрзани извештачени и псеудо емотивни настапи се лигавеа пред Стево и Заев, туку и за нивните семејства, роднини, пријатели, познаници, сограѓани. Кого ли познаваат тие кога ништо не препознаваат.

И целата оваа национална трагедија на Заев му изгледа забавно и смешно, насмеан (а тоа ми е многу сомнително од други соображенија и состојби), оклештен, разигран, возбуден (како и неговите членки кои се возбудени, незнам од што тоа или поради што па сакаат да ги посвои, а незнам за кои потреби се посвојува полнолетно лице) во прегратката на Ципрас, но на самата конференција за печат Ципрас кажа една многу интересна работа која

можеби изгледа наивно но многу кажува, а на тоа се надоврза Заев со неговата „надареност“. Имено, Ципрас кажа дека Преспанскиот договор може да го смени само **волјата на еден од народите** (ве молам внимателно преслушајте ја изјавата на Ципрас или преводот кој го кажа официјалниот преведувач), а во контекст на прашањето дали Мицотакис доколку победи на претстојните парламентарни избори во Грција би го поништил договорот. Сега се поставува прашањето: „Кој со кого си игра мајтап и кој е дно и до дно понижен со договорот и кој си остава политички простор и оправдување да по оствареното понижување приреди уште поголеми понижувања на Македонскиот народ“? За да остане ли уште поголем историскиот срам кој Заев го фрли врз Македонскиот народ? За жал оваа изјава помина некако незабележано, а верувам и поради тоа што веднаш на ова се надоврза Заев со еден свој „заевистички виспрен“ коментар дека се надева оти опозицијата за да дојде на власт ќе почека уште неколку години, а при тоа мислеше на опозицијата во Македонија. Секако, за Заев не е проблем кој ќе е на власт во Грција, тој е подготвен и на Мицотакис да му се излигави уште повеќе отколку на Ципрас, до менталниот склоп е, а и кога е некој на дното во мочуриштето, во талогот со таков соодветен ментален склоп убаво му е се чувствува природно, може да мати, мешетари, да се лигави и тоа да го бара и од другите како голема вредност и достигнување на извртената диоптрија на СДС.

Затоа народе мој Македонски време е да го започнеме процесот за детронизација на Заев и СДС, претставени преку заевизмот, идиотизмот, понижувањето, полтронизмот. Тоа можеме да го направиме на 21-ви Април и да ја избереме професорката Силјановска за Претседател на Република Македонија и тоа уште во првиот круг, а потоа да бараме од Заев предвремени парламентарни избори. Нели јавно вети (иако многу работи вети, но се излажа) дека доколку изгуби на претседателските избори ќе даде предвремени парламентарни избори.

Тоа е патот да се кренеме од талогот на понижувањето и срамот на нашите личности и нашата нација. Тоа е начинот како да не бидеме дно туку да се кренеме кон раѓањето на новото сонце на слободата над Македонија. Да го направиме тоа во пракса и да ја запееме нашата химна без срам, бидејќи тие кои се срамат од химната и својот народ не заслужуваат ниту името да им се споменува, а не пак да владеат со светата Македонска земја. Да не бидеме дно, туку достоинствен, цивилизиран и европски народ бидејќи Македонија е лулката на словенската писменост и култура.

На денот на Св.Јаков исповедник (21.03./03.04.2019)

**Нервоза**

Како што наближува 21-ви Април денот на одлучување, денот во кој „татковината не повикува“, денот на кој СДС ќе ја добијат заслужената казна од Македонскиот народ, така во нивните редови се повеќе се гледа нервоза. Не е тоа нормален показател на неизвесност и очекување на резултатите од Претседателските избори, тоа е видлива нервоза во секој поглед. Погледнете ја само слабата присутност на граѓаните на нивните митинзи, нивниот обид да се додворат на сограѓаните Албанци преку невешто и набрзина а за популистички цели научена некоја реченица на Албански јазик, во меѓувреме намерно и нервозно заборавајќи дека мнозинство во Македонија се Македонците, постојано едно те исто повторувајќи за „светлата иднина“ во НАТО и ЕУ, преку фалбите за немерен економски успех кој никако да го почувствуваме, враќањето на изветвените лаги за петстотини евра просечна плата па се до директните и вулгарни навреди кон Мицкоски, Сиљановска-Давкова и кон ВМРО-ДПМНЕ и нивните поддржувачи. Но, не само Заев оваа матрица на обиди за понижување, навредување и провоцирање ја применуваат и другите функционери на СДС, па дури и Петре. Очигледно е дека Скопје е во хаос и за година и половина од неговиот мандат нема ништо стратешки започнато како негов проект (да не ги сметаме проектите кои ги започна Коце Трајановски и му ги остави во наследство).

Сите овие постапки само покажуваат дека лицето Зоран Заев, а и оние околу него не само што нема идеи (впрочем никогаш и ги немал), туку веќе нема ниту нови идеи за успешни лаги и измами на Македонските граѓани. Ова е директен показател дека бевме во право сите ние кои пред три и повеќе години зборувавме за тоа кои се целите на Заев и СДС да дојдат на власт. Токму тоа и се потврди, дојдоа на власт или поточно кажано ги доведоа на власт само за да го сменат името на државата Република Македонија да го сменат уставот и да ја ре дефинираат Македонија, а Македонскиот народ да го уништат и претворат во неидентификувана аморфна маса, и тоа само со една лична лукративна цел, за да се наполнат со пари и да се изнакрадат од маката и потта на Македонските граѓани. Токму затоа тешко оди ратификацијата за влез во НАТО, затоа нема да има ништо од датум за преговори со ЕУ или во најблага форма тоа ќе ни биде соопштено во Извештајот на ЕУ со еден куп еуфеменизми во стилот дека сме постигнале одличен напредок и слично. Во исто време се она што е започнато или веќе изградено од времето на ВМРО-ДПМНЕ ќе се успорува, закочува, одложува, за да не биде завршено и за да можат од тоа да прават манипулативен маркетинг дека тие се успешните. Впрочем како и секогаш ќе играат на картата на кратко паметење, на лаги и манипулации, на лажни ветувања и на отстапки кон коалициониот им партнер.

Затоа имам едно клучно прашање кое би требало Заев, а и Пендаровски како негов кандидат веднаш да го одговорат на Македонската јавност: **„Што конкретно во клучни државни позиции кои се под ингеренција на Претседателот на Република Македонија ќе добие ДУИ како надомест за нивната поддршка на вас за Претседател на државата“?** Одговорете

слободно Заев и Пендаровски, избликот на вистина и признание пред сопствените граѓани ќе ве направи да се чувствувате помалку нервозни, а и добро е сите ние да ви го знаеме договорот пред да гласаме на 21-ви Април. Да знаеме во која фаза од спроведувањето на Тиранската платформа сте во овој миг и што ни планирате во следниот период. Бидејќи, од економија нема ништо, да видиме каква политичка и национална каша ќе ни загорите.

Искрено, не очекувам да дадат одговор или во најдобра рака тоа ќе биде некоја лага што ни „куче со масло не би ја голтнало“, но тоа само повторно потврдува каков однос кон интелектот на сопствените граѓани има СДС. Затоа и се нервозни, бидејќи незнаат што би одговориле пред граѓаните, а тие да им поверуваат. Како на пример, како тоа сме на 88-то место по корупција дури и зад Косово, а нели во време не владата на ВМРО-ДПМНЕ имаше корупција, а не бевме така „високо“ рангирани.

На сите лаги и конструкции на СДС кои видливо се претвораат во нервоза, се надоврзува и уште една нервозно-глупава реакција на министерот за Данска, пардон за финансии Тевдовски. Имено овој лик, од Вашингтон ни порачува дека одлично поминал во мисијата кај ММФ и се враќа со полн куфер договори, а утешно е тоа што ММФ предвидел корекција на економски раст кај многу други држави не само кај Македонија. Сега пак се поставува прашање, како тоа во времето на владата на ВМРО-ДПМНЕ немавме аранжман со ММФ а бевме успешни и имавме економски раст, а секогаш кога СДС е на власт ние имаме некаков си аранжман со ММФ и никаков економски раст. Сепак ова прашање ќе го оставам за дискусија помеѓу Тевдовски со економско-финансиските експерти од ВМРО-ДПМНЕ, се надевам дека Тевдовски и неговиот тим нема да бидат нервозни и ќе научат нешто.

Каде и да погледнете само ќе видите застој, апатија, сиромаштија и немање на инфраструктурни проекти. Тоа е резултатот од двегодишното владеење на СДС. Потоа да не се прашуваме зошто се нервозни во своите настапи. Едноставно затоа што не постои сегмент во општеството во кој може да се види напредок или реализација на нешто што ветуваа. Сега кога и самите гледаат дека се дно и дека лагите се свршија, а нема никакви резултати од нивното владеење, свесни се дека им се приближува крајот и стануваат се понервозни. Таа нервоза не се во состојба ниту да ја прикријат па настапуваат со директни навреди.

Затоа бидете подготвени драги мои сонародници во следните неколку дена пред изборите да слушате секакви навреди, измислици и празни ветувања. Знаете како се вели, „давеникот се фаќа за сламка“, а Заев и СДС се дават и тоа во сопствените лаги и нормално е да бидат нервозни кога се фатени во лага.

Очигледно дека не се нервозни единствено кога на нивните собири само онака формално инструментално ја интонираат во најскратена верзија Македонската химна. Видливо е дека се срамат да се нарекуваат Македонци и особено ги нервира тоа што „…над Македонија се раѓа ново сонце на слободата и Македонците се борат за своите правдини ...“.

Ќе поминат и овие денови на притисок, лаги и напнување, но во недела на 21-ви Април е денот кога правдата ќе блесне и праведно ќе ги казниме СДС. Решението не е бојкот, туку гласање како одраз на највисока граѓанска свест и демократска борба за уривање на злото наречено СДС и Заев.

Како што Господ Иисус Христос влезе во Ерусалим со слава, така и ние со слава да го победиме злото СДС на денот на Цветници и во мир и радост да го дочекаме славното Христово Воскресение.

На денот на Преподобен Тит Чудотворец (во шестата седмица на Великиот пост) – (02/15.04.2019)

**Втор круг или висока цена**

Како што можеме да видиме и забележиме или почувствуваме, со приближувањето на вториот круг од претседателските избори се поголема е нервозата кај СДС-то. И не само нервозата, туку уште повеќе до израз доаѓа неинвентивноста поради што се измислуваат потполно тривијални напади врз професорката Сиљановска-Давкова. Покрај неталентираните обиди за дискредитација на професорката Сиљановска, уште по не интелигентни се обидите на разни начини да се присилат граѓаните особено оние од јавната администрација да излезат на гласање на 5-ти Мај и да гласаат за Пендаровски. Трета не интелигентна активност на СДС-то е старата приказна со поткуп на гласачи и тоа како по правило во рамките на социјално загрозените општествени групи, а тоа дно на етика не е за коментар.

Што покажува сето ова на само 4-5 дена од вториот круг на претседателските избори? Покажува неколку суштествени работи кои треба да ни бидат присутни на сите нам, а кои ќе имаат влијание и врз нашата одлука да гласаме за професорката Гордана Сиљановска-Давкова како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и тоа овде јавно го кажувам.

*Прво:* Укажува на фактот дека власта е исклучително исплашена до степен на нервоза и нерационални реакции во врска со исходот од изборите и реалната можност да во вториот круг биде стопена нивната минимална предност од првиот круг од 4.500 гласа.

*Второ:* Покажува дека власта не е сигурна дека ДУИ на терен стои толку добро што на нормален демократски начин ќе испорача доволно гласови од нашите сограѓани Албанци на контото на Пендаровски. Од тука реално може да очекуваме не баш мирен и демократски втор круг, туку дека за одредени нелегални операции ДУИ веќе ја достави високата цена до СДС-то, но и покрај тоа и СДС и ДУИ се потполно свесни дека на терен кај Албанците ДУИ не стои добро и дека во нормална изборна процедура тешко дека луѓето доброволно ќе излезат и ќе гласаат за кандидатот на СДС и ДУИ. Оваа состојба е до тој степен драматична за ДУИ што дури и Албанците кои гласаат за СДС како нивни членови или симпатизери ДУИ ќе се обиде да ги стави на свое конто, а се со цел да покаже дека вреди повеќе од 80.000-те гласови на колегата Река.

*Трето:* Стравот на СДС-то од евентуално не постигнување на потребниот изборен цензус и згора на тоа и во таква ситуација победа на Сиљановска е ноќна мора за Заев. Едноставно во целата „успешна“ приказна на СДС-то во ваков случај морален и реален победник ќе биде ВМРО-ДПМНЕ, а СДС-то ќе мора повторно да се соочи со граѓаните на брзи повторни претседателски избори, но можеби овој пат заедно со парламентарни. Причината е едноставна, и така Заев и СДС-то се делегитимирани како власт и повторување на изборите само ќе им го покаже или ќе им го забрза падот.

За да не бидам погрешно разбран, ќе напоменам дека не повикувам на бојкот, туку напротив сметам дека масовно треба да се излезе на гласање и тоа од причина што на тој начин токму со пенкало демократски и реално

администрацијата ќе ја казни оваа нехумана власт и второ, затоа што ќе се оневозможи плаќањето на високата цена за услугите на ДУИ. Впрочем, сметам дека ДУИ е на залезот и тоа многу бргу, а во наредниот период криминалниот дел од ДУИ ќе треба да се соочи со казната според правниот и судски систем. Ова не е моја интимна желба или политички хир за одмазда, токму ова го покажува односот кои нашите сограѓани Албанци го имаат кон политиките на ДУИ и нивното лидерство. Колку и да се обидува ДУИ да ја дигне високо цената за своите услуги толку повеќе треба да не успеат во тоа.

Поради овој контекст на внатре коалициони релации во власта би и советувал на колешката Сиљановска да биде потполно мирна и да ги игнорира глупавите напади врз неа за наводна албанофобија. Едноставно нема потреба да се влегува во наративот на СДС-то кои на овој начин се обидува да наметне глупава тема за расправа и докажување во јавноста за да може да ја испегла високата цена на ДУИ за „поддршката" во вториот круг што практично и ја потврдува мојата констатација дека ДУИ и СДС-то на терен кај Албанците како и кај Македонците стојат многу лошо. Одговорот на ваквите напади е едноставен и се нарекува „ГЛУПОСТИ". Потоа се преминува на дебата за суштествените теми за кои СДС-то и Заев и Пендаровски не сакаат да зборуваат, а патем им се поставува едноставно прашање: „Што стана со сите ваши ветувања за живот за сите"?

Знам и тоа со сигурност дека на ова прашање нема да можат да одговорат, од едноставна причина, затоа што се изгубија во сопствените лаги и живеат во виртуелен свет. Ние не живееме во нивниот виртуелен свет и да не наседнуваме на нивните манипулаторски активности во кои си ја утврдуваат внатре коалиционата цена и вредност на невредните.

Отрезнувањето од виртуелниот свет треба да им го приредиме на 5-ти Мај со масовна излезеност и гласање за кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, колешката Сиљановска-Давкова, а потоа да побараме Заев барем еднаш на крајот од лажливата кариера да биде од збор и да се распишат предвремени парламентарни избори. На тие предвремени избори еднаш за секогаш да биде поразена политиката на лаги, манипулации и измами.

На сите Православни верници им го честитам најголемиот празник, празникот над празниците, Христовото Воскресение-Велигден.

ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!
НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!
30.04.2019

**Метла**

Ете завршија претседателските избори, се измерија силите, се постави високата цена која како и да се заврти Заев ќе мора да ја плати. Ќе бега Заев, ќе „глуми“ лудило во однос на ДУИ, но сметката ќе мора да им ја плати. За тоа колку всушност ние сите ќе платиме ќе почекаме малку за да видиме, доколку за неколку дена или недели откако Пендаровски ќе седне на претседателското столче. Веќе во понеделник ќе потпише се што си имаат ветено и ќе заигра метлата, но не онаа на Заев во СДС-то или не дај Боже во владата, туку онаа во кабинетот на Иванов, Агенцијата за разузнавање, Народната банка и Генералштабот. Колку и да изгледа чудно Заев функционира без разлика на подценувачкиот однос кон него, а особено без разлика на тоа дека е манипулант, недоветен, мимикричар и многу што друго во негативен човечки и политички контекст. Се поставува прашањето: „Кој е луд, а кој збунет во Македонската приказна“? Одговор на оваа прашање ќе треба да си дадеме самите. Колку побргу се освестиме толку подобро за нас, а освестувањето некако тешко ни оди, за жал.

Сепак да се вратиме на изборните резултати по вториот круг на претседателските избори и на фамозната „метла“ на Заев која во кампањата симболично и додворувачки (повеќе ова второто), а за краткорочни политички цели му ја предаде Драган Спасов-Дац.

Резултатот од приближно 380.000 гласови за ВМРО-ДПМНЕ е сосема солиден и претставува раст во однос на резултатот од претходните локални избори, но лично сметам дека нема простор за некое преголемо задоволство. Ова го кажувам од неколку причини:

*Прво*, ВМРО-ДПМНЕ практично ги изгуби изборите – според апсолутните бројки иако морално е победник и со овој резултат се врати на политичката сцена, односно се крена и факторизира како најголема политичка сила во Македонија, а што претставува добра основа за понатамошна работа.

*Второ*, овој резултат на ВМРО-ДПМНЕ го факторизира колегата Мицкоски како лидер, што му дава многу простор за пошироко и поагресивно делување против Заев и СДС.

*Трето*, добиениот резултат според мене се должи пред се на револтот на граѓаните против политиките на СДС во сите области во изминативе две години, а за жал и не на препознавањето на политиките на ВМРО-ДПМНЕ и конкретната работа на терен, а што треба да биде мотив кај ВМРО-ДПМНЕ за позасилени терenски активности и приоѓање до граѓаните.

Впрочем, да беа препознаени политиките на ВМРО-ДПМНЕ резултатот ќе беше сосема поинаков и ќе победеше колешката Сиљановска. Поради овие констелации на политичката сцена во Македонија ВМРО-ДПМНЕ и лично Мицкоски имаат причина да бидат задоволни, но не и опуштени дека на следните парламентарни избори победата е загарантирана. Треба да се знае и да биде јасно дека оваа надри власт на СДС и ДУИ нема да падне самата од

себе, туку единствено и само доколку ВМРО-ДПМНЕ одработи на терен кај граѓаните и ја врати довербата во меѓународната заедница. Лично сметам дека народот – граѓаните, гласачите се на прво место и тука треба да се работи силно и посветено за да се објаснат и доближат стратегијата, целите и политиките на ВМРО-ДПМНЕ како визија за Македонија од 2020 година понатаму.

Од друга страна СДС и Заев имаат многу причини за грижа колку и да се обидуваат да се прават среќни и задоволни. Тие добија претседател на за нив Северна Македонија, но и неколку пораки и тоа:

*Прво*, дека граѓаните не ги прифаќаат нивните политики и дека силно се чувствуваат последиците и негативностите од нивното збеснато владеење.

*Второ*, и самата ДУИ нема поддршка кај Албанците да биде самостоен фактор па вака се шлепаат еден на друг.

*Трето*, дека се покажа како може на СДС и ДУИ да им функционираат и заеднички листи за парламентарните избори и дека ова им беше само проба во пракса, а ова може да биде и најопасната работа за успехот на ВМРО-ДПМНЕ на следните избори и поразително за напредокот на Македонија.

Како и да е оваа „љубов" помеѓу СДС и ДУИ е полна со меѓусебен натпревар и себе докажување во јавноста, но кога се во прашање остварувањето на нивните лукративни цели, а тогаш главната цел доаѓање или задржување на власта е неприкосновена и над се, за очекување е дека ќе ги заборават „малите непријатности" во меѓусебните односи и отровни зборови. Ништо не значи отворената порака на командант Вентиљи (алијас Садула Дураку) на привремена работа министер во владата на Заев, кој му кажа метлата да си ја чува за по дома и во нивната куќа да не им се меша, бидејќи таму баба е Али,

Така малку по малку се соголи излитената облека (иако маските тешко ќе им паднат за да им го видиме грдото лице на СДС и ДУИ), но барем може да кажеме и тоа со факти дека „Царот е гол".

Затоа не се надевајте на метла иако овде е потребен „Кирби" за длабински да се исчисти. Нема да има ништо од метлата на Заев. Ова е само реприза на Бранко и неговиот „Октопод" на свети СДС и слични лажачки за народот. Како што Бранко успешно се справи со октоподот чија глава беше тој самиот, така и Заев успешно ќе измете кај него во дворот. Во куќата на ДУИ нема ни да проба. Веројатно ќе има некои мали поместувања кои се веќе претходно договорени помеѓу ДУИ и СДС за замена на ресори, неколку смени (или прифаќање на претходно поднесени оставки) во веќе договорената внатрепартиска шема на СДС, а секако и неколку лични пресметки на поедини високи функционери на СДС со луѓе од пониските ешелони или во рамките на институциите со кои раководат и толку. Доволно за замајување на народот во пресрет на јунскиот извештај на ЕУ и летните одмори. Не може повеќе да се постигне, односно измете, едноставно не може Заев самиот себеси да се измете, физички е неизводливо, како што Бранко не можеше самиот себеси да си ја скине главата, тоа ќе беше самоубиство исто како и Заев јавно да признае дека е „ѓубре" и потоа да се измете и на крајот фрли во контејнер и заврши на

буништето на политиката и историјата (онаа националната) или еднакво на самоубиство, а тој сака да владее, во тоа е целата смисла на неговото однесување и функционирање.

Единствено што може да се очекува од метлата на Заев е да удри уште посилно врз членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, односно повторно да гледаме политички мотивирани активности на пропаднатото СЈО и институционален прогон на секој кој не се согласува и ги критикува политиките на Заев и СДС.

Затоа народе мој, сограѓани мои нема потреба да се самозалажувате дека Заев ќе направи напредок почнувајќи од „метла“ во СДС, не се тревожете и мирно и спокојно чекајте ја есента кога повторно ќе се соочиме со страшната економска авет на СДС токму кога сите трошоци по поминатото лето и одмори ќе ни дојдат на глава.

Искрено се надевам дека барем ВМРО-ДПМНЕ ќе преземе интензивни активности кои ќе придонесат кон зацврстување и окрупнување на партиското ткиво, препознавање на нивните политики и нема да бидат самозадоволни од постигнатиот резултат во вториот круг на претседателските избори, поради што ќе покажат брза и одлучна организациска активност и ќе предизвикаат масовен активизам кај граѓаните во Македонија за да се урне оваа анти власт на СДС. Само на овој начин може да се надеваме дека СДС и ДУИ набргу ќе паднат од власт па дури и да одат со „во љубовта изнудени“ заеднички листи на следните парламентарни избори.

Христос Воскресе!
Навистина Воскресе!

На денот на Светите апостоли Јасон и Сосипатр (28.04./11.05.2019)

**Маслосување**

Очигледно е дека власта се обидува на секој начин да не маслосува. Впрочем кампањата која ја водеа за претседателските избори не ја заврשија. Како по автоматизам си поминаа во континуирана кампања за претстојните парламентарни избори (редовни или малку предвремени сеедно е), но проблемот е во тоа што овој видлив популизам е едно обично маслосување на јавноста. Секако дека СДС имаат добро искуство во манипулирање со јавноста, тоа и го покажаа во минатото, но да се маслосува е навистина бесрамно.

Кога сме веќе кај маслосувањето, како по правило за сите глупости на СДС-то виновни ќе бидат ВМРО-ДПМНЕ и нормално Груевски од далечина. Ова е добра забава за народ и дефокусирање на јавноста од трагичната состојба во која ни се наоѓа општеството, но не ја менува реалноста која е ужасно страшна. Така господинот шарен револуционер, постојано присутен на дебати за секакви политички теми во јавноста, член на парламентарната комисија за контрола на работата на безбедносните служби, учесник во реформите на безбедносните служби и пратеник во Македонското Собрание, како и поранешен студент на факултетот за безбедност Павле Богоевски не маслосува со приказната за маслото од канабис. Но, не е проблемот што тој се обидува да не маслосува, бидејќи правото да се брани кога е фатен во недело е загарантирано и со устав, туку проблемот е во етичкиот однос кон јавноста и прашањето: „Како бе Павле ќе одиш во контрола на службите за безбедност, а самиот се занимаваш со криминали“? Друго е прашањето зошто Јавното обвинителство не започне истражни дејствија врз основ на добиените сознанија. Доколку незнаат од каде да почнат, еве како лојален граѓанин на Република Македонија ќе им помогнам со совет: „Направете тестирање на Богоевски дали е позитивен на метаболи на кокаин и хероин (мислам дека во прашање е кокаин), тоа се прави многу бргу, а врз основ на резултатите кои би се добиле доколку за еден-два часа доколку се покаже дека е позитивен со него би поразговарале инспекторите од криминалистичката полиција. Очекувам дека како поранешен студент на факултетот за безбедност и под влијание на своите професори и особено колешката Ременска ќе соработува со полицијата во откривање на дилерот и мрежата и така на дело ќе покаже дека не е учесник во криминал туку просто уживател на психотропни супстанци и нема да подпадне под кривичен прогон по член 215 и 216 од Кривичниот законик на Република Македонија. Етичноста  кон граѓаните, неговите другари од шарената револуција и вршењето на функцијата пратеник ќе ја докаже многу едноставно, со оставка.

И толку за Павле и неговите човечки слабости. Но, тука не престанува маслосувањето, затоа што да беше само Павле ќе простеше народот како што им го прости Боро-Малборо или не го прости незнам? Маслосувањето продолжува и тоа со сите можни пумпи за прскање в очи за да не се гледа и со помош на сите медиумски столбови на политиките на СДС-то. Така, хит стана изјавата на Заев дека навистина ќе мете, но веројатно откако претходно ќе испрска со масло за да не се крева прашина многу и да оди помазно. За таа цел

еве го од нафталин Тито Петковски кој не убедуваше во сериозноста на Заев да маслосува, пардон да мете. Толку уверливо го кажуваше тоа што дури им очита лекција и на ДУИ по принципот „думам ти ќерко, сети се снао“. Таман заврши Тито, кога еве го Филипче со одбрана на глупавата идеја за не запишување (непримање) на децата во прво одделение доколку немаат потврда дека ги имаат примено сите предвидени вакцини. Глупост до глупост и маслосување на народот во насока дека ете нешто се работи и се воведува ред. Откако претходно токму Филипче придонесе да се изгуби доверба во исправноста на вакцините и успешноста и потребата за вакцинација, сега ќе се наоѓаат ступидни решенија. Морам и тука да ви дадам неколку совети, не поради вас, туку поради граѓаните и нивната благосостојба, бидејќи што се однесува до мене, колку и да маслосувате спремни сте да паднете од власт доколку утре. Сепак ускратувањето на правото за школување, а при тоа школувањето во основно и средно образование е задолжително, владата и министерството за здравство го кршат Уставот и неколку закони. Впрочем се крши и законот за здравство во однос на законски одредената обврска за задолжителна вакцинација на населението и доколку се одбие ваква здравствена мерка се преземаат санкции. Одтука, нема потреба да измислувате топла вода и да не маслосувате, едноставно спроведувајте го законот. Па нели и Пендаровски (патем Тито Петковски токму за тоа го величаше) вети дека ќе се бори за владеење на правото и спроведување на законитоста. Еве ви шанса да со спроведување на закон директно го заштитите населението посебно младите генерации, а не да глумите демократи, а всушност колективно не маслосувате. Она околу нова опрема, чистење на операциони сали и други глупости се чисто маслосување, треба да му признаете на народот дека всушност немаме доволно медицински персонал кој би работел особено во хирургијата и субспецијалностите. Тоа е ваша вина, бидејќи лажевте и за тоа дека ќе ги вратите младите во Македонија, а вие уште повеќе ги поттикнавте да си заминат, така што остануваме без секаков вид на специјалисти не само во медицината. Решението за ова нема да ви го кажам иако има и тоа многу брзи и ефикасни решенија и знам дека може да се регенерира македонското општество и има квалитетни луѓе во Македонија кој знаат како тоа може да се реши.

Сега ни останува уште да видиме на дело како Заев ќе не маслосува во контекст на метењето па да се позабавиме и со тоа во политичката прагма која во Македонија СДС-то ја направи монти пајтоновска.

На крајот, на Заев и СДС-то им советувам да се подготват за заминување, бидејќи тоа за што ги донесоа на власт (промената на името на државата) го завршија, а знаеме дека сте безидејни и само непотребно ни го трошите времето и тоа не само нам, туку уште повеќе на идните генерации.

Христос Воскресе!
Навистина Воскресе!

На денот на пренесување на моштите на Св.Атанасиј Велики (02/15.05.2019)

**Опасно загрозувачка неспособност**

Епидемијата на морбили која трае повеќе месеци по се изгледа нема да заврши. Очигледно е дека проблемите ескалираат до тој степен што сега започнаа да се исфрлаат од функција и цели одделение во болниците, а тоа е патот кон исфрлање од функционалност и на цели болници, односно поголем дел од медицинскиот персонал кој би требало да биде во потполна состојба да дава помош на населението.

Оваа констатација не е политичка, туку едноставно само конкретна практична и вистинита, а се темели на случувањата во нашето здравство. Состојбата е вон контрола и здравствените власти во Македонија не се во состојба да се справат со епидемијата на морбили која ја зафати целата територија на државата. Видлива е неспособноста на СДС во раководењето со државата, секако доколку ги изземеме способностите за тендер комбинации, лаги, манипулации и малверзации од лукративни и политички причини.

За жал во однос на конкретна заштита на населението нема никакви резултати. Кога зборувам за заштита на населението не зборувам за негова економска и заштита од сиромаштија, тоа е веќе апсолвирана тема и видлива во пракса која сите ја чувствуваме на своја кожа. Мислам и тоа со право на веќе опасно загрозувачката неспособност на СДС-то да се справи со заканите кои директно влијаат врз здравјето на населението во Македонија. Замислете до каде оди нивната неспособност за справување со заканите, кога во болниците имаме појава на епидемија на морбили и се исклучуваат од функција цели одделенија. Не дај Боже да не задеси сега и некоја природна катастрофа па да ни се појават уште некои заразни болести и животно загрозувачки состојби за населението или проблем во снабдувањето со вода за пиење и храна. Со вака подготвената влада на СДС не ни бегаат загуби од катаклизмични размери, односно на ниво на доведување на населението на биолошки минимум за опстанок на нацијата. Испадна дека овие од СДС-то се полоши од воена состојба и тоа во мирнодопско време.

Состојбата не е за мајтапење и ова со морбилите само ја покажува целосната неспособност на една безидејна и катастрофална власт и тоа на еден „бенигнен“ пример на заразна болест. Што да се случеше епидемија на големи сипаници (Variola vera) како некогаш во поранешната СФРЈ на што се сеќеваат повозрасните? Веројатно досега ќе имавме голем број на загубени животи и преполовување на медицинскиот персонал во целата држава. Доколку на власта на СДС и на надлежните институции не им е јасно што треба да прават, еве ќе се обидам да им појаснам, не поради нив, туку поради граѓаните кои страдаат поради неспособноста на оваа власт.

Имено, постои Центар за Управување со кризи (ЦУК), постои и Дирекција за заштита и спасување (ДЗС), постои и Министерство за здравство (МЗ)и во негов состав Републички завод за здравствена заштита, а дал Господ имаме и Министерство за внатрешни работи (МВР). Исто така, постои и Стратегија за заштита и спасување на Република Македонија Службен весник

бр.23 од 2009 година (иако годинава требаше да се обнови, но оваа власт нема време да размислува за народот зафатени се со исполнување на сопствените лукративни цели), потоа постои Закон за заштита и спасување Службен весник на Република Македонија 36/04 од 10.06.2004 година (посебно внимание да обрнете на чл.2 став 2, став 5, став 9, став 11, 12, 14 и всушност се што предвидува овој закон), а постојат и Планови за заштита и спасување во секоја општина и град Скопје и СОП или стандардни оперативни процедури за постапување во разни ситуации и состојби на ризици и закани од природни техничко-технолошки катастрофи и нивно влијание врз населението, животните, растенијата вклучително и епидемии, епизотии и епифотии. Вклучително постои и план за дејствување во случај на појава на заразни болести врз луѓето, животните и растенијата или именувани како епидемии, епизотии и епифотии. Многу е едноставно доколку некој (а тоа би требало да биде ЦУК-от) во координација со Владата донесат одлука и го активираат Републичкиот кризен штаб и Општинските кризни штабови во подрачјата опфатени со епидемијата (болеста-заразата) и ги активираат Плановите за заштита и спасување на општинско ниво. Тогаш се донесува одлука за стапување на сила на мерките и активностите (сега веќе не превентивните) туку оперативните функции и активностите за време траење на епидемијата за справување со истата, но и активностите и мерките за отстранување на последиците. Согласно плановите треба да се применуваат строги мерки и активности кои опфаќаат задолжителна и ригорозна превентивна и актуелна заштита на населението, односно казнени мерки за секој кој не се придржува кон обврските и наредбите на Министерството за здравство, а поддршка во спроведувањето дава МВР. Едноставно треба да ги спроведете предвидените мерки за заштита и спасување, особено на мерките за заштита од радиолошко, хемиско и биолошко загрозување.

Тоа е накратко што треба да преземете на терен и во пракса другари-недругари од СДС-то за да го заштитите здравјето на населението, а што е една од примарните функции на владата. Очигледно дека малку сте ги измешале брзините, не ви е примарна функција остварување на вашите алчни пориви.

Се останато во детали ви е предвидено во Законот за заштита и спасување, споменатата Стратегија (мерките и активностите при заразни болести и епидемии) односно во Уредбата на владата за спроведување на мерките за заштита и спасување од радиолошки, хемиски и биолошки загрозувања од 2010 година и секако Плановите за справување со заразни болести односно епидемии. Само треба да ги прочитате (доколку најдете време) и да постапувате согласно нив (доколку знаете како тоа треба да се прави), но тоа да го направите сериозно, ефикасно и брзо, а посебно да не гледате да при нивно спроведување заработите некоја пара на набавки и ангажмани од секаков вид, туку едноставно да имате срам од народот и страв од Бога дека оваа лудило со морбилите кое трае со месеци мора да престане.

Навистина се прашувам дали воопшто имате претстава вие од владата на СДС-то и коалиционот ви партнер ДУИ каде живеете. Во буквална смисла дојде животот во Македонија, но само за вас, ние останатите исклучиво со

молитви и Божја помош и милост ќе се надеваме дека нема да фатиме зараза и ќе преживееме, ако ништо друго за инат на „способниот и проевропски“ Заев и еманципираното СДС.

Со ваква опасно загрозувачка неспособност за витални прашања и животот на граѓаните воопшто да не се прашува Заев зошто нема да добие датум за преговори. Видливо е дека треба да почне да чисти, но препорачувам да почне од себе самиот.

Господ на помош да ни е.
Христос Воскресе!
Навистина Воскресе!

На денот на Св.апостол и евангелист Јован Богослов 08./21.05.2019)

## Препораки и пораки

Последнава седмица во Македонија пристигнаа неколку препораки, а со нив или како последица на нив и неколку пораки. Скриени или јавни, препознатливи или не за целата јавност, тие сепак излегоа во јавноста и многу кажуваат, покажуваат, порачуваат и препорачуваат.

Најпрво ни пристигна пораката од ЕУ со Извештајот за напредокот на Македонија во процесот на пристапување кон ЕУ, со препорака дека треба да добиеме датум за преговори. Тоа беше препораката, но пораката е сосема поинаква. Таа се однесуваше на потполно корумпираната и неспособна власт на СДС поради што Македонија не доби датум за преговори. Колку и да сака СДС со лажен оптимизам во јавноста да пласира дека еве само што не сме добиле датум за почеток на преговорите со ЕУ, а во тој контекст да не понижува во бескрај и тоа плачејќи над „несреќната судбина" и „нефер односот" на Европа кон Македонија, пораката од ЕУ беше отрезнувачка по неколку елементи:

*Прво*, дека промената на името на државата и националното понижување со ништо не придонесе да се добие датум за преговори за членство во ЕУ.

*Второ*, дека ЕУ не перцепира како црна дупка во која постои енормна корупција и организиран криминал во кои власта е директен учесник.

*Трето*, дека нема суштински и конкретни реформи во правосудството и обвинителството (а тоа не зависи од опозицијата, иако власта сака да претстави таква слика во јавноста и пред амбасадите).

*Четврто*, дека нема економски развој на државата и позитивна економска клима, односно има сиромаштија, тендер приказни и лично богатење на луѓе од власта на сметка на граѓаните.

Се на се, се уште се бориме со детските болести, а со власта на СДС дури не се ни вакцинираме. Поради сето ова нема датум за почеток на преговорите и доаѓаме до заклучок дека деветтиот по ред позитивен извештај на ЕУ е со препорака за отпочнување преговори, но со порака да нема конкретен датум од веќе кажаните причини. Тоа значи дека допрва ни претстојат маките.

Следната порака низ препорака дојде од Заев лично. Тој кажа дека ја разбрал пораката од граѓаните испратена на претседателските избори. По се изгледа дека ја разбрал, бидејќи тргна нешто да менува. Дали тоа го прави од лични интереси заради зацврстување на сопствената контрола во СДС-то, дали заради промена на името на партијата му или заради купување време во јавноста ќе видиме многу бргу. Очекувам до половината на Јуни да го заврши процесот на реконструкција на владата и тогаш ќе видиме дали мисли нешто сериозно да прави или како по стар добар обичај ќе каже па ќе откаже и ќе мете за да не измете. Инаку, стојам на ставот дека кога веќе се фати за метлата треба

себеси да се измете, но тоа е моја утопија, такви работи, а посебно во СДС и во Македонија не се случуваат.

Во тој контекст, но и во контекст на четвртата препорака дојде и една препорака, или повеќе порака од Јавното обвинителство, а се однесува на одлуката за покренување на обвиненија против шестмина обвинети за наводната организација на настаните од 27-ми Април 2017 година. Пораката дојде како нарачана, токму пред две годишниот црн јубилеј од владеењето на СДС-то, а како порака за заплашување на народот и на ВМРО-ДПМНЕ.

Четвртата препорака дојде од Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, некои (незнам кој генијалец) се сетил дека ИК треба да препорача на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да гласа за одземање на мандатот на Груевски и тоа со подолго образложение во кое доминира ставот дека „треба да се почитуваат законите и уставот и дека тие важат за сите“. Не дека не треба да се почитуваат законите и не дека тие не треба да важат за сите, но овде постои видлива колизија во ставовите на ВМРО-ДПМНЕ искажани за состојбите со правосудството, обвинителството и почитувањето на законите и уставот во Македонија во изминативе две години со тенденција дека овој тренд на власта на СДС ќе продолжи и понатаму, па така:

*Прво*, во состојба на експонирано Русковска обвинителство и Кацарска судство (став на ВМРО-ДПМНЕ како метафора за владеењето на правото и законитоста во Македонија во изминативе две години), како сега се менува ставот дека се е според закон и правда пред кои сите се нели еднакви (Заев е поеднаков-него го аболицираат) и таквата правда треба да произведе почитување на законите и Уставот?

*Второ*, не верувам дека на ВМРО-ДПМНЕ не му е познато дека врз секретарот во Собранието на Република Македонија задолжен за соработка со пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е извршен страотен мобинг за да не го пријавува Груевски како оправдано отсутен за да се исполни формално-правниот рок и услови за одземање на мандатот. И ова може да се земе како аргумент во однос на почитувањето на законите и Уставот.

*Трето*, Гртуевски е во политички азил поради прогон токму од не владеењето на правото во Македонија, па во вакви услови да се зборува за почитување на законите и правото и Уставот (патем СДС и Уставот го прекршија за остварување на сопствените цели, а на штета на Македонија и Македонскиот народ) е празна флоскула (да не речам смешна)

Во меѓувреме, никој од ВМРО-ДПМНЕ не се сети дека ова е политичка замка од страна на СДС и вметнување на вирус на раздор во ВМРО-ДПМНЕ или можеби се сетил, но му одговара ВМРО-ДПМНЕ да се занимава само со себе наместо со глупостите на Заев и пропаднатата власт на СДС-то. Доколку е тоа тенденцијата, тогаш некој во ВМРО-ДПМНЕ свесно создава можност Заев да се консолидира внатре партиски и во владата и не дај Боже да победи на избори. Евентуалната таква тенденција е сериозен проблем за ВМРО-ДПМНЕ и секако за Македонија.

Тоа што требаше да го стори ВМРО-ДПМНЕ и пред се колегата Мицкоски беше многу едноставно. Само требаше да најде начин да го контактира Груевски и човечки и партиски да го замоли самиот да си поднесе оставка, со едноставно образложение кое сите ќе можеа да го оправдаат. Едноставно на ВМРО-ДПМНЕ му треба уште еден активен пратеник во пратеничката група во услови кога Груевски е оправдано попречуван и прогонуван да присуствува во Собранието. Не верувам дека Груевски немаше да и помогне на ВМРО-ДПМНЕ, па човекот е нејзин почесен претседател.

На оваа препорака на ИК на ВМРО-ДПМНЕ пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на комисијата за мандатно-имунитетски прашања ја кажаа својата порака.

Па, така на препораката на ИК на ВМРО-ДПМНЕ и пораката на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дојде и пораката од Будимпешта, а неа кој ја разбра ја разбра, кој не нека е жив и здрав.

Така дојдовме до последната порака која ја добивме неделава. Оваа порака е порака до целата нација, до Македонскиот народ, а ни ја испратија ракометарите на Вардар. Момчињата во црвено-црни дресови на нашиот национален клуб ни кажаа и ни покажаа како се сака Македонија, како се претставува Македонија со срце и како се бори за Македонија и тоа на најубавиот начин. Тие наши современи херои ни испратија порака за единство, за храброст и за борба, симболика на вечната борба која секоја генерација Македонци ја води, а е насочена кон опстанок на Македонија и Македонците. Од се срце им честитам на нашите национални херои кои во буквална смисла не дозволуваат „Македонското име да загине“ и за него да се слушне со чест низ целиот свет. Сношти беше многу видливо дека во траорот кој последниве две години ни го приреди СДС-то и во морето на национално понижување, Вардар блесна како најсилното Македонско сонце давајќи ни кураж и прекрасен повод за прослава. Токму сношти се сетив на времето од моето детство пред 40-тина години, кога во целото маало во Крива Паланка само татко ми Александар (и покрај него и јас) навиваше за Вардар (останатите беа за Звезда, Партизан и понекој за Хајдук) и кога одевме на градски во Скопје да го гледаме Вардар, во пракса од татко ми и чичко ми учев за Македонскиот патриотизам на еден убав начин преку Вардар како репрезент на Македонскиот национален спорт и љубовта кон своето, кон нашето, кон Македонија.

Вардаре ти благодарам за најсилната и најчистата порака која ни ја испративте и за ведрината во тмурното време на национални порази кои ги доживеавме од оваа власт.

На денот на Светите Константин и Елена (21.06./03.06.2019)

**Плачко**

Ништо не остана од ароганцијата на Заев кога треба да се води европска политика во интерес на Македонија. Не дека ова не го знаевме, туку напросто привлекува внимание и вреди да се потсетиме на неговата ароганција и да направиме паралела со неговото моментално однесување и тоа на меѓународна сцена.

Ова е вистинското лице и на сегашниот и на оној Заев кој во 2016 година зборуваше за виткање на кичмата и се додворуваше во разни европски и светски центри на моќ, а во 2017 и 2018 и се обраќаше на опозицијата во Македонија со зборовите „да не мрчи“ и „да не паламуди“ уверен дека е надмоќен во сенката на своите газди.

Сега истиот тој Заев повторно го покажува сопственото грдо лице и моли и коли и писка до небо кај газдите му да добие датум за почеток на преговори за членство во ЕУ. Не да добие датум Македонија, туку токму како што напишав, лично Заев да добие датум, бидејќи Македонија одамна работи на тој проект и се надеваше на чесно постапување затоа што во 2008 година ги исполнивме условите за прием во НАТО, а од 2009 година имавме позитивна препорака за отпочнување на преговорите за членство во ЕУ. Тогаш во 2009 година проблемот беше името, но денес кога Заев го продаде и предаде името и идентитетот, очигледно дека проблемот е во корумпираноста и не реформскиот капацитет на владата на Заев, а дека и препораката која со последниот извештај ја добивме е повеќе од формална. Токму затоа, Заев бара или поточно плаче за датум за почеток на преговорите како негово лично барање, како милост за се она што им „учини“ на неговите ментори, како награда за ударот врз сопствениот народ и држава и продолжување на неговиот личен политички живот. Во тоа е суштината кога Заев вели дека ако не добие датум за преговори ќе падне владата. Колку е тоа лигаво, малоумно, нечесно, понижувачки и тоа за целата нација. Плаче кутар Заев пред ЕУ и моли исто како во неговите стари времиња кога виткаше кичма, се лигавеше и ветуваше дека се ќе стори само и само да дојде на власт, а всушност се нудеше нам да ни ја скрши кичмата, бидејќи тој никогаш и немал кичма.

Сепак, поважно е да анализираме зошто Заев толку многу рида што пискот и плач се слуша од него дур до небо. Тригерот што го откочи неговото плачење не е ДУИ и опасноста дека ќе му откажат љубов. Ниту тоа е резултат на некаков си Ел Чека и бомби, тоа е дел од фолклорот за замајување на народот. Нема ДУИ да го растурат бракот од интерес, и како што веќе неколку пати тврдам, тие се во цврста љубов (а во секоја љубов мора да има малку искри кои во овој случај ќе доведат до прочистување кое е однапред договорено), љубов која ќе ја крунисаат со заеднички листи на следните избори. За таа љубов ќе паднат неколку глави функционерски и од кај ДУИ и тоа токму за да си го кренат рејтингот по терктипот на случајот со Павле Богоевски (патем кажано него никој не го гони за сторено кривично дело туку го прикажуваат како морална големина, повторно за извртените слики на СДС кои ни ги подметнуваат). Едноставно, превртливоста и политичката и етичката

неморалност на ДУИ на македонската политичка сцена веќе приближно 20-тина години го наслика ДУИ во неговите вистински корумптивни, манипулаторки, националистичко-шовинистички бои кои се неприфатливи не само за Македонците, туку и за Албанците кои секојдневно живеат со истите животни тешкотии како и Македонците при што заедно се борат за воздух.

Тоа што го исплаши Заев ( или подобро дефинирано, го мотивира за плачење со однапред пресметана политичка математика) е избликот на национален понос и отворено искажување на несогласувањето со политиките на Заев, особено во врска со промената на името претставено во текот на дочекот на ракометарите на Вардар со слоганот „никогаш северна, само Македонија".

Кутар Заев, сепак успеа да прочита дека Македонскиот народ не е пасивизиран како што се надеваше и сега веќе покрај обезбеденото членство во НАТО и најавената очекувана метла и во владата (повторно напоменувам дека Заев прво себеси треба да се измете), а во недостиг на конкретни економски резултати, Заев едноставно плаче за политички спас (и не само политички...).

Нема да има ништо од пад на владата и брзи предвремени избори доколку не добие цврсти политички резултати, а како што го знаеме дека е маткач и лови во матно се надева дека со плачење ќе добие лижавче од ЕУ. За жал колку и да е кутар и недостоинствен Заев со неговиот настап пред ЕУ како премиер (па дури и аболициран и октроиран), сите нас не понижува.

Тоа што може да го очекуваме како политичка реалност е сигурен влез во НАТО, но уште поважно е цврстото зближување на СДС и ДУИ и избори кога тоа на Заев ќе му одговара, па така доколку добие било каква политичка порака за датум за почеток на преговори ќе имаме и предвремени избори, што нема да биде резултат на демократскиот напредок и реформите на СДС-то и Заев, туку како резултат на неговото молење и снисходливоста на ЕУ со цел да го остават во политички живот за не дај Боже.

Затоа за очекување е Заев сега да се расплаче и пред македонските граѓани (по теркот на онаа „не ме оставајте сам") дека тој се сторил за напредок и членство во ЕУ, но ете не го разбираат. Веројатно дека пораката кон народот ќе биде дека уште повеќе ќе треба да ја свиткаме кичмата и колективно да викнеме во плач за да се слушне до Брисел и да ни се смилуваат. Толку големо понижување и срам за Македонија и нејзините граѓани никој досега не приредил како што тоа плачкото Заев го прави во последниве две години.

Во меѓувреме додека Заев не занимава со плачење и молење, Спасовски (кои реално и со факти треба да се најде на трансфер за заминување од владата) дели решенија во МВР и тоа надвор од законот за внатрешни работи и системот за кариера, а се како подготовка токму за евентуални избори и онеспособување на функционирањето на МВР во техничката влада. Во овој контекст само ќе напоменам дека нема да им помине незабележано оваа гнасотија и беззаконие, а за кршење на законите и злоупотребата на службената должност и

овластувања се одговара кривично. Колку да си знаете дека тука плачењето нема да ви помогне.

Ги охрабрувам колегите од МВР кои противзаконито се засегнати со новите решенија да поднесат тужби. По добивањето на истите и исплата на отштетата лично ќе се заложам да има одговорност од Спасовски заради нанесена штета врз буџетот на Република Македонија и извршениот мобинг врз вработените во МВР кои се присилуваат да потпишат незаконски решенија за нивно прераспоредување.

Плачењето нема да помогне да се заборават неправдите, малтретирањето, понижувањето и штетите кои оваа влада на СДС-то ги прави врз сите македонски граѓани. Одговорноста од која најмногу се плашите и која е основен мотив за плачењето на Заев пред ЕУ е вистинската причина, а не национализмот. Проблемот кој го има Заев и дружината му од СДС-то и ДУИ не е национализмот и ВМРО-ДПМНЕ, туку корумпираноста, не владеењето на правото и не спроведувањето на законите, а тоа беше и порака на ЕУ во препораката за што веќе пишував.

Честит имендден на сите оние кои го носат името Спасе или Сотир.

На Вознесение Христово - Спасовден, 2019 лето Господово (24.05./06.06.2019)

**Стратегија**

Да се има национална стратегија како долгорочен план и документ со кои ќе се насочи државната политика во сите области, а со тоа ќе се гарантира опстанок на нацијата и нејзин просперитет е основа за напредокот и пред се опстанокот на една држава и нација. За жал, Република Македонија од својата самостојност нема ваков стратешки документ преку кој ќе можеме апстрактно, но реалистично да ја видиме нашата татковина за следните 50 или 100 години или пак ете барем за следните десетина години.

Недостигот од ваков стратешки документ кој пред се мора да биде флексибилен во мерките и активностите преку чија реализација ќе се постигнат темелните цели на нацијата, не доведе до состојбата во која сме денес како држава и нација. Кога велам флексибилен, а во исто време и цврст мислам на цврстината на крајните цели кои треба да се постигнат, но флексибилен во контекст на реалната политика и општествениот момент во кој се наоѓаме. Токму тоа е формулата за опстанок на малите нации „мудрост и флексибилност со многу разум, знаење и национална мобилизација на сите ресурси“.

Некаде кон крајот на 2017 година напишав еден есеј кој во три продолженија го објави мојот драг пријател Сотир Костов на сајтот svest.mk. Истиот есеј може да се најде и на крајот во мојата книга „Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија“. Текстот на околу дваесетина страници токму предупредува на немањето Македонска национална стратегија, а во контекст на јавно промовираната стратегија на Република Бугарија кон Република Македонија уште во 2008 година. Препорачувам да го прочитате посочениот есеј за да ви бидат јасни денешните случувања во односите на Македонија со соседите, особено контекстот на однесувањето на Бугарија и резултатите од добрососедскиот договор кој Заев го потпиша на 2-ри Август 2017 година. Едноставно нели (што би рекол некој), да си бидеме ние на чисто што самите себеси (односно СДС и Заев) си сторивме.

Тоа што денес го живееме е de facto состојба во која политичката прагма и стратегиите на соседните држави и големите сили ги остваруваат своите цели на долг период или се позиционираат за остварување на крајните цели. Она што ние го правиме во моментот како држава се вика „НИШТО“. Си чекаме и си траеме ние без и чекор да се поместиме да се обидеме да најдеме решение. Лично и не очекувам СДС и Заев да најдат решение, не дека се глупи, туку едноставно зафатени се ( а и секогаш биле) со дневно-политички стратрегии како да натоварат уште некоја паричка на личната сметка и како максимално хедонистички да ја трошат власта која им ја дадоа.

Знаејќи ја оваа состојба и поаѓајќи од актуелните состојби во Македонија, поединечно во односите со секој од соседите, регионот и геополитичките влијанија, потребно е да се подготви национална стратегија која ќе го детерминира правецот во кој ќе се движи Макеоднија и ке се реорганизира нацијата и државата со едноставна цел „опстанок на Македонската нација и држава“.

Пристапот кон создавањето на една ваква стратегија (не поголема од 25-30 страници) треба да биде сеопфатен, реалистичен со јасно определена стратешка цел, подцели, задачи, мерки и активности кои пак ќе доведат до постепено остварување на главната национална цел. За реализацијата на стратегијата неопходно е да се размислува флексибилно во дадениот општествен и геополитички контекст. Ние мора да бидеме дел од процесите, не да ги следиме или не дај Боже да бидеме надвор од нив. Како дел од процесите можеме да влијаеме врз истите, секако во онаа мерка во која ќе создадеме државни и општествени капацитети.

Констатирајќи од веќе видливите последици кои ги трпиме како нација и држава, дека СДС не е политичката сила која е способна да подготви национална стратегија и од нив нема што да се очекува освен штета врз државата, останува (а и природно е така) ВМРО-ДПМНЕ да ја преземе таа улога. Пред се ВМРО-ДПМНЕ историски и ја има таа задача и несомнено е дека треба да ја реализира. Во реализацијата на создавањето и операционализацијата на националната стратегија неопходно е да се мобилизира целокупниот интелектуален и академски потенцијал со кој ВМРО-ДПМНЕ располага и кој секако е подготвен да се стави на располагање заради интересите на Македонија и Македонската нација. Овој процес ќе биде тежок, бидејќи ќе бара редефинирање на некои сознанија, ќе бара флексибилност и изнаоѓање на решенија, но секако процесот најмногу ќе бара соодветно објаснување за целите на оваа „нова“ стратегија кај граѓаните на Македонија, а особено кај Македонскиот народ, но и пред меѓународната заедница.

Токму тука е моментот и тоа најтешкиот момент со кој ВМРО-ДПМНЕ како политичко лидерство и политичка структура ќе мора да се соочи со сите потешкотии да биде разбрана и прифатена од граѓаните една стратегија која ќе одговара на актуелната состојба, но ќе има тенденција за исправање на историските грешки и штети кои ни се направени. Секако дека реализацијата нема да биде лесна и ќе се соочиме со многу спротивставувања пред се од соседите, бидејќи со наша автохтона стратегија ќе ги попречиме нивните стратегии, но да запаметиме едно: „Битката за Македонија е битка на генерации и трае засекогаш“.

Доколку го знаеме ова и сме подготвени да ја водиме таа битка со сите сили и ресурси (секако на мирен начин), тогаш да бидеме подготвени на прифаќање на многу работи колку и да се горчливи, но во исто време да работиме на нивно отстранување.

На денот на Св.Висарион Чудотворец (06./19.06.2019)

**Давител vs Давител**

*Секоја сличност со Заев vs Заев е предмет на посеопфатна анализа на мотивите и крајните лукративно-политички цели на Зоран Заев.*

На почетокот на овој текст кој најмалку сакам да го посветам на глупостите кои Заев ги прави во дневно-политичката прагма сакам да поставам едно прашање на кое нема да добијам одговор, но сепак нека биде дека јас кажав: „Кој е генијалецот кој по теркот на политичките дејствувања во Србија му даде совет на Заев да биде две во едно“?

Оваа неталентирана политичка ефтина драма ќе мора да ја изгледаме до крај и уште згора на тоа ќе мораме да го платиме целиот буџетски износ за нејзиниот гламур и глупост.

За да не звучам како некој некогаш во стилот „реков и пак ќе речам“, едноставно нели, само ќе напоменам дека токму предвидов каква ќе биде метлата на Заев. Наместо самиот себеси да се измете (што е невозможно), тој реши да го дисциплинира??? ДУИ, односно да заигра на картата на засилување или приморување на зголемување на неговиот коалиционен капацитет со ДУИ.

Така на крајот, од сите нагаѓања во изминативе приближно два месеци, може да видиме дека само колегата Тевдовски го изметоа. Не дека Тевдовски беше сјаен па ќе имаме штета од таа работа, туку едноставно затоа што човекот од Данска не дотера во дупка, а овој „два во едно или три во едно“ сега ќе не дозакопа.

Сепак, целта на овој текст не е да зборуваме за тоа колку Заев е лош па сега уште ќе ни ги води и државните финансии или за тоа како сега кај него како премиер ќе биде и државното чекмеџе, а што претставува концентрација на енормна моќ во рацете на еден човек. Да не заборавиме дека од среда натаму Заев ќе биде премиер, министер за финансии и ќе раководи со координацијата на безбедносните служби. Па тоа е всушност „три во едно“, како бргу напредува човекот нели, а сите го подзаборавaме овој клучен момент наречен „координација на работата на безбедносните служби“. Целта на овој текст е едноставно анализа на она што не очекува со Заев –три во едно во следниот период и зошто тоа го прави.

Никогаш на Заев не му беше ниту ќе му биде до реформи, основната премиса на неговата политичка игра е едноставно „како да ја концентрира моќта во свои раце“, а тука не се работи за формална моќ, туку за конкретна моќ. Сега тоа е повеќе од јасно, само незнам на кого сега не му е јасно за што тоа и против кој режим се бореше Заев додека да дојде на власт. Откако „конструктивната“ опозиција на што се фати ВМРО-ДПМНЕ му ги изгласа сите закони од обласста на безбедноста (а цело време инсистирав на стриктна поделба на одговорностите во однос на безбедносните служби и вклученост на Собранието), па потоа Заев си го именува Виктор Димовски (да се потсетиме на ТАТ) за директор на АНБ, сега го презема и Министерството за финансии.

Токму онака пополека ќе не дави во дупката или како што вели познатата народна песма „в 1767 лето“, „ќе не м’лзе ќе не стриже до крв“.

Токму тука е спојот на моќта во еден лик под маска, а вистинското лице на „наивниот“ ни и „демократски“ премиер допрва ќе можеме да го видиме. Располагајќи со премиерската функција, моќта на директен допир и одлучување за трошење на буџетските средства (не случајно најави ребаланс до крајот на годината), контрола над безбедносните служби под прикритието за координација на безбедносниот сектор и директното именување на директорот на АНБ е концентрација на моќ која во Македонија ја немал никој досега. Последиците ќе ги видиме многу бргу, но најпрво ќе треба да се позанимаваме со тоа која е целта за овие потези на Заев (патем сите сметавме дека е „црпнат“, но ќе биде дека има диктаторски претензии и е многу блиску до нивно остварување).

Последиците од оваа три во едно операција на Заев, или подобро дефинирано целта која треба да резултира со конкретен политичко-лукративен резултат на Заев се нарекува **„предвремени избори во Февруари-Март и безусловна победа на СДС и Заев“**. Секако ова ќе биде покриено со напредокот на Македонија за добивање на датум за преговори за членство во ЕУ, експедитивноста во работата, загарантираниот економски напредок, повисоки плати и пензии и сите други убави приказни, но главната цел за лично богатење и неограничена моќ нема да го каже, барем на јавно.

Всушност, Заев наголемо се подготвува за предвремени избори на кои ќе стартува со огромна предност. Таа предност сега се обидува да ја достигне со политички интриги и игри на локално ниво и додворување надвор. Анализата на остварувањето на планот на Заев ќе се обидам да ви ја претставам во неколку точки (чекори) без при тоа подетално да ги елаборирам:

1.Од 26-ти Јуни па се до почетокот на Октомври Заев ќе бара мораториум на критиките за работата на владата, бидејќи ќе има нова влада и ќе користи 100 дена грејс период. За ова време беспредметно ќе биде да се дискутира за „резултатите и ефектите“ од работата на „новата влада“.

2.Во овој период новиот генерален секретар на СДС-то интензивно ќе работи на терен во основните организации за средување на состојбите и санирање на последиците од катастрофалното владеење и тоа првенствено помеѓу сопственото членство, а со единствена цел како да ги мобилизира сите сили за претстојните избори. Затоа и изјави Заев дека летово нема да има ништо драматично, паузата на новата влада ќе ја искористи за средување и себе засилување во СДС-то.

3.Во Октомври веќе е позиционирано (иако не и загарантирано) добивањето на датум за почеток на преговори за членство во ЕУ (иако напоменувам дека тоа е оквирен датум и не мора да значи дека тогаш ќе започнат преговорите, а кога ќе завршат е сосема друга приказна). Добивањето на дури и формален датум за преговори е политичкиот бенефит кој Заев со душа го чека заради оправдување на сите глупости кои и ги направи на Македонија.

4.Во средината на Декември ќе биде завршена ратификацијата за прием на Македонија во НАТО со што Заев ќе го заокружи и вториот политички бенефит, а сето ова ќе го прикаже како успех на владата и СДС-то и ДУИ. ВМРО-ДПМНЕ нема ниту да го спомене во оваа фалба или само формално што би се рекло колку „да исплакне уста“.

5.Најавата за зголемување на платите кај јавната администрација и зголемување на пензиите (реално е возможно за 5-10%) ќе биде популистичката економска мерка која ќе ја реализира сукцесивно во Септември, Ноември и во Декември со одлука на влада и очекувана важност од Јануари 2020 година. Впрочем затоа и најавува ребаланс, а тоа значи нови задолжувања. Како додаток на ова е и популистичката лага за враќање на ДДВ, па така некаде во Декември ќе пристигнат и првите пари од враќање на ДДВ-то.

6.Во целиот овој период контролата на буџетот во рацете на Заев ќе значи целосна контрола на државните пари и нивно „безболно“ или без видлива трага подобро кажано (под заштита на АНБ и безбедносните служби) прелевање на приватни сметки како резултат на реализираните тендери, кои пак ќе прикажуваат напредок на државата и раст на економијата и вложување во инфраструктурата која тешко ќе ја гледаме. Очекувајте повторен ребаланс на чинењето на автопатаот Кичево-Охрид и слични големи зафати, особено во енергетиката.

Така „набилдан“ и политичко-економско-социјално подготвен, за очекување е Заев да распише избори на крајот на Декември со датум на одржување кон крајот на Февруари или самиот почеток на Март. Техничка влада (од некои 60-тина дена ќе има), но со немање моќ за смена на директорот на БЈБ, координирањето на сите безбедносни служби од страна на премиерот (технички кои нема да може да ги смени клучните безбедносни актери), завршената „социјална програма“ за популистички настап, поради што може да очекуваме диктаторски избори во кои опозицијата ќе треба да се бори за воздух во пракса, а формално ќе има министри во техничката влада.

Тука доаѓаме и до завршната поента на овој текст за да давителот не не удави. Тоа е улогата на ВМРО-ДПМНЕ. Многу е јасно дека ВМРО-ДПМНЕ итно мора да направи стратегија за настап. Стратегија во коалиција со народот со сите граѓани доколку сака да обезбеди услови да победи на следните предвремени избори. Играњето улога на „конструктивна“ опозиција која во пракса ќе биде злоупотребена за дневно-политички и лукративни цели од страна на диктаторот во зачеток Заев, е штетна политика не само за ВМРО-ДПМНЕ, туку и за Македонија. Насушно е потребно на нашите партнери од надвор да им се објасни дека ВМРО-ДПМНЕ е конструктивна опозиција во контекст на поддршка за добивање на датум за преговори со ЕУ, но не и да замолчува пред еклатантните тенденции на Заев (видливи конкретно во неговите чекори на политичката сцена) за воспоставување на диктаторски политички модел со моќ концентрирана само во него. Ова е алатката со која ВМРО-ДПМНЕ аргументирано ќе може да се бори против режимот на Заев и тоа да им го објасни на нашите надворешни партнери од ЕУ и НАТО. Од тука

натаму останува на ВМРО-ДПМНЕ како ќе ја осмисли, организира и реализира стратегијата за демистификација на Заев како „наивен и демократ“, внатре и надвор од Македонија и истакнување на основната поента на Заев, а тоа е: **остварувањето на неговите најниски лукративни цели преку диктаторско владеење со Македонија.**

Воведот во диктатура започнува на 26-ти Јуни 2019 година, доколку совреме започнеме со борба против режимот кој крајно смислено и перфидно сака Заев да ни го инсталира, дотолку ќе обезбедиме услови да на демократски начин го победиме на следните избори. Секое доцнење ќе биде погубно за сите граѓани на Македонија, бидејќи ова не е прашање само на Македонците туку прашање на секој од нас поединечно како граѓани без разлика на етничка припадност, вера, пол и убедување. Ова е прашање на демократијата и демократските вредности и нивна заштита од обид за тоталитарно владеење преку лаги во политиката.

На денот на Светите апостоли Вартоломеј и Варнава (11./24.06.2019)

**Кој му даде безбедносен сертификат на Заев**

Насловот е прашање на кое треба да се побара суштински одговор. Тоа е токму клучниот индикатор за состојбата во која се наоѓа Македонија во актуелниот миг. Состојба која ја карактеризира разрушен државен систем во сите аспекти на државност. Во овој актуелен момент, Македонија е псеудо држава, во која не функционираат институциите на системот, бидејќи системот е девастиран и псеудо држава со која раководи лик под маска со крајно сомнителна состојба за извршување на било каква функција, а не пак премиерска.

Се би било смешно доколку настаните во последниве 24 часа не се до тој степен сериозни што како нација треба да викнеме во еден плач и ридање поголемо од онаа што се слушало од Галичник до Река и можеби поголемо од плачот на Израилот на реките Вавилонски.

Тоа што го имаме како сегашен резултат, а посебно што ќе има последици во иднина врз државата тешко е да се опише, објасни, процени, анализира и врами во една колумна. Но, ете ќе се обидам накратко да ги сублимирам безбедносно-политичките штети кои ги предизвика безбедносната некултура на Заев, а што се должи пред се на одговорот на прашањето поставено во насловот. Впрочем, одговорност за оваа што денес ни се случува носат многу институции и поединци, но според епилогот од кажаното на конференцијата за печат од страна на Заев, никој нема да носи одговорност. Едноставно е нели, се е мајтап, па така може да очекуваме и медиумите на Заев се да сведат на едноставна шега на која наседнал „наивниот“ Заев. Сега се прашувам: „Дали луѓето кои извршуваат државни функции во владата, кабинетот на премиерот и безбедносните структури имаат минимално чувство за одговорност поради овој скандал“? и „Дали сите тие на чело со Заев се свесни за штетата која ја нанесоа врз Македонија“? Таа штета е повеќедимензионална, повеќенасочна и долгорочна на политичко-безбедносен план со импликации и на социјален и економски, колку и да се обидуваат да ја минимализираат целата безбедносна некултура, нефункционалност на системот и незнаење. За носење конкретна и директна етиучка, политичка и безбедносна одговорност нема да стане ниту збор, бидејќи да имаше и минимално чувство на одговорност денес Заев ќе поднесеше оставка и ќе побараше да се распишат избори.

Гледано од аспект на градењето доверба и кредибилност пред нашите партнери може да кажеме дека првиот удар ќе биде токму тука. Имено, каков впечаток ќе оставиме пред НАТО и ЕУ? Сите земји членки на НАТО и ЕУ до крајни граници ќе внимаваат во односите со нас или поточно кажано ќе бидат недоверливи кон нас и при најбанални изјави, а не во контекст на креирање и спроведување на клучни стратешки планови и активности. Згора на тоа, објективно ценето којзнае колкава ќе биде штетата врз споменатите политички лица од други држави и изнесување на детали за разговорите со нив. Како последен сегмент е изнесувањето на планови за определени активности, заради што може да се предизвика небезбедност од аспект на поттикнување на групи

и државни недржавни актери на дејствување и особено поттикнување на асиметрични закани во регионот и кон Македонија.

Второ е тоа што се нарушуваат односите со соседите, а преку изнесување на информации за политичко дејствување на соседни политички водства во решавањето на билатерален проблем, со што повторно се креира недоверба и се даваат аргументи за поттикнување на закани и ризици врз безбедноста. За личните односи понатаму на Заев со Харадинај и со Вучиќ воопшто не сум засегнат, но за перцепцијата кон Македонија и состојбата на нејзините институции сериозно сум загрижен. Посебно е прашањето на односите со Грција, односно со новата влада на Мицотакис и нивниот однос кон претходно преземените обврски на Заев што ќе се темели врз нивната проценка за политичко-безбедносниот капацитет на Македонската влада и институции (за капацитетот на Заев веќе од порано им е јасно).

Третата работа е концентрирана околу решавањето на прашањето на МПЦ и ударот врз Вселенскиот патријарх Неговата светост Вартоломеј. Ова директно ќе наштети на МПЦ и нејзината и на целиот Македонски народ вековна борба за автокефалност. Буквално, по сите глупости кои и ги приреди на МПЦ, Заев успеа на крајот да го дискредитира и Патријархот Вартоломеј, а со тоа да затвори уште една врата за МПЦ. Сега во контекст на второто и ова третото, може да очекуваме што се ќе стори Вучиќ во однос на поттикнување на позицијата на СПЦ против МПЦ и како сето тоа СПЦ ќе го искористи во Константинопол но и кај другите помесни Православни цркви. Не сакам ни да помислам на каков потсмев ќе бидеме ставени како народ, држава и црква. Ќе бидеме во очекување како на оваа кон Заев ќе реагира МПЦ.

Последната работа е нападот врз Русија и обвинување дека Русија стои зад оваа глупост на Заев. И да е сето тоа така, а што во пракса многу тешко ќе можеме да го докажеме, тоа Заев не смееше да го спомене во никој случај. Едноставно, се знае до каде смее да се оди, особено во обвинувањата кон некоја друга држава. Во овој случај се работи за земја која е постојан член на Советот за безбедност при ООН. Верувам и видливо беше дека Заев сакаше оваа да го искористи за да обвини медиуми и политички партии за про Руско делување, а за свои личен интерес, но зарем повторно ќе си играме со тривијалности. Ете и јас велам дека е можно зад оваа глупост на Заев да е целосно планирана операција и тоа од Руските служби, но прашањето не се Руските активности туку „КОЈ МУ ДАДЕ БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ НА ЗАЕВ“?

Впрочем, како тоа се стигнува до премиер и се успева да се разговара со него за сериозни сензитивни информации и политичко-безбедносни прашања под лажно претставување и тоа неколку пати.

Ова е основниот проблем, а не расказите за мали деца кој стои зад тоа или „искреноста“, „чесноста“ и „отвореноста“ на Заев нашироко познати.

Ние имаме проблем со функционалност на системот со Заев како лице кое има дискутабилен капацитет и коруптивни лични тенденции, со неговата неспособна и нестручна политичка структура која владее со Македонија.

Имаме сериозен проблем кој не дефинира како несрериозна, небезбедна, некредибилна, склона кон коруптивност и псеудо држава без систем кој функционира. Трагично е тоа за нас како држава, но уште потрагично е тоа што никој нема да понесе одговорност, а театарот на сенките ќе продолжи да се игра до бесконечност.

Крајната цел е да се уништи и оној биолошки минимум на стабилно и квалитетно Македонско население (без разлика на етничкото потекло) за да се доразгради државата, затоа и без внимание поминува планот за населување мигранти, затоа сме за мајтап и со оваа последна глупост на Заев, само ни покажуваат каде сме.

Молчејќи и правејќи се недоветни сите ние сме учесници во политичко-безбедносното загрозување на Македонија, регионот и пошироко, бидејќи работата не е за смеење колку и јас самиот да се обидувам да бидам саркастичен во пишувањето, работата е премногу сериозна и имплицира сериозни последици.

На денот на Преподобен Давид Солунски (26.06./09.07.2019)

**Евтини приказни на барон Минхаузен Хибридов**

Во минатата колумна реков, не е смешно луѓе, за ридање, плач и пискот е работава. Да редиме до небо за плиткоста на умот на оние што ја водат државата.

Намерно се прави збрка во умот на граѓаните за да не се разбере што покажа и каква штета нанесе неодговорноста, безбедносната некултура и немањето чувство за стратешка сигурност од страна на Заев (лицето кое е во улога на премиер). За жал кон тоа придонесуваат и псеудо експертите од некои НВО-а и нивните портали и писанија, како и универзитетски професори насочени кон заштита на ликот и делото на Заев или негово измивање. Аман луѓе, Заев е измиен од многу нешта, најпрво од етика и морал (бомбите на Ел Чека за случајот Нешковски-Бог да го прости), потоа од срам и перде (политичките и сите други лаги на кои не можеме веќе ни да се сетиме за да ги наброиме колку многу ги има), од знаење на основни поими и познавања, од политички чувства и коректност, од национално чувство, од чувство за личен и државен интегритет и секако од основи на безбедносна култура и препознавање на тоа што е сигурност на граѓаните и државата (државна сигурност). Затоа, остануваат залудни обидите да се измие нешто што е измиено од секаква вредност и во тој случај платените мијачи само се валкаат со гнасотијата на оној кого сакаат да го измијат и прикажат на јавноста во убави одежди променет. Но, темата на мојата колумна не е да се занимава со Минхаузен Хибридов во однос на опишување на неговиот лик под маска (маските одамна паднаа и грдото лице се гледа), ниту пак да се занимавам со неговите недела (а ги има многу, впрочем има ли поголемо недело од поигрувањето со болката и чувствата на родителите за изгубеното дете и со чувствата на граѓаните, а тоа покажува нечовечка димензија на оној чиј ум го смисли и спроведе тоа недело), туку да поттикнам едно критичко размислување кај секој граѓанин во Македонија за состојбите по прашање на функционирањето на државата и зошто ни се случува оваа Монти Пајтон приказна која реално е многу понижувачка и болна.

Најпрво да расчистиме нешто околу поимите за кои сите се закачија, односно околу поимот „хибридна војна". Современата безбедносна наука поимот хибридна војна го воведува во однос на перцепцијата за третата генерација на војни (се мисли на облик на војување како стратешки пристап пренесен во операциите кон спротивната страна), но всушност светот веќе е во фазата на четвртата генерација на војување или таканаречената „proxy војна". Всушност станува збор поедноставено кажано за специјална војна (ова за да не ве заморувам со дефинирање на поимите и нивна компарација во однос на теориското значение на современото поимање на војната како општествен феномен кој никогаш нема да престане), односно со вклучувањње или не на судирите со низок интезитет иако специјалната војна како поим е попозната за граѓаните и доколку некој сака да зборува за хибридна војна (а нели тоа некој му го има кажано на Заев да го искористи како терминолошка основа за оправдување на сопствените глупости и безбедносни пропусти на неговиот

кабинет), тогаш подобро да се сведе на една едноставна поимовна определба и да зборува за специјална војна, бидејќи во било која генерација на војни не е важна терминологијата туку разбирањето на тактичко-оперативното дејствување заради остварување на стратешките цели. Како дополнување на практичното поимање и искуство за специјална војна ја имаме состојбата во Макеоднија во 2015 и 2016 година, кога токму Заев со неговото СДС и „шарените“ беа алатката за спроведување на истата, а со користење на разни инструменти како: предизвикување на немири, демонстрации, насилни демонстрации, удар врз финансиската сигурност на граѓаните и други активности кои практично на терен и политички ги презамаа дефинирајќи ги како „демократско право“. Одтука, се прашувам зошто сега „мајтапот“ кој му го направија на Заев со претставата за Порошенко и Столтенберг не го третирате како демократско право на некој да се шегува со некого, туку зборувате за хибридна војна?

Поради овој настан, сега може да зборуваме за тоа кој што тресе во јавноста и што всушност нам ни се случува. Да појдеме од стратешките цели:

1.Стратешка цел на Република Македонија е влез во НАТО. Таа цел е остварена во овој момент (на каков начин нема да коментирам сега) и се наоѓа во завршна фаза. Проблемот нема да биде дали ќе се ратификува протоколот во сите земји членки. Проблемот го направи Заев со својата безбедносна некултура. Прашањето кое сигурно веќе го добил од нашите партнери од НАТО, а кое го крие од јавноста, претпоставувам е во контекст на тоа како е возможно да се направи ваков безбедносен пропуст во земја која е на портите на НАТО. За останатите приватни прашања не сакам ни да помислам како изгледале.

2.Стратешка цел на Русија и не само на неа туку и на Кина како глобален актер, секогаш ќе биде остварувањето на влијание врз определен регион или држава. Проблемот е во тоа што Заев како лице кое е на должноста премиер им овозможил да ја реализираат таа стратешка цел и тоа директно преку сопствената неграмотност и безбедносна некултура, односно незнаење на неговите советници и кабинет. Не е поентата да те викаат „премиере“ и да ти се лигават и смеат и да те фалат колку си добар, поентата е да знаеш да работиш чесно и со ум и одговорност за сопствената држава и народ.

3.Стратешка цел на соседните држави е токму да имаат директно влијание врз Македонија на секој можен начин. Проблемот е токму во тоа што Заев (а за жал и Пендаровски-љубави) како врв на државата покажува нестабилност, неодговорност и ги загрозува односите со соседите, со што дополнително ги поттикнува да не сметаат за слаба и несериозна држава (да не употребам некоја потешка квалификација) и им ги зголемува апетитите за остварување на нивните стратешки цели наместо да ги одвраќа (за улогата на одвраќањето во безбедноста и одбраната на државата во друга прилика).

4.Која е стратешката цел на Заев? Тоа да биде добро информиран (можеби тенденциозно)? Да ги искористи тие информации кои некој му ги дал за да се себепромовира? Да спечали уште едни избори и власт од 4 години?

Многу прашања има, но на нив нема да давам одговори во колумнава која е пред вас. Се надевам дека барем опозицијата ќе се обиде да даде одговор на прашањата кои се однесуваат на стратешките цели на Македонија и во регионот на сите актери, за да народот не се самоорганизира нели.

На крајот, проблемот не е во САД или Амбасадата на САД како што некои се вадеа за своите одлуки, проблемот не е ниту во Русија, Кина , ЕУ или друг глобален актер, а по се изгледа дека не е ниту кај нашите соседи, бидејќи секој од нив си ги гледа своите интереси. Проблемот е во нас или поточно кажано во нашето државно и политичко раководство. Проблемот е во нашиот капацитет да согледаме какво е раководството, во нивниот некапацитет за лидерство. Проблемот е во проценката дека сме на ниво на национално IQ82, а што е веќе индикатор на ризик за можни загрозувања на безбедноста.

Многу проблеми, а никако да дојдеме до решението иако тоа постои. Но, за тие прашања повторно во друга прилика, се во свое време.

Во меѓувреме да ги замолам „безбедносните експерти“ од секаков профил да се воздржат од бранење на неодбранливото, бидејќи очигледно е дека Заев „мува не го лази“, да тресе глупости, а потоа зборува нешто друго со Рускиот амбасадор, да си разменува сликички со мајтапчиите, да нема ниту срам ниту перде пред соседите и најболно од се е препознавањето дека нема човечки капацитет, етика, морал, чувства. Во меѓувреме опозицијата не реагира или конфузно и млако реагира, а треба да реагира цврсто и со јасен план, не заради себе си, туку заради заштита на угледот, честа, иднината и сигурноста на државата и граѓаните.

На кого после се не му е јасно со кого си имаме работа, и кој не се плаши од тоа кој тоа ни ја води државата, тој слободно може да чита написи од псеудо експерти нарачани по теркот на Минхаузен Хибридов.

На Павловден  (01./13.07.2019)

**Има ли пилот во авионот**

Има ли пилот во авионот Македонија или пилотира копиљот кој лета, но не знае да управува. Сарказам и подбив со државата и народот, со граѓаните на Македонија, бидејќи ете две години се движевме по инерција и сега е време-невреме кога никој а најмалку Заев знае каде треба да се движиме или да слетаме, а нема кој да го слета авионот.

Кога поставував прашање „Кој му даде на Заев безбедносен сертификат"? И кога тврдам дека платените аналитичари-советници на Заев и некои универзитетски професори немаат допирна точка со познавањето на хибридни, специјални или proxy војни, токму зборувам за загрозена безбедност на Македонија и тоа на државно ниво.

Каде се чуло и видело странска држава и служба да спроведува ПИ мерки во друга држава и тоа без знаење на домицилната држава. Само кај нас во Македонија, во останатиот свет тоа се нарекува „разузнавачка активност". Реков јас дека треба да ридаме до небо, но ниту таа метафора никој не ја разбра сериозно, бидејќи очигледно е дека Македонската јавност живее во Орвеловска реалност, но затоа пак ЕУ и нивната јавност ја имаат вистинската слика за збрката во Македонија.

Резултат од оваа збрка е и повикот на Заев за лидерска средба, односно на истата треба да се измие од срамот и за потребите пред домашната, но и пред меѓународната јавност треба да покаже дека интензивно работи на расчистување со организираниот криминал, корупцијата и тоа во сопствените редови, а уште и дека е посветен на евро интеграциите. Целосен театар во кој очигледно ќе биде вовлечена опозицијата, бидејќи ДУИ и Алиансата веќе влегоа во играта, но со своја математика.

Нема простор за водење „хибридна„ војна како што милуваат заевите експерти да пишуваат, доколку тој простор не го отворија неспособната влада на Заев и корумпираниот СДС, а за што во континуитет цела година наназад укажуваа нашите партнери. Така и дојдовме до оваа траги-комична состојба во која соседна држава ни спроведува ПИ мерки за откривање на организиран криминал, уцена, изнуда и слично. Прашањето е: „каде се нашите служби, или зафатени со трансформациите (во своја политичка полза) во безбедносните структури немаат ниту насоки ниту волја да гонат случаи на висока корупција и организиран криминал"? Во овој дел на трансформацијата на безбедносниот систем своја улога има и опозицијата, но за тоа во друга прилика. Во моментов може да отвориме експертска дебата за тоа дали Заев води специјална војна против сопствената држава и да зборуваме за појавни облици на државен тероризам со што се создава страв и несигурност кај граѓаните. Но, сепак таквата расправа треба да даде и решение кое нема да биде насочено кон оправдување на политиките (ако воопшто има некакви политики) на Заев.

Токму оставката на Катето претставува чист пример за сите вас од шарените и од СДС пaѓачите во несвест по Заев како и неговите експертски и универзитетски бранители, дека самиот Заев ќе ја употреби метлата (неговата

или онаа што ќе му ја даде под принуда ЕУ-во овој случај соседна држава) единствено во случај кога ќе му биде загрозена неговата кожичка. Тогаш нема да има сентимент кон никого, па така и Катето која толку многу го задолжи, ја измете. Единствено себеси нема да се измете, него ќе треба да го измете возобновувањето на системот и тоа по сила на закон. Како дел од трендот за дорастурање на системот е и идејата на Заев за менување на здравствениот, пензискиот и социјалниот систем чии последици се обиде да ви ги објасни колешката Каракамишева, но конкретните последици од еден таков монструозен проект ќе ги почувствуваме многу бргу по неговото имплементирање.

Но, прашањето повторно се враќа на стручно-експертско ниво, а тоа е поврзано со функционирање на државниот систем и се однесува на тоа кој всушност управува со државата, без разлика дали наместо пилот има копиљот кој знае или не што прави. Во конкретниот случај при урнат (не нарушен), токму урнат систем на функционална држава нема потреба од глупави лидерски средби на кои на Заев ќе му се дава легитимитет и шанса за опстанок.

Ние сме зрели за принудна управа во обликот на експертска влада која ќе има поддршка и доверба од народот и од нашите партнери надвор, со краток но прецизен мандат и единствена задача да во ограничен временски период го возобнови и стави во функција државниот систем на Македонија како граѓанска држава. Времето за превенирање на состојбите особено во однос на државната сигурност со која е поврзано функционирањето на државниот систем во целост е поминато, време е за итна реакција.

Затоа нема простор за гледање сеир и ситење на глупостите на Заев и Орвеловско учествување во неговата „Животинска фарма“ со пишување по социјални мрежи или незнам какви просветлувачки очекувања на неговите лидерски средби. Одамна напишав дека сите ние ќе бидеме генерациски виновни пред историјата што со нашата неактивност ја донесовме државата до тука.

Секое понатамошно одложување на агонијата во која паѓаме како општество ќе носи неизвесност и запалива атмосфера во која е загрозена државната сигурност (тоа е сигурност на граѓаните во сите аспекти) во која ќе недостасува само уште пиљарот Мухамед Буазизи во наша верзија (а ќе се најде некој таков). Убеден сум дека тоа го гледаат и нашите партнери од НАТО и ЕУ.

На денот на Св.маченик Јакинт (03./16.07.2019)

**Молк на интелектуалната и академска јавност**

Во Македонија работите не одат на добро, а една од многу значајните причини која придонесува за зголемување на ваквиот негативен тренд е недостигот на критички однос кон глупостите на власта. Поттикнувањето и артикулрањето на критички однос е обврска на интелектуалната и пред се на академската јавност која е коректив на етичките и моралните норми во општеството, односно чувар на законитоста во релациите во општеството. Тоа не е обврска на Комисијата за антикорупција, таа е државен орган, тоа е обврска токму на академската јавност која врз основ на етиката и моралот на почитување на општествените норми и квалификација на знаењето треба да го насочува јавното мислење и трендот на критика кон се она што власта го права аморално и неетички во својата трка за пари и злоупотребата на моќ. Оваа критика не треба да биде политички мотивирана туку токму академски и интелектуално со цел зачувување на националната ментална и морална хигиена. Кога зборувам за национална ментална и морална хигиена не мислам исклучиво на Македонскиот народ, туку на сите граѓани на Република Македонија кои без разлика на етничкото потекло ја сочинуваат Македонската нација и директно се загрозени од порастот на неетичност и неморалност за кој тренд интелектуалната и академската јавност молчат.

Зарем само професорите, колегите Каракамишева и Калајџиев, како и инспекторот Илиевски се единствените кои се подготвени отворено да пишуваат, коментираат, аргументирано критикуваат или како инспекторот Илиевски согласно своите законски овластувања да преземаат мерки за попречување на општествената неетичка и противзаконска девијација?

На ова хипотетичко прашање не е можно да се даде ниту конкретен одговор, бидејќи во прашање е чувството за општествена одговорност кое го носиме во себе како интелектуална и академска јавност. За жал тоа чувство очигледно го немаат многу од колегите кои на времето беа исклучително гласни во разно-разни професорски, студентски или еснафски пленуми. Очигледно дека целите и намерите им беа лукративни, така што сега добро и упорно, „мудро“ молчат. Во исто време најлесно е да го критикуваат колегата Мицкоски кој е дел од академската јавност, но како лидер на најголемата политичка партија во Македонија е најмногу на удар. Не навлегувам во исправноста на политичките одлуки на опозицијата, но поентата е да му се помогне, не како на политички лидер, туку како на колега универзитетски професор, а се со цел за да се вратат моралните вредности во општеството и да може истата таа академска заедница и интелектуална јавност да реагира и на евентуално идните грешки на колегата Мицкоски како Премиер. Тоа е морално и етички, а во служба на нацијата, државата, општеството, граѓаните.

Во вакво невреме во кое се урива државниот правен, правосуден и обвинителски систем, исто како што се урива и образовниот систем (преку незаконското унапредување на колеги на Тетовскиот универзитет), сите овие недела и неетичност, пртоивзаконитост и обиди за неказнивост, неможе и нетреба да поминат во молк на академската заедница и интелектуална јавност.

Поедините „крикови“ во насока на освестување на јавноста несмеат да останат изолирани. Неакадемски и неморално е да се воспитуваат идните академски граѓани, а во исто време да се молчи пред неспорните факти за страшни скандали во обвинителството, судството, владата, образованието и јавна демонстрација на незнаење, неграмотност и интелектуален дефицит на оние кои се власт. Исклучително неетично е да колегите министри, заменици министри и директори кои противзаконито добиле унапредување во академската заедница, молчат и покажувајќи политичка моќ се обидуваат да се пресметаат со инспекторот Илиевски, а при тоа егзекуцијата (исклучиво лукративно - политички мотивирана) да му ја препуштаат на директорот на Државниот Просветен инспекторат. Ова се чекори кои ја урииваат државата и нејзиниот систем за нормално функционирање, а воедно не воведува во сферата на неказнивост и нееднаквост пред законот или хаос на владеењето на правото на посилниот-помоќниот. Затоа и свесни за оваа можност во самата академска заедница ќе се судираме со самоволие на ректори, сопственици на приватни универзитети и други самоумислени моќници кои надвор од законска процедура ќе делат откази на професори и нема да им исплаќаат плати, надоместоци и придонеси, односно ќе се однесуваат понижувачки кон академскиот наставно-научен кадар.

Свесни за ова, сепак колегите од академската заедница молчат, гласно молчат чувајќи ја својата умислена позиција, авторитет и углед, а всушност ги чуваат своите приходи и комоција, додека во реалноста студентите нашите идни академски граѓани гледаат што се случува во општеството. Како тогаш почитувани колеги очекувате нашите млади колеги да останат и да творат во Македонија кога гледајќи ја хипокризијата уште во самата академска и интелектуална заедница веднаш на почетокот губат надеж за иднина во Македонија.

Контекстот на реакции заради зачувување на доблеста и етиката во општеството требаше да биде громогласен поради сето она што ни го приреди власта. Поради Катица за чија неморалност и нестручност надалеку се слушаше, а за жал сега и се гледа колку и невешто да се обидуваат да ја сокријат вистината дека „царот има кози уши“, требаше да реагира целиот Правен факултет Јустинијан први, (не само колегите Каракамишева и Калајџиев), а по него и сите акредитирани правни факултети во Македонија како и поединечно сите доктори на правни науки без разлика дали имаат наставно звање. Нема да ги споменувам сите силни правници, професори, адвокати и незнам кој уште што со сите сили се бореа против „режимот нели“, а сега ги нема никаде удобно сместени во своите „заслужени“ кабинети. Трагично е академската јавност, срамежливо да „реагира“ во сопствените кулоари, а во медиумите да се гради лажна приказна (полека и најпрво срамежливо) дека Заев е тој што е на челото на борбата против организираниот криминал, „пријавувајќи“ го случајот Рекет. Во исто време се забавува јавноста со боледувањето на Катица, намерно свртувајќи го вниманието на јавноста кон тривијалности. Молчи академската јавност и срамежливо тук-таму кулоарски коментира дека истрагата за Рекет треба да опфати повеќе лица од СЈО, а за тоа дека овој случај ја отвори целата

слика за суштината на оваа СЈО и неговата политичка намена за потребите на Заев нема да слушнеме ниту збор. Одтука, насушна е потребата сега и веднаш академската јавност да даде поддршка за итен престанок на било какви активности на СЈО и да се преиспита целокупната досегашна работа на Катица и СЈО во сите претходни предмети, особено во однос на доказите поради што е вршен и сеуште се врши прогон врз многу луѓе. Во една прилика напишав една колумна „кој ќе им суди на Катица и Заев“, сега издадена во мојата книга „Премрежијата за едно историско време за Македонија“. Ве молам пронајдете ја за да се потсетиме на веќе кажаното.

За трескањето глупости од страна на Заев (не е ниту прв ниту последен пат), повторно нема стручна, интелектуална и академска реакција. Се јави Милчин и секако лицемерно Лилјана Поповска од ДОМ за да каже нешто. Доколку реакцијата на Поповска е искрена можеше да реагира со напуштање на парламентарното мнозинство и со тоа да даде личен пример. Нема реакција ниту од колегите од историските науки.

Сето ова е жално. Нашиот конформизам ја уништува државата, го разјаде општественото ткиво на Македонската нација и го уништи системот за функционирање на државата. Одржувањето во живот на државниот систем и нацијата е задача на интелектуалната и академската јавност. Тоа е наша историска, општествена, морална одговорност.

Ги замолувам сите колеги од академската заедница, а особено колегите од правните науки да бидат храбри и да ја заштитат законитоста во Македонија, како и колегите од историските науки за да ја заштитат фактичката историја на Македонскиот народ и на Македонија, нашата лукративност драги мој колеги скапо не чини веќе, а доколку продолжиме по овој пат нашите наставно-научни звања ќе станат беспредметни и ќе бидат за потсмев сега и засекогаш, бидејќи покажуваме недостојност. Да се запрашаме каков ни е реалниот авторитет пред нашите помлади колеги, студентите идните членови на академската заедница.

Молкот е неподнослив и срамотен чин кој не доликува на академска и интелектуална јавност во било кое општество и под било каква закана врз личните интереси и цели.

На денот на Св.45 Никополски маченици (10./23.07.2019)

**Еурека**

Еурека, се провикна Заев на прес конференцијата, полн со радост дека осознал како во сајбер просторот се шират лажни вести.

Ова епохално откритие има за цел сите нас да не фрли во „црната дупка" на кратко паметење и да заборавиме како во 2015 и 2016 година, токму Заев лансираше лажни вести и информации во рамките на цела една акција наречена „Вистината за Македонија" во која пушташе некакви „бомби" при тоа алудирајќи на нивната автентичност, а се со цел: „да наштети на една влада, луѓе, семејства, бизнис релации" (зборови на Заев од прес конференцијата), а јас ќе додадам и на државата. Доколку сме заборавиле да Ве потсетам да ја преслушате „бомбата" за Мартин Нешковски (Бог да го прости) која ја пушти во јавноста Заев во 2015 година (онака сечена, лепена и монтирана) и истата „бомба" која во 2019 година ја пушти во јавноста Ел Чека (изворна и немонтирана, сечена и лепена). Веројатно во овој момент Заев оддалеку се брани од нови вистинити „бомби" од некој Ел Чека, Громовник и незнам кој уште што ги поседува нелегално снимените материјали стари или нови, нема значение.

Очигледно дека тогаш сигурноста на граѓаните не беше загрозувана според перцепциите на Заев, а денес е загрозена и всушност е загрозен неговиот политички опстанок, иако мислам дека воопшто не знае што е тоа сигурност на граѓаните, бидејќи доколку би знаел со сигурност би знаел дека базичен извор на загрозување на сигурноста на граѓаните е токму самиот Заев со неговиот „тим". Токму самиот тој може да биде идентификуван како извор на загрозување на националната безбедност, сигурноста на граѓаните и напад врз демократијата (иако самиот Заев како во бунило го употребуваше терминот „напад на демократијата"), но за правописот и употребата на литературниот Македонски јазик во официјалните обраќања на Заев во некоја друга прилика и се надевам од некој македонист.

Во контекст на расфрлањето со поими, би сакал на колегите универзитетски професори кои се блиски до Заев и молчаливо и понизно го советуваат, да им посоветувам да се обидат барем заради угледот на Македонија да го запознаат со некои основни поими во безбедноста и безбедносната политика. Терминот red alert претставува последно предупредување за неизбежна опасност и како термин во безбедносната политика на институциите на Европската унија не се употребува, бидејќи е наменет за употреба во пооделни воени формации при изведување на борбени дејствија. Не постои ниту систем за red alert. Во пракса во ЕУ постои и функционира „early warning and risk assessment system" или „рано предупредување и проценка на ризици", а се темели врз повеќе од 120 индикатори за рано предупредување од појава на ризици и закани врз безбедноста од кои дел се однесуваат и на загрозување на сигурноста на граѓаните, а се со влијание врз функцијата на институциите на државата со што самата држава ја детерминираат во групата на држави во ризик или држави во пад. Оваа алатка во ЕУ се користи за креирање на безбедносни политики во

процесот на донесување на одлуки и секако дека дел од нејзините индикатори се однесуваат и на ризиците и заканите кои доаѓаат од сајбер просторот. Ваквото незнаење покажано од еден премиер, а низ него како призма на незнаење и слаб капацитет на целиот негов тим е индикатор за ЕУ со колкав ризик се соочува во Македонија, но исто така е доволно силен индикатор за сите нас да видиме со колкав ризик сме соочени кога Заев со неговиот тим ја водат државата.

Толку во врска со прашањето за стручноста, знаењето и капацитетот на премиерот и неговиот кабинет (неговите советници) се идентификуваат голем број на ризици и закани врз националната безбедност и сигурноста на граѓаните меѓу кои и демократскиот капацитет на оваа влада. Поризична е намерата зошто сега Заев се сети дека треба на суптилен начин (да не се сети опозицијата и граѓаните) да ги стави под контрола порталите како медиуми, отколку пишувањето на некој портал за некоја лажна вест. Во следна фаза на воспоставување на потполна контрола врз сајбер просторот тоа ќе бидат и социјалните мрежи, сето тоа оди чекор по чекор. Се наметнува едно друго прашање, повторно врзано со нашата колективна меморија. Имено, зошто во 2015 и 2016 година во екот на објавувањето на разно-разни „бомби" и лажни информации на секакви портали, Заев кој бараше нов Закон за медиуми со сите сили се бореше од овој закон да се исклучат порталите кои информираат преку сајбер зоната. Спротивно од ова денес, само три години подоцна, Заев на највисоко Владино ниво инсистира на акционен план, колективистичка приказна за општа борба против лажните вести завиткана во обланда со цел да се ставаат под контрола порталите и целиот сајбер простор, бидејќи пласирале лажни вести. При оваа владина операција постојат неколку „проблематични" работи.

*Прво*, „дали  се лажни вести следните случувања на кои никогаш не добивме конкретен одговор или правна завршница: заканите и малтретирањата на граѓанин од страна на Курто Дудуш,  аферата на Рашковски со М-НАВ, пранкерите со кои премиерот Заев си разменувал сликички, испадите на Пендаровски-љубави, рекетот на Боки 13 и Кичеец, вмешаноста на фамозните Кики и Фрики, спасувањето на војникот-обвинителот Катица и препукувањето на Заев со Геровски"?

*Второ*, дали можеби Заев се обидува на подмолен начин да воспостави контрола врз сајбер просторот под изговор дека дејствува против напад на демократија, веројатно мислејќи и алудирајќи дека дејствува против напад врз демократијата. Но, при тоа заборава дека најголема придобивка на демократијата е слободата на изразување (пишан и говорен начин на изразување).

*Трето*, контролата на сајбер просторот и рангирањето, односно сместувањето на порталите во соодветна група е утврдено правило, односно постојат, научни, стручни, аналитички, забавни и друг вид портали, меѓу кои секако и таканаречениот „жолт печат". Согласно оваа градација и вреднување, граѓаните ќе одлучат за тоа на кого ќе му веруваат и дали вестите на поедини портали од

рангот на жолт печат и трач рубрики ќе имаат вредност на читање, а уште помалку веродостојност.

Согледувајќи ги сите овие аргументи, може да заклучиме дека Заев со неговиот „тим“ нема капацитет не само за водење на државата во стручно-административен аспект, туку нема ниту демократски капацитет за управување со државата, напредок на општеството и обезбедување на национална сигурност на сите граѓани во Македонија. Затоа и се обидува да не врати наназад во времето, обидивајќи се да го прескокне неговото делување, да имаме црна дупка во меморијата. При тоа воскликнувајќи „Еурека“ вели: „општеството, граѓаните и институциите се организираат во борба против дезинформациите“, не разбирајќи (или никој не му кажал) дека државата е таа која води организирана „борба“ против сите ризици и закани врз општеството и таа со закони и уредби ги организира граѓаните уредувајќи ги мерките и активностите. Очигледно е дека Заев во својата изгубеност и исплакната матрица на политичко и граѓанско однесување, не враќа во времето на СВОЗ (Сите во одбрана и заштита). Убеден сум дека тоа го прави намерно, а со цел да своите тривијални планови за намалување на демократските слободи и права во иднина ги оправда со колективна одговорност, а не со негова лична. Токму тоа е дефектот на матрицата која ја носи и во која сака сите да не заплетка.

Е друже Заеве, тоа нема да помине, одговорноста за се што направи и што правиш е само твоја и на твојот тим, а за вашата не капацитетност неможе да имаме колективна одговорност и затоа ги замолувам неговите советници да го разбудат од сонот и да го вратат во реланоста, бидејќи одговорност мора да има.

Обидите да се „исплакне“ преку манипулација дека откриените афери се лажни се напразно трошење на време, но затоа пак доказателствата дека се случиле вакви крупни афери кои влијаат и врз сигурноста на граѓаните и националната безбедност како и врз угледот на Македонија и довербата на граѓаните во институциите на системот, се видливи и очејбијни не само за сите нас тука, туку и за нашите партнери надвор.

На крајот од се, сите овие индикатори кои ни се пред очи ни даваат насока како треба да се ослободиме од некапацитетни луѓе на власт, за да некој не се замислува Цезар, а веќе видовме дека „царот е гол“, сега останува уште да му го упатиме последниот поздрав.

На денот на Св.маченици Прокло и Илариј (12./25.07.2019)

**Ave Cesare, morituri te salutant**

Царот е гола, а како што веќе кажав и побргу отколку што очекував, дојде времето да му го дадеме последниот поздрав на Цезарот. Поздрав од оние кои тој ги умре и кои секојдневно умираат поради политиките на Цезарот.

„Неговата Екселенција“ Заев ќе оди на одбележувањето на денот на Републиката на Мечкин камен. Ова го најави уште поодамна, но не кажа со која цел ќе оди таму. Дали целта ќе биде историски потсмев на делото на славните Илинденци од 1903 година за независна Македонија? Дали ќе се потсмева на историјата на Македонскиот народ? Дали ќе се потсмева на оние кои ќе дојдат на чествување на Илинден на Мечкин камен и сите оние кои овој настан ќе го следат преку електронските медиуми? Уште многу прашања има во контроверзната, или можеби не, одлука на Заев да оди на Мечкин камен токму на 2-ри Август и да ги дочека коњаниците од Илинденскиот марш за да го поздрават. И не само коњаниците, туку и секој оној кој ќе биде на Мечкин камен и низ цела Македонија, следејќи го „чествувањето“ на 2-ри Август, сите ние Македонците ќе треба да го поздравиме Цезарот.

Токму како во насловот на оваа колумна, Заев – Цезарот ќе биде поздравен од оние кои ќе умрат. Всушност, Цезарот на Мечкин камен ќе биде поздравен од оние кои тој веќе ги умре и на чии предци и нивното големо дело јавно се потсмева. Ќе биде поздравен од Македонската нација (без разлика на етничката припадност на секого индивидуално), а воедно ќе биде поздравен од сите оние кои секојдневно умираат и ќе продолжат да умираат под власта на Цезарот.

Поздравот кон Заев-Цезарот, е поздрав од едно општество кое тој го девастираше. Уништувајќи го системот на функционирање на уредена држава и носечки народ во фаза на формирање, обединување во нација-држава на сите граѓани на Македонија. Го стори тоа со измама „живот за сите“-„едно општество за сите“. Во изминативе две и повеќе години само видовме како нема живот (се повеќе луѓе се иселуваат од Македонија) и дека општеството не е за сите еднакво (за оние околу Заев е поеднакво). Едноставно, се повеќе граѓани на Македонија се на работ на егзистенција, економијата е во надолна линија и тешко се преживува, веќе не е прашање на тешко живеење, туку на тешко преживување. Нема инвестиции од капитално значение, Корупцијата и организираниот криминал од највисоките нивоа на власта е во полн „сјај“, а недовербата на граѓаните кон институциите на системот и чувството за слобода, праведност и еднакви можности е еднаква на нула. Но, тоа е само она што се случува на внатрешен план и што има и ќе има последици врз односот на граѓаните кон државата. Пострашно е она што ни се случува на надворешен план.

Чувството кое се има кај граѓаните може да се опише како паралела со случувањата во и околу Македонија од крајот на 19-от и почетокот на 20-от век. Директно и отворено мешање на сите соседи во внатрешните работи на Македонија, негирање на Македонскиот народ и нација како засебна нација со

историски континуитет, разузнавачки влијанија заради диктирање на сопствената политика врз Македонија, отварање на црковни прашања и покрај воспоставената и етаблирана кај народот Македонска Православна Црква, замирање на промоцијата на Македонскиот литературен јазик и неговите катедри во странство, понижување на Армијата на Република Македонија со отстранување на натписот „Македонија“ од униформите (како да нашите војници, подофицери и офицери во Македонија, на меѓународните вежби во НАТО или мисии се војници од никаде дојдени-од безимена држава), воведот во ограничување на слободата на говор под изговор за борба против „лажни вести“ и многу други директни и индиректни удари врз државата Македонија и достоинството на нејзините граѓани.

Од овие причини, дочекавме дури и еден Борисав Јовиќ неславен и пропаднат комунистички политичар, привзрок на Милошевиќ, да реши во знакот на „традиционалното Македонско-Српско пријателство“ да ни соопшти дека сме Срби, односно измислена нација (Срби претворени во Македонци). Ова нешто слично како и Бугарите, така што не треба да се чудиме што се некој полага право на нашето име, на нашата црква на нашата историја и територија. Самите, односно со наше премолчено одобрување, дозволивме Заев да ја отвори Пандорината кутијата и сега треба јунак што ќе ја затвори.

Затворањето на кутијата нема да се случи на 2-ри Август на Мечкин камен. На тој ден, оние кои Заев ги умре или умираат за Македонија и како Македонци, ќе дојдат да го поздрават Цезарот, а што ќе му порачаат со поздравот ќе имаме можност да видиме.

Тоа дека Заев го спроведува државниот тероризам врз Македонските граѓани е се по видливо и појасно. Тоа дека се однесува како Цезар и полн со себе како „господар на животот“ е многу видливо, видливо е дури и за оние околу него колку и да немаат капацитет за водење на држава, сите заедно.

Прашањето е: „Како народот кој на 2-ри Август ќе биде на Мечкин камен и сите граѓани на Македонија го доживуваат Цезарот и неговата власт“?

Одговорот ќе можеме сите јасно гласно и јавно да го слушнеме преку поздравот кој ќе му биде упатен на Цезарот-Заев од оние што тој ги умртви и продолжува да ги умртвува. Каков ќе биде тој ќе почекаме да видиме без претходни шпекулации, но од тој одговор ќе зависат многу идни чекори на Цезарот, на опозицијата, на соседите, на меѓународната, но пред се на самите тие кои Заев ги предодреди да умрат.

P.S. Сепак, зборот ми беше за нашиот Цезар кој можеби ќе го избегне Брут, но со сигурност ќе ја доживее Херостратовата слава, односно ќе биде проколнат од својот народ на заборав (damnatoiomemoriae).

На денот на Св.свештономаченик Атиноген (16./29.07.2019)

**Qvo vadis domine?**

Газдата Заев оди на средба со своите чифчии. Знае ли газдата каде оди за да одговори на прашањето од насловот од оваа колумна?

Како на друг начин да се објасни неговата силна желба да оди на Мечкин камен и да го слушне поздравот од оние кои самиот тој ги умртви. Каков ли поздрав посакува Заев е второто прашање. Третото прашање е хипотетичко и може да го поставиме во облик на полу констатација. Дали можеби газда Заев оди со подготвено сценарио за одговорот од оние кои ги умре?

Со оглед на тоа дека за чествувањето на Илинден на Мечкин камен се подготвува посебен безбедносен режим и голем (невообичаен) број на ангажирани полициски службеници, како и фактот дека Заев досега покажа дека тој е оној кој е најголем ризик врз државата Македонија и спроведува државен тероризам против сопствените граѓани, може да очекуваме сценарио од кое во хаосот и безбедносниот ризик кои ќе ги продуцира, единствено самиот Заев ќе се обиде да го закрпи од сапуница направениот меур од лаги и спинови кој веќе трета година ни го продава.

Состојбата е едноставно видлива. Чествувањето на Илинден на Мечкин камен оваа година е настан со особен ризик, како од контролирани и насочени провокации (за кои опозицијата треба да биде обвинета), така и од неконтролирани изливи на револт и поздрави до Цезарот-газдата (за кои повторно опозицијата треба да биде виновна).

Во вака видливо подготвена состојба на наелектризираност и висок ризик, упорноста на газда Заев да оди на Мечкин камен може да се разбере единствено како намерна провокација. Повторно се наметнуваат прашања кои остануваат без одговор од самиот кабинет на Заев или од него лично, намерно или од некапацитетност не е важно, сепак нема одговор заснован на реална безбедносна проценка. Кој има интерес од интра етнички (меѓу Македонски) судир во зовриена атмосфера? Дали целта е да се обвини опозицијата, или можеби е потребна дефокусација од рекетарско-коруптивните и другите скандали на власта, или пак сето тоа треба да биде демонстрација на сила, застрашување на плебсот и покажување на политичка моќ дека Заев е тој што пали-гаси низ Македонија, односно ја „контролира масата“? Несомнено е дека СДС и самиот Заев на Мечкин камен ќе донесат свои симпатизери, бидејќи и конкретно им е потребна поддршка, но во исто време истите тие треба да имаат доволен потенцијал за други активности, според планот на газда Заев.

Ова претставува опасна игра, во која емоциите и чувствата на народот тешко може да се контролираат во даден момент. Трагедија ќе биде доколку и едно дете го „скрши ноктот“ на Мечкин камен во некоја исценирана или поттикната гужва, а не пак потполн хаос и интра етнички судир помеѓу Македонците.

Токму со своите постапки Заев ја провоцира оваа состојба, во услови кога се соочува со мега коруптивни и криминални скандали, покажува некапацитетност за водење на државата и се обидува да наметне сосема други теми во општеството за да го отргне вниманието од неговите афери.

Знае добро Заев какви се ризиците и заканите врз безбедноста со неговото појавување на Мечкин камен. Во исто време атмосферата е се по напната и тензична помеѓу граѓаните и тоа не само поради прашањата кои се однесуваат на националниот идентитет и Македонија, туку и по прашањата за личен опстанок и егзистенција на граѓаните од социјален и економски аспект. Во една вака запалива атмосфера кога сите индикатори на Заевата „red alert" или поточно индикаторите за проценка на ризик и рано предупредување укажуваат на висок ризик врз безбедноста пред се лична и јавна, но со силни импликации врз националната безбедност, потполно е ирационално да се оди на еден ваков настан. Буквално да се биде пион (свесно или не, доброволно или не) во играта на газда Заев.

Свесноста за опасноста од ескалација на интра етнички конфликт ме мотивира да упатам силна порака до граѓаните на Македонија, посебно до Македонците за кои Илинден е празник на генетскиот код. Пораката е во врска со претходната моја колумна и поздравот кој треба да го слушне Цезарот. Тој поздрав треба да биде ИГНОР. Потполно игнорирање на обидот на Заев за предизвикување хаос, едноставно не присуство на Мечкин камен. Потполно игнорирање и молк за говорот – монологот на газда Заев.

Знам дека ова е тешко изводливо, пред се затоа што Заев ќе донесе свои симпатизери. Но, колкумина ќе бидат? Колкумина ќе стојат на големото пространство на Мечкин камен пред бината од која газдата ќе зборува? Тоа не е спортска сала па да може да се глуми масовност со медиумско-технички креирани перцепции, едноставно потребни се многу луѓе за да се покрие тој простор, а Заев не е во состојба да го покрие, бидејќи неговата (СДС) слепа војска е анационална, хермафродитна и е позаинтересирана како впрочем и самиот газда Зеко за плажите кај кумовите им во Платамона, Олимпик бич, Порто Карас, исто како и во 2001 година, а сега е и уште убав топол продолжен викенд. Токму тоа ќе ја покаже целата беда на газдата Заев кој незнае или свесно знае каде и со која цел оди, а благодарение на Спасовски ќе има 3000 исто облечени припадници на МВР кои во најголем дел ќе бидат принудени да го слушаат и поздравуваат Цезарот.

Затоа сите вас достоинствени, чесни и загрижени граѓани на Македонија ве повикувам да го игнорирате газда Заев и не се појавувате на Мечкин камен со што нема да му дадете задоволство да прави сценарија, а во исто време на Цезарот ќе му го дадете поздравот кој го заслужува.

Едноставно е, да се обидеме да покажеме достоинство, љубов кон татковината која е ранета и да не дозволиме да не злоупотреби газда Заев, а Цезарот ќе биде поздравен од пристојна далечина со гласен молк за да не може да го злоупотреби поздравот.

Последното прашање кое ќе го поставам директно до Заев, а за чии одговор ќе почекам, е: „Дали ти друже Заеве си подготвен да ја преземеш потполно и целосно одговорноста врз своите „намачени“ плеќи за евентуалните инциденти, распламсување на интра етнички судир помеѓу Македонците и последиците од недај Боже ескалации и инциденти на 2-ри Август на Мечкин камен“?

Честит и вековит 2-ри Август Илинден
Ура за Македонија!

На денот на Св.маченик Емилијан (18./31.07.2019)

**Црвениот хипокрит**

Сакав да Ви глаголам за нашата судба, несреќа, чемер и јад, поради што Ви пишував за потребата од нашето ридање до небо. Она што сите не ничкоса, гледајки го срамот кој го нанесе нашата политичка олигархија, бестидно онанирајки на нашата, македонска, „голгота", нашето распетие. Но, мислам дека на „нашиот" Херостат мора да му ја дадеме неговата слава-**заборав**.

Проблемите кои не навјасаа бараат сериозен пристап, одговор кој мораат да го дадат најповиканите, академската заедница која „мудро" молчи. Веќе не е проблем инфантилното и вон здрав разум скандирање „северна-северна" на Мечкин камен од група слепи војници на Заев и не само слепи во очите туку уште повеќе и во умот, не е проблем ниту циркусот со Катица (која патем кажано „пуштена е низ вода), ниту бранењето на криминалот продуциран од СДС, некапацитетноста на газда Заев и неговата свита со која некој си белосветски мајтапчии се мајтапат, а со тоа се мајтапат и со сите нас и Македонија ја имаат на потсмев, ниту „реформите" во безбедносниот сектор (за што посебно ќе пишувам). Сето ова не е проблем, бидејќи се вкупно се е проблем.

Потребен е целосен интердисциплинарен пристап за да направиме сеопватна анамнеза и ја поставиме соодветната дијагноза на нашата држава - Р.Македонија, со цел да се изнајде решение односно соодветен лек за оваа чума која ништи се што ќе допре. „Црвениот хипокрит", според мене е вистинското име, всушност употребено како еуфемизам, за нашиот болен. Како што би рекол почитуваниот Емил Алексиев „она што припаѓаше на жанрот „политичка фантастика" денес е наша ужасна стварност или она што неможевме ни да го сониме како најкошмарен сон денес е наше јаве кое го живееме. Македонија денес е: „криминална, клептократска, корумпирана, клиентелистичка, мафијашка и декадентна држава (само за едно поколение расипани селани) со која владее опскурна политичка организација која себеси се препознава како влада."

Искрено, на почетокот мислев дека станува збор (мислам на нашите „владетели"), за луѓе кои се наоѓаат во delirium tremens поради зголемено консумирање на ферментирана улична демократија по долгото децениско апстинирање од државните процеси. Но, кога тоа помина станав свесен дека сите ние сме во шок, едноставно мислевме дека тоа нам не ни се случува, од силниот шок и неверување останавме парализирани (ефект што во психолошката војна се постигнува преку фрагментација воведување во самооспособување и синоптички идеализам кој завршува со дисасоцијација). Што тие го искористија бесрамно и потполно и сеуште го користат. Само како мала дивергенција од темата, а како потсетување. Дали колеги, безбедносни бранители на Заевата жртва во „хибридната војна" сакате да дебатираме за делот на психолошката војна, манифестациите и тоа од каде и како доаѓа оваа стратегија наречена „шок на иднината"?

Ова ме натера на целата работа да гледам низ призма на болни личности кои свесно вршат уништување на сопствената нација и држава, да ги согледам појавните облици на манифестирање на болеста за точно да детектирам за каква болест се работи. При тоа, не се определив за класична безбедносна или сигурносна анализа и тестирање, туку исклучиво на психолошкиот профил кој несомнено има силно влијание врз нивното политичко-безбедносно поведение и директно влијае врз сигурноста на граѓаните.

Зедов неколку елементи на нивното владеење како лакмус за утврдување на нивниот апокриф. Патолошки лажливец, глумци за Оскар или најмалку за Нобел, параноичен страв од се и сешто, а најмногу од тоа да биде разоткриен нивниот страв, задушување на индивидуализмот и креативноста, апсолутна моќ, уништување на сите морални вредности во општеството, корупција, централизација, правен волунтаризам, девастиран правосуден систем, контрола на медиумите, контрола на вистината, конвертивизам (политички, сигурносен, економски, финансиски, религиски и од секаков вид), конверзија од голем патриот кој не дозволуваше да му се допира по жицата на гитарата од Македонизам и кој додека дише ќе ја брани Македонија, во ПРЕДАВНИК во секој поглед. Покрај толку лакмус хартии кои ги набројав што да се каже, која нема да покаже дегенричност?

Одговор на овие елементи и како тоа може да го толкуваме стручно и научно поткрепени најдов во книгата „Политичка понерологија“ на полскиот психијатар Андреј Лобачевски. Всушност, тој се занимава со истражување на „политиката преку злото во политиката“, а поголемо зло од ова нас што не снајде, тешко ќе се најде. Врз основа на нашите лакмуси најдов многу допирни точки со она што Лобачевски го нарекува „ПАТОКРАТИЈА“.

Тоа е болеста која ја имаат нашите владетели. Односно, „тотален облик на владеење во кое апсолутната моќ е во рацете на психолошки дискутабилно стабилна (психопатска) елита и под нивен надзор целото општество е изопачено, така што го водат и движат патолошки вредности“ (цитат од Лобачевски). Имајќи пред вид дека, според Лобачевски патолошките лажливци меѓу себе се препознаваат и пронаоѓаат, нашиот пример со, за жал по нас, трагично и патетично наречен „РЕКЕТ“ дава јасна потврда на тезата која ја изнесува Лобачевски. Имам мало несогласување (со Лобачевски) со констатацијата дека припадниците на ПАТОКРАТИЈАТА се придржуваат кон Декарт и неговот „Cogito ergo sum“, што пак во основа е платформа за Ничевиот „над човек“, а теоријата и нејзиното практично создавање на „над човек“ имавме можност историски да го искусиме како проект на нацистите, па така ги знаеме и последиците од оваа платформа. Не мислам дека овие лица под маска некогаш чуле за Декарт или Ниче, но во основа прекрасно интуитивно (или суптилно водени) ја спроведуваат ПАТОКРАТИЈАТА.

Очигледно дека оваа патолошка болест е автоимуна, што значи дека сами треба да пронајдеме лек, додека се уште постојат здрави, не метастазирани, ткива во општеството. Лобачевски предлага, за да се заштитат луѓето од сомнителни психолошки профили во политиката да се спроведуваат

психолошки тестови врз оние кои сакаат да владеат, во ред, но за нас во оваа фаза е доцна. За некои научни авторитети егзорцизмот е единствено решение. На знам, можеби, не сум имал искуство со егзорцизам, а не ми е познато дека Светата Православна црква го третира егзорцизмот како борба против демоноиманоста и на кој начин го прави тоа, но ете ќе се распрашам кај некои црковни духовни големини, можеби ќе помогне, впрочем и МПЦ треба да биде дел од решението иако понекогаш и понекој од нејзините редови се дел од проблемот.

Тешко прашање и согласно тоа и тешко ќе се дојде до соодветен и најдобар одговор, но не постои прашање на кое нема одговор, единствено ние во моментот може да не го знаеме одговорот. Од таа причина, предлагам да се направи конзилиум од македонски научници, од разни научни области и можеби еден збир на умови ќе успее да пронајде некој лек. Тој лек ќе има за цел пред се да го заштити македонското население од биолошко истребување (бидејќи мнозина и масовно бегаат од државата), а и државата Република Македонија како организиран меѓународно признат политички субјект со сите атрибути на државност.

На денот на Св.маченичка Христина (24.07./06.08.2019)

**Пофалба на глупоста**

Старите навики на СДС не се менуваат, па така и тоа дека рекетот и корупцијата се најорганизиран и сеопфатен политичко-економски план за „живот за сите“ како платформа за раководење (читај крадење) на Република Македонија.

Кога на времето пишував дека Заев и тие околу него се „лица под маски“, можеби и илјадници маски и не се личности, верувам дека звучев грубо. Кога утврдивме дека се мизанторпи, верувам дека Ви звучеше навредливо. Кога утврдивме дека се манипулатори и дека за да дојдат на власт си поигруваа со емоциите на граѓаните не Ви беше верно. Кога велев дека Заев е предавник и дека лаже во однос на промената на името едноставно во тој политички миг тоа можеше да се разбере како обид за негова политичка елиминација, па нели се колнеше во жиците (незнам дали беше од гитарата или мандолината, но беа некои жици, сигурно не патриотски, Македонски). На крајот испадна дека се што беше напишано за Заев, за неговата политичка коњуктура, безидејност, криминална матрица и манипулативност беше чиста вистина. Не дека сум среќен поради тоа „предвидување“, а верувам дека и останатите колеги колумнисти, универзитетски професори и сите оние кои го препознаа „огромниот демократско-патриотски капацитет на Заев“ не се среќни.

Ете така, некој можеби е црпнат од нива и донесен за премиер, но нивата не е црпната од него, па така како пред кооперација во Муртино (за срам на сите чесни жители од оваа село и од Струмичко), овој лик под маска „мува не го лази“ за да продолжи со обидите за манипулација. Не што е со илјада маски и не е личност, нема ниту малку достоинство. Пред само три години врескаше на цел глас дека „нема правда нема мир“, а сега нема правда, ама има мир. Мирно е во СДС, како бајчиња се мирни и се обидуваат целата вина за невидениот рекетарско-коруптивен скандал, но и за сите останати досега обелоденети сканадли и тоа пред се коруптивни, што е едноставен и еклатантен пример на тоа каква е владеачката матрица на СДС, да ја сведат на двајца (Боки и Кичеец), а особено да направат спин па виновни да бидат од ВМРО-ДПМНЕ затоа што инсистираат на целосно расчистување на оваа мега афера и поднесување одговорност, секако и политичка одговорност односно паѓање на владата на Заев.

Така е, не е виновен Заев и СДС-то, на внатрешен план виновно е влијанието на месечевите мени врз размножувањето на полноглавците (секоја сличност со раководството на СДС е случајна). Не е виновен Заев и СДС-то, на надворешен план виновни се Кинезите, нивно масло е ова, сакаат да му ја урнат миграционата политика на Заев па наместо според неговиот акциски план за доселување на мигранти од Блискиот исток да доселат Кинези. Виновни се и Бразилците кои со зголемен извоз на банани ја поткопуваат растечката економија на Заев и СДС-то, а тука се и Ескимите, многу ловат риба и ни ја загрозуваат енергетската стабилност. Виновни се сите, само не газда Заев, тој е „невин“ – еве жити жицата негова не е виновен го наместија овој добродушен лик под маска – душа му треба ако лаже.

Но, тешко дека ќе успее да го убеди народот напатен, што би рекол Пантиќ: „пукло ми је пред очију, па ти си З... једно велико ѓубре“, затоа што и на народот му пукна пред очите и знае кој во приказната е ѓубре. Онаа де ѓубре што требаше нели со лопатчето и метлата на Дац, газда Зеко да го исчисти, а за што однапред Ви реков дека нема да го направи, бидејќи ќе требаше да се исчисти најпрво самиот себеси.

Ета така малку по малку за само две и пол години излезе вистината на видело и видовме со кого си имаме работа, како пред тоа да не знаевме или ни одговараше да бидеме лажени, впрочем Заев лаже најдобор нели. Затоа сега продолжувајќи со истата тенденција за Заев се е нормално во државата. Како што би рекол Роберт Музли во „Мажот без квалитет“: „Погледнато формално се е нормално, погледнато нормално се е формално“. Типичен сублимат на однесувањето на Заев во оваа состојба во која ја доведе државата. Формализам и нормално е се иако не е нормално. Впрочем да се разбереме, ние не живееме во ист свет со исти морални норми, за Заев е нормално дури и формално да се зема мито и да се рекетира (како беше онаа да ве потсетам, евро ваму – евро таму, евро дупка за Вицето итн).

Сега се поставува прашање: „Што чекаат неговите ментори од ЕУ и зошто тие први не реагираат на овие состојби на уривање на државниот систем? Можеби на Могерини и заврши мандатот па да одмори малку и нема време да се занимава со дребни работи како коруптивните скандали на нејзиниот пријател Заев, или на Ван Хојте му се заглави ногавицата во ланецот од велосипедот па е зафатен со неговото време за живот и живот на мачките и не ја гледа состојбата во Македонија, а пак медиуми и вистина, што беше тоа. Каде е Орав да каже нешто околу добрите вести за државата или во моментов најдобра вест е да не се споменува Заев. Има една констатација за сите нив кои го поддржуваа Заев од сопствени лукративни и политички причини, но и за сите во Македонија кои му веруваа на Заев и чекаа да им дојде животот, а гласи: „кој со ѓаволот тикви сади од глава му се кршат“. Единствено од Вашингтон пристигна јасна порака дека овој скандал мора да се расчисти до крај, а тоа значи дека газда Заев, сакал не сакал – а не сака, наскоро ќе мора „да го продава кучата“.

Дека некој склучил „Договор со ѓаволот“ е многу очебијно, но како што народот наш напатен вели „ѓаволот си дојде по свое“, е па сега друже Заеве ќе се виткаш ќе се препелкаш те некако да се извлечеш. Најмногу тоа го сакаш да се извлечеш од оваа состојба, ти да се спасиш, а за останите баш и не ти е гајле. Имаш ти искуство со тоа како се спасуваш, да се сетиме на Глобал кога Бранко Црвенковски те спаси, на евро ваму-евро таму кога токму оваа судство и обвинителство те „ослободија“ (од обвинение де, од умот немаше потреба), на други криминални дејанија од кои те спасуваа твоите ментори, на тресење глупости пред пранкери од кои се обидоа да те спасат твоите апологети експерти за безбедност. Но, немој да заборавиш дека сме мала земја и се се знае, па така ќе се дознае и онаа што во моментов не се знае или барем ти мислиш дека не се знае. А, дека ќе се обидеш да извлечеш некој зајак од цилиндер како волшебник за да се спасиш тоа секако, веќе те знаеме како функционираш. Ќе

видиме дали ќе успееш, но дека месечевите мени ќе влијаат и тоа силно врз репродукцијата на полноглавците во тоа биди сигурен и ќе го видиш внатре во СДС-то.

Целата оваа состојба во Македонија колку и да е монтипајтонска и да изгледа смешно, во основа е поразително трагична за државата, за капацитетот на власта, но и за сите нас колективно и поединечно. Секое друго толкување на нашата општествена ставрност и аплогетика во одбрана на Заев претставува „блажена глупост“ или пофалба на глупоста“. Навистина Бог е семоќен па дури и да црпне некого од нива, но глупоста и тупоста неможе да ја спречи, тоа е веќе слободна волја. Доколку некој сака да има широко затворени очи неможеме да го натераме да види нешто што е толку видливо. Така и Заев нема да сака да види дека ја закашка до крај. Не дека неможе, едноставно не сака, не му чини.

Заев и оваа влада на СДС се несакано дете на нивните ментори во заминување (или оние кои веќе заминаа) од светската политичка сцена. Тие никогаш нема да ја признаат направената политичка штета, но секако и етичка која ја направија врз нивните институции и држави во очите на Македонските граѓани. Едноставно ќе се однесуваат како ништо да не било, па и така тие не се од тука. Во меѓувреме Заев мисли дека на тој начин ќе се спаси, ќе жртвува две – три глави и тој е спасен. Затоа и глуми наивност, демократија и правда. На толку докази за директна вмешаност, обвинителството не поведе постапка и не побара приведување на Катето или одредување на мерки на претпазливост, но затоа пак поранешниот директор на Централниот регистар го приведоа и му определија мерки на претпазливост за нешто за што директор на ниедна институција неможе да биде директно одговорен, го малтретираат поранешниот градоначалник на Кавадарци за нешто што сите го знаат, дека човекот е колекционер-нумизматичар и својата нумизматичка збирка ја има пријавено во антикорупциска уште кога го започна својот прв мандат како градоначалник, а потоа оркестрирано вршат медиумски „линч“ врз луѓето однапред прогласувајќи ги за виновни, за криминалци и изнесувајќи безброј лажни информации. Тоа е само уште еден показател на „искрените“ заложби на оној од и со нивата Муртинска дека ќе се бори против лажни вести, или тоа стратегијата за борба од „напади на демократијата“ како што најави, уште не му е готова па неможе да реагира. Ова е само уште еден показател на неморалот и манипулантството на Заев.

Што да се каже, а да не прсне човек да плаче и да рида. Колку уште глупости треба да направи Заев и СДС-то за да разбереме дека треба да се побара од нив јавно, јасно и гласно да си одат во неповрат. До кога треба да ја трпиме нивната пофалба на глупоста, а главната ролја да ја играме ние граѓаните искажувајќи неразбирливо трпение за нивните клептомански пориви, рекетарство, лаги и превари.

Дали сега е разбирлив поимот ПАТОКРАТИЈА? Дали не мислите дека овие сите во комплет треба да одат на колективна терапија на подолго време?

За крај, со цел да ме разберат инфантилните олигофрени наши владетели, нивниот омилен автор Тери Пратчет кого редовно го читаат, вели: „Гравитацијата е навика од која тешко можеш да се откажеш“!!! Веројатно го разбираат или можеби не?

Ќе да е работава до месечевите мени и полноглавците друже Заеве.

На денот на Светите апостоли Сила, Силуан, Крискент и др.(30.07./12.08.2019)

**Експрес лонец**

Го контролира ли некој експрес лонецот кој на Балканот врие? Се тресе и татни лонецот, а никако да се најде вентил за да не експлодира. А, се започна благодарение на Заев. Да токму на него и со него, но како лоша или намерно лоша проценка од некои лица во ЕУ кои од крајно лукративни и политички цели направија погрешна анализа и не реагираа или ги игнорираа индикаторите на рано предупредување за ризик и закана од Заев. Така убаво, госпоѓата Могерини ги игнорираше индикаторите дека Заев е само еден обичен криминалец и не сакаше да ги гледа Глобал, евро ваму-евро таму и другите индикатори што еве не доведоа или се доведоа во состојбата наречена „Рекет“. Немаше да биде проблем да беше во прашање само Рекет како единствена афера на Заев, но бидејќи очигледно работата со изворот на нестабилност и главниот ризик фактор Заев е надвор од контрола подолго време влегуваме во хронична тензична состојба на Балканот, а причината за сето тоа е Заев и како што реков лошата проценка за него и неговите „способности“. Затоа врие на целиот Балкан како во експрес лонец. Но, тој вриеж има и свое минато или генеза на проблемот, кој овде ќе го претставам само во неговиот еклатантно појавен и видлив облик.

Најпрво се вмеша една соседна држава со агенција на ЕУ и внатрешни соработници од Македонија и го сработи случајот без знаење на нашите власти така што небулозите на Заев дека тој пријавил криминал се неверодостојни, а тоа го покажува и некадарното работење на ЈО во врска со овој мега скандал. Во истиот мега скандал се споменуваат Косово и Србија, Словенец во десничарски италијански весник кој го поддржува Салвини објавува детали за аферата Рекет. Насочувајќи, односно алудирајќи дека Салвини ја урива италијанската влада, Заев само ја подгрева состојбата. Во истиот весник во коментар се споменуваат имињата на Могерини и Хан, односно на политички естаблишмент од ЕУ. Претходно со другар му на Заев, „Порошенко“ ја нападнавме (Заев ја нападна) Русија и ги разоткривме плановите на ЕУ, а во однос на Косово буквално ја уриваме владата на Вучиќ. Рашковски ги прогласи за криминални држави Малта и Италија онака од зафрканција заради добивка од седум милиони евра. На сето ова и на многу други „гафови“ логичен беше овој епилог во аферата Рекет.

Доколку власта на една држава во само два месеци успее да го направи целиот овој „циркус“ со сигурност сите експерти можат да констатираат дека таа влада е извор на регионална и глобална несигурност односно нестабилност. Токму оваа влада е ризик и закана врз регионалната безбедност, бидејќи на Балканот (но и во секој регион впрочем) безбедноста функционира по принципот на сврзани садови, односно на прелевање на нестабилноста и кризата. Во ваква ситуација кога не се детектираше навремено заканата, односно затаија механизмите за рано предупредување, а како последица од носењето на Заев на власт, сега ќе мора меѓународната заедница да реагира ad hoc за да се спречи поголема ескалација. За жал, каква и да биде реакцијата, Македонските граѓани и државата Македонија ќе бидат колетарална штета, без

разлика на последиците врз Заев и неговите камаради од власта. Искрено се надевам дека најголемата штета ќе биде да не добиеме датум за почеток на преговори за полноправно членство во ЕУ во Октомври годинава, не дај Боже да биде полошо.

Покрај Балканскиот вриеж, внатрешната состојба во Македонија е пред експлозија (политичка и социјално-економска), и тоа експлозија несразмерно многу посилна и секако реална за разлика од режираната „шарена (според најновата терминологија – прдерска) револуција", која ни донесе еден исклучително и епохално важен „револуционерен испрдок" од кој остана да се чувствува само реата.

Во овој контекст на регионално „земјотресение" се и веќе една година во континуитет со помал или поголем интензитет протестите во Албанија. Владата на Борисов е под постојан притисок поради слични коруптивни афери. Во Србија протестите на 1 од 5 милиони траат веќе една година, а можевме да слушнеме дека советниците на Заев имаат активна улога во таа активност. Проблемите на Косово и делувањето на „Вендевсјој", а особено заминувањето на Харадинај (другарот на Заев за кого овој зборуваше со другар му „Порошенко"), се показател на нестабилност на Косово. Во една ваква регионална нестабилност, само една искра е доволна и експрес лонецот да пукне воведувајќи го регионот во несигурни, неконтролирани и хаотични процеси. Ова се сосема доволни индикатори на рано предупредување за да се активира системот за брза реакција на меѓународната заедница.

Впрочем, изјавата или подобро кажано, пораката на Палмерс да се престане со политикантство и да се следат развојните и стабилизирачки процеси беше и повеќе од јасна, секако за оние кои сакаа да разберат. Како што веќе еднаш реков дека насоки и тоа прецизни дојдоа од Вашингтон за расчистување со аферата Рекет, но по се изгледа нашата влада тоа не го разбра или така им чинеше. На крајот и амбасадорот Тимоние кои се огласи со свој став уште пред неколку месеци, а сега дури и со факти се покажа дека во влада во која задолжен за борба против корупција е лице кое е отстрането од амбасада во Белград поради корупција, на таа влада не може да се верува, а верувам дека ова не беше непознаница за амбасадорот Тимоние.

Што уште треба да направи Заев за да се разбере дека овој лик е темпирана бомба или запалка за експрес лонецот која е многу подложна на варничења кои самиот ги произведува.

Време е за вентил, а тој вентил може да биде и експертска влада како можно решение за деескалација на тензиите, спречување на активирање на тригерите и пред се влада која независно, неутрално, непристрасно и искрено ќе ја расчисти аферата Рекет со сите попатни замешателства и замешатели.

На Преображение Господово (06./19.08.2019 година)

**„РЕКЕТ“, лаги и видео ленти**

Исклучително е тешко во овој момент да се пишува, а да се избегне допирањето со перверзијата на политикантите. Да се избегнат сите сцили и харибди на ПАТОКРАТИЈАТА и нејзините пермутирани вредности, односно она кога како што би рекол Гете: „Доброто вчера-зло е денес, умното таму – глупост еваму“.

За ова што ни се случува на сите нас, во изминативе три години, народецот наш би рекол „село без кучиња“. Простете на вулгарната терминологија, но едноставно друг израз не постои. Живееме во време на мноштво не разоткриени тешки кривични дела, убиства, насилие, палење на возила, тешки кражби, разбојништва, напад и омаловажување на службено лице, не законско користење на оружје (пукање по свадби со тешки телесни повреди), in flagranti фатени коруптивни зделки ја предизвикуваат, погоре наведената, народна мудрост како констатација на една општа состојба во целата држава.

За мене, најголем проблем претставува навредата на интелигенцијата на вистинските професионалци, а ги има доволно многу кои работат во безбедносните служби и ЈО. Ова во континуитет навредување продолжува како навика, а во исто време се промовираат, секако под маската на експертство некои „чудни“ лица. Отворањето на безбедносниот систем како пупка, а како резултат на политичкиот и безбедносен волунтаризам на властодржците (да се потсетиме на пример на „порошенко“) доведе до тоа, чувството на сигурност на граѓаните да биде на најдолно можно ниво, подолно и од времето на раздвојувањето со СФРЈ. Чудно, но зад паравнот, некако токму СФРЈ се провлекува во целиот филм снимен на видео лента од крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години од минатиот век.

Следејќи ги последните случувања, посебно актерите кои почнаа да се појавуваат на сцената неизбежно ми се наметнува мислата дека „децата на комунизмот“ во ликот на старите кадри се враќаат на сцената. Дали тоа ја согледаа неспособноста на нивните инфантилни наследници, па мораат и јавно да се промовираат за да спасат што може да се спаси?

Немам друг одговор на отвореното ангажирање на последниот, комунистички подсекретар за ДБ да биде контролор-ментор на изјавата на Катето СЈО (а ви кажав дека Катето ќе оди „под лед“). Во тој контекст го гледам и назначувањето за Директор на АНБ на комунистичкиот началник во ДБ, со јавно неразјаснетата организаторска улога за транспорт на црните вреќи од „ТАТ“. Да не го заборавиме и професорот по „непријателска емиграција“ (оној де што беше и на протестите на шарените прдери и упаѓаше во редакцијата на „Република“-онака демократски да се пресмета со медиумите кои не се по негов терк), за кого најголем успех беше да разоткрие, во комунистичко време, структури на македонски национализам, долгогодишен комунистички функционер во ДБ, сега прв советник на т.н. Премиер. И да, патем само да прашам. Каде исчезна Заев вчера во текот на целиот ден, вообичаено ќе се

истопореше на конференција за новинарите за да се саморекламира како демократ и борец против криминал и корупција, или пак тоа нашите партнери од САД и ЕУ му кажаа да „седи мадро да не оди модро“?

Токму овие „деца на комунизмот“ се задолжени за реформите на безбедносниот сектор. За жал во кројката на овие „реформи на безбедносниот сектор“ свој затскриен удел имаат и некои лица од опозицијата, но за нив и нивната улога во друга колумна, се во свое време. Нема реформи и на тоа предупредив уште на почетокот на овој процес, а зборував и во Собранието на Република Македонија при јавна расправа за законите од областа на безбедноста и изнесов конкретни предлози и секако сомнежи за искрените намери на СДС за реформи. Дури и на Спасовски низ метафора му порачав дека „ничија није горела до зоре“ и дека реформите во безбедносиот сектор се спроведуваат  и безбедносните слуижби се формираат заради интерес на државата, а не на поединци и групи. Не, не, нема да има реформи, следуваат и ќе се случат наводни реформи во духот на идеологијата на нејзините креатори. Се подготвуваат списоци за „лустрација“ на вработените во УБК, секој оној кој, барем некогаш изјавил дека е Македонец ќе замине, а процесот веќе е во тек. Во најдобар случај, доколку се смилуваат „господарите на нашите животи“, можеби ќе добие место во некоја полициска станица. Потоа следува и „ветинг“ во МВР, односно расчистување со искрените и посветени професионалци кои гледаат што се случува, а во иднина ќе бидат непотребни сведоци за криминалите на оваа власт.

ЕУ, Прибе и останатите реномирани експерти од ЕУ, за нашите реформатори се „исфрустрирани неспособни гњаватори“, повторно ќе бидат превеслани„„жедни преку вода“, барем во оксиморонските глави на нашите „докажани стручнаци“, Тие си ја знаат „славната комунистичка школа“.

Секако реформите во безбедносниот сектор, како и во правосудството се правопропорционални на количество видео записи кои ќе бидат објавени во странските медиуми. Секако нема да недостасуваат и видео ленти од продукцијата на „Застава филм приказује“ во режија на властодржците, но само за внатрешно политичка намена и замајување на македонските граѓани. Единствено реакцијата, секако зад параванот, на меѓународните институции, како што беше случајот на специјалната, е спасот за правата на граѓаните на Р. Македонија.

Драги мои пријатели, во претходната колумна Ви спомнав дека добро ќе поминеме доколку сето ова се заврши со не добивање датум за преговори со ЕУ. Но, сега би сакал да Ви посочам и притоа јасно да укажам дека „парадигмата ЕУ е наша насушна потреба како прифаќање на цивилизациски вредности и приклучок кон останатиот цивилизиран свет“. Ова е исклучително важно за нас, за нашите идни поколенија и треба да се гледа низ призмата на опстанокот на Македонската нација и државата Македонија. За остварување на оваа стратешка и долгорочна цел, не треба постојано да ја бараме ЕУ,. Тие немаат волшебно стапче кое нас ќе не престори од „крастава жаба во принц“. На нас самите е да се организираме, согласно Тие цивилизациски вредности

чии фундамент се човековите слободи и права. Според некои дефиниции тие никогаш не можат да бидат целосно дефинирани и ограничени. За жал нам ни се случува токму обратното, она што го изоставив од оргиналниот наслов. Всушност целта ми е да го зачувам дигнитетот на порталот, а нам ни се случува „coitus per sanus cerebrum", иако кажано по „нашки" појасно звучи и прецизно ја отсликува нашата состојба.

На денот на Св.апостол Матиј (09./22.08.2019)

**Ода за новинарите**

Силна беше овогодишната конкуренција за Нобеловата награда. Награда за ... ? Незнам за што тоа требаше да се додели, нешто се зборуваше. Нобел не го добивме, од само ним разбирливи причини, нели. Некои зли јазици велат дека Нобел, сеуште, не давал награда за областите „Нај инвентивен стил на геноцид над сопствениот народ“ и „Најинвентивните лукративни удари врз сопствената земја“. Не знам, може и да е така, ќе видиме!

Но, наспроти неуспешниот Нобеловец, многу сум сигурен дека оваа година „Пулицер“, нема каде да бега, ако има коректно жири и тоа на меѓународно ниво. Новинарската фела во Македонија конечно го заседе, на голема жал на политикантите, своето место во општеството – четвртата власт, или како би рекол Едмунд Берк „четвртиот сталеж“- новинарите извојуваа брилјантна победа. Политикантите никако да разберат дека новинарството, за разлика од 20-от век, е насочено кон интересот на граѓаните, впрочем и пазарните услови тоа го налагаат, не кон интересите на власта туку кон граѓаните правејќи ги сензибилни на општествените политичко-економски и финансиски случувања на разочарување на власта. Залудно од власта се обидуваат да ги симплифицираат нештата, новинарите да ги кооптираат во свои Пи-Ар стратегии и да ги претворат во свои апологети. Едноставо, тоа што треба да го знае јавноста мора да го знае.

Денешниот реален свет во кои работат новинарите, не ниту малку „розов“, го карактеризираат многу неприродни услови како: цензура, несигурни услови за работа, мобинг, прекувремена (се разбира неплатена) работа, принудна автоцензура, мали плати. Од „седма сила“, станаа жртва на силата и силеџиството на политикантите. Реалноста е далеку од оние романтични филмски стории, од типот на „Граѓанинот Кејн“ и „Слаткиот мирис на успехот“ преку „Сите луѓе на претседателот“ до „Кинескиот синдром“, кога сите сакавме да бидеме новинари, заштитници на малите невидливи наши сограѓани од тортурата на власта, да бидеме преторијанци на демократијата.

Сепак и во такви „субстандардни“ услови за работа нашите новинари, (сега следува стереотипното клише) – без разлика на национална, верска, политичка и сексуална определба, ја исполнија својата општествена улога, „watchdog“ контролор на власта, заштита на граганите од власта, заштита на демократијата. Го заштитија правото на слободен збор, јавен говор и мисла како врвен дострел во едно демократско општество.

Секако за властодршците, кои кога се converted бореа да дојдат на власт, пееја елегични песни за новинарите и ограничената слобода на говор, денес полесно им е да се „убие гласникот“ одколку да се прифати реата на нивните глупости и девијации, за кои пишуваат новинарите, која реа се шири од владеачкиот организам во распад. Дополнително, стигматизирајќи ги новинарите со непримерни изрази во реченица од типот: „Суетен новинар, неколку криминалци и еден педер“, што беше јасен сигнал за апологетите на власта и

опскурни лица да се заканувaат со ликвидација, навреди и пизма кон новинарите.

Знаете, со некои новинари не се согласувам, но тоа нема да ме спречи „да сторам се за да го кажат својот став“, токму да го кажат и тоа јавно, јасно и гласно со сите аргументи, анализи и коментари за општествените аномалии. Не сум многу наклонет ни кон следбениците на „Гонзо“ новинарскиот стил, но понекогаш токму новинарските натписи во тој стил ми се најзабавни. Сепак, никако не можам да прифатам новинарите меѓу себе да се напаѓаат и навредуваат, а тоа да е како резултат на нивниот „избор“ да бидат колатерала на перверзната политичка игра. Наместо тоа, потребно е да ги сплотат силите во нивно конечно законско утврдување на местото во општеството, согласно цивилизациските придобивки за апсолутна слобода без цензура на информирањето и пишаниот збор, секако без манипулации и измислувања во стилот на „жолтиот печат“ и сензационализам и злонамерност. Потребно е да отворат расправа и да го „растргнат“ правниот систем, кој некој го отвори како пупка, по однос на случајот Кежаровски. Ступиден случај, еклатантен пример за неправда во кој го убиваат гласникот не свртувајќи се кон оној кој го прекршил законот и издал „државна тајна“, загрозил нечии животи или незаконски штител нечиј криминал. Спротивно од ова, се отвара расправа – со наслов: „Дали на вработените во МРТВ треба да им се дозволи да доаѓаат на работа во куси панталони“? Да не е жално би било смешно или можеби токму тоа е целта, да се сврти вниманието и да се занимаваме со ступидни теми.

Потребно е да станеме и да се поклониме на новинарите за последните разоткривања на со канцер (РЕКЕТ) метастазираното тело, во годината која ја изедоа скакулци и хермафродити. Да искажеме благодарност што ни овозможија, како во филмот „Под лупа“, да ја видиме сета беда на властодршците. Да им дадеме целосна поддршка на новинарите во нивната борба за новинарство без цензура и притисоци, а тоа е единствен начин да ја спасиме демократијата од рацете на насилниците.

Мојата прогноза за крајниот исход на оваа „борба“ меѓу политикантите и „четвртиот сталеж“ би бил во стилот на Генерал Жофр, за битката на Марна – Не знам кој победи, но добро го познавам тој што загуби!

За да не бидеме загубени, да ги препознаеме новите импулси на новите ветришта, ветришта на војната на новинарите со политикантите и да ја поддржиме слободата на говор. Верувам дека новинарите ќе знаат да се изборат со притисоците, а во исто време ќе ја сочуваат и промовираат новинарската етика не само во својата фела туку во целото општество за секој човек и за заштита на основните човекови права, правото на слободно изразување.

Благодарност до новинарите во Македонија, тие кои секој посебно, заедно или секој на свој начин повеќе или помалку во изминатиов период се покажаа како гласот на совеста во државата и сеуште повикуваат на разумност

во трошењето на власта, заслужуваат честитки и поттик за понатамошна работа. Многу е важно да знаеме кога некој белосветски преварант, нарко бизнисмен ни се шета низ државата и договара „бизниси“ со премиерот, или кога некои светски мајтапчии се мајтапат со државата поради недоветноста на премиерот, или кога некој во занесот на власта е инспиратор и движечка сила на коруптивна мрежа наместо на државен економски и секаков друг развој, или пак кога некој наместо правда дели неправда, малтретира и прогонува единствено поради политичките и идеолошки различни ставови свои политички противници. Сите овие болести на општеството треба да бидат соголени пред јавноста, но најпрво препознаени, истражени и потполно разоткриено прикажани на граѓаните и пред нивниот суд, проследени со сериозна новинарска анализа или осврт, не со нарачан текст од политикантски центри на моќ. Ете тоа е вистинската сила на „четвртиот сталеж“ кои од се срце ги поддржувам во нивните напори за демократско и одговорно општество со загарантирани слободи и права и право на јавно искажан збор изразување без било какви последици. Тоа е вистинската одбрана на уставните и демократски вредности на Македонија заради самите нас и нашето чисто лице пред меѓународната заедница. За она кој зборуваше за грдото лице и чие лице сега од оваа дистанца се покажа грдо и нечесно има многу можности да истражуваат и анализираат новинарите, но и да согледа јавноста.

Што и да се случува во иднина, какви ли да се прават обиди за геблсовски настап врз информирањето и работата на новинарите, ништо повеќе нема да е исто. По последната битка на новинарите во Македонија, и тие самите, и јавноста се доведени до фаза на демократска сензибилност, така што нема да има „прочка“ или „забошотување“ на палавостите на власта и политикантите, односно патократорите. Сите се пред судот на јавноста, особено во однос на криминалните и антидржавни постапки, благодарение на тенденцијата на четвртата власт да излезе од сенката на дневно-политичките и политикантските игри. Од сега натаму, искрено се надевам дека сметката за „забава“ ќе си ја плаќаат тие кои ја организирале и учествувале во забавата, не јавноста и гласниците.

На денот на Св.маченик Мирон (17./30.08.2019)

**Левијатан**

Многу одамна, со падот на комунизмот и распадот на политичката креатура (амалгам во обид) СФРЈ, создавањето на независна држава Македонија, живеев во уверување дека Левијатан, (тоа митско суштество на Хобс или еден од четирити демони), замина од овие простори. Не е дека не се наѕираше, неговото присуство уште во почетокот на создавањето на Македонската држава, но се убедував самиот себеси дека тоа е лошото ехо од минатото кое постепено ќе исчезне, ќе замине во историјата. Но, ѓаволот не спие, напротив денес живееме во време кога Левијатан го достигнува својот *апогеј*. Поради ова, ѓаволот Левијатан, и мислам дека најточниот поим за карактеризирање на системот на владеење на „нашите" властодршци не може да биде ништо друго освен САТАНОКРАТИЈА, термин кој се користеше од страна на советските дисиденте за владеењето на Сталин е во својот врв на делување во Македонија.

Оваа мозочна еквилибристика ми беше потребна за да најдам заеднички именител на сите наши јадови, создадени од безумното владеење на владината коалиција. Нема ден да помине, а тие да не го потврдат погоре наведениот Левијатан преточен во нивното однесување кон државата, нацијата, граѓаните. Уморни од секојдневните афери, последната, со „аномалиите" при полагањето на приемен испит за „Судската академија" и кој се е примен на оваа академија, е подјадување на општествената плацента, а потоа да не се чудиме што некаде ќе сретнеме коментари дека „Македонија е несакано дете или мртвороденче на Европа". Класичен абортус на едно битие, државната творба Македонија, кое требаше да биде фундаментот на кој требаше да се постави долго најавуваната „перестројка" на овие простори, а која нашиот Левијатан не дозволи да се овоплоти.

Секако, не сум до тој степен идеалист, да очекувам расправа или барем реакција од „нашите интелектуалци", секоја чест на исклучоците кои само го потврдуваат правилото, но Тие, режимски апологети, постојано живеат од она што им го подава раката на власта, никогаш не обидувајки се да излезат на „слободниот пазар" на мислата. Никогаш и не биле ништо друго освен, како што ќе ги нарече Хајек „професионални продавачи на идеи од втора рака". Или, да останам во рамките на контекстот со Левијатан, оваа наша „интелектуална елита" е длабоко во прегратките на *Паимон*. Токму затоа логичкиот, философски и спознаен капацитет е таков каков што е.

Како се вели во премудрите мисли и беседи на Св.Јован Златоуст: „Да пиеме од длабокиот, непресушниот и огромен океан на Божјото познание и мудрост, а не од вадата на световната мудрост". И токму таа световна мудрост е под „капата" на Левијатан и неговиот Паимон.

Но, тоа е судбата наша!

А судбина не постои туку Божја промисла, бидејќи ние сме креатори на нашето битисување на земјата-државата.

Феноменот, кој се појави во просторот ослободен од „интелектуалците“ задоени од Паимон, а како антипод на Левијатан, е Црноризецот храбар. Да токму така, Црноризец храбар се појави да се спротивстави на Левијатан начекувајќи го со „Сариса параос“ (долгото копје на Александар Македонски), во најтемните ќошиња на неговите Потемкинови села (кои не даваат многу простор за криење). Токму така, очигледен е отпорот на народот напатен, намачен и зацрнет, но со добра колективна меморија, кој неорганизирано ги детектира сите аномалии на нашиот Левијатан, фаќајки го, како би рекол самиот народецот наш „со спуштени гаќи“. Благодарение на социјалните мрежи овие, би ги нарекол иреверзибилни штети по општеството, се појавуваат во јавноста ставајќи го во искушение Левијатан да избира, кој од трите можни одговори на „Дилемата на затвореникот“ е посоодветен.

Патем, кога ќе подразмислам, појавувањето на Левијатан во целосната негова „величина“, беше очекувано и беше само прашање на време. Имено, уште одамна, еден од нај остроумните историчари на нашето современие, Франсоа Фире, напиша: „Комунизмот во наследство остава само рушевини“. Што би можеле да очекуваме од децата на комунизмот, ја сменија појавната форма, заради замајување на неинформираните, но содржината остана недопрена. Вознесено, со цинична насмевка, лебдат над стварноста со која суверено владеат, секогаш, како Минервиниот був (како уште една метафора на Пеимон само во друг митолошки лик на многубоштвото) летнувајки во раѓањето на зората, пристигнуваат post festum на, неразбирливите за нив, општествено - историски случувања, како мудро би констатирале дека ништо не е по закон, се бара промена во склоп на нивните ретроградни размислувања. Рушејќи за еден ден, се што било создавано со децении, притоа надевајќи се на вечна слава, а всушност ја задобија „Херостратовата слава“.

Но, благодарение на нашиот Црноризец, Левијатан е целосно разголен. Остана уште еден мал смоквин лист кој, во стилот на нивниот главен гуру Маркс, како негација на негацијата ја разоткрива целосната грдотија на нашиот исцрпен-испразнет црпнат Левијатан. Или како што самиот некогаш зборуваше нели, за нечие грдо лице, а своето под илјада маски вешто го криеше, а сега дури и маските ги шминка и дотерува.

Сето ова, ме наведува на помислата дека е потребна јавна полемика, доколку се решат интелектуалците да излезат од безбедноста на конформизмот, а политичките контролори на јавниот медиумски простор дозволат, ќе се отвори слободен и насушно потребен простор за утврдување на природата на владеењето на Зоран Заев. Во спротивно затворениот круг ќе си остане затворен како заградена бара, но јавните и социјалните мрежи неможе да се затворат и таму секогаш че дуваат ветришта кои ќе го прочистуваат етерот. Секако, прашањето за полемика се однесува на идеолошката „легитимација“ на режимот. Проблемот е што нивните контроверзи не ни дозволуваат да ги

вклопиме во ниедна позната типологизација на идеолошко класифицирани режими, како опис на системот кој го персонифицира Заев. Со исклучок на етикетирањето (кое во овој контекст на колумната го сметам за тривијално) дека се една обична криминално-апашка банда, а тоа секако не е идеолошко-политичка карактеристика, туку едноставно во прашање се многу пари за лични бели дворови копаат црни гробови што парафразирано ни го вели Рацин децении наназад.

Но, во крајна линија, мислам дека идеолошката легитимација за тоталитарен режим е секундарна работа и не треба да преставува проблем во разбирање на суштината на начинот на владеење. Имено, имаме работа со еден „просветлен" диктатор кој не робува на ниту една идеологија, доколку воопшто го разбира поимот идеологија, циник, мизантроп, голем манипулатор, лице под илјада маски, кој се обидува да ја закрпи простирката од крпите позајмени од репертоарите на дваесет вековната тоталитарна идеологија, спакувана во светлечка украсна хартија и бласфемично однесување кон демократските придибивки на современите општествено-државни уредувања како резултат на емпиријата на човечкиот род во градење на држава и уредено општество со морани норми на однесување. Станува збор за инсталирање на систем способен да произведе само бескрајна беда, аморалност, чемер и јад (но, за ова пошироко во следната колумна).

Безидејноста и не капацитетноста како карактеристики на оваа власт се посебно изразени, но да се опишат и образложат сите негативни карактеристики (за позитивните неможам никако да се сетам, иако искрено ги барам со боринче) во една колумна е многу мал простор.

Го поттикнувам Црноризец храбар упорно да го користи Александровото копје за да го прободува Левијатан, да го разгорува факелот на слободата и со тој оган да ги изгори Потемкиновите села кои му ги изгради Левијатан. Тоа е патот кон слободата од стисокот на Левијатан, без разлика колку многу Паимон да делува на определена група „интелектуалци" вгнездени во партискиот конформизам. Еден ден секако ќе се оди на суд пред народот, тоа е придобивката на демократијата, без разлика дали некој ќе се дрзне да организира или нема да организира. Реакција ќе има колку и да нема јавни полемики или соодветно третирани прашања во вистинско време. А, времето е во Бога и е неминовен показател и судија и лекар, но безмилосно, незапирливо тече, одминува и се троши.

На денот на Св.Свештеномаченик Антим Никомидиски (03./16.09.2019)

**Сведоштва, свиркања и симулации**

Во последниве неполни пет месеци, односно по завршувањето на претседателските избори (за време на кој сите молчеа во однос на глупостите на власта, како премолчен „џентлменски“ договор), оваа власт, ако воопшто така може да се нарече лукративно - манипулаторска дружина која владее со Македонија, доживеа и за жал преживеа пет мега скандали. За само еден ваков и можеби и многу помал скандал во нормални демократии паѓаат влади.

Но, очигледно ние не сме нормална држава и демократија, бидејќи овие пет мега скандали (во просек по еден на секој месец) не допираат до Левијатанот. Тоа е очекувана реакција негова и на неговата дружина, па така не помагаат ниту сведоштва, ниту свиркачи, се сè сведува на симулации. За жал симулациите на демократијата во Македонија се наше секојдневие и се во политичкиот живот на Македонија се одвива по една сентенца од времето на почетокот на распадот на СФРЈ („... они нас као нападају, а ми се као бранимо...“).

За потсетување, бидејќи мислам дека од толкава количина политички глупости и малверзации народот наш напатен заборава на клучните случувања и мега скандали да се потсетиме:

1.Случај Рашковски или отворен обид за корупција и тендерманија во износ од „бедни“ 7 (седум) милиони евра. Навредите кон суверени држави земји членки на ЕУ не ги сметаме за сериозен дипломатски проблем на владата на Левијатан;

2.Пранк мајтапите со Левијатан, како ругање на државата Македонија и капацитетот на владата и лидерството, а преку нас и ругање на НАТО и ЕУ по принципот кого се примаат во својот клуб;

3.Аферата „Рекет“, мега скандалот со СЈО и владини „пријатели“ во кој се уценуваа бизнисмени и обвинети од СЈО за „ситни“ 1,5 милион евра;

4.Аферата „Рекет-2“, бркање на странски инвеститор, рушење на здравствениот систем во Македонија и нанесување на штета на граѓаните за „никакви“ 11 (единаесет) милиони евра;

5.Сведоштвото на Верушевски и дефинитивното разобличување на погромот во режија на Левијатан наречена „вистината за Македонија“, која беше безочно лажење заради остварување на ниски политички страсти.

Само еден од овие мега скандали е доволен да падне оваа влада или опозицијата да преземе цврсти и радикални чекори за нејзино уривање. При тоа, нема да зборуваме за сите „ситни“ и попатни, секојдневни глупости, измами и криминали кои оваа влада на СДС ги прави. Нема потреба од свиркачи кои на некои портали ќе им „кажат“ дека некој од семејството на пратеник, министер или директор од власта прекршил закон, бил насилен, се заканувал и слично. Веќе е премногу и со овие пет мега скандали.

Зарем не е преполна чашата и не е доволно јасно зошто Заев дојде на власт, пардон, беше доведен - октроиран на власт. Очигледно е дека менторот барем малку веруваше дека Левијатан нема да биде немирен и дека ќе биде под контрола, но кога тоа во однос на криминал и кражба на државата СДС бил под контрола, кога единствената идеологија за доаѓање на власт им е како да направат (читај украдат) пари.

Последното сведоштво на Верушевски (оние нарачани сведоштва од ОЈО и СЈО за политички прогон не ги сметам за релевантни и спаѓаат во категоријата на човечко ѓубре без морал и достоинство), покажа дека Заев добро знаел што има во рацете (мислам на нелегално снимените материјали од 2014-2015), но манипулирал и лажел со содржината употребувајќи ја на најмизерен начин за остварување на политички цели. Ова е еклатантен доказ за една психичка (ментална), етичка и човечка состојба на дно, на крајна паднатост во калта во која се препелка Левијатан. Така препелкајќи се влече мнозина по себе, бидејќи патот кон пеколот е многу широк и лесно проодлив па мнозина безумно одат по Заев наместо да ја бараат вистината.

Уште во Февруари 2017 година напишав една колумна насловена како „кој ќе му суди на Заев, а кој на Катица“? Еве по две и пол години се исполни времето и како што најавив на Катица ќе и суди народот, колку и да се обидува Заев тоа да го забошоти и релативизира, бидејќи знае дека и за неговото судење и пресуда набргу ќе се исполни времето. Таа колумна не беше пророчки мотивирана, туку едноставно поради познавањето на фактите и тоа дека снимките кои во јавноста ги изнесе Левијатан со Велзевул (таткото на лагата) во манирот на баронот Минхаузен, едноставно беа „сечени, лепени и монтирани“. Страшно е тоа што во својата суштина беа насочени кон безобразна и нечовечка манипулација со луѓе кои доживеаа семејни трагедии, подоцна истите тие снимки беа дополнително злоупотребени за уништување на стотици луѓе, личности, семејства и животи. За сите овие злодела Заев мора да одговара, не само за криминалот, корумпираноста, уривањето на државниот систем на функционирање, уривање на судството и обвинителството, на крајот и за измамничко и противуставно доаѓање на власт и промена на името на државата. Во потполност се остварува Патократијата на дело со сите аномалии на менталниот ракурс кој го имаат вградено во нив како фабричка грешка.

На крајот само да напоменам уште две поенти.

*Прво*, за очекување е во иднина да имаме уште сведоштва и се повеќе свиркачи за злото кое го направил и кое го прави Левијатан, како и обидот на самиот Заев да опстане по секоја цена и затоа ќе се нагледаме и наслушаме лаги и глупости, но прашање е дали ќе бидеме со кратко паметење и молчешкум ќе му простиме.

*Второ*, не можам да ја разберам „кротоста“ на Македонските граѓани и опозициони политички елити кои мирно гледаат (ова мое и други пишувања не ги сметам за сериозен отпор, бидејќи „... лаат, а карванот си врви“) на се што

прави со нацијата и државата Заев и СДС и комотно се вклопуваат во симулациите на правна држава, преговори, пописи, избори и слично.

Се надевам дека оваа сведоштво на Верушевски не е уште една симулација на двоен гамбит и безбедносна манипулација заради замајување на јавноста која ќе внесе уште повеќе збунетост кај граѓаните, за по постигнатата им цел да биде дека не биле добро разбрани. Можеби е и нивна меѓусебна пресметка за неостварени очекувања и нереализирани долгови, но тоа е нивна работа, вистината е дека се манипулира со јавноста за лични политички и лукративни интереси. Или, можеби се работи за фрлање прашина во очите на сите нас, да се забавуваме со наводната пресметка помеѓу Заев и Верушевски, а во меѓувреме обвинетите од аферата Рекет „незабележливо“ да бидат пуштени дома (во куќен притвор за почеток, а потоа и да се бранат од слобода). Манипулација и што би рекол народот мачкање очи или „мижи Асан да ти бајам“, е толку од правната држава, казнивост и одговорност и борба против криминалот, особено оној организираниот во врвот на власта и корупцијата заедно со него.

Очигледно дека колегата колумнист Сотир Костов има потполно право кога вели дека треба да се самоорганизираме во отпорот и кренатиот глас против оваа власт на Левијатан.

Покрај конкретната моја лична општествена активност во оваа насока, забележливо е упорното молчење на „демократските медиуми“ или слободни телевизии, но јас нема да престанам со пишан збор да ве потсетувам на злоделата на Левијатан и потребата од смелост и отпор. Воедно, ја потсетувам опозицијата дека постои насушна потреба да се појави на терен, да биде мобилизирачки фактор и да го предводи спротивставувањето на „политиките“ и однесувањето на Заев. Тоа може да го направи единствено доколку е помеѓу граѓаните и доколку го прошири фронтот на политичко-прагматично делување во сите општествени области со определен стратешки и комбиниран локален пристап и користење на сите ресурси и патриотски и демократски сили во Македонија. Во овие сили секако се и идните сведоштва кои отсега треба да бидат куражени да прозборат. На мислење сум дека нема потреба оваа влада да чека уште некој пораз (на пример не добивање датум за преговори со ЕУ), национално понижување или откривање на уште некој мега скандал преку сведоштво или свиркање.

Времето им истече и на Велзевулот на Македонскиот народ – Заев и на неговата СДС, требаше да заминат уште вчера.

На денот на Преподобна Теодора Александриска (11./24.09.2019)

**Вознесот и падот на политичките лилипутанци**

Месеци и месеци потрошени на макотрпно истражување на позадината на случувањата на собитијата. Неверен Тома, како што ме создал Господ,ај да измерам и пак да измерам, да не избрзам, да не донесам погрешен заклучок, се сомневав во мојата диоптрија низ која ја гледам македонската политичка сцена, се нешто ми се чинеше дека некоја (трета или четврта) димензија не можам да видам. Не прифаќајќи ги јавните оговарања за интелектуалниот капацитет на властодршците, впрочем како што се вели, луѓето се пред се, љубоморни на успехот на другиот и се обидуваат да го омаловажат.

За да дојдам до вистината морав да се вратам на изворот, имајќи пред вид дека владеачката коалиција е создадена од марксисти-ленинисти или изворно комунисти, да ги препрочитам класиците на марксизмот.

Еурека, ја пронајдов четвртата димензија, како сме можеле да бидеме слепи. Токму нашите властодршци, тргнале да ја реализираат мечта за безсмртност низ политичката платформата од „18-тиот брумер на Луј Бонапарта" и стратегијата на „Гуливеровите патувања". Крајна цел, секако идеалот на секој комунист, „Крајот на историјата", не онаа на Хантингтон туку нашата - Македонската, и „Одумирањето на државата", но не онаа на Ленин туку на нашата – Македонската држава. Испревртени идеолошки цели со егоцентрична замисла на Цезарот, Левијатанот..., а всушност Лилипутанец.

Но, како дојдоа до овде нашите политички лилипутанци?

Триесет годишното делување на наследниците на КПМ, сегашните СДС-овци, асоцира на „Гуливеровите патувања" шетајќи од остров на остров, без свој демијург во идеја водилка. Едноставно живеејки ден за ден во сите денови на своето владеење, се обидуваа да исконструираат, со помош на „дебело" платените, интелектуално импотентни идеолози, идеолошка матрица насадена на едно одамна поминато време, никогаш не успевајќи да ја допрата суштината на европската социјалдемократија. Сепак, за дел од народните маси, романтично занесени по еден одминат систем, (патем кажано, далеку од совршен) пласираа некаква си идеологија како траса по која се движат и тоа во континуитет (секако континуитет кој немаше врска со патриотизмот и посветеноста на создателите на Македонската држава на темелите на АСНОМ), лажно претставувајќи се.

Но, нејсе, ништо не може да трае вечно, бродот се заринка во депонијата на сопствениот политички волунтаризам полн со најтривијални лаги. Тоа е момент кој го чекаа политичките лилипутанци, дотогаш само минорни статисти во декадентната престава на Гуливер (кој и денес „умно" молчи и не одговара на разно разните сведоштва, а кои сведочат и за неговото време). Истоштениот Гуливер не можеше да се спротивстави на „бунтот" на политичките лилипутанци, многу лесно се предаде надевајки се дека неговата грамадност (достојна на еден Папа), наспроти пигмеите, ќе му овозможи, од зад паравансот, да продолжи невидливо да ја режира преставата, впрочем тоа и му го ветуваа лилипутанците, онака свежи и податни.

Како што обично бива во Македонија, нож во грбот доби Гуливер и заврши во политичка пензија и помалку изолација. Политичките лилипутанци веднаш се заканија дека „ќе јадат живи луѓе“, заканите беа и кон Гуливер, можеби не во облик на канибализам но секако во пригодна амбалажа. Потоа, по сугестија на нивните политички ментори, се обоија во боите на виножитото следејќи ги светските модни трендови и притоа ругајќи му се на Бога. Немајќи своја концепција, за политичка платформа да не спомнуваме, се решија да делуваат како што и доликува на политички Лилипутанци, без морални норми - со лаги. На овој начин, со лаги и манипулации спроведоа насилие и ја презедоа власта. Нешто што нивните претходници на кои се повикуваат за државотворно наследство ни на сон не би го сториле.

Владеењето на политичките Лилипутанци се реализира низ само ним познати демократски правила. Колнејќи се во своите најмили до последната жица, а во “интерес“ на народот, кој по дифол би требало да го преставуваат и работат во негов интерес, распродадоа се што значи идентитет на еден народ или национален интерес на една држава. Правдајќи се со освојување на повисоки цели и интереси, но во суштина станува збор за психоделичен постмодернизам на политичките Лилипутанци, Квази-херојското „слетување“ на месечината се случи во напуштениот подземен тунел на европските политички катакомби. Безумие! Никако на друг начин не би можел да го определам владеењето на политичките лилипутанци. Навлегоа во сопствениот театар на апсурдот, како онаа несреќна „Храбра мајка“ на Брехт, која задоволна од бизнисот кој го правеше движејки се низ воените фронтови, не ни забележа дека секој фронт и однесува во смрт по едно дете. Токму така, лукративните интереси на владеачките политички медиокритети им го наметнаа политичкото „кокошкино слепило“, никако да забележат дека Гуливер се ослободува и како анаконда постепено ги прегрнува. Политичките лилипутанци навлегоа во просторот на „Касандриното проклетство“, знаеш што ќе ти се случи, но не можеш да го спречиш неизбежното.

Следејќи ја паролата „да се спаси, што може да се спаси“, политичките лилипутанци, сите сили ги впрегнаа да не внесат во „Прокрустовата постела“ на националните интереси на нашите „добри“ соседи. За нивниот садо-мазохизам нашето крварење беше само уште еден чекор до совршениот политичко-национален вознес. За да се прикријат, проектираа лош римејк на Кустуричиниот „Андерграунд“, со кастрација на медиумите единствена вистина беше само, проектираната од нивните апологети, нивната вистина.

Но, крајот е веќе тука, поточно од вчера, песочниот часовник истече и од „андерграундот“ се појавуваат ликови кои не веруваат на „агитпроповската вистина“. Крвавите рани од насилието да не стават во „Прокрустовата постела“ ќе се залечат, впрочем низ историјата наша - Македонска, многу владетели се обиделе да не сместат во таа злокобна постела и секогаш сме преживувале, ќе преживееме и овој пат. Сепак, штетата што ја направија политичките лилипутанци, како реа ќе се шири уште долго низ политичките кулоари на Македонската политичка сцена. Нивните политички наследници со децении ќе ги санираат штетите (доколку некогаш добијат шанса за тоа да се искупат за

гревовите на нивните претходници), срамејќи се од периодот на владеењето на политичките лилипутанци. Стигматизирани за навек од Македонскиот народ од кого ќе изникне современ Тезеј за да не извлече од „Прокрустовата постела“ и да ги казни политичките лилипутанци вознесени во ликот на Прокруст.

Замислениот вознес на политичките лилипутанци е со краток век, а падот ќе биде длабок и болен.

На денот на Св.Софија и ќерќите и Вера, Надеж и Љубов (17./30.09.2019)

**Терминолошки и практични дивергенции на актуелната политика во Македонија**

Не е вообичаено да пишувам колумни или анализи на актуелните наши собитија со толку долг наслов, но со оглед на намерата да проговорам за стратешките, (доколку воопшто ги има) планови и тенденции на политичките субјекти и лидерства во Македонија, а кои ни ги претставуваат последниве седмици, неопходно беше да го поставам насловот на темата во една подолга најава.

Што е тоа стратегија?

Оваа прашање кое како и вообичаено во моите колумни и анализи има реторичко значење, најчесто нашите политички лидерства тешко може да си го одговорат, а истите претендираат кон водење на државата сега или во иднина од позиција на клучни донесувачи на одлуки.

Да расчистиме една работа веднаш на почеток. Имено, стратегијата не е опширен (во томови и детали) и таен документ како што многумина мислат па се собираат во кулоари или тесни кругови на „одбрани доверливи“ лица и планираат „стратегии“. Стратегијата претставува сублимиран, долгорочен план на една држава, политичка партија, нација, организација, бизнис структура и друг вид организација на било кое ниво за тоа кој се дефинираните и детерминирани цели кон кој за среден или долг период оваа држава, нација, организација и слично сака да дојде, односно да ги реализира. Накратко и едноставно со народен јазик кажано, стратегијата претставува *план за остварување на некоја цел.* Стратегијата не е опширен документ, туку сублимиран краток преглед на целите и патот до нивната реализација, односно задачите кои треба да се реализираат во определен временски рок за да се оствари крајната цел. Токму затоа, во меѓународните односи ќе можете да ги видите јавно искажаните стратешки цели на големите сили и на супер силата како и на многу регионални сили па дури и на нашите соседи. Впрочем, ниту еден досегашен Американски претседател не стапил на должност, а при тоа да нема стратегија за целите кои треба или ќе тежнее да ги оствари во неговиот мандат.

За жал, нашите политички лидерства стратешкиот пристап и стратегијата како основа за политичко, сигурносно, економско или било какво друго делување ја сметаат за таен документ и проект полн со мистерии, односно задкулисни игри, подметнувања и лични интереси дури и во сопствените политички структури - партии. Од тука и произлегува какфонијата во настапите на политичките партии во дадениот општествен миг. Какафонија која тешко може да ја разберат и да проникнат во суштината на целите кои се во потполност нејасни дури и луѓето од академската јавност кои се занимаваат со вакви анализи, а не пак граѓаните обременети со проблемите за егзистенција. Дополнителна збунетост создава и несоодветната терминологија која се употребува, а се со цел да звучи бомбастично и во ПР цели кај граѓаните да направи претстава која нема суштина.

Конкретно земено, овие таканаречени и тајни стратегии на политичките лидерства во Македонија суштински и терминолошки се дивергентни дури и со тоа што би требало да го постигнат како цел. Дополнително, што истите најчесто се темелат врз неконзистентност, нереалност, без континуитет со многу дупки (намерни, случајни, како резултат на лични суети и слично) во колективната меморија и недостаток (повторно намерен, случаен или суетен) на институционална меморија. Така, замислените стратегии во фазата на нивната реализација само ја зголемуваат нејасноста и делувањето во оперативна и тактичка смисла на остварувањето на задачите кои треба да доведат до остварувањето на главната цел на стратегијата. Во оваа фаза доаѓа и до потполна дивергенција на терминолошката употреба на поимите кои би требале да го означат стратешко ниво и одделат од прагматичното делување на оперативно и тактичко ниво. Само една мала дигресија, во сериозниот настап на државите стратегијата е резултат на доктрината и концепцијата, но за жал во Македонија на партиско-политичко ниво не постои никаква доктрина или концепција што пак се пренесува на државно ниво. Со ова сакам да кажам дека политичките партии и нивните лидерства немаат концепција и доктрина, а потоа и стратегија за Македонија и нејзината иднина. Впрочем дали во овие триесет години независна Македонија некој слушна дека некоја политичка партија или лидерство истакнаа дека имаат концепција и стратегија за Македонија и сето тоа засновано врз доктринарни ставови повторно базирани врз научна мисла и емпирија?

Како резултат на оваа состојба никако да успееме да завршиме со „реформите“ во одбраната и во безбедносните служби, а поедини министри ќе се пофалат пред јавноста дека спроведуваат „успешни“ реформи, додека пак опозицијата ќе најде време за празни конференции за јавноста за дребни и тривијални случки без суштинска, стручна и научна анализа и јавна дебата за состојбите, со што потврдени авторитети од научната и експертската јавност на најдиректен начин ќе ги разобличат погрешните политики на СДС или штети врз државата. А, од овие вака спроведени „успешни“ и „премолчани“ реформи во безбедносниот сектор и сега во одбраната штетите ќе бидат многу големи и долготрајни за Македонија, а секако и за голем број припадници на одбраната и на безбедносните служби кои ќе бидат сведени под именителот на „реформи на администрацијата“ или „ветинг“.

Токму затоа, имаме нереална приказна која СДС ја нарекува „На правиот пат“, а ниту некој знае ниту некој има насока каде е правиот пат и до каде треба да не доведе, а не пак по кој пат сега не води, особено кога е во прашање СДС и нивната политика тоа е и од повеќе јасно и видливо во пракса, односно дивергентно во однос на нивните формални и вообичаено лажни заложби. Од друга страна, имаме акција насловена како „Обнова на Македонија“, а во исто време не знаеме што се ќе треба да се обнови ниту која е целта на тоа обновување, односно не видовме стратегија за клучните области за обнова на Македонија (доколку се зборува за преточување во изборна програма тоа не е исто што и стратегија-изборната програма е само прост збир

на желби и ветувања убаво презентирани за кои не се знае дали и како ќе се реализираат). За подобро ПР претставување имаме и состојба во која ВМРО-ДПМНЕ излегува на терен со „тим за обнова“ кој пак е составен од таканаречени „стратешки соработници“ (зборувам за терминот кој е употребен и затоа велам таканаречени). Немам намера да правам анализа на тимот од персонално-квалитативен аспект поодделно, затоа што сметам дека колегата Мицкоски свесно ќе носи придобивка, но и одговорност за изборот на тимот и успехот или неуспехот на истиот. Овој термин, „стратешки соработници“ е една несреќна кованица која никаде не можете да ја класифицирате (единствено можеби во ПР звучноста), ниту како стратешки ниту како соработници затоа што овие два поими ниту појмовно ниту терминолошки не се согласуваат, односно истите се спротивни и по значење и по пракса. Имено, на стратешко ниво може да се сретнат „советници“ во клучните области кои пак имаат свои тимови на соработници распределени во под области. На пример, советник за национална сигурност е стратешка позиција, а истиот има свој тим на соработници кои покриваат делови од националната или внатрешната безбедност, разузнавањето, политиката, меѓународната безбедност и други области кои ја допираат сигурноста. Поимот „соработник“ пак е административно ниво и во основа, терминолошки претставува „помошник“ за определена под област во рамките на некоја поширока област, а пак во својата работа соработникот се потпира на референтите. Ова е класична пирамидална поставеност на системот.

Затоа почитувана Македонска јавност, основниот заклучок од оваа моја колумна е: ***Македонија како држава го изгуби системот***. Резулататот на тоа е терминолошката и парктичната дивергенција на патот по кој се движи Македонија, што пак резултира со потполна отсутност на координација за реалните потреби и интереси на нацијата и државата со реалните политичко-прагматични случувања внатре и во опкружувањето (за пошироко регионално или глобално ниво нема потреба да зборуваме) како и со непостоење на организирана структура која практично ќе може на експертско ниво да ги спроведе задачите преку кои треба да се реализира замислената стратегија, односно да профункционира системот.

Воспоставениот систем на функционирање на државата заснован на знаење, академска научна мисла, методолошки потврден и воспоставен систем, заснован на колективна (граѓанска – народна) меморија и институционална меморија гарантира и сигурен успех и напредок на државата и нација заснован врз утврдени стратешки документи како доктрина, концепција и стратегија на национално ниво.

Основната стратешка цел која ја препорачувам на политичките лидерства е ВРАЌАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДРЖАВАТА.

Се друго што ставаат во своите патишта и програми е само едноставен и гол политички маркетинг, убаво спакувана форма без суштина. Затоа се калкулира со реакции на глупостите кои ги прави СДС во однос на АНБ, но и

вината на „преговарачите“ од страна на ВМРО-ДПМНЕ во периодот на подготовката на Законот за АНБ и законите за реформите на безбедносниот сектор. Затоа се калкулира со реакција во однос на глупостите кои повторно ги прави СДС со новата формација и „реорганизација“ на АРМ (согласно нели „стратешкиот одбранбен преглед“ кој воопшто не е стратешки документ на одбраната иако носи таков назив, туку се работи за операционален документ или документ на второ ниво со кој некои „експерти“ од Министерството за одбрана ја манипулираа јавноста исклучиво за лични и политички цели) и како никој да не е заинтересиран за функционирање и ревитализација на вооружените сили на Македонија како столб на одбранбените способности на државата (не само во воена смисла, туку повеќе како капацитети за справување со кризи, несреќи и катастрофи).

Резултатот од немањето стратешки пристап доведе до видливите последици кои за Македонија ги предизвика и ги предизвикува владата на СДС, а во исто време доведува до поединечна реакција по важните прашања на пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои покажуваат личен капацитет и институционална меморија и знаење, обидувајќи се да спречат потполно дезинтегрирање и погрешно нефункционално реформирање на безбедносниот сектор или спречување на негативни консеквенци во други области. Останува нејасно зошто ВМРО-ДПМНЕ се откажува од користењето на капацитетите на голем број поранешни некомпромитирани (за компромитација не ги сметам глупостите и нарачаните невистини кои ги пласираат некои портали од жолтата провиниенција) пред се квалитетни поранешни високи државни функционери, поранешни министри, амбасадори, административни службеници на различни нивоа и области, припадници на научната заедница кои пред се се патриоти кои ја сакаат својата таткјовина Македонија, а потоа се блиски до идеологијата и изворните политики на ВМРО-ДПМНЕ. Евентуалниот изговор дека СДС врши притисок за некакво расчистување со „старите кадри“ на ВМРО-ДПМНЕ е обична глупост и политички трик на СДС за одземање на капацитетите на ВМРО-ДПМНЕ за успешна политичка борба во теорија и пракса против не капацитетноста на СДС. Овој „изговор“ се побива со едноставно политичко барање до јавноста во Македонија, а тоа е: „да видиме кој што направи како политичка структура во изминативе триесет години и кој каква штета нанесе на Македонија“? Времето за краткорочни политички игри истече, потребно е терминолошко и практично конвергирање кон единствената цел, а тоа е како што веќе напишав, обновување на системот за функционирање на државата или „ресетирање“ на државата, а на опозицијата и треба масовност или „широк народен фронт“ за да СДС си замине од власт. Убеден сум дека ова како историски потфат го бараат сите граѓани на Македонија, бидејќи им е „збоктисано“ од бескрајните и бесполезни реформи и транзиции во кои само Македонија и граѓаните се жртви кои треба да живеат во неуредена и без систем полу или квази држава како како и да милувате да ја определите терминолошки но со јасна суштина.

За жал се по очигледен е недостатокот на соодветна поддршка на политичките елити од страна на академската и пред се научната и стручна јавност и видливо е самозадоволството на политичките елити од сопствените политички правци што несомнено не турка кон потполна дезинтегрираност и безидејност.

На денот на упокојувањето на Св.Јован Богослов (26.09./09.10.2019)

P.S. На сите читатели им се извинувам за должината на колумната и им благодарам за одвоеното време да ја прочитаат и се надевам позитивно разберат.

**Волшебници**

Времето си одминува и се троши. Тоа е најскапиот ресурс кои е во бесконечност и го има во изобилие „додека трае светот и векот", но во исто време и ресурс кој кога ќе одмине не се враќа назад, а за загубеното време можеме само да жалиме и да вложуваме дополнителни напори за да го надоместиме. Така и нашата татковина Македонија и сите ние кои живееме во неа го трошиме времето дури и безмилосно ( секако ние како граѓани не по своја вина).

Претендентите на вознесот како лидери на Македонија и актуелна власт никако да воспримат дека нивниот мајтап не го троши само нашето време туку и времето на идните генерации. Поради оваа состојба Македонија доцни зад западните земји, а последниве 3 години сериозно задоцнува и зад нашите соседи. Затоа да не се лутиме на Французите што сме во групата со Албанија, како што сме тргнале може да останеме и без група како што веќе останавме без име и идентитет.

Кога зборуваат за сигурен датум за преговори, Заев и компанија лукративци во ДОО СДС мислат на некоја неодредена формулација дека датумот за преговори ќе ни биде даден во Јуни 2020 или во најдобар случај дека во Јуни 2020 година ќе се одржи заедничка седница на владата со ЕУ што ќе означи почеток на преговорите.

Веројатно, по недостоинствениот влез во НАТО со промена на името и идентитетот чии последици сега ги чувствуваме, но и допрва ќе ги почувствуваме посилно, Заев мисли дека во ЕУ ќе не примат (за жал кутриот тој под добивање датум за преговори мисли дека е прием во ЕУ) со помош на магии и трикови, како со волшебно стапче „нашиот волшебник" да сака да го скокне празниот простор-времето и „хокус – покус" Македонија во ЕУ.

Страшно е што човекот не смета сите за будали па така и резонира дека со волшепство се стигнува во ЕУ, а при тоа како урнек се има самиот себеси и неговите волшебни достигнувања во изградба на семејната империја.

Никако да разберат дека нивните волшешства и не доведоа до овде и дека еден од нивните волшебници ангажиран во безбедносните структури токму по истиот принцип час призна-час одрече и со еден замав на стапчето тоа што на очиглед на сите нас е вистината со „Вистината за Македонија" и нивните креирани, сечени, лепени и монтирани бомби, сега станува недоразбирање и пак „пу-пу" неважи и „чири бу-чири ба" тоа што го гледате не е така. Овде веројатно свое влијание има и „Бугарската фатаморгана" според она познатата „тази дупка не е дупка". И се така во недоглед, несериозно, енормно лажливо и трошење на времето кое барем ние овде во Македонија го немаме веќе во изобилство за да можеме да се радуваме или смееме на нивните волшепства и вадењето на зајаци од шапка.

Европската унија го гледа сето ова волшепство на Заев и СДС и колку да го „поддржуваат", а тој безглаво трча во уништувањето на Македонската

нација и државност и не спроведувањето и зачувувањето на Македонските национални интереси, дури и споменик да му изградат, во ЕУ нема да го пуштат само поради тоа што како Паљачо ќе изведува волшебнички трикови. Едноставно е, бидејќи Европа знае што бара. Тоа што го бара е повеќе од јасно за сите нас, но во исто време и очебијно дека живееме во нефункционално општество, кое е нефункционално „општество за сите“ (со исклучок на мала, мала, мала група ... во СДС и околу Заев). Европа бара од нас конкретни и видливи реформи (досаден збор и формулација која веќе наизуст ја знаеме), но тоа не го бара поради себеси, бидејќи Европа и без нас функционира, туку го бара поради нас. Тоа значи дека проблемот е во нас, поточно во оваа власт која упорно со волшепства мисли да ги замае Европјаните и да се пикнеме некако на мала врата помешечки и пак недостоинствено во ЕУ. Интересен е тој ментален склоп на Заев, да со виткање кичма (негов уникатен патент применет врз грбот на сопствениот народ) влеземе во меѓународните воено-политички и политичко-економски сојузи кои се на ниво на глобални актери, потценувајќи ги истите и навредувајќи им ја интелегенцијата и дипломатската и историска меморија. Од тука понатаму ништо не го интересира, затоа што ова му е насушно потребно за да има со што да се „пофали“ во претстојната предизборна кампања.

Кога веќе ги потроши сите зајчиња од шапка, сите карти од ракав и сите стари и изветвени волшепства единствено му остана помешечки да се спростре (при тоа ќе сака најпрво нас да не спростре, бидејќи „што се сто стапа по туѓ грб“) и некако да се пикне во ЕУ па дури и со датум за датум за почеток на преговорите, со што ќе прогласи победа, визионерство, демократски капацитет, успешност во сите полиња, едноставно ќе блеска од калта во која не бутна сите.

Имајќи пред вид дека добивањето на датум за почеток на преговори за членство во ЕУ не значи и полноправно членство во ЕУ (впрочем, Турција веќе 30 и повеќе години има датум за почеток на преговори па се уште не е членка на ЕУ), а дека и преговорите ќе бидат мачни и веројатно долготрајни, што поради нас самите, а што поради најавените сопки и будалесување од страна на Бугарија и Грција, а за што повторно сме си самите виноивни, за полноправно членство малку ќе си почекаме. И, повторно Заев е виновен, бидејќи поради неговата лоша проценка, немање стратегија, не вклучување на опозицијата во процесите и не слушањето на волјата на народот, заглавивме во меѓупростор и сега чаре, удолу длабоко-угоре високо. Не помагаат тука волшепствата на Заев, Верушевски и компанија, па затоа виновна е опозицијата, виновна е Венецијанската комисија поради нивниот обид за волшепство и алхемија со Законот за јазиците, виновен е Груевски од Будимпешта затоа што пишува постови, виновен е Цацко или месечевите мени кои влијаат врз сексуалниот живот на полноглавците во Македонската политика кои се вознесуваат во улогата на власт, а поради што јадните не можат да направат ниту еден плански, обмислен и долгорочен чекор од интерес на Македонија и македонските граѓани, туку постојано не заглавуваат со нови и нови глупости. Глупости кои дополнително ќе ни го трошат времето кое го немаме за да излеземе од нивните дубари и волшепства, а кое за волја на вистината ќе се обидуваат да ни го

наместат нашите стратешки паретнери – САД и тоа трудејќи се „од петни жили“ да не извлечат од калта во која не втурна Заев (за жал и САД ги испрска со таа кал). Затоа и ставот на Макрон е оној истиот каков што беше одговорот на Жорж Клемансо кој му го даде на Вудроу Вилсон во однос на четиринаесетте принципи на Вилсон предложени на Парискaта мировна конференција. Ова е само потврда дека политиката има долго паметење и не се случува од денес за утре како што си мислат нашите полноглавци властелини, туку е геополитичка игра со вековна меморија. Сериозни држави имаат континуитет во политиката на заштита и реализација на националните интереси. Стрпливо ја градат својата позиција за спроведување на политиката и реализаицја на националните интереси играјќи на факторот време во своја полза движејќи се кон својата цел чекор по чекор, стапка по стапка со утврдена долгорочна стратегија, а не како нашите недоветни кој „спорови“ со историски длабоки корени решаваат со помош на магично стапче и волшепство.

Чарето е јасно, а тоа е дека без разлика дали Заев ќе добие или нема да добие политичка милостиња за волшебно преживување на политичката сцена во Македонија, претставена како датум за датум за почеток на преговорите за членство во ЕУ, опозицијата, граѓаните, академската и научната јавност, сите ние треба да излеземе на улица и мирно да побараме да престане оваа агонија на волшепства и игри на митолошките суштества Левијатани и Прокрусти низ Македонија. Реата се чувствува надалеку дур до Париз, а само народот може да ги исчисти овие Авгиеви штали од Македонија кои Заев и друштвото му ги наполнија до максимум.

На денот на Покровот на Пресвета Богородица и на Св.Јован Кукузел (01./14.10.2019)

P.S.За појаснување во врска со 14-те принципи на Вудроу Вилсон, Американскиот претседател кој ги претстави истите на Парискaта мировна конференција во 1919 година, главната поента се однесува на правото за самоопределување на секој народ и со тој принцип и правото на државност, а одговорот на Клемансо е во однос на начелно не противење на Франција, но единствено доколку тие народи се способни да создадат самоодржлива меѓународно призната државна заедница и тоа самоодржлива во секој аспект. Споредбата со актуелната состојба во Македонија и последиците од неспособноста на власта ви ја оставам Вам.

**Од дневникот на Гроф Сен Жармен**

„Скопје убав град, помалку личи на фото-копија од Париз, има и Музеј на восочни фигури исто како нашата Мадам Тисо во Лондон, но не е за замерување, тоа претходно го направија и Виена, Санкт-Петербург, Берлин и многу други, можеби како наследници на Александар Македонски имаат право, горд и гостољубив народ.

Нереди во парламентот, асоцира на падот на Бастиља, насилно октроирана нелегитимна племенска влада, премиер докажано корумпирана и аболицирана личност. Сето ова ме подсетува на француската револуција, јакобинците ја окупираа државата. Ова нема да донесе ништо добро. Ad absurdam!

Низ целата територија плантажи на марихуана, нема дозвола од ЕУ, ова заличува на Колумбија. Очекувам да се случи некој балкански Вудсток. Faire l'amour, pas la guerre!

Судот го ослободи Премиерот (истиот оној кој еднаш веќе беше аболициран во минатото), наспроти, по налог на судот, со посебни мерки обезбедената видео документираната корупција. Премиерот се однесува како нашиот Луј „Крал на Сонцето“. *L'État, c'est moi*!

Ноќеска повторно убиство, не знам кое по ред и сите нерасчистени, возила се палат секој ден, local staff ми вели дека сетоа тоа било дел од народниот балкански фолколор, мене пак ми заличува на Палермо од раните 70-ти.

Денес имаше свечено пуштање на неколку километри автопат и еден тунел, не знам дали некаде сеуште тоа се прави така свечено. Но, овде се завршува со како што велат, а и видовме на дело – зурли, тапани, ора и чучеци. Никако не можев да разберам зошто е тоа потребно кога автопатот го направи претходната влада. Како што не можам да разберам дека автопат не се пушта во употреба бидејќи го направила претходната влада. Misérable!

Името го сменија, овие не се нормални, се однесуваат кон својот идентитет како некое диво племе во Африка. Oh mon cher, quel imbécile!

Денес го осудија поранешниот премиер бидејќи во новото возило, купено за него, ќе се возел. C'est fou!

Денес ме разбуди неподнослива врева, oh mon dieu, ги брусат канализационите шахти, бидејки на нив имало апликација сонце. Je ne peux pas y croire!

За секоја глупост си велам дека тоа е врв, но овде очигледно Ајнштајн ја создал неговата позната сентенца „Само вселената и глупоста немаат граници - за вселената и не сум баш сигурен.“

Премиерот разговарал цела една година со руски пранкери, неговите поданици смислуваат најразлични шеги за неговиот интелектуален капацитет,

го нарекоа IQ33, цела Европа се смее, се повеќе ми заличува на КЛОВН. Non, ce n'est pas possible!

Никако не можам да ги разберам локалните еуфемизми, пример: „рекет“, тениски реквизит кои овде е еуфемизам за корупција на власта. Денес се случи афера „рекет“, и тоа не од било кој туку од највисоко поставената (вон Устав) обвинителска институција во државата, Специјалниот Јавен Обвинител. Во Франција за ова во истиот момент ќе паднеше владата, ќе заминеше претседателот на судот, како и целокупниот врховен судски и обвинителски естаблишмент, да не зборувам колку граѓани ќе беа на улиците. Овде... овде народот продолжува како ништо да не се случило, Власта нормално функционира, на социјалните мрежи се смислуваат разно-разни вицеви за специјалната обвинителка, претежно со алузија на нејзините физички карактеристики. Vive le théâtre, la mort des acteurs!

Се почесто се наогам затечен како по улиците ги барам оние храбри мажи на Анри Пози од неговата „Војната се враќа“, од кои Европа се тресеше на почетокот на 20-от век, но не можам да ги пронајдам. Затоа пак, сега го разбирам одговорот на Клемансо на Вилсон и извештајот на маршал Фош. C'est la vie!“

Секоја сличност во дневникот на Грофот со актуелни лица во Македонија кои себеси можеби ќе се препознаат е намерна и историски докажана и точна.

Време е за избори, демократски и слободни за да се согледа капацитетот на Македонските граѓани и да се негираат наводите во извештајот на маршал Фош. Да и покажеме на Европа дека сме зрела и напредна нација за почит и народ кој може да има своја стабилна држава. Одлуката е наша, а не на Европа, бидејќи ние ќе гласаме на 12-ти Април 2020 година за иднината и обновата на нашата Македонија.

П.С. (Јануари 1925 г.) Извештај на Маршал Фош до „Дузием биро“: „.. навистина, Македонците решија да се разликуваат од своите соседи, но, за жал, презедоа од нив повеќе слабости отколку квалитети, ... “ (за читателите кои ги интересира извештајот на маршал Фош и кои негативни карактеристики сме ги презеле од своите соседи, оставам простор самите да истражат и бидат љубопитни).

На денот на Преподобна Пелагија (08./21.10.2019)

**Пишман Аџија**

Некако не сум изненаден од вчерашните небулози на Заев, а во врска со нашето членство во НАТО, односно ратификацијата во Шпанскиот парламент, а потоа и во Собранието на Македонија.

Како и вообичаено, Заев (за кого веќе одамна утврдивме дека е без компас) се обидува да најде очекуван изговор како да ги избегне изборите кои тој самиот ги наметна како прашање и решение за излез од кризата во која повторно тој самиот ја внесе Македонија. Со кои зборови да го именувам или какви ли епитети да му дадам на Заев веќе е излишно. Понекогаш мислам дека не постои доволен број на метафори преку кои би можеле да се претставаат карактерните недоследности на овој лик под илјада маски, неговите политички манипулации кои го надминаа баронот Минхаузен или пак уништувачката сила на еден Левијатан.

Сепак, не сакам во оваа колумна да се занимавам со психо-анализа на менталните, духовни и морални аномалии на овој лик. Впрочем, намерата ми е да направам кратка анализа на неговите последни „пишман“ изјави и тенденции кои повторно ги разбираме како комедија, смеејќи му се на КЛОВНОТ во неговиот јавен настап. За жал на крајот ќе испадне дека „тој последен ќе се смее“, бидејќи се докажа дека овој лик под маска многу вешто ја наврува маската на изгубен, недоветен па дури и „искрен“ лик, а потоа вешто не измамува сите и се она што ќе го каже и вети престанува да важи. Сега ќе ги натне железните опинци и како секој пишман Аџија откако виде дека ниту „кожни гаќи“ не го спасуваат, се реши да манипулира под изговор дека не сака сега да си ги аби железните опинци, сетне има време за избори и аџилак.

Целта на овој пишман Аџија е многу лукративна. Имено, по направената проценка и сондажа дека нема шанса да ги добие изборите на 12-ти април и дека не му се доволни 5-6 месеци за подготовка, а не пак два и пол месеци да направи подготовки за отстапување од власта и посебно немањето на време да се фати за некаков си успех, се реши да направи саботажа. Во таа негова саботажа му се придружи и ДУИ, свесни дека овој пат нема да можат да ги измамат Македонските граѓани од Албанско етничко потекло (таму го бараат својот извор на гласови преку истрошени фрази за етнички права). Сето ова би било и разбирливо и политички оправдано, но секако истото да се случуваше пред лидерската средба на која се согласија за избори, а по која Али Ахмети се однесуваше доста нервозно, што повторно укажува дека го фатија неподготвен. Свесни за оваа состојба, посебно по видливата промена на политичкиот курс на ВМРО-ДПМНЕ кој колегата Мицкоски јавно го кажа во својот говор во Прилеп, при одбележувањето на 126 годишнината од Македонската револуционерна борба. Настапувајќи со нови идеи и концепт Мицкоски го персонализираше овој политички дискурс на ВМРО-ДПМНЕ искажувајќи подготвеност за негова практична реализација, забележливо и со акламација прифатен од граѓаните на Р. Македонија. Следствено на ова, нашите политички пигмејци, решија да ја отворат политичката партија шах со “Руска одбрана“.

Во оваа своја политичка манипулација СДС и ДУИ лажат, и тоа безочно, користејќи се со итар пејовски патрдии околу членството во НАТО, но и околу уставните рокови за распишување на договорените избори во Македонија. Со овој настап на најмизерен начин се обидуваат да ги одложат веќе договорените избори за барем месец или два, доколку се може, за да си ја реализираат нивната (малициозна) агенда, (обид за барем) еден „аргумент" или „позитивен поен" на нивната празна сметка.

Целта јасно се гледа. Едноставно, Заев лошо се пресмета и сега ќе испадне дека зачленувањето во НАТО формално-правно ќе го потпише техничката влада а не Заев, и со тоа ќе му се одземе еден според него, значаен аргумент во предизборната кампања, а тоа е дека ете тој не внесол во НАТО (како пред него да не постоеше ништо, а за тоа пак како влеговме во НАТО е друга приказна). Тоа е, на Заев му треба голема приказна за да се прикаже успешен. Во овој контекст е и неговата тенденција за некои поситни „успеси" поврзани со некое зголемување на платите и слични социјални пакети со кои сака да ќари некој глас. Но, најмногу го тишти неисполнетото ветување кон ДУИ, за спроведување на попис според закон и методологија непознати во аналите на статистиката, алхемија за добивање на резултати според нивните планирани бројки. Ете, затоа Груби е нервозен, Али стресен, а ДУИ се бори на страната на СДС, преку овој криминален попис требаше да се позиционираат некои долгорочни политички прашања договорени и утврдени меѓу Заев и Ахмети уште во 2017 година.

Така, имајќи повторно заеднички интереси, машинеријата на СДС и ДУИ координирано започнува да не убедува дека доколку има избори на 12-ти Април, нема да влеземе во НАТО. Очајно лош римејк на холивудскиот блокбастер, „Русите доаѓаат", или можеби орсонвелсовиот „Марсовците напаѓаат".

Тоа е продавање магла, и пишман Аџија може да бара оправдување во измислици, но ние не треба да му го дозволиме тоа. Состојбата со Уставните одредби е јасна. Избори се одржуваат најмалку 45 дена, а најмногу 60 дена од денот на распуштање на Собранието. Изборите не се поврзани со оставката на Премиерот и паѓањето на владата (доколку не може да се состави нова влада, односно никој нема мнозинство во Собранието, па тогаш Собранието мора да се самораспушти). Згора на се, според договореното, на 3-ти јануари, односно според Законот за Влада, на 100 дена пред одржување на изборите се формира техничка влада, која до распуштање на Собранието, односно распишувањето на изборите ги врши сите функции според Закон, а и потоа со определени ограничувања исто така утврдени со Закон. Собранието до своето распуштање, односно распишување на избори (најмногу 60 дена пред денот на избори) ги врши сите работи утврдени со Устав и Закон. Одтука, нема место за „паника", доколку Шпанскиот парламент на почетокот на јануари или февруари го ратификува протоколот за членство на Македонија во НАТО нема да се стигне Собранието да го потврди завршниот протокол. До 12-ти февруари, Собранието на Македонија може слободно да ратификува договор за членство во НАТО кој би го потпишал техничкиот Премиер.

Во краен случај, доколку и тоа не се случи, по завршување на изборите најдоцна до мај може да очекуваме формирање на новото Собрание и Влада, по што веднаш можат да завршат сите формалности околу членството во НАТО.

Така, пишман Аџија нема потреба да биде загрижен за НАТО-иднината на Македонија и европските намери за кои нема дилеми. Самиот тој треба да биде загрижен за себе како и за неговата погубна национална и економска политика која ја спроведуваше врз Македонија во изминативе години. Да бидам искрен, мислам дека треба што побрзо да си заминете, какви „малери" сте може и НАТО, како и ЕУ да ни избега. Јазик прегризал!

Згора на се видлива е нервозата не само кај пишман Аџија и неговиот коалиционен партнер, туку и кај апологетите на ѓаволот кои во недостиг на нормални размислувања зборуваат глупости во медиумите. При тоа, сите им се виновни само тие самите никогаш за ништо не се виновни и одговорни. Очигледно дека во нивното дипломатско искуство нешто било многу наопаку поставено и дека никогаш не требало да бидат на местата каде што биле. Се поставуваат две логични прашања и тоа:

1.Чии интереси треба да штити амбасадорот на една држава акредитиран во друга држава?

Секако интересите на сопствената држава која ја претставува и само тие интереси, а што логично од ставот на апологетите на Заев и политиката на СДС може да се заклучи дека не е нормално, бидејќи амбасадорите поставени од редот на СДС секогаш ги бркале-реализирале исклучиво нивните лични интереси.

2.Дали сега е јасно кој штети на угледот на Македонија и ја става државата во состојба-опасност на/од „изолација"?

Кога СДС е опозиција ја клеветат сопствената држава по сите меѓународни институции и наштетуваат на угледот на државата, а пак кога се на власт во тоталитаристички манир би сакале да протеруваат амбасадори кои само ги заштитуваат интересите на државата која ја претставуваат во Македонија, реално согледувајќи ги состојбите.

Ех, што ли се ќе излезе од дневникот на Грофот Сен Жермен доколку продолжи со евоцирање на неговите спомени од убавиот град Скопје и земјата Македонска.

И железни опинци и кожни гаќи да натнеш на себе пишман Аџија и сто пати ДУИ да те притиска за нереализираните ветувања кон нив нема бегање од избори, а со тоа и нема бегање од тоа дека ќе ги изгубиш изборите.

11:59 - (преземено од Фајненшл тајмс) Македонското радио на Бени и Златко им пожелува убаво попладне на Али и Зоки, со хитот „Генерале, генерале".

На денот на Св.маченици Тарах, Пров и Андроник (12./25.10.2019)

**Дијагноза**

Се подготвував да напишам една колумна во областа на безбедноста и „успешната“ трансформација на безбедносните служби во Македонија, а секако во научен стил поткрепен со незаобиколни факти за реалната состојба, кога не било речено. Истрча еден „пациент“ и на сите нас, на ним и на тие надвор и внатре (во салата и државата и надвор од неа), без тајни (no mor sikret – на нормален англиски јазик „no more secret“), ни го покажа..., лактот де каде го боли. Ете така, ништо од мојата стручна колумна од областа во која и научно работам и се зафатив со навраќање и присетување на една друга колумна. Да не звучам како еден познат на јавноста чичко кој велеше „реков и пак ќе речам“, јас на сосема различен начин ќе ве потсетам почитувани граѓани на една за нас трагична социјално-психолошка појава која го уништи организмот на Македонското општетство.

Кога во една од моите претходни колумни („Рекет“,лаги и видео ленти“ од 22.08. о.г.), начинот на кој СДС ја практицира власта, го нареков „ПАТОКРАТИЈА“ (а пред тоа и напишав и објаснив во една друга колумна што е тоа Патократија), од страна на некои мои пријатели бев критикуван за малициозност. Веројатно моите пријатели сеуште негуваа илузии ( не надежи) дека ќе се најде малку здрав биолошки и сиво-масен супстрат во редовите на СДС-то кој ќе направи завртување во последниот миг пред да бидеме заринкани и потопени како држава (како народ-нација веќе не торпедираа и некако плутаме по површината без ориентација и правец).

Во меѓувреме, очекував компетентните, психолози и психијатри, да се појават и аргументирано да ја потврдат или отфрлат мојата „дијагноза“. Поради нивниот молк ќе се обидам да ја аргументирам мојата теза.

Општествата, тоа го докажа историјата, како и се друго може да се инфицираат и заболат од разни болести. Тоа значи, за да се излекува едно општество, потребно е да се утврди точната дијагноза по што би уследиле одредени социолошки третмани , а се со цел болниот да се излекува. Во право беа моите критичари, во моментот кога ја пишував колумната беше состојба на психопатија (на поедини лица во власта, а според најновото научно дефинирање социопатија), која многу бргу се трансформираше, со видливи симптоми, во ПАТОКРАТИЈА.  Имено, за жал проблемот со психопатијата е тоа што во одредени ситуации можеме да ја вгнездиме во групата заразни болести (посебно во круговите на носителите на власта кои лесно се инфицираат). Па така „благодарение“ на личните слабости, може да бидат прифатени некои карактерни особини, начин на размислување и однесување од одредени „нормални“ лица. Поточно тоа е во обратно пропорционален однос со нашиот (политички) имунолошки систем.

Да се разбереме, ништо ново, светската историја има детектирано лица психопати - лидери на држави, цареви, имперсотри, генерали, адвокати, судии, обвинители, доктори. Потсетете се на фасцинантниот д-р Ханибал Лектор од оскаровскиот „Кога јагнињата ќе стивнат“.

Да резимираме, станува збор за опсесивна потреба да се наметне својата волја, ставови, идеи (поточно речено илузии) на другите, со цел тие други да бидат контролирани. Овде веќе започнува ПАТОКРАТИЈАТА, како первертиран систем на практицирање на власта.

Но, за да имаме сигурна дијагноза, заради користење на соодветна социо-терапија, ќе се послужам со ставовите на д-р Роберт Харе и неговата „Чек-листа за проверка на психопатија“, за да можете да ја препознаеме психопатијата како фундамент на „ПАТОКРАТИЈАТА“, или поедноставено на Македонската општествена реалност. Така, д-р Харе класифицира-детектира:

**Грандиозна нарцисоидност**-надмен поглед на своите способности, препотентност, суета, самоувереност и фалбаџиство. Арогантни лица кои веруваат дека се супериорни во однос на останатите.

**Патолошко лажење**-измамници, лажливци, подмолни, бескруполозни, манипулативни и нечесни.

**Недостаток на покајание или чувство за вина-**недостаток на чувство или рамнодушност кон загубата, болката или страдањата на жртвата,**(**во нашиот случај на **Македонскиот народ)** недостаток на било каква емпатија.

**Паразитски lifestyle (животен стил или однесување во оптгеството)-** намерна манипулативна, себична и експлоататорска (рекет) финансиска зависност.

**Неконтролирано однесување**-нетрпеливост, закани, агресивност или вербална навреда, без контрола на гневот и темпераментот. (по принципот на „мало сутра“ пропратено со говор на телото и фацијални експресии, заради „уметнички дојам“ врз публиката)

**Бесчувство и недостаток на емпатија**-ладни, лицемерни, безобѕирни, безобразни и нетактични (..„ќе јадеме живи луѓе“.., а доколку се случи да остане на власт ќе можеме да се увериме во канибалистичките стратсти ).

**Недостаток на реални долгорочни цели**-неспособност или постојан неупех во определување и реализација на долгорочни планови и цели, бесцелност, недостаток на животен правец. (од овде е желбата барем формално искажано да се биде „На Прав пат“, а дали е така и каде ќе се стигне не е важно)

**Неодговорност-** не се во состојба да ги исполнат или испочитуваат своите обврски (буквално преведено, предизборни ветувања, како на пример 500 евра плата или 100.000 денари плата за докторите).

**Неспосоност за превземање одговорност за сопствените постапки-**како резултат на недостаток на совест, антагонстичка манипулација, негирање на својата лична одговорност, обид да се манипулира, некој друг е виновен за неуспехот.(Нема оставка! Празни ветувања!)

**Криминална разноврсност**-разни видови криминални дејанија и престапи, чувство на горделивост кога неказнето се извршат и завршат криминалните

дејанија (аболиција, ослободување од видлива и законски докажана вина за примање и барање поткуп и др.).

По пополнувањето на оваа чек листа, ми се присторува дека оние во лудниците се заштитени од лудилово во кое живееме НИЕ наводно „нормалните“. Во воздухот лебди злокобното Шекспирово „To be or not to be“.

Секое препознавање и идентификување со посочените симптоми, кај одредени лица од власта е со намера, а со цел да ја препознаеме ПАТОКРАТИЈАТА која е присутна на секој чекор во општеството.

Конзилиумот од меѓународни лекари со суб-специјализација - општествено живеење, дојде до заеднички став дека единствена можност да му се помогне на болниот е врз него да се примени „ШОК ТЕРАПИЈА“. Историјата на болеста и емпиријата ни дава за право да утврдиме дека секоја „placebo“ терапија за кратко време ќе го “exitusletalis”(смрт-умртви)пациентот - државата.

Поради ова потребно е да се превземе „ШОК ТЕРАПИЈА“ во период од шест месеци, па некаде околу 12.04.2020, може со сигурност да се очекува заболеното општество да покаже знаци на заздравување и да се премине кон интензивна нега за брзо и потполно оправување.

На денот на Преподобниот Прохор Пчињски (19.10./01.11.2019)

**Безбедност или сигурност**

Колумната која е пред вас има за цел да отвори една дилема која би требало да иницира јавна расправа во однос на едно суштествено прашање кое може да го формулираме како: „Што е позначајно за Македонија, безбедноста или сигурноста“?

Токму пред (не) извесноста на предвремените избори најавени за 12-ти април 2020 година, отворањето на една ваква стручна дебата и тоа со поддршка на јавноста, ќе даде одговор на многу прашања во контекст на тоа каде треба да се движи Македонија и што очекуваат нејзините граѓани.

Немам тенденција во оваа колумна да започнам научна и стручна дебата со стручна терминологија и научни цитати, а чие читање би било товар за почитуваните читатели, особено за оние кои не се занимаваат со прашањата од областа на одбраната и безбедноста. Токму спротивно, сакам низ еден едноставен модел на презентирање на поимите безбедност и сигурност, а низ призмата на нашето секојдневие да ги споредам или спротивставам овие два термини кои во основа се суштински различни и по своето значење, но уште повеќе по своето општествено пројавување.

Поимот безбедност најчесто е насочен кон безбедноста на државата иако мнозина од академската и научната фела се обидуваат да ја поделат безбедноста во области на национална, меѓународна, внатрешна, надворешна, човекова безбедност, економска, социјална, социетелна, еколошка, воена, политичка и уште многу нивоа и рамки на безбедноста. Сепак, во сите овие перцепции или врамувања на безбедноста, централен интерес на безбедноста е токму безбедноста на државата – дефинирано како државна или национална безбедност. Од тука, поимот меѓународна безбедност (овде ја подразбираме и регионалната безбедност), е исклучиво поврзана со националната безбедност и при тоа меѓународната безбедност претставува само синоним. Едноставно треба да разбереме дека на меѓународната сцена државите (мали или големи, бројни или не, богати или сиромашни) се меѓународно правни субјекти кои меѓу себе влегуваат во билатерални или мултилатерални односи, а се со цел остварување на своите национални интереси. Затоа националните интереси се во центарот на националната безбедност и таа е исклучиво насочена кон два правци:

1.Зачувување на државата како социолошко-општествено организирано уредување кое суштетствува во меѓународниот поредок и

2.Зачувување на внатрешната безбедност, односно државното уредување во буквална смисла.

Токму затоа што државата самата се грижи во своите меѓународни релации да има добри односи со сите други држави и при тоа да ја зачува својата внатрешна безбедност, синонимот „меѓународна безбедност“ функционира како да е вистински, односно како државите меѓу себе да си помагаат во остварувањето на националните интереси што не е вистина. Напротив, секоја

држава се грижи за внатрешната сигурност, создавајќи стабилно општество кое зрачи безбедност на регионално и глобално ниво.

Поаѓајќи од овие ставови, сигурноста која во прв ред се однесува на внатрешната сигурност или поточно детерминирано се однесува на сигурноста на граѓаните во секојдневното живеење, има пресудно влијание врз позицијата на државата во таканаречената меѓународна безбедност. Овде можеме да го препознаеме првиот факт кој се однесува на одговорот на прашањето: „Зошто толку многу, нашите сојузници од ЕУ и НАТО инсистираат на реформи"? Од едноставна причина што системот за заедничка одбрана во рамките на НАТО може да се активира согласно членот 5 од договорот само во случај на напад на трета земја врз земја членка на НАТО, останатото е оставено на одговорност на самите земји за уредување на внатрешната безбедност или градење на капацитетите за сигурност. Тие капацитети не секогаш или поточно кажано, во најголем дел не се војни капацитети, туку цивилни капацитети. Во рамките на тие цивилни капацитети покрај полу војните подсистеми на системот за одбрана и безбедност, како што се заштитата и спасувањето од несреќи и катастрофи, клучна улога има правната држава или функционирањето на судството и обвинителството, економската и финансиската стабилност на државата, нивото на богатство на граѓаните, образованието, здравството и други области кои многу лаконски ги заборавамe кога зборуваме за сигурноста-безбедноста.

Сигурноста како поим во нашето секојдневно живеење претставува чувство. Тоа е чувство на секого од нас за сегашната состојба на личен и семеен план, како и рефлексија од општествените случувања, но со силно изразена перцепција за иднината и развојот на собитијата кои директно или индиректно ќе влијаат врз нашиот квалитет на живеење. Тој квалитет на живеење претставува основа за чувството на граѓаните дали живеат во сигурна или несигурна држава-општетство. Квалитетот на живеење зависи од сите аспекти на општествен живот, секако од некој повеќе, а од други помалку, но добро е да покрај рангирањето на скалата на приоритети која е пред се антрополошка призма, имаме чувство за комплетирање на квалитетот на живеење во една целина.

Тука доаѓаме до онаа што е клучно во оваа колумна, а тоа е прагмата. Колку и да се обидуваат нашите влстодржци да не убедуваат во тоа дека имаме „напредок", односно дека „блескаме", токму се случува спротивното. Не постои ниту еден сегмент во општеството во кој не се чувствува или гледа не сигурноста. Тоа е психолошко влијание врз граѓаните, врз сите нас, кое помалку или повеќе се обидуваме во секојдневниот живот да го игнорираме. Сепак, таа несигурност постои. На секој агол се гледа и сите ние (освен веројатно оние за кои дојде животот), се чувствуваме несигурни. Несигурни сме за својата работа и финансии, што значи егзистенција, несигурни сме во правдата и правдината на судовите, несигурни сме во изместениот и девалвиран образовен систем, несигурни сме во здравството и дури и исплашени, несигурни сме за нашата лична сигурност и сигурноста на нашите деца, го гледаме порастот на криминал, и уште многу аспекти и појави кои во пракса ни прават чувство на

реална несигурност. Живеејќи во така несигурна држава, постојано сме подложни на стрес, или ние живееме во стресна состојба, а за тоа да не сме ниту свесни, а што повторно ја загрозува нашата сигурност, како преку личното здравје, така и во нашите меѓусебни комуникации и растење на конфликтноста и нетрпението.

Ете го одговорот и на прашањето: „Зошто младите масовно си заминуваат од Македонија“? Не е тоа само поради егзистенцијални причини или барање подобар (полагоден) живот. Основната причина е општото чувство на несигурност. Затоа се бараат сигурни држави во кои и како странец ќе можеш да функционираш во рамките на уреден систем и во исто време да добиеш заштита и сигурност од тој систем, а со што нема да бидеш во постојан стрес.

И повторно доаѓаме на почетокот дека дебатата во предизборието ќе треба да се води во насока на СИГУРНОСТА на граѓаните, а таа и таква силна, гарантирана и уредена сигурност ќе влијае врз стабилноста на националната безбедност на државата и ќе ја засили.

За да ја реализираме сигурноста на граѓаните потребно е **да го вратиме системот на функционирање на државата** во сите сегменти, утврден со строги правила, вредносен систем втемелен на традиционалните конзервативни ставови и отворен кон демократски развој на општеството, со посебен осврт кон младите генерации, нивно квалитетно образование и здравствена заштита во секој аспект (ментално и физички), за да можеме да ги зачуваме тука давајќи им сигурност. На тој начин ќе ја обновиме нацијата. За мене сигурноста е позначајна од тривијалната безбедност. Искрено се надевам дека ќе поттикнам јавна дебата и нов поглед на нашата стварност, а особено на тоа во кој правец ќе одиме во иднина, бидејќи претстојните избори се судбински за опстанокот на државата и нацијата дури и во однос на биолошкиот супстрат за опстанок на еден народ. Од тука, сигурноста на граѓаните е од суштествено значење, изразено во нивна доверба во системот на функционирање на државата во сите услови и состојби.

На сите кои го носат името на Св.Димитриј и оние кои го слават денот на поменот на овој голем Православен светител им го честитам имენденот и славата и им посакувам Св.Димитриј Солунски да ги заштитува и застапува пред Христа Бога засекогаш.

На денот на Св.великомаченик Димитриј (26.10./08.11.2019)

**Виновни ли сме?**

Како и вообичаено во моите колумни поставувам реторички прашања на кои секако не очекувам одговор. Не затоа што не постои одговор, бидејќи на секое прашање постои одговор кој пак ние можеби во моментот не го знаеме, туку затоа што тие кои се најповикани да одговорат, а тоа е власта, во никој случај нема да сакаат да дадат одговор. Не сакаат и тоа е разбирливо за нивниот демократски и интелектуален капацитет за да разберат што во континуитет последниве три години како власт му направија на сопствениот народ. Но, не е разбирливо зошто ние како народ молчиме или можеби „мудро молчиме“ чекајќи ја нашата шанса на 12-ти април?

Токму како одговор на оваа реторичко прашање „кој е виновен?“, ви го претставувам делот од делото на Темко Попов, Македонец, кој ова го напишал во далечната 1889 година. Се прашувам јавно: „Дали тоа историјата ни се повторува и дали ништо не научивме од минатотот како колективно искуство“?

*Кој е крив?*

„... сега од три години навамо нема ни еден помеѓу нас, што да верује, оти се може да се дозволи Екзарху некој пат да пушти владици во Македонија, и секого ако го прашаш: кога ќе ни пушти Екзархот владици, ти одго’ара: на кукловден! Тоа се вели-никогаш. Кога се вељам, уверени, кој знајејки причините, кој од просто очајајне, гледајки годините да си течат без фајде, оти ода нешто не ќе биде: дали сме се подумали некогаш што требе да се праји? Не, никојпат! **Туку сме ти скрстиле раце, и сме остајиле работата на Бога, без да гледаме како од ден на ден гаснеме духом**, и оти ако ја тераме вака работава, као што сме ја терале досега, ќе дојдеме до ништо, и тогај ќе имаат право светон да вељат, оти **помеѓу нас Македонциве нема интелигенција**, шоролопчијии готоачи, како што рекол во Солун пред неколку години еден чоек, да не му го кладеме името, оти во нашата солунска општина нема нито еден интелигентен. **Ами ако во едно општество, во еден народ нема интелигенција, тогај тоа општество не се вели општество, тој народ не се вели народ, туку збирштина**. Денеска, кога светов се печали не да има интелигенција во својот народ, а сијот народ да је таков, није сиромаси си одиме као ракот! Не за фалење ќе кажа, оти **није Македонциве** од натурата не сме дарцјани да валиме, и **не валиме кон назад, кон мрак**, а напротив, наш отличен белег бил и је: бистрина на умот, љубов кон науката и кон друзи трговски завзимања. **А пак сега што не зеде матната и сме олку ништи духом!** Да речеш оти Господ дојде и ни го крена разумов, та не напраји некадри да мислиме здраво! Да речеш оти некој маѓесник ни го размати со се’, умов! Ами за верујење ли је Господ да ни напрајил вакво зло, као сиве знајеме, оти тој никој пат не праји лошо чоеку? За верујење ли је, оти ѓаолот или маѓесникот ни напрајиле оваа пакост, кога знајеме није оти тија, по волјата на Всеможнијот Бог не се веке кадри да праат пакост на Негојите созданија? Ами као је така **која је причината на оваа наша нараствена мртвост, на ова голема наша заспаност**. Која је причината на ова умствена тромост? Коа знајеме, оти секо

лошо или арно, сторено на еден чоек или на еден народ, си има своји причини, тогај нека ја побараме оваа пакосна причина, нека ја најдеме и нека ја искорениме.

Мене ми се чини, оти причина на оваа наша умствена парализија је-ама ѓе кажа голем збор, и мољам, никој да не се тревожи и да не ме криви пред да ме ислуша, -је вељам, Екзархијата и екзархијиските милости. Таа Екзархија и тие нејзини милости не напраија готоачи, Тија учители што ни ји пушта дарум, и тија училишта што ји крепи таа напраија ова **умствена дембељаана во нашаа таткојна**….**Тешко и горко на оној народ, што, чека својата душевна храна од туѓи раце и ја поверил на такви...“** (болд О.А.)

*Темко Попов,*
*Софија, 1889г.*

Темко Попов е член на „Таен Македонски комитет“, брошурата „Кој е крив“, Темко Попов ја објавува во контекст на заложбите на „Тајниот Македонски комитет“ за реализација на нивнате програма – издавање брошура на Македонски јазик, ова е првиот обид за кодификација на Македонскиот јазик, речиси шеесет години пред официјалната кодификација.

Колку не ја познаваме нашата историја, „фрлајќи ги бисерите пред свињите“ дозволуваме некои неграмотни, анационални вагабонти да тргуваат со нашиот идентитет, го продадоа за 3 (фејк) сребреници, а според логиката на нивната „кванташка“ политика за стокова размена или според онаа народната вулгарна „кој превари тој товари“. Не разбирајќи повторно дека со држави со традиција и дипломатии со долга меморија неможе и несмее да се води „кванташка“ политика и дека во меѓународните односи идентитетот е обележје на државите кои се меѓународно правен субјект во меѓународните односи на билатерално или мултилатерално ниво.

Доколку, кон крајот на 19-от век, можеме да го оправдаме пишувањето на Темко Попов во однос на забелешките за интелектуалниот капацитет на Македонецот. Повторно се прашувам, како можевме во 21-от век, по 30 години самостојна држава и 80 години целосно оформен (оксиморонски наречен „бетониран“) Македонски национален идентитет, да дозволиме „умствената дембељана“ која се добра до власт поради нашата грешка, како кула од карти да го разруши сето она што нашите „апостоли“, неимари на Македонската самобитност го градеа со векови, притоа вложувајќи ги сопствените животи во темелите на таа самобитност.

Парадокс: „апостолите“ на умствената дебељана го „УБИЈА“ нашиот АПОСТОЛ - Гоце Делчев.

Од детски нозе гледајќи ја сликата на Делчев во клубот на Карпош во Крива Паланка и столетната временска дистанца од неговото раѓање до денес, маѓепсан од неговата грамадност и епохално национално дело, бев убеден дека не постои таа сила која ќе го сруши неговото величие. Но... тоа секогаш им

успева на малите, ситни, невидливи, небитни човечиња кои само преку почитта кон делото на Маркиз де Сад, можат да предизвикаат внимание на околината - дека битисуваат.

Повторно да се вратам на почетокот на колумната и исчекувањето на 12-ти април кога искрено се надевам ќе ставиме крај на „умствената дебељаана". Само така ќе покажеме дека сме народ достоен за почит и подготвени да ја обновиме нашата нација и држава.

Жалам поради тоа што сум принуден да пишувам и да се повикувам на историски факти кои не се пријатни за слушање-читање, наместо да пишувам за некои други стручни собитија во областа на сигурноста, но актуелните случувања налагаат повремено да се пишува во оваа насока.

Затоа да се запрашаме: „Виновни ли сме за сето ова кое денес ни се случува со државата Македонија, нацијата Македонска, јазикот, економијата, сигурноста, образованието, здравството"? Потоа да размислиме најсериозно како да ја исправиме грешката која ја направивме пред три години и да пристапиме кон исправање на грешките и обнова на Македонија.

На денот на Преподобен Јоаникиј Велики (04./17.11.2019)

**Апотеоза на апсурдот**

*„Тие што сакаат да ја придобијат милоста на некој владетел,*
*многу често имаат обичај пред него да излегуваат со она што*
*на владетелот му е најмило или*
*со тоа што забележале дека му преставува уживање“.*

*Николо Макијавели*

Местото на еден народ, во светската цивилизација, е во правопропорционален однос со неговото учество во светското културно наследство. Токму поради ова, маѓепсан од Вашите, драг мој ВЛАДЕТЕЛУ, цивилизациски достерли, злите јазици ќе речат дека Ве глорифицирам, но напротив само се обидувам да Ве ставам на пиедесталот, Вас и Вашиот придонес, во светската историја каде и припаѓате. Можеби не умеам тоа да го сторам како Прокопиј Кесариски, биографот на Јустинијан, но сигурно нема, како него, да бидам лицемерен и напишам „Тајна Историја“, за Вас и Вашата Теодора, а далеку сум и од Данте Алигиери за да напишам „Божествена комедија“. Сепак, ќе се обидам, по урнек на Макијавели, да ги забележам и сочувам од заборав, поради големиот опус секако, дел од Вашите дела како придонес кон светската цивилизација.

Од каде да се започне?

Во знак на почит кон Вашето дело, длабоко погодени што не ја добивте „Нобеловата награда“, шведскиот парламент донел одлука, секако со референдумско изјаснување од цели 33%, во иднина државата да се нарекува Јужна Норвешка, народот - граѓани јужнонорвешки швеѓани а јазикот со фуснота „група на јазици кои го зборуваат нордиските народи“.

Според последните информации од Апенинскиот полуостров, следејќи го Вашиот пример, донеле одлука прославата на навивачите на Интер да се одржи во „Миланската Скала“, со звуците на „Тоска“ од Пучини.

Вашиот драг пријател Макрон, морал да го помине Рубикон и да прифати дека Вашата овоплотена идеја за СЈО е од неизмерна потреба за да се справи со корумпираните остатоците на Првата, Втората и Третата република, па наложил, по Ваш урнек да се формира СЈО и во Франција. Тоа што оние Ваши „недоветни“ парламентарци се обидуваа да го свртат вниманието на Макроновиот амбасадор со негативистички однос, покажува колку се длабоки вашите размисли и племенити цели кои се заедно една шака „недоветни“ не се во состојба да ги разбере, а не пак да согледа колкав е нивниот придонес кон светската цивилизација.

Воодушевен од Вашата неверојатна умешност, поточно иновација, историските настани од пред години да ги ставате во Прокрустовата постела, без и капка крв, на сегашноста, стигматизирани со моментално трендовската одредница на најголемиот (за по голем не сме слушнале) Ваш изум наречен во

кратенка РСМ, Едвард Кар подготвуваново издание би го нарекол целосен ретуш на „Што е историјата?“.

Од „Божествената академија“ пристигаат гласини дека Кафка бил многу задоволен, конечно некој да го разбере, алудира на Вас секако драг мој Владетелу, и ги стави во функција, за развој на современото Македонско судство, „постулатите“ од неговиот „Процес“. За волја на вистината, а на Ваше конто, многумина ја спорат автентичноста на Кафка и мислат дека впрочем Вие сте изумителот, а Кафка само го запишал она што го видел во расцветаното - втора фаза по пупка, судство. Како потврда на ова е изјавата на Кафка дека „и нему не му било баш јасно што напишал, но било 103,2% верно на оригиналот“.

Патем Расмусен, а посебно Генералите во НАТО со видлива доза на љубомора гледаат на Вашето уникатно решение за заштита на тајната. Па така веќе се дискутира и се очекува да се донесе одлука за укинување на „Безбедносен сертификат“, и наместо тоа да се воведе „надомест за доверливост“. Замислете колку ќе бидат задоволни, посебно благодарни Вам, генералите (наш Стојанче-не знам) со дополнителни 10-тина илјади евра.

Злобниците велат, во однос на Вашата жртва (жицата од гитарата) за приемот во ЕУ, дека сте наликувале на оној несреќен Естрагон од „Чекајќи го Годо“. Но, заборавaат дека таму тие двајцата, Естрагон и Владимир, утврдуваат дека можеби и тоа не е тоа место каде ќе дојде Годо. Вие.. Вие, драг мој Владетелу со сигурност „чекате седмица на погрешно место“, но верувам дека на право место го чекате ЕУ. Или беше обратно!? Глаголат, злобниците, и дека вашиот коалиционен брак ги потсетувал на оној брачен пар од „Ќелавата пеачка“ на Јонеско, по долги години се изненадуваат кога дознаваат дека тие живеат заедно и се во брак, имаат заеднички деца ......

Простете Ваше величество, што јас недостоен да Ве погледнам, не пак да Ви се обратам, Ви Давам предлог. Кога веќе, на Ваша жалост, не заживеа акронимот РСМ, впрочем како што и не заживеа, генијалниот изум за акроним на Вашиот идеолог како ПЈРМ. Време е со Вашите 81 „донкихоти“ да донесете одлука и го воведете, секако со уставни измени, во употреба името - конечното име на државата со која патократски владеете, името со кое не ословува целиот цивилизиран свет – А П С У Р Д И С Т А Н.

Во слава и чест на Великиот Везир ИЗ-НО-ГУД!!!!!!

На денот на Св.Јован Златоуст (13./26.11.2019)

**Над пепелиштето од мојата земја**

*„Таа земја,*
*сега што ја чекорам,*
*таа земја,*
*в пролет што ја буди југот,*
*таа земја – своја не ја знам,*
*таа земја,*
*простете: е туѓа!“*

Не сум одличен познавач на Македонската поезија, но соочени со нашата национална трагедија која немушто ја гледаме како замајани, невообичаено за мојот стил на пишување, немам чувство дека една елегична колумна можеби ќе допре до чувствата нечиј. Впрочем, целта на оваа колумна не е да разбудува нечиј одамна изгубени човечки димензии, туку едноставно да погледне со моите чувства кон нашата земја.

Надвиснат над пепелиштето од мојата земја, низ уши ми прозвучија стиховите на Вапцаров за „мојата земја“. Патем, според мене, „Прошталното“ негово е најубавиот стих било кога напишан во светската поезија. Можеби веќе и Вапцаров го продадоа? Но, пепелиштето, за него ми беше збор, кое, со брзина достојна за Гинис, го создадоа властодршците наши, ми создава чувство дека оваа земја не е моја, не можам да ја препознаам мојата Македонија. Дури и не требаше да бидам изненаден, сето ова беше за очекување. Се започна со октроирана власт со подлога ефеменистички наречена коалиционен капацитет, а политички отелотворено како „Тиранска платформа“, а продолѓи со многу други познати и непознати, но генерално неразбирливи Истамбулска конвенција, Маракешки договор, Договор за добрососедство, Договор од Нивици, Закон за двојазичност, СЈО, „Рекет“, Корупција и.т.н, и.т.н, нормално се насочено да се пеплоса Македонија. Гледајки го пепелиштето останува надежта дадена во стиховите на Бранко Миљковиќ дека „ништо не е изгубено во огинот, само е збито во пепелта“. Последните случувања ми даваат мала надеж на потврда на овие стихови, можеби легендата за воскреснатиот Феникс од пепелта, не е само легенда. Впрочем и Него го распнаа и „Воскресна на третиот ден, според словото“. Таков е и Македонскиот код креиран од дамнина низ сите векови.

Легендата вели дека воените победи на Александар Македонски се темелеле на неговите генијални стратегиски замисли, битката кај Херонеа до ден денес се изучува на светските воени училишта. За оние кои не го познаваат Македонскиот код, тајната на успехот била во една основна, длабоко во себе вгнездена кај секој Македонец, Македонска стратегија. Имено, по започнување на битката секој Македонец бил генерал и дејствувал без хиерархиски ред на наредба, секој во секој момент дејствувал самостојно во интерес на Македонската кауза или самоиницијативата била клучна во екот на битката. Токму последните настани даваат потврда за Македонската стратегија. Она што

се случи во Венецијанската комисија не беше некоја планирана стратегија – комплот (за елоквентниот ни премиер ова може и да биде *компот* и уште доколку е од Мамас, тамам е) на стратешки делувања од повеќе правци и позиции против актуелната власт. Напротив, ова беше изблик на националната цврстина на еден *МАКЕДОНСКИ ГЕНЕРАЛ* кој самостојно делуваше во рамките на Венецијанската комисија и надвор од неа, со целосниот негов интелект и научен капацитет во заштита на Македонската кауза.

„Благодарение" на пандемониумот (место каде егзистираат сите можни демони), а кој го создаде оваа власт, како целосно нефункционирање на „системот", се изродија „МАКЕДОНСКИТЕ ГЕНЕРАЛИ". Суверенот (народот) мора да ја превземе судбината во свои раце. Прашањето е дали суверенот, а што е многу можно, поради когнитивниот дисонанс на власта, директно ќе се судри со октроираната власт и ќе си ја поврати украдената држава. Ваквиот стихиен развој на настаните може да има исклучително негативна рефлексија врз опстојувањето на државата преку некапацитетноста на институциите и појавата на други контратежи во политичко-мафијашка смисла. Пепелта ќе ја однесе ветерот создаден од политичките волунтаристи, егзибиционисти, но секако, преставниците на суверенот, неговите никогаш не инаугурирани „Генерали" ќе ја продолжат борбата.

Некогаш, најчесто, невидливи-безимени, како членовите на ОМД, преку нивните успеси во Конгресот на САД, спротивставувајќи се на најразличните лоби групации, а најповеќе против лобито на власта во Македонија носат „зачудувачки" успех. Понекогаш, тоа се и оние бизнисмени што, како сол на рана врз „отворена пупка", го пеплосаа правниот первертиран систем, разобличувајки ја перверзијата на судката каста. Кастата која поради лични благодети го тргнаа превезот од очите на Јустиција и се подчинија на власт,а но не и на законот и уставот. Тука се и спортистите („ГЕНЕРАЛИТЕ" Стоилов, Лазаров, Пандев) кои секаде го бранат, никогаш до крај не доистражениот, Македонскиот код. Да не ја заборавиме плеадата на Македонци, професори („ГЕНЕРАЛИТЕ" Каракамишева, Котлар, Ќулавкова, Росоклија, Јацева –Улчар и многу други знајни и незнајни, промовирани и не промовирани колеги) кои го чуваат вековниот завет на дедовците за Македонското име и јазикот наш.

Громогласен е крикот на обезправените кој што се слуша од секој агол во Македонија. Доста е со политички шарлатани, политички авантуристи, некомпетентни аматери, кои како туристи дојдени набрзина го собираа азното на државата. Нашето азно не се материјалните вредности, кои можат да ги украдат, не, нашето духовно азно нема да се дозволи никому да го разменува како џамбаз на Ат пазар заради нечии лукративни цели.

Полн со надеж дека имаме доволен број на "Генерали", би воскликнал, како што тоа го прават навивачите на Селтик „ T.A.L." (Tiocfaidh Ar La) – НАШИОТ ДЕН ЌЕ ДОЈДЕ.

На денот на Св.Андреј Првоповикан (01./13.12.2019)

**РЕ – ФОРМА**

*Илузија*, според Вујаклија, преставува измама во која предметот се перцепира различно отколку што е во реалноста, токму такви се и нашите тридецениски ре (префикс кој означува назад, против, повторно) – форма (облик, изглед, надворешна страна). Секако, научно гледано, а тоа психолозите посебно добро го познаваат, постојат перцептивни и когнитивни илузии при што особено овие вторите се засновани врз потребата на мозокот да препознава едноставни познати нешта.

Во оваа колумна ние постапуваме во духот на етимолошкото значење на зборот ре-форма, спротивно од битието, суштественото. Во духот на Музил „Погледнато формално, се е нормално...Погледнато нормално, се е формално“. Односно, би сакал да ви предочам дека создавањето илузија на едноставни нешта кои како навика сакаме да ги перцепираме претставуваат совршена „почва“ за создавање на обрната слика на вистинските нешта.

Пример: реформите во т.н. безбедносен сектор, од УДБА преку СДБ и УБК до АНБ и ПОДУ-АР (колку смешен акроним за една разузнавачка служба). Постојано се менуваше формата без суштествена промена на нивната ангажираност и пред се методологија на работа соодветна на времето и современите ризици и закани врз безбедноста на државата и сигурноста на граѓаните. Се сеќавате ли на оној „Реј бан“ министер кој направи суштествени реформи во МВР од Милиција во Полиција и воведување на коњица, или пак на „Слаткарот“ кој ги замени шапките со безбол капчиња, е тоа беа реформи – суштествени нели. Се во стилот на сликарската техника “Trompe L᾿oeil” (излажи го окото). Развивајќи ја ре-формата до совршенство успевме да создадеме неколку форми на една ствар, па денес имаме Полиција за ЈРМ, гранична, сообраќајна, шумска, судска, финансиска, затворска, простете доколку некоја пропуштив. Резултатите на овие силни полиции се видливи или поразителни со на пример 10% успешност во откривање на сторени кривични дела, а да не зборуваме за превенирани извршувања на истите. Односно, истото се случуваше и во останатите простори од нашето општествено живеење.

Со „многу труд и напор“ успеавме да ја мултиплицираме државната администрација создавајќи над 1500, разно-разни, државни институции. Да, да, добро прочитавте 1500 (илјада и петстотини) државни институции. Никој не веруваше но, Ние „успеавме“, да ја создадовме нашата „Химера“. Можете ли да предпоставите колку логистика е потребно (секако и пари) за да го одржиме во живот нашиот „октопод“, плод на нашите Ре-Форми.

Денес се актуелни дискусиите за Ре-Форма на изборниот систем, кои, за волја на вистината, се случуваат „во очи“ на секои избори, повторно сите зборуваат за формата. Што секако е многу логично, во тридеценискиот период не успеавме да создадеме класи, но затоа пак создадовме касти (судска, бирократска и политичка). Кастите, по правило, се насочени кон промена на формата, заради своето суштествено опстојување. Еве или, согласно новиот македонски политички вокабулар, ајде ре-формата нека биде во намалување на

бројот на пратеници нека бидат 72, или од секоја ИЕ по 12 „величествени" кои на своите плеќи би носеле 15-20 илјади гласови. Знам дека за реализација на овој предлог се потребни Уставни измени и свесен сум дека нема да се најдат доволен број или поточно ниту еден од „парламентарното мнозинство за да ја „протнат" оваа иницијатива, па ако се против сопствената татковина Македонија и сопствениот Македонски народ сигурно не се против самите себеси што го покажаа на дело. Со истиот буџет на 72 пратениции ќе им ја зголемиме платата па, се надевам, ќе престанат да го зголемуваат својот приход со разни итроштини.

Но, доколку зборуваме за суштествени реформи, треба да се насочиме кон исполнување на основниот постулат на демократијата- „*Демократијата е управување на народот, од народот и за народот*" - Абрахам Линколн. Па во контекст на она *„од народот"*, предлагам да се воведе електронско гласање што е пак во контекст на дигитализацијата на општеството како еден сегмент. Секако дека за ова имам неколку цврсти оправдувања, покрај осовременувањето на државата Македонија и нацијата:

*Прво* системот ќе се користи повеќе пати и ќе биде поевтино од печатење на избирачки ливчиња, бидејќи просечно приближно 40% од ливчињата се фрлаат неискористени;

*Второ*, ова е и во духот за заштита на природата, за да не рециклираме што пак е наша вродена навика;

*Трето,* ќе се надминат аномалиите и притисоците врз избирачите-граѓаните, нема да биде возможно да се организира т.н. „бугарски воз", тајноста на гласањето ќе биде 100% заштитена.

*Четврто*, бројот на лица вклучени во изборниот процес ќе се намали како и нивното оптоварување, обврска и одговорност, посебно при пребројувањето на ливчињата;

*Петто,* и секако најбитно, во 19.05 часот ќе имаме конечни резултати без можност за дополнителни манипулации или т.н. „изборен –постизборен инжинеринг".

Дополнително што дијаспората ќе го зголеми учеството во изборите, можност преку својата ИП адреса да гласаат од дома. Ова како мој предлог за Ре-Форма на избирачкиот процес, кој се сомневам дека ќе се земе за разгледување.

Но, да се вратиме кон неуспешните експерименти наречени Ре-Форма, прашањето кое се наметнува и не е хипотетичко е: „Зошто се формални, без суштествени промени"?

Едноставно, во „светот на возрасните" секоја организација, партија, народ, држава го темели својот опстанок и особено иднина врз она што со векови се таложело во „ќупот на мудроста" или т.н. емпирија, колективно искуство на една нација, народ, држава, втемелено на датуми и важни случувања, без разлика на позитивните или негативните улоги на поединци, а

што во цивилизираниот свет се прифаќа како белег на едно историско време и собитија. Впрочем, зошто ни се важни Алексндар, Св.Климент, Самоил, Карпош, Гологанов, Гоце, Даме, Питу, Сандански, Александров, Ченто, Илинден, АСНОМ, 2-ри август, 8-ми септември, преродбениците, илинденците, партизаните, владите, институционалната меморија, итн? Затоа што Тие го полнеле и го полнат нашиот „ќуп на мудроста". Но, некој тоа никако да го разбере, се во стилот на балканските итромани, неразумни егоисти и егоцентрици, според кои светот започнува од нив, никаков континуитет, со презир се гледа кон „ќупот на мудроста" и постојано се бара туѓата мудрост и искуство, а врз сопствената се плука, омаловажува и отфрла како крајно непотребна.

Затоа, не е чудо што наликуваме на оној „пијан автобус" на академик Старделов: *„Нашата политичка историја прилега на некој стар балкански пијан автобус што брза и кружи низ Македонија во балканската темна ноќ како некое сениште, а во него, на некои постојки, едни се качуваат, други се симнуваат, едни се уфрлуваат, а други се исфрлуваат."*

На денот на Св.маченици Мина, Ермоген и Евграф (10./23.12.2019)

**Државен непријател Бр.1**

Одамна се зареков да не бидам хроничар на дневно политичките настани во оваа, веќе не знам како се нарекува, земја. Таа должност им ја оставив на многубројните „анализатори“. Но, еден настан ме трогна до толку што морам да го забележам. Станува збор за културен настан, но како и се друго во државата Македонија влијанието на политикантите беше забележливо, па го ставив во групата дневно-политички случувања.

По сугестија на мој драг пријател бев на концерт во Штип. Не било каков концерт, за овој се бараше карта повеќе, што дополнително ме заинтригира. Наместо еден организаторите направија два концерти во еден ден. Стоп! Пред да продолжам, да расчистиме нешто, не беше тоа концерт на Цеца, Брена, Лукас или некоја друга „ѕвезда“ од, за некои никогаш непреболената, ЈУ естрада чие задоволство нашите мудреци го плаќаат по 100 илјади евра. Ова беше, за мене, најубавиот концерт на кој некогаш сум присуствувал - Новогодишен концерт на ДСМУ „Сергеј Михајлов“. На два концерта во четири часа беа присутни над 1500 гледачи, респектабилна-недофатлива бројка за многу наши естрадни уметници, да не зборувам за политиканти.

Пред, некогаш преубавото здание, „Домот на културата“ маса на луѓе, на минусна температура, стрпливо чекаше да влезат. А внатре, да не беше жално можеби и ќе се насмеев, со неколку калорифери нашите културни ентузијасти се обидуваа да ја донесат до подносливо внатрешната температура. Невозможна мисија, гледачите останаа замотани во капути , шалови и капи. Да се гледа виенскиот бал во капут!? Но, го прифатив тоа како дел од нашата егзотика. Сцената, украсена од учесниците, преубава! Макар што ме врати во времето кога сами ја украсувавме бината за нашите училишни претстави и ме потсети на времето кога и во Куманово основното музичко училиште „Панче Пешев“ организираше слични новогодишни концерти за кои одамна не сум слушнал дека се уште егзистираат. Но, тоа беше во минатиот век, или....

Започна концертот! Види чудо, не се слушна ниту еден телефон! Публиката се однесуваше достоинствено, прифаќајки го концертот како и „виенскиот бал“. На сцената четири снегулки, лебеди, мали балерини на возраст не повеќе од 7-8 години, на звуците од феноменалниот оркестар изведуваа пируети и други балетски форми за дополнително да ни ја дешифрираат музиката која се слушаше. Студено! Можеби! За нив тоа беше настан па студенилото и не го забележуваа, како впрочем и сите останати 200 учесници, сите на основна и средношколска возраст. Облечени во пригодна тоалета, сепак станува збор за концерт на класична музика. Впрочем како може да им биде студено на само минус 2? Знаат ли Тие, или можеби нивните родители треба да им објаснат, на колку минусни степени Бошко Буха се тепал

со (не сум сигурен кој термин е дозволен) некои бандити. А, нашиот ни драг Премиер е токму тоа Бошко Буха. Тој се грижи за сите нас и се тепа за сите нас или со сите нас беше? Додека тој славно крвари, овие „неблагодарници“ не можат да истрпат неколку часа на студено. Дополнително подговараат дека нужниците биле затворени, расипани немало хартија. Па доколку Бошко Буха ги бараше тие благодети, никогаш немаше да дојдеме до овде, да ја дочекаме светлата ни иднина. Некој безобразник се дрзна да подшепне нешто и за 100 илјади евра дадени на некој, кој што ќе пеел за нова година во Скопје. Некој? Не е било кој, тоа е „ѕвездата“ со чии песни израснал нашиот градоначалник, и сега некои таму од некоја паланка кои се толку безобразни да дишат чист воздух, ќе наоѓаат маани. Секој има право да си го исполни својот детски сон. Па и препознатливиот градоначалник!

И токму кога сите со жал очекувавме да заврши прекрасниот концерт, на сцената се појави уште една ѕвезда, колку да го заокружи соѕвездието на сцената, Симон Трпчевски. Ви зборував дека народот ќе изроди херои, се појави човек кој го надополнува нашиот „ќуп на мудроста“. Трпчевски, во само нему познат, манир на „наш човек“ скромен одржа неколку минутен говор кој верувам уште долго ќе се прераскажува по штипските улици, а богами и пошироко. Коментарот кој се шепотеше беше „Ама им го плесна!“. Но, тој скромно само ни ја тргна пајажината од очите, со лесен сарказам посочи дека сите сме замрзнати (можеби и во времето) и во такви услови невозможно е да се свири. Ни зборуваше како се вратил од концерт во Узбекистан каде имало Македонци од БЕЛОМОРСКА Македонија, кои таму се оделиле од како биле прогонети од Грција!!! Да, да тоа го кажа, без грам срам и перде на устата! Каде живее човекот! Па Ние овде три години потрошивме, со многу енергија, да го „убиеме“ Македонецот, а тој... И дополнително, рече дека на образованието и културата не се штеди. Веројатно мислеше како ниту Бошко Буха не штеди на култура и образование, но не дообјасни на чија (не)култура и (не)образование. За крај рецитираше песна од „Македонскиот“ поет Блаже Конески за некое „Зимско утро“ со алузија на Пирејот и постојаното опстојување на Македонскиот народ. Колку неодговорно од една таква ѕвезда, неблагодарна, па Ние го „ослободивме“ (бркајќи го од работа) од ангажманот во Музичката академија, за да има повеќе време да шета низ светот, а тој така се заблагодарува.

Великиот Симон се придружи на оркестарот и на стариот клавир одсвири прекрасна композиција, публиката на нозе го пречека и испрати нашиот Македонски херој. Одамна немам почувствувано таква енергија, вознес кај околу 700 луѓе, неверојатно, прекрасно чувство. Жалосно што овие млади луѓе не се уметници па да добијат некоја донација од Министерството за

култура, не верувам дека знаат да испеат барем една песна за големите херои на УЧК. Не се „Шверцери“ за да им се отстапи МНТ. Ниту пак знаат да поправаат пегли, за да добијат средства од фондот за иновации, а секако далеку не се и од антологиите на српската турбо-фолк естрада, не би можеле на плоштадот да одсвират песна ниту за една чашка ракија, не пак за донација, поддршка или некој политички поен...

*Македонската култура – Државен непријател бр.1*

П.С.

На состанок на воениот кабинет на Винстон Черчил, се зборувало за ребаланс на буџетот за да има повеќе финансии за војската. Се јавил Министерот за култура и понудил од буџетот за култура да се префрлат пари во буџетот на одбраната, бидејки во тој момент, според него, одбраната на Англија била побитна од англиската култура. Големиот Черчил му одговорил - Па за што тогаш ќе војуваме?

На денот на Св.маченици Тирс, Левкиј и Калиник (14./27.12.2019)

**CON – SPIRARE**

Трицениските живот во Македонија е детерминиран од една девијантна општествена појава, безброј конференции, трибини, научни трудови кои само ја зацврстија Македонија во врвот на листата земји во кои на Власт е КОРУПЦИЈАТА. Секогаш кога размислувам на оваа тема на ум ми доаѓа анегдотата со францускиот Министер за финансии Колбер, во времето на Луј 14-ти, која и по три века делува свежо како вчера да се случила.

За што се работи? Организирал Колбер состанок со бизнисмените и ги прашал: „Што Владата може да стори за Вас, господо?". На тоа прашање бизнисменот по име Лажандр му одговорил „laissez-nous faire"(пуштете не да работиме), со други зборови, **аман само немојте да ни помагате, Ве молиме**. Што би рекле кај нас онака тривијално: „Бате не ме брани повеќе". Мислам дека оваа анегдота е добар вовед во детектирањето како и решение на проблемот – КОРУПЦИЈА.

Имено скоро секогаш расправите за корупцијата започнуваат со аксиолошко дерогирање и стигматизирање на „олигарсите", што е прифатено како најпопуларна забава за политичката јавност и посебно на плебсот. Сите политички партии во време на избори, а ова е тоа време, на врвот на агендата ја ставаат борбата против корупцијата. Но, по завршување на изборите ние продолжуваме да се движиме кон врвот на најкорумпирани држави. Зошто? Убеден сум дека Заев го знае одговорот, но нема да го каже, бидејќи како што еднаш напишав, ќе мора самиот себеси да се „посипе со пепел", а кои се покрај него и со кого се дише заедно е прашање за идна елаборација.

Во една прилика, еден пријател бизнисмен, водењето бизнис во Македонија метафорично го нарече „топол зајак" ( по првото стапнување на „Голи оток" сите новодојдени морале да поминат низ шпалир од затвореници и секој морал да го удри новодојдениот нај силно што можел), безброј законски заврзлами, барања за мито и „понуди кои не можат да се одбијат" понекогаш според поедини сведоштва тие „понуди" достигнуваат и 60% од вкупната вредност на бизнисот. Се прашувам дали се виновни бизнисмените кои „мораат" да плаќаат непродуктивни трошоци (за мито, корупција) за да го поминат „Рубиконот" од вештачки, насилни бариери на работењето, или е виновен оној кој ги поставил тие бариери и постојано ги одржува, смислувајќи нови и нови „предизвици". На овој начин се наметна парадигмата за бизнисмените како снаодливи, „муватори", шверцери, клиентелисти, што не е ништо друго освен дека власта оваа парадигма ја институционализираше како единствен профитабилен начин на заработка, лична секако. Наспроти регуларниот бизнис без туторства, во пракса е воведен политички рекет или „помош" од било кој вид. Но, да ги појаснам поимите, особено што се подразбира под терминот „олигарси"?

Лица кои го стекнале своето богатство во нерегуларни или полурегуларни услови на транзицијата, без јасни и кредибилни правила на игра, судски систем и сопственички права. Тоа се луѓе кои користат политички врски

за злоупотреба на јавните фондови, есклузивни дозволи, лиценци, кредити со повластени каматни стапки и т.н. како основа за надвор од економските правила да остварат огромен профит. Со оглед на огромниот број такви лица, нема да лицитирам со имиња. Предходното ја наметнува поентата, „олигарсите“ се производ на еден систем, не причина. Корумпираниот политички систем не беше создаден од нив, туку тој систем ги фаворизираше нив во однос на „нормалните“ бизнисмени. *(се сеќавате на договорот за тринаесетте семејства кои требаше да го поделат целото државен имот)* Да не беше така, можеби многу од тие „олигарси“ денес ќе беа создадени како „нормални“ бизнисмени. Да постоеа нормални правила на игра, ќе можеа своите бизнис способности да ги насочат кон иновации и работа наместо кон лобирање, подмитување и клиентелизам. Но, системот ги научи дека второво е поисплатливо. Наместо политичките партии да се расфрлаат со ветување дека економијата ќе ја оправат со закани дека ќе ги затворат сите оние кои се збогатиле со злоупотреба на државната моќ и политички привилегии (за волја на вистината и ова е потребно), неопходно е да се направи пристап соодветен на насушните потреби на Македонската економија. Единствена можност економијата да ја стават на „здрави нозе“ е со укинување на системот кој тоа го овозможува, односно ја овозможува коруптивноста и „маткањето“ со политичка поддршка. Воведување на јасни правила на „игра“, владеење на правото, искоренување на протекционизмот, намалување на арбитрерност на администрацијата, децидно подвојување на економијата од политиката, олеснување на бизнисот преку намалување на даноците и разно-разните регулаторни тела. На овој начин директно ќе се влијае врз сигурноста на граѓаните и безбедноста на државата без нивна дивергентност, а особено чувство на граѓаните за негрижа од страна на државата.

Тоа е единствениот начин да се раскинат коруптивните односи, кои за мене се класична олигархиско-политичка конспирација, нивното „заедничко дишење“, кое што теоретичарите одамна го нарекле con – spirare. Верувам дека многу бргу бизнисмените ќе го пронајдат својот Лажандр кој ќе ја замоли власта, да им помогне со тоа што ќе престане да им помага, да ги остави да работат во игра со јасно утврдени правила на пазарна економија, препознатливи во Европа, Америка, Азија.

Нема потреба да се измислува „топла вода“, доволна иновација Ви беше „топлиот зајак“ - дефиницијата од мојот пријател.

На денот на Св.мч. Татјана (12./25.01.2020)

**Дефокусирање**

Уште пред неколку месеци предупредив дека СДС кампањата за изборите ќе ја водат на крајно непринципиелна основа, односно ќе се обидат да наметнат во јавноста тема на дискусија за минатото раководство на ВМРО-ДПМНЕ. Не дека се што правеше минатото раководство на ВМРО-ДПМНЕ во периодот од 2006 до 2016 беше негативно, но така едноставно ќе се зборува за „ланскиот снег“ и нема да се зборува за конкретните и планетарни „успеси“ на Заев и СДС во последниве три години на „неизмерни“ успеси на СДС.

Но, очигледно е дека последниве денови применуваат и „резервен план“, а тој се однесува повторно на дефокусирање на јавноста и повторно е приземна политичка игра. Игра во која секако заборавaат на сопственат им улога и „успеси“. Оваа игра се нарекува „Преспански договор“. Во рамките на планот „Б“ е секако прашањето и со договорот за добрососедство со Бугарија.

Приземната политичка игра или „планот Б“ има еден многу чувствителен елемент. Не дека „планот А“, забава и дефокусирање на јавноста со зборување за минатото раководство на ВМРО-ДПМНЕ нема чувствителни елементи кои се однесуваат на обидот да се „испегла“ или „заборави“ криминалот на Заев, односно аферите кои не можеме да ги доброиме па дури и да се потсетуваме во дневникот на Грофот Сен Жермен. Сепак, чувствителниот елемент во „планот Б“ кој се однесува на дефокусирање на јавноста со употреба на Преспанскиот договор пред се како носечки елемент, се нарекува влијание на „меѓународниот фактор“.

Тука доаѓаме до есенцијата на пропагандата или пласирањето на „стартегијата“ на СДС како општо прифтена вистина во Македонија. Имено, сите ние треба да прифатиме дека поради „меѓународниот фактор“ (ова затоа што владата на СДС е свесна дека нема никаков углед кај сопствените граѓани за да влијае врз јавното мислење), треба безусловно да ги прифатиме решенијата во Преспанскиот договор како догма (одтука и перверзното однесување на Димитров во однос на одбраната на Уставот). Сето ова е со една единствена цел, а тоа е да се занимаваме со се друго само не со тоа што го работеше Заев и СДС и што во овој момент го работат.

Во овој момент работи Заев и тоа многу интензивно чекајќи го дури и „чичко Бранко“ (оној „добродушен“ чичко што незнае кој е и што е). Работи со Собранието кое нема никаква морална основа да донесе било каков закон, а не пак системски закон. И повторно тука се бара поддршка од „меѓународниот фактор“, а за жал во оваа операција на Заев, повторно и повторно се злоупотребуваат нашите стратешки партнери, а јавноста се дефокусира од клучните прашања и последици.

Очигледна е потребата да се посегне по искуствата наталожени во „ќупот на мудроста“, затоа што развојот на државата зависи од идејата и инвентивноста на власта, а минатото треба да се искористи за црпење искуства не за барање алиби во него за сопствената неспособност. Повторно и повторно Заев за остварување на сопствените политички цели ќе ги искористи нашите

стратешки партнери прикажувајќи и на Македонската јавност дека ова повторно е некое барање на САД, НАТО, ЕУ. На овој начин (не верувам дека ова е случајно) Заев свесно ќе предизвика нов бран на анти-американско, анти-НАТО и анти-ЕУ расположение што е штета за стратешките цели и развојот на Македонија и Македонската нација. Повторно Заев за неговата политичка и криминална активност ќе се сокрие зад „меѓународниот фактор“, а јавноста ќе ја дефокусира од клучните прашања, но во тоа дефокусирање ќе ја обвини за недемократија, ретроградност, заостанатост, национализам и што ли уште не. Сите се виновни, но Заев никогаш не е виновен, тој е манипулатор кој на грбот на нацијата (пред се економски) гради „бели дворови“ и политички „успеси“.

Како што вели Едвард Бернајс во својата книга „Пропаганда“ ...„од нашите водачи и медиумите кои тие ги употребуваат за да се обратат на јавноста ние ги прифаќаме доказите и обележувањето на границите на темите кои се поставени во јавноста како прашање“. Токму овие теми и нивните граници се многу растегливи, бидејќи суштината на дефокусирањето на јавноста е во поставувањето на темите кои јас во Македонскиот случај ги нареков „план А и план Б“ на Заев и СДС за водење и насочување на пред изборната кампања. За да не реагираме емотивно и да проникнеме во нивната суштина, едноставно треба да ги игнорираме што е нај едноставната наша реакција на менталното труење кое во енормни количини ќе го доживуваме секојдневно во следниот период. Многу е важно во времето на директната кампања која СДС ќе ја води кон граѓаните да пристапиме разумно со едноставно прашање до агитаторите-пропагандистите, а тоа е: „Кажете ми што е со случаите тенедер Рашковски, пранкери, лажни аристократи и кралеви кои ги примаше Заев, Рекет (незнам кој број), криминалот и корупцијата на највисоко ниво, срамотата од судство и обвинителство во ликот на Катица, руинираното здравство, тргувањето со токсичен отпад односно негово увезување, нестерилизиран и неуништен медицински отпад, загадувањето, економското пропаѓање, акцизите и поскапувањето на горивото, енормното и брзо иселување на младите, квалитетот на социјалната заштита, квалитетот на образованието, зошто не зборувате за науката (тоа е тема која е заборавена, а без наука нема напредок) и други секојдневни прашања кои директно не допираат“, а не да зборуваме за „ланскиот снег“ и за катастрофалните нивни, не наши договори кои ни ги наметнаа и кои ќе треба во иднина со години, ако не и со децении да ги исправиме и да го вратиме достоинството на Македонската нација или да разговараме за мизеријата на актуелното Собрание кое глуми законодавен и уставно-бранителен дом, а на најдолен начин го прекрши уставот и не ја испочитува волјата на народот искажана на референдум. Прашањето за името е всушност „планот Б“ кој треба да не внесе во состојба на конфузија која во вакви услови нема да вроди со плод туку уште повеќе ќе го внесе Македонскиот народ во апатија. Да не дозволуваме да бидеме дефокусирани од суштинските теми и да си дадеме шанса да избереме, не да ни наметнат избор, за да можеме потоа да се посветиме на клучните национални прашања.

И се така до 12-ти Април кога ќе заврши оваа Голгота, а за да ја сочуваме нашата ментална хигиена од политиката на Заев и СДС која е многу потоксична од отпадот кој ни го увезуваа.

На денот на Преподобен Ефрем Сирин (28.01./10.02.2020)

**Политичка коректност или глумата на Заев**

Во оваа време – невреме, во самото предвечерие на предвремените парламентарни избори на 12-ти Април, можеме да видиме на дело два различни политички концепти кои ќе се борат на изборите. Не дека овие концепти не ги гледавме и во минатото и не дека тие не беа спротивставени што е сосема нормално во демократските општества, но сега тие ни даваат нова светлина.

Проблемот не е во двата различни и спротивставени политички концепти, тие суштествуваат во сите држави, проблемот е во политичката коректност односно во случајот на Македонија некоректност.

Новата светлина која ја даваат покажува дека концептот на СДС олицетворен во ликот и (не)делото на Заев е всушност оној стариот „комуњарски“ концепт од периодот по Втората Световна војна. При тоа, на дело гледаме вулгарен обид за ставање под контрола на се во државата, на прво место обвинителството и судството, а потоа со особен интерес и успех и на финансиските текови и бизнисот. Токму така, Заев свесно влезе во играта да ја контролира Македонија и тоа мотивиран единствено и покрај лукративните цели со спасувањето на својата кожичка. Еднаш не така одамна напишав во една моја колумна во самиот наслов реторичко прашање: „Кој ќе му суди на Заев, а кој на Катица“?

И еве дојдовме до одговорот, на Катица ќе и „суди“ Заев и неговото судство и обвинителство, а на Заев ќе му пресудиме сите ние на 12-ти Април.

Додека Заев глуми политичка коректност и „невинашце“ што би кажале Кумановчани во говорот на телото со раката на гради „душа ми треба, ако л‘жу“, неговиот подмолен истурен играч Спасовски подготвува терен за манипулации и тоа исто така политички коректно. Тука лежи замката во која треба да паднеме сите ние, а тоа е лажната слика за политичка коректност што сака да ни ја создаде СДС, а потоа да може лесно да манипулира.

Како член на техничката влада пред парламентарните избори во 2016 година имав можност од близу да гледам како Спасовски од позицијата технички Министер за внатрешни работи функционира. Да да функционираше и тоа исклучиво партиски за остварување на целите на СДС поврзани со нивното доаѓање на власт. Токму тоа што и сега го прави. Како министер, Спасовски заедно со другарчето му Заев го „уценуваа“ ВМРО-ДПМНЕ дека повторно ќе одбијат да одат на избори доколку не им се задоволат нивните барања за дејствување во МВР на прво место. Заради овие барања ВМРО-ДПМНЕ правеше максимални отстапки дури и преседани, а се со цел да се биде политички коректен и да се задоволат барањата на опозицијата, односно на СДС, во надеж дека СДС нема да ги бојкотира изборите и дека нема да се жали на не фер изборен процес кога ќе изгуби. Како што и изгуби.

Од оваа временска дистанца можеме да анализираме и бараме оправдување или не оправдување за тогашното „меко“ политички коректно однесување на ВМРО-ДПМНЕ, но што и да кажеме мора да имаме пред вид кои

сѐ околности имаа влијание врз оваа однесување, но и да ја знаеме политичката матрица и идеологија на ВМРО во однос на Македонија и Македонскиот народ.

Тоа што не ме изненадува денес, е токму однесувањето на СДС и Спасовски како технички премиер. За мене ова однесување е очекувано со оглед на искуството кое го имам со Спасовски и како против правно во тој период поставуваше лица во МВР за што постојат и судски пресуди на Управниот суд во Скопје. Покрај ваквото однесување на Спасовски, тогашниот технички премиер Димитриев не ни помисли да предложи негово разрешување или да предизвика дополнителна криза, и секако успеа да ја задржи максималната политичка коректност. Таков беше односот дури и кога беа во прашање „двојните потписи“ како и однесувањето на полициските службеници поставени од Спасовски на 15-те раководни позиции, дисциплинските комисии кои Спасовски ги смени веднаш по своето доаѓање, па се до и тогаш актуелното прашање за „Гесеке“ (набавката на обрасци за лични документи) кои Спасовски ги саботираше и тоа намерно со цел да предизвика недоверба кај граѓаните и креира вештачка криза. Нешто слично што и денес го прави. Има една поговрока која вели: „Старо куче нови финти не учи“.

Врв на политички коректната глума на Спасовски беше неговата директна координација со Катица во однос на упадот во тогашната УБК (познатото „отвори-отвори“ пред капијата на МВР), завереничкото криење на состаноците со Катето и тоа се со цел да се влијае врз обвинителството до степен на заедничка координација на политичките чекори-прогони поддржани од СЈО. Секоја сличност нели со актуелните влијанија врз обвинителството и судството што деновиве ја гледаме од страна на Заев е сосема случајна.

Не прави Спасовски ништо случајно. Тоа што тој го прави од позицијата технички премиер заедно со неговиот ментор Заев претставува добро обмислена работа за деструкција и пред се за политичка некоректност преку која пред граѓаните се покажува моќта на властодршците. Тоа е суптилно насочување на гласачите кон перцепцијата „кој е овде главен“, а згора на се да се потсетат граѓаните „кој има контрола над судството и обвинителството“, во крајна линија прашањето за размислување е:„дали тоа Заев и Спасовски и СДС ни кажуваат дека се неприкосновени господари на нашите животи“?.

Токму затоа беше разрешена колешката Мизрахи, заради реализација на стратегијата за „добивање“ на изборите преку нејзино оневозможување да ги разоткрие криминалите поврзани со областа на трудот и социјалната политика која вклучува директно влијание врз многу чувствителни и доста големи целни групи.

Планот на Заев е и тензијата и максималната политичка некоректност за изгласување на Законот за ЈО, покрај личните интереси кои ги има во рамките на овој закон, а што можевме да видиме од последната таканаречена „бомба“.

Очекувам дека до изборите на 12-ти Април ќе се наслушаме, а и нагледаме многу од репертоарот на политичката (не)коректност и (не)вештото глумење на Заев. Но, што правиме друже Заеве доколку ВМРО-ДПМНЕ по

сугестија на загрижени граѓани објави уште некоја бомба, можеби нуклеарна? Не верувам дека твојата политичка коректност ќе те присили на само повлекување токму во очи на изборите, ти тоа никогаш не си го направил, според добрата стара навика ќе мамиш, лажно ќе ветуваш, ќе измислуваш, ќе продаваш и распродаваш до последниот час, до последниот здив.

Токму затоа последниот глас е гласот на граѓаните на Македонија. Да го кренеме нашиот глас и да ставиме крај на една измамничка, анационална и криминална власт.

Познавајќи ја политичката и менталната матрица на Заев, но и на Спасовски, нема да бидам зачуден доколку во овој пар на соништата од СДС, Заев биде ставен во улогата на македонски Санадер или ...

На денот на Св.мч.Ѓорѓи Кратовски (11./24.02.2020)

**Кому му треба историјата?**

Кога на политичката сцена во Македонија се случуваат енормно многу, на дневно ниво политички глупости и изживувања врз менталната хигиена на граѓаните, веројатно една ваква колумна може да биде разбрана како дефокусирање. Сосема спротивно. Сакам да потенцирам дека оваа колумна почитувани читатели задира во суштествените прашања кои пак со помош на дневно политичките игри се дефокусираат од перцепцијата на сите нас. Во исто време на нашите властодрци устата им е полна со воспевање на европската им иднина, но под услов да ја заборавиме сопствената историја. Дел од таа историја или колективна меморија е секако и Охридската Архиепископија, денес во лицето на Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, чиј статус во рамките на Православната екумена максимално се злоупотребува за дневно-политички игри кои ја разурнуваат суштината на егзистирањето на МПЦ-ОА како помесна Православна црква. Сепак, за ова прашање и обидот за негово медиумско подметнување низ призмата на собирот во Аман ќе напишам во друга прилика. Во оваа колумна сакам да се осврнам на насушната потреба од познавање на сопствената Македонска историја и потребата од тоа да ја имаме нашата сопствена Македонска историја која ни е потребна на нас денес и на идните генерации Македонци.

Можеби звучи стереотипно дека без историја сме како дрво без корен, но тоа е голема вистина. Што би разговарале во клубот на ЕУ доколку немате идентитет, историја како дел од севкупната европска историја. Народите-нациите во друштвото на народите се ценат по нивното учество во светското цивилизациско наследство, а тука се вбројува и религиското наследство и култура, колку и да зборуваме за одвоеност на црквата од државата, односно за секуларно општество. Формулата е едноставна: „процент на население во согласност со процент на учество“. Не верувате? но, тоа се непишаните правила кои функционираат при мерењето на цивилизацискиот придонес на една нација во историјата на светската цивилизација и ги опфаќа сите аспекти на општественото живеење во позитивна конотација.

Токму овде можеме да ја лоцираме причината за притисоците на нашите соседи врз нас Македонците, да не обезличат и ја препишат нашата историја како своја, односно да го зголемат својот процент на учество во светското цивилизациско наследство. Филозофските расправи  од средниот век подоцна преземени и од Шуман, иднината на обединета Европа, денешната ЕУ ја поставуваат на три столба – христијанството, грчката античка филозофска мисла и македонската историја. Во основа, на овие три столба се потпира и Хантингтон кога зборува за христијанска Европа и нејзините традиционални вредности. Доколку само малку размислите и без некое поголемо познавање на филозофската мисла или историјата на христијанството ќе видите дека Македонија е во фундаментот на ЕУ, христијанството во Европа, според Библијата дојде преку Апостол Павле и Лидија од Македонија, а се вкорени и институционализира преку Јустинијана Прима и Охридската Архиепископија. За Македонската историја на Филип и Александар Македонски да не

елабориране. Дури и Варварите поради хеленската култура, станаа многу сакани од нивните наследници Грците.

За еден мал народ како Македонскиот, колкав ли е овој процент во светското културно наследство?

Дури и во Западното христијанство историското влијание на христијанството од Македонија е видливо и денес. Западната цивилизација е растргната помеѓу католицизмот и протестантизмот кој доминира. Протестантизмот, за основа го има Богомилството кое потекнува од Македонија. Единствено во Македонија постои место - село кое се нарекува Богомила според поп Богомил кој ја започнува својата мисија од Македонија. Во 967г. според некои извори четворицата браќа, синови на Кнез Никола, комитопулите: Арон, Давид, Мојсеј и Самоил кренале востание покрај борбата против Византија и за одбрана на Богомилите и ја создале првата Словенска Македонска независна држава. Самоил имал толерантен однос кон Богомилите за разлика од Византија која била крајно насилна. Основа од каде започнува протестантизмот е раселувањето на Богомилите од Македонија низ Европа познати како Катарени или Патарени од чии идеи се раѓа протестантизмот во Европа. Дополнително што внуката на Гаврил Радомир, Маргарита од неговата ќерка Агата која е жена на Едвард Прогонетиот, во 1130 г. се мажи со шкотскиот крал Малком трети. Синот на Маргарита, Дејвид, превнукот на Гаврил Радомир, познат како Дејвид втори им доделува имоти на темпларите околу реката Форд, денес Темпл.

Во 1690 г. светиот римски цар Леополд I издал заштитно писмо за Македонскиот народ од 26.04.1690 година, како благодарност за Карпошовото востание во кое меѓу другото вели: „*...Македонскиот народ во целост го примаме во секој еден поглед благонаклоно под наша царска и кралска заштита...*“ (прв цитиран извор кај Ј.Радоњиќ во 1908 година). Дури и во не корегираната српска историја пред Балканските војни, видливо е дека нашите соседи во секој поглед знаеле за посебноста на Македонскиот народ.

Улогата на Ѓорѓија Пулевски како Балкански - регионален космополит, борејќи се за слободата на Балканските народи, но и промовирајќи го Македонскиот јазик како засебен јазик на посебен народ кој суштествува на Балканот, уште во 1873 година во Белград во својот „четворојазичник“ го издвојува Македонскиот јазик и народ како засебен.

Да се откажеме ли од брилијантниот ум на Љубомир Милетич (во списокот на студенти во Прага на Карловиот универзитет за него се вели дека е „од Македонија од градот Штип“), почесен член на 21 (дваесет и една) академија на науките во почетокот на 20-от век, почнувајќи од Руската преку Хрватската, Српската до Германската. Или пак од Александар Балабанов првиот преведувач на грчката филозофска мисла на словенските јазици.

Да го заборавиме ли Вапцаров и неговата „Проштално“, убедливо најубавите љубовни стихови воопшто напишани.

Да го дополниме списокот со наше учество во светското цивилизациско наследство со двајцата нобеловци од Македонија, Мајка Тереза и научникот од Ресен со албанско потекло, дел од тимот на медицински научници кои направија револуционерен пронајдок во медицината.

Како да се откажеме од Александар Грличков (без идеолошки предзнак), брилијантен ум, светски признат теоретичар на социјализмот заедно со Мито Хаџи-Василев Јасмин. Сите нивни дела беа преведени во Кина, и моменталниот развој на оваа држава се должи токму на писанијата нивни, во кои докажаа дека е можен спој на социјализам (еднопартиско општество) и пазарна економија. Впрочем и експериментот кон крајот на 60 - тите и почетокот на 70- тите, основањата на Ге-Ге фирмите, процес затворен со уставот во 1974 г. беше плод на работата и генијалноста на овие двајца теоретичари. Во 1977г. со цел да им се заблагодари, Кина која не е потписник на Декларацијата за авторски права, го поканува Александар Грличков со сопругата да биде две недели нивен гостин, по што тој е во посета на Кина со почести на ниво на Претседател на држава.

Да се откажеме ли од Лазар Мојсов кој во 1977/78 беше претцедател на Генералното собрание на ООН, со неговата забележителна улога, кој е во роднински врски со фамилија Буш, по ќерка му омажена во Буш фамилија.

Можеби треба да се откажеме од Горан Стефановски, авторот со чиј драмски текст „Хотел Европа“, се прославуваше 2000-та година или вториот милениум во Европа.

Да се откажеме ... Навистина?? ... Кому му треба историјата??

На денот на Св.Лав Катански (во Првата недела на Великиот пост) 20.02./04.03.2020

**Медиокритет**

Кога во една претходна колумна Ви глаголев за политички некоректното однесување на лицето Зоран Заев и неговиот извршител Спасовски, сакав да посочам дека политичката парадигма на 21 –от век е нешто сосема различно од однесувањето на Заев во македонската политика. Секако, не сум наивен да мислам дека СДС има различна матрица од неговата персонална за да може на друг начин да води политички „натпревар“ освен на ним својствен начин - дерогирање на политичкиот процес, кој јас еуфемистички го нареков *„политичка некоректност“*. Но, СДС и Заев не би биле тоа што се, неинвентивни политички лузери, ако не го потврдат и надополнат мојот став и тоа директно, практично и најочебијно.

Расфрлајќи се со теории, терминологии и зборови, теоретски и семантички неразбирливи за него самиот, Заев продолжува со неговото **јавно онанирање**. Мислев и попусто се надевав дека јавното онанирање на Заев ќе заврши, а кое Салвадор Дали го нарече „Големиот мастурбатор“, кога онака безобразно со цинизам и омаловажување за трошка власт ејакулираше врз македонскиот народ, врз коските на предците врз неродените идни генерации, лаконски прифаќајки ги т.н. добрососетски договори (Тиранска платформа, Договор од Нивици, Договорот за добрососетство). Ова како врвно олицетворение на неговата политичка перверзија, а наведувањето на сите негови сексуално-политички перверзии, на кои бевме изложени во минатите три години, ќе ми одземе премногу простор и верувам дека ќе биде болно сеќавање за сите нас. Впрочем, верувам дека во иднина психолозите кои се занимаваат со политичките сексуални перверзии, пред сè садомазохистички, ќе го имаат Заев за исклучителен егземплар, своевиден еталон. Достојна замена на Маркиз де Сад и Леополд вон Мазох на Балканско ниво. Токму поради ова, во една моја колумна, Заев го инаугурирав во претставник на политичката понерологија, за овој дел од светот. Патем за овој негов политички егзибиционизам со врвен дострел сметката сè уште не е испорачана, по некои мои сознанија ќе биде многу поголема од онаа во Пигал.

Па така, нашиот „Херој на магарцу“ во состојба на егзалтираност, поради консумирање на енормна количина од ферментиран клиентелизам и полтронство во СДС, ќе изјави дека е следбеник и протагонист на „real politic“!? Види, види - нерде Бизмарк, нерде Заев! О tempora o mores!

Дали некој ќе му каже на Заев дека промовирањето на „реал политиката“ како правец на политичко делување е благо речено евроскептицизам, со што Заев својата политичка олигофреност ја заокружува со политички хермафродитизам - ни риба ни девојка, особено кон пристапот на Македонија кон ЕУ во што нели толку силно се колне. Едно мисли, друго зборува, трето прави. Прашањето е: дали е за ЕУ или пак не е, дали ги споделува европските вредности или пак останува во доменот на балканскиот примитивизам, онаму од каде и беше црпнат?

Европската Унија, колку за запознавање на Заев, е сосема нешто друго: обединување, заеднички интереси, високи цивилизациски вредности, културна заедница, рамноправност меѓу народите или Европа на народите. Кога Шуман говореше за обединета Европа на ум го имаше лозунгот на Француската револуција **„Liberté, égalité, fraternité“.** Тоа е она истото што нашиот Апостол Гоце Делчев, кој Заев и СДС упорно се одбидуваат да го отстранат од нашата колективна меморија, не знаејќи дека тоа е во ДНК кодот кој не можеш да го избришеш наспроти меморијата, генијално го сублимираше во *„...поле за културен натпревар меѓу народите“*.

Да зборуваш дека си следбеник на Бизмарковата „реал политика“ на почетокот од 21-от век, ми звучи како пласирање во јавноста на нов Франкештајн во обликот на своевиден политички неомодернизам, кој делува толку архаично така што повеќе зборува за личноста која користи термини кои не ги разбира отколку да е вредно за дискутирање. Имено, карактеристично за Заев е дека не знае и што е уште пожално за нас, **не знае дека не знае**. Поради ова „топло“ им препорачувам на неговите советници најпрво да намалат со програмата за товење со клиентелизам и полтронизам и да ги креираат неговите јавни настапи согласно неговиот интелектуален капацитет. Белким, ќе изгледа поприродно и нема да поставува антитези на стратегиските политички определби на Македонија, а откако тоа ќе му го залепат во ЕУ да се вади на други или дека не бил соодветно разбран па да се само демантира. Навикнати сме ние да го гледаме Заев како стоо во црпнато издание од мало морген па до задутре, но во ЕУ ова не поминува.

Сепак, Заев е **медиокритет** кој што е таму каде што е благодарение на склоп на разни околности, некои ги нарекуваат „црни лебеди“, без негов разумен допринос (можеби разумен компромис) или пак квалитет. Проблемот настана тогаш кога разно-разните псевдоинтелектуалци го убедија дека тој е исклучително интелигентна личност, величие, лидери-ште, малте не обединител и спасител на Македонскиот народ, по што тој започна така и да се однесува. Неговото гротескно однесување ни најмалку не е смешно, напротив беше и сѐ уште е застрашувачко за опстојувањето на Македонскиот народ.

За крај, раскошниот политички дискурс на политичарот Заев не е ништо друго до **„Credo quia absurdum est“** (верувам, бидејќи е бесмислено).

На денот на неделата на Православието (првата недела од Великиот пост) (23.02./07.03.2020)

**Карантин или COVID19 – СДС20**

При вака сериозни ситуации како што е избивање на пандемија како што е случајот со корона вирусот секоја сериозна Влада мора итно да реагира и тоа ригорозно и одлучно. Ова реагирање покрај декларативното со одлуки на Владата и препораки од Министерството за здравство, како и активирање на институциите согласно законските одредби, пред се мора да значи преземање на практични и конкретни теренски мерки.

Токму тука е главниот проблем во контекст на спроведувањето на мерките превентивни и активни за спречување на ширење на вирусот. Владата на СДС се однесува како и самата да е во карантин и ништо не ја интересира што се случува и што граѓаните преживуваат на терен. Според СДС доволно е да се донесат одлуки и одредат мерките за превенција, а од тука натаму секој нека се снаоѓа како знае и умее. Всушност, на Владата и е доволно да го активира МВР за контрола и блокада на патиштата, а внатре во карантинското подрачје на оние што останаа Господ да им е на помош. Мислам дека се нема претстава ниту колку луѓе има во карантинското подрачје, од каде се тие луѓе, колку е домицилно население, а колку случајно се нашле во карантинот, колкумина се со хронични болести, колкумина се возрасни, колку е потребна редовна лекарска помош и на колкумина им е потребно да бидат снабдени со храна и основни средства за лична хигиена?

Сите овие прашања не се хипотетички, туку напротив, тие се суштински. Затоа и нема да цитирам законски одредби и обврски на Владата, МВР, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, ЦУК и ДЗС, но секако и локалната самоуправа која има клучна улога, ако сакате и според одредбите на ЕУ каде што тежнееме. Токму затоа, врз основ на законските одредби ќе се обидам накратко да ги предочам практичните постапки кои оваа Влада на СДС и таква каква што е мора да ги преземе, без разлика на нејзината корумпираност, неспособност и дезориентираност. Во овој контекст пред се апелирам да не се шири паника, а како пример ја имаме Швајцарија која граничи со најкритичниот регион на Италија, но и покрај појава на вирусот на нејзина територија не го поремети животот на граѓаните иако ги активираше мерките за заштита. Ќе ви дадам уште еден пример на брза и ефикасна реакција и тоа од минатото. Повозрасните се сеќаваат на појавата на „вариола вера“ во тогашна Југославија, а како резултат на брзите и организирани мерки за заштита на населението се изврши вакцинација на над 18 милиони луѓе, а при тоа не се престана со образовниот процес ниту се поремети економијата или создаде паника. Едноставно неопходно е да се менаџира состојбата или да се познава кризниот менаџмент и неговото моделирање за да може ние да влијаеме врз состојбата, а не состојбата да влијае врз нашето поведение.

Сега неколку совети за практична реакција. Како прво, да видиме што треба да направи локалната самоуправа. Неопходно е да се поправат сите градски чешми особено на фреквентните места и на истите да се инсталираат дезинфекциони средства или барем течен сапун, да ги дезинфицираат и оспособат јавните тоалети и тоалетите во сите институции, а со што ќе се

исполни првиот заштитен предуслов – одржување на лична хигиена и често миење на рацете. Локалната самоуправа би требало да изврши снабдување со маски на граѓаните, а доколку неможе самата да побара поддршка од Владата за увоз на доволен број заштитни маски и истите да бидат ставени на располагање на граѓаните по редовни цени.

Посебно е потребно да се води грижа за возрасните групи граѓани и хронично болните, односно без разлика дали се заболени од вирусот или не, бидејќи се работи за критична група. Не треба државата да се потпира исклучиво на активностите на Црвениот крст, напротив АРМ и Полицијата заедно со волонтери треба да се вклучат во дистрибуција на храна и основни средства за хигиена до овие ранливи категории граѓани. Особено е важно ова да се направи во изолираните региони каде што во дел од планинските села Лазарополе, Тресонче и Росоки кои не се под општина Дебар, но се во карантин, се наоѓаат случајно затекнати граѓани кои отишле на викенд и истите не се подготвени за подолг престој. Со овие екипи за достава на храна и хигиенски средства потребно е да оди и медицинска екипа и да се дистрибуираат лекови за хронично болните, а потребно е да се направи и патронажна обиколка на сите оние кои веќе се во изолација. Би било добро кога би се направило тестирање на вирусот за целото население, бидејќи од пред десетина дена се започна со примената на мерките за заштита, а веќе е познато дека периодот на инкубација трае 14 дена најмалку, така што нема да изненади доколку во текот на оваа недела се појават нови случаи. Неопходно е да се преземат мерки за згрижување на сите лица кои не се домицилни во изолираните подрачја и тоа може да се направи на два начини:

Прво, да им се обезбеди сместување и од државните резерви им се обезбеди храна, облека и средства за лична хигиена за да останат во изолираното подрачје и

Второ, да им се изврши лекарски преглед и доколку немаат позитивен тест за корона вирус со медицинска и полициска придружба да бидат испратени дома во изолација.

Во прашање е само желбата и размислувањето за тоа како да преземеме ефикасни и корисни мерки, а во исто време да не предизвикаме поголеми материјално-финансиски последици врз државата. Максимата дека најважно е моменталното здравје на луѓето не нè оправдува да го загрозиме подоцнежниот живот на граѓаните на било кој начин. Со оглед на тоа дека веќе поминаа седум дена од првите мерки за прекин на наставата на сите нивоа на образование, а по се изгледа дека постои можност оваа состојба да потрае, неопходно е Министерството за образование да преземе итни мерки за организација на наставата во основно и средно образование преку интернет или јавниот сервис МТВ без разлика дали постои законска можност. За ова е потребно Владата да донесе одлука со времен карактер, бидејќи доколку наставата е во подолг период во прекин ќе треба да се надомести истата или да се повтори годината, а тоа е дополнителен проблем и верижно влијание врз многу други работи.

За жал не слушнав дека Владата во оваа кризна состојба формираше Управувачки комитет на чие чело треба да биде Претседателот на Владата, а чии оперативни активности ги спроведува Центарот за управување со кризи. Не видовме ниту едно соопштение во врска со проценката на состојбата издадено од „групата за проценка“ составена од државните секретари и директори на ЦУК, АНБ, БЈБ, АР, ДЗС, заменик началникот на ГШ на АРМ. Всушност Управувачкиот комитет, групата за проценка и ЦУК ги координираат силите и ресурсите со цел да му помогнат на населението во кризни состојби, а прогласувањето на карантин во дел од државата, затворањето на училиштата и забраната за одржување на јавни настани и работа на угостителски објекти не е ништо друго туку кризна состојба во која Владата мора брзо и одлучно да реагира со што ќе се намалат штетите, а не да се дума што да направи, кога и како, а при тоа состојбата да ја користи за политички маркетинг и спин вести за нивната светска способност и ефикасност. Вака како што се одвива работата се е оставено на локалните одделение на ЦУК, а за жал тие не по своја вина немаат доволно кадровски и материјално-технички и финансиски ресурси.

Во рамките на националните платформи за ризици и закани, една од нив е „здравствени ризици“ и истата има координативен совет со кој претседава ресорниот министер, а овој совет е во директна координација со Главниот штаб кој се воспоставува во ЦУК во соработка со ДЗС и надлежното министерство, а кој е надлежен над регионалните и општинските штабови (локална самоуправа) како и над оперативните тимови на терен. Сите овие институции имаат за задача меѓудругото и да го смират населението и ја спречат паниката, а тоа ќе го направат со самото свое организирано присуство на терен и активност во непосреден контакт со граѓаните и покажана грижа за нив.

Ете ја рамката во која согласно законот и уредените правила треба да се однесува Владата и на тој начин да има потполна контрола над состојбата и увид на теренот со што ќе ја менаџира состојбата, се останато е инвентивност и користење на расположливите ресурси на најдобро можен начин, вклучително и волонтерско работење на граѓаните според планот и укажаната потреба кои ги дефинира координативниот совет. Во овој контекст неопходно е и користење на државните резерви со кои располага Дирекцијата за државни стокови резерви, секако доколку ги има и истите не се фиктивни.

На крајот, а требаше да биде на почетокот, би сакал јавно да се заблагодарам на Орка Холдинг за нивниот хуман гест. Уште одамна Едвард Бернајс напиша дека: „компаниите мора да ја имаат поддршката на општеството за да имаат успех“, или скратено, тие покажаа „општествена одговорност“. Од се срце им благодарам!

На денот на Св.Григориј Палама (Втората недела од Великиот пост) 02./15.03.2020

**Оглед за трулежот**

Ете и тоа го дочекавме и имаме „вонредна состојба“ во Република Македонија и што сега, во водата дупка што би рекле. Имаше ли потреба за прогласување на вонредна состојба или пак се можеше да помине со кризна состојба?

Ова не е дилема, бидејќи за нас кој се занимаваме со кризен менаџмент и справување со ризици и закани од секаков вид и кои на научно и практично ниво се занимаваме со прашања од областа на одбраната, во потполност е јасно дека немаше никаква потреба за прогласување на вонредна состојба. Немаше потреба затоа што со само еден хазард, односно со загрозувањето на населението од само еден ризик – здравствениот, можеше да се прогласи кризна состојба на територијата на Републиката и да се активираат мерките во однос на здравствената платформа согласно Законот за Управување со кризи.

Тоа што го тврдам ќе го поткрепам и со цитирање на именуваниот закон иако во претходната колумна не сакав да бидам досаден со цитати на законски одредби, очигледно е дека е неизбежно да се потсетуваме на конкретни работи. Во спротивно премногу е очигледно кога поедини таканаречени авторитети исклучиво политички мотивирани се обидуваа да не убедат колку е неопходно прогласувањето на вонредна состојба. Токму затоа ќе ги цитирам законските одредби за да се биде појасно, а потоа ќе се надоврзам на појаснувањата на колешката Каракамишева во врска со свикувањето на Собранието, а како спротивставување на очигледната политичка игра која власта ни ја прави, а опозицијата необјасниво не реагира.

Законот за Управување со кризи во член 30 вели:

„(1)Кризна состојба се прогласува заради справување со кризна состојба која претставува ризик по добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на нејзин дел.

(2)Сериозноста на ризикот треба да биде од таква природа на зафатеност на подрачјето или добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на дел од неа, за која не постојат услови за прогласување на воена или вонредна состојба.“

Од тука може да заклучиме дека:

Прво, постои ризик по здравјето и животите на луѓето поради што можеше да се прогласи кризна состојба

Второ, дека кризна состојба се прогласува на територијата на Републиката или нејзин дел

Трето, не постојат услови за прогласување на воена или вонредна состојба затоа што се работи само за една платформа на загрозување и тоа не е во драматичен обем.

Не случајно законодавецот согласно со Уставот на Македонија направил дистинкција помеѓу кризна состојба и воена или вонредна состојба.

Тоа е направено од причина што при кризна состојба државата функционира нормално во однос на демократските функции на државата и контролата врз извршната власт со употреба на сите расположливи ресурси за справување со настанатата криза, а тоа значи дека и во кризна состојба не се ограничени ресурсите кои се ставаат на располагање на владата за справување со кризата. Суспендирање на демократијата, особено суспендирање на работата на Собранието е исклучиво регулирано со Уставот и тоа како времена мерка преку воена или вонредна состојба кога Собранието од објективни причини неможе да се состане. Во оваа ситуација многу сум заинтересиран да се обиде Спасовски или Пендаровски да ги објаснат конкретните причини за прогласување на вонредна состојба, а тие да не бидат политички какви што се во моментов. Впрочем ние имаме на дело таканаречена „мека диктатура“ под превезот на законско постапување.

Со прогласувањето на вонредната состојба прекршени се Уставните одредби, бидејќи вонредна и воена состојба прогласува Собранието, а доколку тоа не може, односно е спречено да се собере (поради катастрофи од големи размери, прекин на комуникации, зафатеност на територијата на Републиката со воени дејствија и сл) за полноважно да одлучува тогаш тоа го прави Претседателот на Републиката, но при прва можност да се свика Собранието тоа ја потврдува или отфрла одлуката на Претседателот. Така доаѓаме до клучната поента покрај онаа дека Владата прогласува кризна состојба на територијата на Републиката или нејзин дел не повеќе од 30 дена, но за тоа го известува Претседателот на Републиката и Собранието, а доколку сака да ја продолжи кризната состојба треба да побара одобрение од Собранието. Клучната поента на оваа колумна е токму улогата на Собранието кое од вчера е брутално суспендирано, а на тој начин е суспендирана и демократската волја на граѓаните, односно суспендирана е контролата врз извршната власт. Во меѓувреме извршната власт си лицитира со економските последици од кризата без конкретни мерки за заштита на населението од економски удар, но со план за задолжување на државата.

Како мисли Талат Џафери да објасни зошто не го свикува Собранието или пак Пендаровски да објасни како тоа тој ја поништува одлуката на Собранието за избори? Двајцата нема да можат да ви дадат законски и уставно издржано објаснување.

Имено првиот ќе тврди дека пратениците „ги вратиле мандатите“, Бог да чува, а според законот за избори мандатите на пратениците траат се до верификација на мандатите на следните пратеници по завршување на изборите, но не подолго од четири години. Еве една тривијално логична паралела. Доколку пратениците не можат да се повикаат на седница на Собранието, односно „ги вратиле мандатите“ се самораспуштиле или самоукинале како што имаше деновиве употребени термини, тогаш што бара Талат на Совет за безбедност како Претседател на Собранието? Ами јасно е друже Џафери, противуставно дојде на тоа место и до крај се однесуваш противуставно, не верувам дека не знаеш туку дека така сте договорени.

Вториот, ќе ви тврди дека со прогласување на вонредна состојба автоматски се откажуваат изборите или можеби дека за нивно откажување се договориле лидерите на политичките партии. Не постои логика овде, бидејќи по овие прашања правно и уставно исправниот пат Ви го кажа колешката Каракамишева и тоа е на душа на уставните судии. Што и да договориле лидерите на политичките партии тие тоа мора да го поминат низ Собранието за да биде законски уредено, во спротивно покажуваме дека функционираме како племе, а не како уредена држава која е членка на НАТО и се стреми кон ЕУ.

Од тука заклучокот е јасен, а тоа е дека пандемијата предизвикана од Корона вирусот кај нас се користи како политичка приказна преку која на мала врата ќе имаме диктатура, односно владеење на Владата на СДС. Онаа маркетиншка приказна дека и опозицијата преку министерот за внатрешни работи учествува во владата е само најмизерна лага, бидејќи се виде моќта на Чулев кога Спасовски му ги укинуваше решенијата и наредбите. Во овој контекст на работата на МВР еве и еден совет до Чулев. Бидејќи, изборите се откажани на неодредено време сега имаш можност да функционираш во МВР исклучиво согласно Законот за внатрешни работи, Законот за полиција и Законот за раководење со органите на управата, а што значи дека немаш никакви ограничувања во врска со кадровските решенија кој можеш да ги поставиш согласно систематизацијата и секако во насока на поуспешно извршување на обврските на Министерството во спречување и решавање на кризата, со што законот за влада во однос на функционирањето на техничката влада е вон сила. Зошто да не, кога Спасовски може да именува судии со Уредба на Влада, тоа е таа иста влада во која е министер и Чулев.

Што се однесува до Собранието, доколку Уставниот суд не реагира, а Талат не сака да го свика Собранието за да може да расправа за укинување на одлуката за самораспуштање, односно прогласување избори на 12-ти Април, тогаш актуелните пратеници да го повикаат Уставниот суд да реагира и во исто време самите тие да побараат свикување на седница, односно да ја разгледаат можноста некој од подпретседателите на Собранието да свика седница. Ова е неопходно пред и над се за да ја задржиме демократијата во државата и да го почитуваме Уставот и законите затоа што само така се чува и гради државата. Собранието ја има моќта добиена од граѓаните и нема никаква причина да не се состане и одлучува за сите прашања кога веќе нема да имаме избори кои пак ги суспендираше Пендаровски незнам по кој законски основ.

На крајот уште еден совет, но сега до Филипче здравствениот министер, а на размислување и на Спасовски. Дали воопшто некој во владата ви која од милост ја нарекувате техничка, а незнам зошто и по кој закон сте сега сеуште техничка, размислува за тоа што ќе правиме доколку ни се случи некоја катастрофа и техничко – технолошки акцидент или пак поголема сообраќајна несреќа. Во случај на земјотрес или некоја друга несреќа не дај Боже со многу повредени дали имате предвидено болнички капацитети за прифаќање и згрижување на настраданите и повредените, а во исто време да не се доведат во опасност да се заразат од Корона вирусот? Ова ви го посочувам за да размислувате за други решенија за справување со вирусот, а не да ги блокирате

здравствените институции кои треба на терцијално ниво да даваат редовна здравствена заштита на населението и да бидат подготвени и за други активности во случај на несреќи и катастрофи. Еве го советот. Постои една болница за белодробни заболувања и се вика Јасеново, а се наоѓа во близина на Велес на два километри од селото Јасеново. Благодарение на луѓе кои се упатени во здравството, а кои си ја сакаат татковината и својот народ како што е Илчо Захариев на кого сум му благодарен за споделените искуства и размислувања, ете јас ќе ви го пренесам искуството за тоа дека оваа болница е изолирана и опремена да може да прима заболени од белодробни заболувања. Така, доколку барем малку размислувате за здравјето на населението би било добро да сите заболени (досега 70) ги префрлите во Јасеново на лекување заедно со потребен број медицински персонал и каде што ќе се формира карантинска област. Втор карантин за оние кај кои не е потврдена болеста, а доаѓаат од кризните региони може да биде касарната во Пепелиште, но претходно Министерството за одбрана да изврши прилагодување на просториите.

На овој начин ќе овозможите останатите медицински капацитети како болницата 8-ми Септември која непотребно ја блокирате, со зголемени мерки на превенција да продолжат да функционираат редовно, а за многу краток период во нормала да се вратат сите институции и воопшто животот во Македонија за да се намалат економските штети. Секако, знам дека нема ништо да направите за да се изврши тестирање на целото население или пак да се бара модел за создавање на имунитет кај населението.

За жал вас ве интересираат други цели и затоа си поигрувате со демократијата, но знаеме дека цената на крајот сите ние граѓаните ќе треба да ја платиме, но вие треба да знаете дека „има утре“, а согласно тоа ќе има одговорност.

Реата на трулежот станува неподнослива.

На денот на 42-ца Аморејски маченици (06./19.03.2020)

**Манџуриски (муртински) кандидат**

Се прашувам: „кој е премиер на Владата на Република Македонија“? Дали можеби тоа Заев од сенка е премиер и Спасовски добива задачи од Заев како да се однесува, односно кои мерки да ги преземе владата. Интересен политички дискурс кој другарот Заев се обидува да ни го инсталира во Македонија, а нели тоа беше некоја појава во опозицијата или јас нешто погрешно сум разбрал. Прашањето во овој контекст е во основа психолошко, а се однесува на тоталитаристичката патократска психопатија во редовите на СДС, односно во однос на обидот на Заев да се врати на власт како премиер и повторно без избори, но овој пат преку влијание врз Спасовски. Впрочем, тоа и беше неговиот план, Спасовски требаше да опстои технички до изборите, а сега како што е извесно дека нема да има избори и не се знае кога ќе има повторно сме пред две реални состојби и тоа:

Прво, оваа влада не функционира како техничка туку како политичка влада која воспоставува „мека диктатура“ за потребите на СДС преку донесувањето на уредби со законска сила до степен на менување на законски одредби дури и во Законот за избори и

Второ, намерно не се свикува Собранието за да се воспостави контрола врз работата на владата иако е јасно дека оваа состојба ќе трае барем до Јуни, а што меѓу редови може да се прочита во изјавата на Заев кој пак билдајќи го својот рејтинг издава задачи на владата на очиглед на целата јавност.

Откако направија галиматијас во политичката состојба, односно направија таков политички хаос со против законити одлуки, на прво место со прогласување на вонредна состојба без изјаснување на Собранието, сега другарот Заев и СДС се обидуваат да не убедат колку тоа се одговорни и колку си ја сакаат татковината, а всушност се работи за едноставна операција за зачувување на сопствената политичка кожичка.

Сериозна држава нема да го свртува вниманието на граѓаните кон недефинирани и нејасни полу мерки во економијата, туку сериозно ќе се зафати со спречување на ширење на вирусот особено кај најзогрезените (медицинскиот персонал, полицијата и армијата, како и вработените во продавниците за храна и комуналните претпријатија). Жално е што овие категории граѓани немаат добиено заштитна опрема заради нормално извршување на задачите, а од нив се бара максимална ангажираност и ризик по сопственото здравје и живот.

Од друга страна и понатаму не е јасно зошто министерството за здравство заедно со министерството за одбрана не ги активира воените стационари (воените амбуланти) за згрижување на заболените од корона вирусот, а кои стационари не се употребуваат од армијата, но се наоѓаат во касарните и можат физички да се обезбедат.

Очигледно е дека Заев ова не му го пренел на Спасовски за да овој може да дејствува, како што е очигледно дека единствено што му пренесува е во функција на фамилијата која веројатно ќе земе дел од државната помош на

приватни компании, за да го ублажат економскиот удар секако. Главната „дилема“ е дали откако се ова ќе заврши и ќе се смени власта на СДС, одговорноста за незаконските и противуставни и криминални дејанија ќе ја преземе Заев? Гарантирам дека нема, затоа и е тенденциозен кога предлозите кој му ги дава на Спасовски ги кажува јавно како премиер од сенка, но формално како лидер на СДС. Знае тој што прави, веќе еднаш напишав дека не треба Муртинскиот да го потценуваме. Билда рејтинг пред народните маси ставајќи си маска на хуманист, а воедно пред законот само дава предлози (наивно нели, како секој загрижен граѓанин кој си ја сака татковината на дело, што би рекле неговите медиуми), а предлозите ќе треба во „законска“ процедура со уредба да ги спроведе Спасовски како премиер на „техичката“ влада. Тоа заначи дека de facto и de jure одговорноста за се паѓа на Манџурискиот кандидат Спасовски, но доколку не дај Боже работите тргнат во позитивна насока за Заев, тогаш ете го Муртинскиот кандидат на сцена како незаменлив домољуб и спасител. Добро го смисмил ова Заев како да спечали политички поени, а да не си ги изгори рацете. Зошто да си ги гори рацете кога си го има Спасовски, по истиот терк го употребуваше и во 2016-та само што тогаш Димитриев требаше да биде виновен и недемократ за недемократското и противзаконско однесување на Спасовски. Само што сега не сум сигурен дека Манџурискиот кандидат ќе се извлече како што се извлече тогаш за своите противзаконски дејствија.

Забележливо е дека сите клучни активности во однос на справувањето со Корона вирусот кои се пласираат во јавноста имаат за цел да ги оправдаат планираните задолжувања од шестотини милиони евра. Никаде нема да слушнете конкретни активности, а не пак ефекти во здравствен аспект што ќе ја намали паниката и загриженоста на граѓаните, а не пак да го сопре ширењето на вирусот. Тој аспект е само формалност, а се форсираат таканаречените економски мерки. Се е во обратна насока. Наместо да се дејствува во насока на ригорозни, брзи и ефикасни медицински мерки се манипулира со популистички мерки. Видливо е дека владата на Спасовски нема контрола врз ситуацијата и чека да добие од Заев пред се насоки за економски мерки. Токму затоа и не се свикува Собранието затоа што нема да може така лесно Заев да биде „паметниот и хуманиот“, а Спасовски само едноставен извршител.

Многу е лесно да се спроведуваат економски мерки на грбот на граѓаните и да се трошат без контрола парите од народната мака. Потешко е да се смисли начин како да се биде ефикасен за да се заштити населението и да се применат ефикасни мерки за справување со кризата.

Да не биде дека сум критизерски настроен, еве преку прашање ќе дадам еден конкретен предлог. Зошто владата на сите оние приватни фирми кои своите вработени ги имаат пријавено во АВРМ и плаќале плата и придонеси во изминатава година не им додели по една просечна плата започнувајќи од Март? Најпогодени се малите семејни бизниси и угостителите, особено оние кои работниот простор го имаат земено под закуп и мораат да заработат за плати, придонеси, даноци и кирија. Во тој контекст еве уште еден предлог до владата. Би било добро да закупнината за деловниот простор со уредба ја суспендирате,

односно да интервенирате во законот за облигациони односи и на овој начин им помогнете на малите семејни бизниси да преживеат.

Општествената одговорност кон граѓаните не е популистичка приказна за покажување на моќ дека се владее од сенка и дека се диктираат задачите на владата од друг, партиски центар на моќ. Доколку Заев сака да провери дали навистина е толку умен и популарен нека дозволи да се свика Собранието и ќе може да го слушне гласот на народот, дури и гласот на своите пратеници. Вака остануваме во состојба на „мека диктатура" и злоупотреба на настанатата состојба од здравствениот хазард, а во рамките на диктатурата прва жртва ќе биде вистината и секако медиумската слобода што на дело го гледаме преку однесувањето на владата кон подобни и неподобни медиуми.

Многу прашања се пред нас, а одговорите се ограничени како и ресурсите, а особено времето кое го имаме на располагање.

Во третата недела на Великиот пост (Крстопоклона) 09./22.03.2020

**Политичко решение**

Несомнено дека добивањето на датум за преговори е долго очекувана награда за Македонија по платената исклучиво висока цена. Сепак, сакам да напоменам дека се уште не е се завршено. Знам дека ветриштата од Брисел во моментов ги стоплија политичките шанси за преживување на Заев и СДС, но и на ДУИ па токму затоа и истрчаа да се пофалат дека сме добиле датум за отпочнување на преговорите и тоа благодарение на нивните „храбри“ одлуки. Храбро е да се откажеш од историското наследство, од нацијата и да обезличиш еден цел народ, многу е храбро да ја редефинираш државата, ептен е храбро. Храбро е тоа кога те водат како слепец низ коридорите на Европската унија и светските политики, а да при тоа незнаеш ниту пак имаш претстава што се случува, бидејќи си слеп и чекаш милост.

Милоста дојде, додуша, споро ќе оди и доста нејасно поради француската нова методологија, но за волја на вистината го минавме КОРЕПЕР 2 што е потешкиот дел и еве денес или утре го минуваме КОРЕПЕР 1 што е формална одлука и каде што тешко дека некој ќе го блокира процесот. Но, тоа не значи дека уште денес ќе ни го определат датумот за преговори кој ќе започне со меѓувладина седница и најважно од се отворањето на поглавјата 23 и 24, туку Европската комисија ќе треба да изготви таканаречена „рамка за преговори“ и потоа да започнат преговорите.

Тука лежи главниот проблем, во трката со времето по онаа старата „фали ме усто оти ќе те расчепам“, а јас ја разбирам „техничката“ влада на Манџурискиот кандидат Спасовски, го разбирам и него лично, како што ја разбирам и се надевам како што и тој ја разбира колумната на Ордановски која е пораката од Муртинскиот кандидат. Чиј е тоа амбаротк, на Заев, на Спасовски, на Димитров, на Османи? Има ли тука наш на Македонија на сите граѓани амбар или како што теравте изминативе години така продолжувате и сега. Кога е тешко и кога ќе не доведете во тесно тогаш треба да ја споделиме одговорноста „народот греши, или е во право и кога греши“, а кога треба да си го наполните политичкиот амбар пред избори, тогаш вие сте тие кои носите „храбри“ одлуки. Да ги прашавте тие кои ги чувствуваат последиците од вашите храбри одлуки што имаат да ви кажат, не сум сигурен дека би ве глорифицирале како Ордановски или саркастично утешно ќе ви кажат „да сте живи и здрави“.

Но, да се вратам на суштинското прашање на колумната. Дали Бриселското политичко решение за давање привремен ветер во грб на владата на Спасовски и СДС на Заев, односно излегување во пресрет на онаа што Заев го молеше да го добие уште во Октомври претставува завршена работа?

Пред да продолжам со елаборацијата на тоа што не чека сакам да кажам уште нешто. Имено, сега се покажа дека времето не работи за ВМРО и Мицкоски и дека додека ВМРО го трча мачниот маратон, Заев не трча тој стопира попат и така коцкајки се се надева дека прв ќе стигне до целта со помош на автобусот на ЕУ, а багажот од рекети, корупции и друго ќе го фрли некаде

по пат во заборав. Само да си знаеме дека СДС никогаш нема да признае дека владите на ВМРО го отворија пред пристапниот процес, дека девет пати по ред добиваше препорака за почеток на преговорите, но секогаш беше блокирано поради името на државата МАКЕДОНИЈА, затоа и оваа политичко решение на ЕУ го препишуваат на нивно конто и секако формално со полна уста народ, а не како борба на генерации со многу падови и на крајот национално понижување.

Суштинското прашање е всушност составено од два дела и тоа:

Прво: „Кога ќе биде датумот за заедничка меѓувладина средба со што ќе се започнат преговорите?"

Ова е енигма и тоа пред се поради состојбата со Корона вирусот, а второ и поради Францускат методологија која не врзува со Албанија, а Албанија доби некои дополнителни задачи. Веројатно почетокот на преговорите нема да се случи подоцна од Септември можеби уште во Јуни, а во однос на политичките прашања останува само тоа дека доколку некој внатре во ЕУ не го сопре процесот, тогаш може да очекуваме на внатрешен план СДС да ја подесува состојбата со вирусот согласно почетокот на преговорите за да може да се употреби ова политичко прашање (кое несомнено е стратешко) за изборни цели во „амбарот" на Заев.

Второ: „Колку сме подготвени за отворање на поглавјата и кога ќе се отворат тие?"

Ова е поважниот дел од суштината, отколку од политичките бенефити добиени од решавањето на политичкото прашање. Имено, први задолжителни поглавја кои се отвараат се поглавјата 23 и 24, а се однесуваат на „владеење на правото" и "внатрешните работи". Тоа значи дека фрлените од Заев по пат рекети, корупциски скандали и слично, некој од „чистачите" на ЕУ ќе ги извади на маса. Тоа значи и дека толку е максимумот друже Заев што како награда и ветер во грб можеш политички да го добиеш од ЕУ. Понатаму започнува нашата Голгота кон ЕУ, а неа треба да ја води некоја друга влада која нема да се срами од твојот валкан веш.

Тука се поставуваат многу прашања на кои сум сигурен дека нема одговор ниту Манџурискиот ниту Муртинскиот кандидат. Најпрво, „како ќе започнат преговорите за владеење на паравото кога правниот систем е до крај девастиран?" Ова не е флоскулата на Ордановски, туку фактичка состојба, ако сакате и конкретно видливо преку намерното уривање на Уставот и со последново прогласување на вонредна состојба и не свикувањето на Собранието, а со Уредба на владата измени во Законот за избори и откажување на изборите. Намерно не сакам да пишувам за криминалите и корупцијата на власта на СДС, бидејќи амбарот им е полн и преполн со криминали и корупција, па секое пишување би било свртување на друга тема и обемна работа на потсетување. Понатаму, „како ќе докажувате во пракса дека во Македонија владее правото, кога само во еден пример ви покажав како го заобиколувате правото на сите нивоа и сите столбови на власта вклучително и Уставниот суд?"

Следно, „како ќе ја докажете еднаквоста на сите пред правдата кога евро ваму-евро таму си мина како ништо да не било?“ Да не наведувам безброј примери за кои конкретно ќе бидете прашани.

Дури потоа доаѓаме до прашањата за внатрешните работи, а тука ќе има безброј други прашања, од азил, мигранти, FRONTEX до закони и уредби кои се однесуваат на јавниот ред и мир и борбата против илегална трговија со дрога, а кои активности се под голем знак на прашање, бидејќи нема да бидеме прашани само за формалните законски одредби туку и за конкретните резултати „владеење на правото и внатрепни работи’ нели поврзани поглавја се.

На крајот од целиот овој сет прашања кои се отворени пред нас како држава, се поставува клучното прашање: „Имате ли воопшто тимови за започнување на преговорите барем во овие први две поглавја?“ Знам дека ќе ги склопите на две на три, само да покажете дека нешто се работи, а за тоа дека тие луѓе таму ќе треба да се срамат кога на маса ќе им бидат ставени многу прашања со докази, бидејќи тоа не е прашалник во кој ќе може да се лаже туку ќе се преговара со администрацијата во Брисел, нема потреба да се зборува, се надевам дека барем малку сте свесни. Дополнително е тоа што не сум сигурен дека имате изготвено стратегија за преговори, односно ги имате детерминирано нашите цели и позициите каде нема да отстапиме од домицилните законски решенија поради нашите сопствени специфичности, а знам дека сте докажани како цврсти преговарачи кои не отстапуваат дури ни за милиметар кога се во прашање националните интереси или личните интереси беше.

Како за крај, дали ќе им кажете на граѓаните колку очекувате да траат преговорите додека ги затвориме сите поглавја, со оглед на обврските кои ги преземавте кон Бугарија и Грција?

Кога Манџурискиот кандидат Спасовски ќе излезе пред јавноста и сериозно ќе одговори на овие прашања, тогаш ќе можеме да кажеме дека работите се поместуваат од политичко прашање кон суштинско, дотогаш впечатокот ќе остане дека Муртинскиот кандидат навистина ќе го полни својот, но исклучиво својот амбар и помалку на Османи за зло не требало по изборите.

Чекајќи да се качиме на возот за ЕУ и да се подготвиме за долго патување.

На денот на Св.Григориј Двоеслов (12./25.03.2020)

**Ресетирање на државата**

Со оглед на тоа што појавата на Корона вирусот немилосрдно удри врз здравјето на граѓаните, имаме можност да ги видиме последиците на не функционалноста на државата во случај на пандемија. Ова може да биде само еден индикатор за тоа колку државата не е во состојба организирано, со знаење и користење на ресурсите, односно системски да реагира во справувањето со ризици и закани врз безбедноста на граѓаните и државата. Без разлика дали се работи за здравствен ризик како во овој случај, природна катастрофа од поголеми размери, техничко-технолошки хазард, хемиски акцидент или воена состојба и изложеност на државата на воен напад или терористички напад од поголеми размери врз критичната инфраструктура, видливо е дека системот не функционира.

Не функционирањето на системот не е природна појава или последица на настанатата состојба и загуби во персонал или опрема, тоа е последица на триесет години station наназад девастирање на целиот државен систем.

Излегувајќи од поранешната СФРЈ, Македонија по автоматизам наследи уреден здравствен, образовен, одбранбено-безбедносен систем и под систем за заштита и спасување, односно цивилна одбрана и цивилна заштита. Потоа на секој можен начин, а најповеќе преку поставување на партиски несоодветни необразовани и корумпирани кадри се уриваше системот, наместо истиот да се засилуваше и трансформираше согласно техничко-технолошките достигнувања на современието.

Така и дојдовме до оваа состојба која самите ја создававме цели триесет години и сега имаме на прво место загрозување на здравјето и животот на граѓаните, а во пракса преземаме ad hoc мерки, а ваквите мерки не носат брзи и солидни резултати, но предизвикуваат дополнителни финансиски издатоци и трошење на ресурсите. Како и да е сега го имаме на дело тоа што го инсталиравме изминативе триесет години и ќе треба да се справиме со настанатата состојба прифаќајќи ја штетата која ќе настане во сите аспекти и на сите нивоа.

Крајниот резултат, како искуство со кое ќе се здобиеме од оваа состојба треба да биде ресетирање на државата, а за тоа имаме шанса единствено доколку се вратиме на почетокот и го воспоставиме системот на нови и здрави основи. Во тој контекст имам неколку конкретни предлози и прашања до политичките (квази)авторитети кои глумат дека ја водат државата.

Дали Заев има намера да престане да не лаже и во вака сериозна состојба, особено во однос на економските и финансиски прашања? Може ли министерот за финансии Ангеловска да ни каже отворено во каква состојба е буџетот на државата и финансиските резерви? Може ли некој воопшто да ни каже колку државата е задолжена? Има ли одговор за тоа со колкави државни стокови резерви располага Македонија? Ќе се престане ли со половични и инфантилни мерки кој не носат решение на состојбата? Дали мислите дека суспендирањето на Уставот и законите и ограничувањето на слободата на

движење на граѓаните е решение кое нема најава до кога ќе трае? Дали воопшто имате некаква стратегија, национална стратегија за опстанок и преживување на нацијата (тука влегуваат сите граѓани на Македонија), при појава на ризици и закани? Каде се шарените револуционери, Павле, Ивана, пленумците и цела една камарила на невладини, сега да се борат за човекови права и да апелираат и на дело покажат општествена одговорност или знаење за конкретно делување во кризна состојба?

Но, пред воопшто да се охрабрите отворено да им одговорите на граѓаните би сакал да направам еден осврт кон едно многу по важно прашање. Имено, во состојба на пандемија (може да кажеме поедноставено „светска биолошка војна“), многу е видливо дека секоја од државите се грижи првенствено за себе и за заштита на сопственото население. Доколку знаеме дека главниот, основниот стратешки пристап на секоја држава е да го зачува биолошкиот минимум за опстанок на населението за да може нацијата да функционира, а потоа да го сочува и суверенитетот на територијата, за да има на која територија да функционира нацијата, тогаш е многу јасно дека за да се реализира оваа основна стратешка цел мора да се потпреме на сопствените сили, средства и знаење, на сопствените капацитети во прв ред, па дури потоа на секоја добронамерна помош.

Поаѓајќи од оваа премиса, јасно е дека ниту Белград, ниту Софија, ниту Тирана или Приштина, ниту Атина ќе се грижат за нас повеќе одколку ние самите. Затоа се надевам дека сите оние кои се убиваа и се убиваат и сечат вени на социјалните мрежи и во политичките настапи во изливи на љубов и глорификација на некои од соседните центри на моќ, успеаа да согледаат дека во оваа состојба (или која и да е слична во иднина) помош може да добијат единствено од Скопје. Единствено нашата сопствена држава ќе ни помогне да преживееме во овие времиња. Сега не е важно дали сме Македонци, Албанци, Срби, Турци, Роми, Бошњаци или незнам кој, важно е да разбереме дека сме граѓани на Република Македонија и со тоа ние сите сме Македонци.

Историски гледано, Македонија како Швајцарија на Балканите сега во услови на криза ги освестува своите граѓани за нејзината вредност како наша држава. Впрочем, знаете ли зошто Швајцарија е тоа што е денес и во последниве 200 години? Затоа што Швајцарците без разлика дали се Италијани, Французи, Германци и Ретороманци уште пред два века разбрале дека нивниот опстанок како нација (Швајцарска нација) без разлика на етничката припадност зависи единствено од нив самите односно од добрата организација на нивната држава Швајцарија. Помошта и заштитата на нивното здравје, имот, бизнис, финансии, економија и на крајот од се, на нивните животи ќе дојдат од Берн, а не од Париз, Рим, Берлин или Виена.

Погледнете што се случува во рамките на Европската унија. На дело е токму Европа на нациите, а не либералната Европа. Во пракса секоја држава членка на ЕУ се справува со пандемијата во рамките на своите граници (затворајќи ги истите за влез и излез) и се потпира врз сопствениот здравствен

систем и кризен менаџмент со сопствени ресурси кои го примаат првиот и најголем удар на пандемијата.

Токму затоа и нашата сигурност во секој поглед зависи од нашата држава и нејзината организираност и способност системски да се спротивстави на сите можни ризици и закани и да го заштити своето население. Заштитата на населението, на животот на нацијата е во пракса кризен менаџмент со проценка на ризиците и заканите, а тоа е дел од одбранбениот систем неговата организација и начин на активирање. Тоа не е збир на собрани испишани законски одредби или несмасно прогласени вонредни состојби и донесени уредби со законска сила во кои СДС ужива изживувајќи се врз сопствените граѓани. Секој одбранбен систем се потпира врз искуство, знаење, технологија, опременост и обученост на населението за одбрана и заштита од секаков вид загрозување, а како долготраен систем граден со генерации и внимателно следење на современите и идните закани. Во оваа ера очигледно најголемо загрозување ќе бидат специјалните војни кои преминуваат во биолошки војни.

Дали ни е потребен поголем доказ дека имаме насушна потреба да ја ресетираме Македонија и да воспоставиме функционален систем за разлика од овој кој го имаме пред очи и кој го живееме? Очигледна е потребата дека треба да расчистиме со лажговците и политичките профитери и манипуланти, да расчистиме со повторувачите, плагијаторите со купени дипломи, некадарните кадри и слепи кариеристи послушници и извршители во институциите, како и со оние кои во име на „правична застапеност“ не одат на работа, а примаат државна плата, од неспособните партиски кадри кои полни со незнаење неможат да се организираат за активирање и организирање на било какви успешни мерки за справување со епидемијата, да се ослободиме од стегите на незнаењето и профитерскиот себичен менталитет. Потребно е да се реорганизираме, да ја возобновиме етичноста и хуманизмот на дело не во празните политички флоскули на политичките измамници, да ја ресетираме државата, да се потпреме на вистинските традиционални вредности, на самите себе, на сите нас како на рамноправни граѓани на Македонија на кои оваа држава им припаѓа и која е единствен наш вистински дом. Да се свртиме кон себе си, кон нашата Македонија која за да може да функционира и да ни врати, да не заштити, мора да ја ресетираме и да ја направиме вистинска Швајцарија на Балканите (тука не мислам на нејзина кантонизација, федерализација или било каква промена на уставното уредување).

Воспоставувањето на уредена држава со системски решенија која ќе се потпира на знаење, наука и развој во сите полиња е приоритет на сите нас за Македонија како Швајцарија на Балканите да ја воскресне максимата „Македонија на Македонците“ (при тоа под Македонци ги подразбирам сите граѓани на Македонија без разлика на етничката припадност).

Во четвртата недела од Великиот пост (недела на Св.Јован Лествичник)
(16./29.03.2020)

**Кој беше во право**

Насловот на колумната не имплицира конкретно или хипотетичко прашање кое се однесува кон властодржците во Македонија и нивните дезориентирани и задоцнети реакции во врска со пандемијата. Насловот се однесува на едно суштествено повеќе децениско прашање како концептуален политички спор за иднината и политичката организација на Европа. Европа која тежнее кон тоа да биде глобален актер и достоен конкурент на современата светска сцена во новите услови во меѓународните односи на мултиполарност.

Сепак во колумната неизбежно ќе мора да се допрат нашите дребности, манипулациите врз граѓаните, лажливоста, криминогеноста, неспособноста и суетноста на „политиките авторитети" во Македонија.

Прашањето „кој беше во право"? се однесува на концепцискиот судир помеѓу администрацијата на претседателот на САД Ричард Никсон и Претседателот на Петтата Француска Република Шарл Де Гол. Овој судир не е во врска со прашањата за НАТО иако токму Де Гол ја изведе Франција надвор од НАТО и можеби тоа беше последица на заостренит концепциски судир помеѓу САД и Франција (не сум го проучувал овој аспект на тогашната Француска политика за излегување од НАТО), но самиот концепциски спор помеѓу Никсон и Де Гол се водеше во врска со прашањата за иднината на Европа, тогаш уште Европската заедница за јаглен и челик во рамките на која се гледаше тенденцијата за прераснување во Европска Економска заедница и многу повеќе од тоа. Всушност, децении подоцна Европа не успеа да го направи - усвои својот прв устав односно Лисабонскиот договор, а причините за тоа имаат длабоки корени токму во концептот на современа Европа и што се сака да се постигне.

Токму затоа прашањето од насловот се однесува на тоа дали концептот на „Соединети Европски Држави" по урнекот на САД што го затапуваше Никсон или концептот на „Европа, сојуз на суверени држави" според залагањето на Де Гол. Овде под суверени држави подразбираме држави во рамките на кои суверенот е граѓанинот и граѓаните ја создаваат државата, а според неа и нацијата. Повторно доаѓаме до современиот концептуален судир внатре во ЕУ (Европа на нации или Европа на граѓани). Затоа и реков дека во основа се работи за повеќедецениски судир на концепти.

Доколку ги разгледаме актуелните случувања во многу аспекти ќе можеме да извлечеме заклучок кој е во право, односно кој концепт се покажува како исправен за опстанокот на Европа. Пред се јас би тргнал од Македонија и токму од нашите дребности. Тука повторно ќе мора да се постави едно круцијално прашање кое не води до суштината, а тоа е: „Кој е носител на суверенитетот на Македонија, според Уставот"?

Одговорот е многу јасен, тоа е граѓанинот, секој од нас. Тука е основниот проблем и тоа е концепцискиот судир. Суверен е народот-граѓаните, а не политичките елити на кои им е пренесена волјата на народот да владеат. Но, единствен реален претставник на народот е Собранието, а токму тоа е

суспендирано. Ете ги нашите дреболии на виделина, манипулација со суверенот, изигрување на Уставот, лажење за вистинските состојби не само во врска со економската ситуација и не преземањето реални, навремени и конкретни мерки, туку лажење и за бројот на заболени, бидејќи власта не знае колку луѓе реално се заболени на целата територија на државата (во моментов тестирани се околу 4.500 и утврдено дека се заболени над 430 со тенденција на пораст). Повторно прашање: „Зошто не се тестира целокупното население или барем што е можно поголем дел“? Нема да има одговор, како што нема да има одговор ниту на прашањето: „Зошто не се обидеме да прогласиме целосен карантин 2-3 недели како што за тоа размислуваат и други држави“? (деталите за тоа како би требало да се организира и реализира една ваква сложена операција за „замрзнување“ на државата можам да ги објаснам во друга прилика или доколку се донесе одлука за спроведување на оваа операција). Верувам дека тоа може да биде и најдоброто решение во однос и на економијата, бидејќи вака преземајќи половични мерки само се одложува епидемијата без јасна проценка за нејзино завршување. Само за појаснување, тука проценка не може да направат разузнавачките служби, бидејќи не се работи за био-тероризам кој не е навреме откриен и спречен, туку имаме класичен здравствен хазард за кој главната одговорност паѓа врз Министерството за здравство, ЦУК (во однос на примената на индикаторите за рано предупредување и следење на кризата), ДЗС и Владата во однос на организацијата и предвидувањето на мерките за управување со криза (ова како дополнително појаснување на некои „експерти“ кој читаат ама не разбираат и незнаат која е улогата на разузнавачките служби и што е тоа рано предупредување од ризици и закани кое најчесто не е поврзано со активностите на разузнавачките и безбедносните служби).

Јасно е дека нема да се добијат одговори на погоре поставените прашања и затоа овие наши секојдневни дреболии само ги споменав за да не заборавиме во која реалност за жал живееме. Секако дека и темата за која пишувам е многу реална и трае многу подолго во европските релации и има влијание во меѓународните односи, но затоа и се поставува дилемата: „Дали Македонија тежнее кон демократија или кон тоталитарно општество“? Игнорирањето на волјата на суверенот и упорното опстојување на идејата за „вонредна состојба“ наспроти „кризна состојба“, без согласност на Собранието е потврда дека власта во Македонија сонува за тоталитаризам или се обидува на манипулација да го живее истиот. За жал единствена можност за намалување на тоталитаристичките тенденции на владата можеше да биде МВР, но како што реков, за жал, бидејќи министерот колабираше (дали здравствено или психички се исцрпи не е познато), и тоа токму тогаш кога Пендаровски на Совет за безбедност во проширен состав (вклучувајќи ги АР и АНБ) образлагаше зошто треба да ја продолжи вонредната состојба, односно тоталитаризмот на владата на СДС (најавувајќи ни цели две недели порано).

Сепак, волјата на суверенот се сруши и тоа е факт во Македонија кој ќе има несогледиви последиици во иднина, пред се врз демократските процеси во

државата и секако врз економијата, затоа што допрва ќе не очекува тешко време доколку оваа состојба набрзо не заврши.

На примерот на Македонија која самата се справува со пандемијата и примерот на европските држави, членки на ЕУ, видливо е дека секоја држава посебно се справува со настанатата криза, обидувајќи се да изнајде најдобар и за своите услови и ресурси најсоодветен начин за спречување на ширење на епидемијата во своите граници и нејзино задушување. Во овој контекст е и обидот за спас на сопствената економија, односно државите кои се со посилни суфицитни буџети полесно ќе го примат ударот, а во исто време се обидуваат што е можно побргу да ја завршат кризата барем на сопствената државна територија (над која владее суверенот и нели се има суверенитет) и да ја придвижат економијата барем на микро економски план.

Токму ваквиот однос на не солидаризирање на државите во ЕУ ја покажа слабоста на Унијата во однос на функционирањето како Европа на граѓани, поради што реагираа во Италија и Франција на начин кој можевме да го видиме. Одговорот на прашањето „кој беше во право“? е многу јасен. Судирот на двата концепти оној на Никсон, Европа по урнекот на САД како Соединети Европски Држави и оној на Де Гол, Европа, сојуз на суверени држави, историски и во актуелните услови на криза, покажа дека Де Гол беше во право.

Едноставно, Европа ја сочинуваат многу нации кои себеси се гледаат како државотворни на својата територија и суверенот – народот (граѓанинот) тешко прифаќа да биде само граѓанин, а неизводливо е да се изврши промена на воспоставениот концепт и врз Европа наметне нов концепт на мултиетничноста по примерот на Америка и со државно уредување да се спои во една нација и држава како што се тоа САД. Тенденциите на европските суверени и историски (од Вестафалскиот мир) и искуствено (како последица на многуте тензии и конфликти на територијата на Европа) се сепак многу силни во однос на опстојувањето на сопствените држави како меѓународно правни субјекти, но и како институции кои се грижат првенствено за својот суверен-народ.

На овој последен пример на светска криза го имаме доказот и патоказот (индикаторот) каде треба да се движи Европа. Во исто време ни покажува како да се засилат суверените држави и како да се врати меѓувладината соработка. Соработка во рамките на ЕУ во конкретен облик, а не низ призмата на комисиите во кој бездруго секако помалку или повеќе доминираат националните интереси на државите членки, а се супституираат преку повеќедецениски бирократски решенија и релативизација, што пак сега сè покажа како нефункционално. Свесни дека секој поодделно во меѓународните односи не претставува глобален актер и дека во новиот мултиполарен свет Европа мора да биде една од глобалните сили (глобален актер) која ќе има одлучувачко влијание врз сопствената територија или во рамките на Европската безбедносна област - регион или поточно безбедносна контрола на дистанца од 6.000 км оддалеченост од Брисел. Европските држави ќе мораат

многу бргу да ги воспостават новите правила на игра и соодветни механизми вклучително и солидарноста. Потребно е да се надминат проблемите и да се најдат решенијата за имплементирање на концептот кој ќе гарантира сувереност на државите, почитување на волјата на суверенот, демократија, економска сигурност и развој, но и солидарност и заеднички одговор на сите ризици и закани врз безбедноста на европскиот безбедносен простор, особено несреќите и катастрофите во кои спаѓаат и епидемиите и пандемиите не само врз здравјето на луѓето.

Во меѓувреме, додека Европа ги реши своите недоразбирања и искуства од не солидарноста и бавното реагирање во услови на пандемија, а Владата нели божем се подготвува за почеток на преговорите и отварањето на поглавјата 23 и 24, нам на Македонија ни останува самите да се справиме со кризата, да бидеме дисциплинирани, да реагираме брзо и радикално за да не трпиме поголеми последици и да научиме веќе еднаш дека наш интерес е функционална и системски организирана Македонија, не празните зборови за очекувана помош или скапи кредити. Видливо е со какви ресурси располагаме и во каква кондиција е државата.

И да, „кој беше во право“?

Во петтата недела на Големиот пост
(неделата на Св.Марија Египетска) – 23.03./05.04.2020

**Поп во најава, пропаднат правник, кризен премиер или ...**

Насловот на колумната ја претставува македонската општествена и политичка реалност. Впрочем, како што тоа го кажа во својата емисија еден мој пријател нашата денешна реалност е „освета на повторувачите". Поточно, жално е тоа што со Македонија владеат неуспешни, лица под маски, кој својот успех го нашле во политиката, а со цел исклучиво остварување на личен бенефит, болните амбиции, суети, фрустрации и на прво место материјална добивка. Затоа и не сум зачуден од изјавата на Заев дека и со три-четири наставни часа дневно, ете нему ништо не му фалело па дури станал и премиер. Ова е потполна спротивност на сите нормални вредности кои треба да ги гради едно општество, а тоа се: знаење, образуваност, трудољубивост, посветеност, постојана надградба, чесност, хуманизам и друго. Резултатите од тригодишното владеење на СДС се веќе видливи, а сега на виделина и во пракса излегува и нивната животна филозофија со која го трујат општеството. Матрицата на Заев за неквалитет, незнаење, простотилок, безидејност и неработа се вкорени во СДС и опасно притиска врз целото општетство за да го претвори во мочуриште кое со плиток ум ќе смрди и ќе не труе. Токму затоа и не е чудно што наследникот на Заев, сегашниот „технички" а во пракса вонреден и потполно ополномоштен премиер Спасовски е едно потполно олицетворение на целата животна филозофија на СДС и потврда за тоа зошто сме на оваа дереџе на кое се наоѓаме денес.

Не е срамота да не се успее да се стане свештеник на Светата православна црква, пред се затоа што да се живее и со личен пример да се носи крстот Христов и на тој начин да се проповеда е исклучителна целоживотна жртва. Оваа жртва е и жртва која ја дава семејството на свештеникот. Уште поголема е жртвата да се дојде до Христа како монах. Поаѓајќи од овие факти не е никаков проблем човек да не се успее да се прилагоди на свештеничкиот живот и да прифати да го носи крстот Христов засекогаш како свештеник. Едноставно во светот е многу полесно и постојат многу професии кои не бараат таква жртва.

Така нашиот јуначки вонреден и потполно ополномоштен премиер, се обиде да биде правник. Пропаднат правник во обид или приправник во пракса е тоа што го видовме во реалноста. Трагедијата е во тоа што од правник без правосуден испит и секретар на општина Куманово (тоа е истата онаа општина чии градоначалник јавно кажа дека се чувствува оставен од владата и тоа онаа на СДС чии член е и тој самиот), со манирите на локален мешетар,

кандидатот стана технички премиер. Од тука доживеа успешна политичка трансформација во вонреден и потполно ополномоштен премиер секако без согласност на Собранието, а со неразбирливо прифаќање од страна на опозицијата.

Што тоа направи или изработи овој вонреден и потполно ополномоштен премиер или во реалноста наша кризен премиер?

Ништо повеќе од една „успешна“ политичка кариера во чии рамки сега вежба врз нас за да го надомести (а впрочем никогаш не се надоместува одамна пропуштеното) знаењето и во фаза на еклатантно и видливо незнаење да се справи со настанатата криза се обидува да научи нешто. Но, како велат старите „теле се учи, вол не се учи“. Во оваа состојба на учење, единствено што вонредниот и потполно ополномоштен премиер знае тоа е како да манипулира, да води политикантство на грбот на граѓаните, а во тоа еднодушно му помага целата негова вонредна и потполно ополномоштена влада со чинење или со активно не чинење (замижување и замолчување).

Откако ги утврдивме овие општи постулати, да видиме што се случува на терен и што ќе ни се случува во иднина, а при тоа, политичката себе промоција и предизборна кампања на Манџурискиот кандидат и членовите на неговата влада нема да ги сметаме за конкретна и плодотворна работа на терен од интерес на граѓаните.

Во „неговото“ Куманово, а според зборовите на градоначалникот Димитриевски и според делата се гледа колку го смета за свое, се случува хаос во секој поглед. Најголем проблем е профитерството од нелегална продажба на прехрамбени продукти, особено овошје и зеленчук кои по енормни цени се продаваат низ уличките околу затворениот градски пазар, при што на пример можете да најдете лимони по 130-150 денари за килограм.

Паниката и несигурноста кај граѓаните е втората видлива состојба на општа психоза која резултира со масовно купување на прехрамбени производи кои пак се со зголемени цени во однос на нормалните. Ова веројатно од економски аспект владата го смета за нормално нели при зголемена побарувачка се зголемуваат и цените. Но, не е така, вообичаено при зголемена побарувачка треба да се зголеми понудата односно производството.

Пристапот кон иднината е особено интересен. Еве само како куса поука во надеж дека вонредниот и потполно ополномоштен премиер ќе го надомести изгубеното. Најпрво, кризата како поим нема еднострано значење, а што отвора простор за субјективно толкување на истата и мешање со вонредни случувања и катастрофи, и тоа е видливо во пракса во Македонија, односно имаме непотребна вонредна состојба. Кризата претставува социјална конструкција која зависи од околностите и која во рамките на теоријата на секуритизацијата може да се издигне на ниво на клучно сигурносно (безбедносно) прашање, но со заеднички обележја: закана, временски притисок, несигурност и недостиг на информации. Секоја криза има свој циклус и со неа и нејзините ризици се управува во четири фази: превенција, приправност, реакција и опоравување. За да може да се управува со кризите рационално и со полн капацитет на расположливите ресурси потребно е да се има изграден и организиран систем.

Е тука е главниот проблем. Ниту Муртинскиот ниту Манџурискиот кандидат незнаат што значи организиран систем за управување со кризи, а ниту нивните кадровски решенија во ЦУК, ДЗС, Министерство за здравство и другите институции тоа не го знаат како што немаат претстава ниту за ресурсите со кои располагаат ниту пак за тоа како успешно да се употребат.

Кризниот премиер (ова е најдобар термин, бидејќи самиот тој предизвикува кризна состојба), ги испушти фазите на превенција и приправност пред надоаѓачката пандемија и сега во фазата на реакција повторно заедно со неговата вонредна влада презема некоординирани и задоцнети решенија. За очекување е овие решенија дека нема да дадат одлучувачки позитивен резултат дури нема да ја забават кривата на пораст на заболени и веројатно таа ќе го надмине предвидениот владин број од 2.500. Секако тоа што ќе го регистрираат и покажат во јавност, бидејќи се однесуваат слично како СССР во времето на катастрофата во Чернобил.

Сепак најтешка ќе биде последната фаза „опоравување". За оваа фаза видливо е дека владата нема никаква идеја како да ја спроведе и со какви резултати би била спроведена, освен дека сака да не задолжи со една милјарда и малку повеќе евренца. Задолжувањето ќе оди секако со уредба со законска сила, а дел од парите или поголем дел од парите ќе завршат за предизборна корупција дури и на институции како што е тоа примерот со нивното СЈО, како и за вработувања во јавната и државната администрација.

За да го утврдат и спроведат овој план, а вината да не биде врз нив, смислиле „генијален" план. Впрочем, комбинацијата на манџурискиот и муртинскиот кандидат во ликот и делото на „успешниот" кризен премиер е dream team за манипулации, лаги и измами на сопствените граѓани. Така, сега ќе ја најдат формулата за свикување на Собранието за која тврдеа дека не постои (сетете се дека за тоа им помогна и Талат), а еве доказ дека СДС не се во кавга со ДУИ, туку дека работат координирано. Во врска со моделите како може да биде свикано Собранието кое се самораспушти колешката Каракамишева објаснуваше и пишуваше, но силните политички експерти беа незаинтересирани, а академската фела со исклучоци остана нема. Свикувањето на Собранието ќе биде со една единствена цел, а тоа е да се потврдат уредбите на владата на кризниот премиер и да станат легален закон и по завршување на кризната состојба.

На овој начин, вонредниот и потполно ополномоштен премиер од поп во најава, пропаднат правник-приправник ќе го потврди својот статус на успешен политички манипулант и пред очите на сите нас ќе ни потврди како од неквалитет и незнаење во жална Македонија може да се изгради „успешна" политичка кариера.

Последната одлука е во рацете на Собранието, на пратениците од било која политичка провиниенција. Едноставно е, треба да докажат дека барем на крајот од својот мандат нема да дозволат да бидат минорни послушници и полтрони. Ќе ја имаат неповторливата историска шанса да ја сопрат оваа пропаст на Македонија и играта на политичките манипуланти која ќе донесе несогледиви последици.

Само треба да се одважите и да направите три клучни работи:

*Прво*, да не ги потврдите уредбите со законска сила на владата на кризниот премиер,

*Второ*, да ја урнете оваа влада и веднаш да предложите експертска влада која ќе знае како да извлече Македонија од актуелната и претстојната криза и да организира избори

*Трето*, да ја укинете вонредната состојба и на новата влада да и дадете можност да се справи со кризата преку едномесечна работа во кризна состојба и според законот за кризи.

Едноставно е само треба да се има храброст да се спречи изживувањето кое го имаме на дело од страна на Муртинскиот кандидат и попот во најава, пропаднатиот правник и вонреден кризен премиер или *едноставно манипулант*.

Секако, да не заборавиме, потребна е и човечка доблест и достоинство за да не се подлегне на нивните политички уцени и „убедувања“.

Во шестата недела на Великиот пост
На денот на влегувањето на Господ Иисус Христос во Ерусалим – Цветници
(30.03./12.04.2020)

**Бегство**

*„Секогаш имајте на ум, дека масата која аплаудира на вашето крунисување, е истата таа маса која ќе аплаудира кога вашата глава ќе биде отсекувана. Луѓето сакаат претстави“*

*Тери Патчет*

По претходната колумна имав многу реакции, негативни и позитивни како што е и нормално. Токму кога се подготвував да појаснам некои мој наводи во истата, што би рекол нашиот народ „да не чуе ѓаволот“, ете се потврди колумната, и тоа во неколку поенти.

Некако очекував некоја измама од страна на Манџурискиот кандидат во договор со Муртинскиот кандидат, но ова што се случува и имаме можност да го видиме ги надмина и моите очекувања. Едноставно, Манџурискиот кандидат, толку фалениот и воспеваниот самопофалениот вонреден и потполно ополномоштен премиер бега од битката или можеби се подготвува „тивка“ негова смена.

Нашиот Манџуриски кандидат-демисионира (заедно со министерот за здравство и потпретседателот на владата му) и не било како, а најмалку достоинствено, туку како што би рекла скопската улица – „пацерски“.

Бегство од проблемите, незнаење, немање капацитет да се носи со истите. Колку еклатантно неодговорно. Замислете, на пример во екот на Бородинската битка, Кутузов наместо да ја спроведувал својата стратегија, користејќи ги сите расположливи ресурси, лично да влегол во битката и да загинел, веројатно денешната историја ќе беше сосема друго, и тоа се случува нели.

Дали ова значи дека и одењето на Манџурискиот кандидат во Куманово беше испланирано со таква цел (да загине), да се најде оправдание поради што ќе биде принуден на „абдикација“ кога е во полна снага на вонреден и потполно ополномоштен премиер.

Сценариото е напишано од Муртинскиот кандидат. Очигледно на Црпе му засмета „огромниот“ рејтинг и полната снага на Манџурискиот кандидат па реши малку да ја одмори групацијата на вонредниот и потполно ополномоштен премиер. Сега на теренот истрчува екипата на другата фракција која ја предводи fray nobody, нашата Марија Антоанета, која ќе се обиде да ја зајакне својата (таканаречена „градска“) екипа. Промислена дворска игра на Муртинскиот кандидат на дворот на СДС. Судир помеѓу двете фракции, создавање простор за неговата групација да ги поврати позициите пред изборите за да се врати на власт и во игра потполно. Во тој контекст може да се гледа и „варењето“ на јавноста заради ретерирање во однос на потребата од свикување на Собранието. Сега се сетија дека има Собрание и дека мандатот на пратениците не е завршен. Но, како и секогаш, така и сега, „жртви“ за бегството на Манџурискиот кандидат и внатрешните сплетки во СДС во организација на

Муртинскиот кандидат ќе треба да бидат пратениците. Секако, тие и така се со најнизок рејтинг кај граѓаните, во заминување се, па што чини уште малку да бидат „употребени“ и така немаат никаква политичка (а во прашање е доведена и човечката) вредност. По се изгледа, сценариото на Муртинскиот кандидат потајно како добивање дополнително време во дворските игри се уште смета на услугите на Манџурискиот кандидат. Зошто да не, кога не е лесно да се чипира и програмира премиер ( а тој веќе го има) кој и како вонреден и потполно ополномоштен може да се наведува според потребите на сценариото, па дури тоа и интервентно да предвидува бегство, демисија, тутањ, фаќање магла, криење под здолниште или како сакате наречете ја оваа постапка на Манџурискиот кандидат. Ефектот е единствен и видлив, а тоа е дека програмирањето на Манџурискиот кандидат било успешно и функциуонален е во сите фази, и кога го воспеваат и овенчуваат во слава и кога „абдицира“ недостоинствено. Во секоја фаза тука е масата пред се онаа составена од членството на СДС, а таа доста послушно работи според сценариото на Муртинскиот кандидат за да со овации ги поддржи резултатите од сплетките и дворските игри и кога се возвеличуваат и кога се отсекуваат глави..

Додека Манџурискиот и Муртинскиот кандидат си ја тераат или „мерат“ програмата, политичка де секако, бидејќи државата ги интерсира единствено како средство за тендери и заработка, Пендаровски ја продолжи вонредната состојба. Веднаш, според програмирањето стиснаа „ентер“ и се вклучија „експертите“ и „академската јавност“ кои сосема случајно се дел од СДС. Тие започнаа да ни објаснуваат, помалку срамежливо, но сепак упорно да не убедуваат дека е неопходно да се свика Собранието, исто така како што не убедуваа дека е неопходна вонредна состојба. Ова за секој случај, како резервна програма да не им избегаат работите вон контрола ние ќе треба да си поседиме во вонредна состојба, а тоа што вонредниот и потполно ополномоштен премиер е „побегуља“, тоа ќе го пеглаат во кампања за избори. Затоа и им требаат пратениците, некој да ја понесе вината за неуспехот на вонредниот и потполно ополномоштениот премиер кој на дело ни покажа како не треба да се води држава во кризна состојба и колку е плитко неговото знаењето, но и капацитетот на целиот СДС, програмиран или не, не е важно. Во меѓувреме ќе присуствуваме на евтина театарска претстава по сценарио и режија на Муртинскиот кандидат, бидејќи за него е најважно неговата екипа повторно да заигра.

Манџурискиот кандидат ја играше својата улога токму така како што беше програмиран, но на крајот испадна во стилот на „бегај, Бади бегај“ или што би рекол „пријателот“ на Муртинскиот кандидат „дим да ме њама“ (оној де на кого сега се жалат дека ни го попречува патот кон ЕУ, но за тоа во друга прилика). Сега и од приложеното знаеме дека токму кога ќе затреба, Муртинскиот кандидат повторно ќе може да го активира Манџурискиот кандидат, според предвидената програма и претстава, секако со „возвеличување“ од страна на масата во СДС која сака претстави.

Тие ја играат својата театарска претстава со шарени лаги и внатрешни само нивни интриги, а заради остварување на лични и само лични политички

цели и останување на власт. А, граѓаните, здравјето, пандемијата, пропадната економија, не е важно, тоа е само колатерала.

Токму тоа се случува и тоа пред наши очи. Што се случува во главата на Манџурискиот кандидат, најдобро знае програмерот.

*На денот на славното Христово Воскресение – Велигден* (06./19.04.2020)

**Христос Воскресе!**
**Навистина Воскресе!**

**Ден потоа . . .**

Прашањето е всушност: „Што ќе правиме утре“? Што ќе прави власта ден по завршување на вонредната состојба? Што ќе правиме сите ние откако оваа самозадоволување на власта и нејзините играчки-плачки ќе завршат? А, мора да заврши и како што можеме да забележиме власта е во недоумица кога да прогласи „победа“ над вирусот и тоа да го одбележи со една сенародна прослава, секако во своја чест, па нели се „попедници“. Потоа ...?

Потоа, ќе одиме на избори и тоа е планот на власта кој тука некаде завршува. Завршува, бидејќи не се во состојба да ги согледаат глобалните промени кои настанаа како последица на повеќегодишните динамични процеси на меѓународната сцена, но и како последица на пандемијата која всушност беше тригер кој ги откочи процесите и воедно акцелератор за нивно забрзување. Последиците од овој процес, а кои ги забележуваме се исклучително драматични и ќе бидат преточени во иднината на меѓународните односи. Оваа иднина несомнено ќе биде еден динамичен процес на борба помеѓу суверенистите и либералите, а истиот влегува во завршната фаза која ќе го детерминира светот за еден подолг период во иднина.

Тоа е токму она што нашите властодржци полни два месеца на најсуптилен и противуставен начин се обидуваа да го поништат. Да ја поништат волјата на суверенот изразена преку изборот на нивните претставници во Собранието на Македонија. За жал и сега се обидуваат истото да го направат, односно да го злоупотребат Собранието за свои политички калкулации и потреби. Затоа ние ќе треба да се занимаваме со дреболии од типот кој каде бил и дали бил, но не се занимаваме ниту дебатираме (а нели Заев вети дека за се ќе дебатираме, бидејќи самиот тој е „вљубеник“ во јавни дебати) за тоа како го прекршија Уставот и прогласија вонредна состојба, како и која ќе биде задачата на Собранието кое треба да се свика на седница. Дали тоа ќе биде „прекутрупа“ верификација на одлуката за прогласување на вонредна состојба? Можеби, нејзино укинување (секако откако на 16-ти мај ќе заврши)? Дури најверојатно, дали тоа ќе биде преточување на уредбите на владата и вонредниот и ополномоштен премиер во закони (дури и оние Уредби за извоз на дијаманти)? Што и да е, нема да е од полза на суверенот, туку само од полза на власта онаква „либерална“ која со недемократски методи на нео-либерализам се обидува да остане власт. За таа цел вреди да се „жртвуваат“ и така веќе потрошените пратеници од СДС и нивната коалиција. Впрочем, тие и така немаат сила (за човечки и политички капацитет и да не зборуваме) да направат нешто во полза на државата. Да донесат одлука со сопствено расудување. Тоа одамна им е непознато. Што е тоа здраворазумско, законско, уставно, аналитичко, политичко, етичко расудување во полза на суверенот (оној што ги избрал)?

Токму ментално – политичката матрица на Заев ни ги разоткрива „непознаниците“ како Заев, со неговите бајгаџовски итроштини, ќе делува во периодот што следи. Во минатата колумна ги допрев неговите византиски игри, во дворот на СДС, кои очекувам најдоцна следниот месец да завршат. Не толку поради мудрата стратегијата на Заев, да ги елиминира своите внатрепартиски

опоненти, колку поради нивното повлекување (оваа „војна“ е многу интересна со многу подметнувања, и интересни позадински играчи, но за тоа во некоја следна колумна), оставајќи го сам да догори. Ним им е јасно дека за „Титаникот“ Заев прашање на месеци е кога ќе ја погоди сантата мраз и ќе потоне. Ветриштата на геополитичката сцена се безмилосни, а цехот вообичаено го плаќаат дворските луди (не е познато дали оние на дворот на СДС се свесни за нивната улога).

Завршувајќи со СДС, Заев ќе се обиде да ги потурне „под тепих“ неговите злодела, а за тоа секако, што е вообичаено за СДС виновен ќе биде ВМРО-ДПМНЕ, поточно претходната власт. Па така со завршувањето на Короната за очекување е дека ќе се расфрла со „бомби“ од нелегално снимени разговори, секако за Заев потврдената стратегија како добитна комбинација. Презентирајќи наводни „црнинла“ за да се види неговата „белина“ иако истата ниту со боринче неможеш да ја најдеш не пак да ја видиш. Секако, и овој пат грижливо ќе бидат таргетирани личностите кон кои ќе биде насочено, во овој кош нема да бидат вклучени македонските транзициски богаташи, од типот на фамилија Заев, тие му се потребни за завршниот трети чин.

Во третиот чин кој јавно нема да биде проектиран, Заев ќе се обиде да го закова последниот клинец на ковчегот на Македонија. Пред јавноста ќе биде обзнанена „помош“ од ЕУ поради санирање на последиците од епидемијата, всушност станува збор за средства дадени со обврска да бидат вратени, секако со одреден интерес-камата, а наречени „заем“. Со овие средства Заев ќе ја корумпира групацијата „македонски транзициски богаташи“, давајки им средства за добивање на целосна нивна подршка, што значи уцена на вработените за кого да се гласа. Така уште пред и да започнат изборите тие ќе бидат корумпирани, со однапред познат „победник“. Поради оваа стратегија е и видливиот комодитет на Заев да ја раскине коалицијата со ДУИ и да соработува со маргинална партија како што е БЕСА. Прашањето е: ***„Кој носи заштитна маска на очите“?***

Во збиднувањата на меѓународната сцена, видливо е дека ЕУ не успеа да го активира системот (кој впрочем и го нема развиено) за кризни ситуации, така што нејзината улога е сведена исклучиво на финансиска помош од европските фондови. Се друго во однос на практичното справување со кризи и кризни состојби од различни хазарди кои не вклучуваат вооружени дејствија, ќе го преземе НАТО. Секако дека НАТО располага со доволно цивилно-воени капацитети, но тоа не значи дека НАТО ќе ја промени својата улога и ќе ја супституира улогата на ЕУ. Напротив, НАТО ќе остане воено-политички сојуз. Напоменувам сојуз, не систем за колективна одбрана или супер држава.

Токму тука е дилемата на концептот. Дали ЕУ ќе се врати чекор station наназад и ќе ги преработи одредбите од Лисабонскиот договор кој никогаш не заживеа? При тоа, неминовно е ЕУ да се сврти кон суверенизмот во целост.

Тука повторно доаѓаме до нашите властодршци. Нивната цел е видлива и тривијална. Тие сакаат да се „доберат“ до „заемот“ од ЕУ, да глумат подготвена и посветена членка на НАТО и се да си тече во рамките на нивниот

квази либералистички светоглед и дух. Тоа е СДС, неработници и готовани кој во пракса живеат паразитски на туѓ грб. Но, тука се прелажале. Британскиот Foreign office им кажа многу во анализата од мината седмица, а која се однесуваше на состојбите во НАТО. Значи (што би рекла Катето, која патем ја заборавивме затоа што тоа и одговара на власта), значи Марија Антоанета, не е доволно да глумиш дека се е во ред со АРМ, да набавиш 71 (седумдесет и една) гума, неколку илјади чизми и да шиеш униформи во Јумко Врање, како и да донесеш СОП (стратешки одбранбен преглед) и истиот да го претставуваш (манипулираш) пред јавноста дека се работи за стратегиски документ (а всушност се работи за документ од оперативно значење на второ ниво). Не е доволно ниту да ја инсталираш РОУД-2 болницата (за да ти се зголеми ПР-от во рамките на дворските игри во СДС) која патем е хируршка болница, а не инфективна, како и да купиш два грејдера и се фалиш пред граѓаните како сме партнер во НАТО кој претставува фактор, бидејќи седиме на иста маса со земјите членки. Во НАТО нивото се оценува според опременоста, обученоста, пополнетоста и подготвеноста на единиците за извршување на наменските задачи и оние декларирани во НАТО, а за тоа пред се е потребно креирање на одбранбена политика. Да, наменските задачи на армијата, не изигрување на редарска служба пред банки и маркети како што тоа го направивте во Прилеп или префрлање на средства од буџетот на АРМ за потребите да се корумпираат граѓаните за изборни цели во време на епидемија и вонредна состојба, а како да е предизборие.

Не е во прашање само способноста за човечно и домаќинско владеење, туку и онаа за согледување на процесите кои доаѓаат, а кои се неминовни, што значи дека се работи за потполно политичко слепило и недостиг на знаење и анализа. Токму во тие процеси се наоѓа клучот за опстанок и развој на Македонија како дел од суверенистичката групација држави. Држави кои располагаат со силни и соодветни капацитети за зачувување на интересите на суверенот.

Сепак, се зависи од нас. Од нашата одлука како суверен. Треба да имаме на ум дека од нашата одлука ќе зависи и вклучувањето или не вклучувањето на Македонија во идните процеси и нејзин опстанок како суверена држава со полна власт на суверенот или како територија со квази либерализам односно со нео-либерализам во пракса.

Дека власта не размислува за денот потоа, ќе можеме да се увериме многу бргу преку директните последици кои ќе ги почувствуваме.

Хртистос Воскресе! - Навистина Воскресе!

На денот на Св.Свештеномаченик Кипријан Слепчански (17./30.04.2020)

**Втора фаза**

Пред извесно време во една моја колумна напишав дека дејствувањето на Заев за сопствен политички спас и враќање во игра на неговата екипа се одвива во три фази. Во моментов на дело ја гледаме втората фаза.

Во првата фаза можевме да видиме како тивко го суспендираше Манџурискиот кандидат од позицијата вонреден и потполномоштен премиер. Таа внатрешна „дворска" игра на СДС продолжува и понатаму се додека Заев не ги прочисти редовите на СДС од евентуални внатрепартиски опозициски групи и поединци опоненти, било да доаѓаат од нему „драгиот и почитуван" невладин сектор, од „шарените" кои ги смета за корисни идиоти или пак групациите околу Манџурскиот кандидат или Марија Антоанета. Во тој контекст може да се гледаат и неговите „сомнежи" за тоа кој би можело него да го снима нелегално и тајно. Тоа е многу интересна изјава  на Заев која бара малку подлабоко елаборирање и анализа што нема да го направиме во оваа колумна.

Како резултат на првата фаза на дејствувањето на Заев, во моментов, на јавна сцена го гледаме Максим Димитриевски во улогата на „Lost in the Space" со post festum реакции на глупостите на Заев за името и наивно себе прикажување како жртва на дворските игри на Заев. Од друга страна помалку срамежливо се јавува Манџурискиот кандидат со „свој" став за изборите и потреба тие да бидат во септември 2020 година. Кога ќе погледнеме малку подобро, внатрешната битка во СДС е во полн ек и секој си поаѓа од своите позиции и интереси, па така и кога на кого му одговара времето за избори. Секако тоа не е поради Корона вирусот или заради здравјето на граѓаните, туку заради фаќање на подобри стартни позиции и зачувување на сегашните, се до завршувањето на изборите и новата распределба на моќ во СДС. Групацијата на Марија Антоанета, дејствува подземно со единствена цел подигање на сопствениот рејтинг кај членството и меѓународните претставници. Тие таму ја гледаат својата шанса за политички опстанок внатрепартиски и воопшто, односно ориентирани се на ПР стратегија или продавање на шарени лаги, вклучително и хортикултурата на Шилегов.

Сепак, внимание привлекува тоа што Заев и покрај не завршената прва фаза (или можеби тој смета дека ја завршил, па овие изблици во јавноста се само осамени рецидиви и пукотници на празни пушки), веќе ја започна втората фаза. Ова најавува дека Заев сериозно се подготвува да оди на избори во првата за него поволна прилика. Засега најавува брзи избори, но веројатно и затоа ја започна втората фаза, а тоа е фазата на објавување „бомби" или нелегално снимани материјали за поранешното и актуелното раководство на ВМРО-ДПМНЕ. Започнувајќи ја втората фаза од својот „master plane", Заев провоцира реакција пред се на колегата Мицкоски  персонална, а потоа и на ВМРО-ДПМНЕ. Со тоа се надева дека ќе го одвлече вниманието од незавршените внатрепартиски игри и криминалните последици од неговото владеење. Како и дека ќе испровоцира внарешни реакции и лов на вештерки во ВМРО-ДПМНЕ (што со оглед на некој појави внатре во ВМРО-ДПМНЕ, не му претставува

заблуда и по се изгледа има добри внатрепартиски информатори во таборот на опозицијата), а заради создавање внатрепартиска конфузија и недоверба на сите нивоа.

Но, со тоа ќе се позанимава колегата Мицкоски и убеден сум дека ќе го реши на најдобар можен начин во полза на ВМРО-ДПМНЕ. Повеќе загрижува намерното подигање на тензии на општеството во вонредна состојба со злоупотреба на верските заедници, во прв план на МПЦ и ИВЗ и провоцирање на „судир". Ова е опасно поле за игра и политички калкулации кое се користи заради дефокусирање на јавноста. Разигрувањето на јавноста со разни „бомби", намерни конфликти и слични изблици на привремени и нарачани (од други центри на моќ) „политички", „експертски", „академски" или „општествени" фигури кои се појавуваат во јавноста, претставува нијансирано и намерно отклонување од планот на Заев во втората фаза, колку за фолклорно шаренило. Тука би додал дека секое малициозно потценување на преварантските способности на Заев и друштвото му и споредба со Боки13 и неговите шоумenski изјави не е добро, и исто така претставува фрлање прашина в очи заради не гледање на клучните процеси. Тоа може да биде многу интересно или уште повеќе забавно за јавноста, но не како сериозна политичка иднина, туку исклучиво како забава, бидејќи доколку Заев биде во можност на повторна политичка моќ, политичката иднина на Боки13 ќе биде сто одсто запечатана, но не е во прашање неговата, туку иднината на Македонија, а тоа е клучниот проблем или процес кој треба да се спречи. Впрочем луѓе, доста е со политички дилетанти и кловнови политиканти на политичката сцена во Македонија. Благодарејќи на тој дискурс ја дотеравме работата до тука до каде што сме денес. Наместо затворени прашања со соседите имаме уште повеќе отворени прашања. Згора на се, повторно си поигруваме со внатрешниот конфликтен потенцијал на религиска (што не исклучува и национална) основа, што е се само не предизборна политичка игра која треба да ја прифаќаме колку и да не притиска некој надворешен центар на моќ.

Затоа, оваа „втора фаза" на делувањето на Заев на политичката сцена се поклопува и со оставката на Ден Дончев, со изјавите на Боки13, со „слободата" на Кичеец, со тендер приказните во вонредна состојба на државно и локално ниво, со профитерството, а се за да се покаже Заев како „чист", ами дури и „бел", за разлика од ВМРО-ДПМНЕ. Всушност, Заев ја игра играта на компромитација на „Рекет" како врв на корупција и тоа преку компромитација на главните актери-извршители во ланецот на корупциски скандали чиј замешател е самиот тој. Тоа е поентата на Заев, создавање на перцепција за „црното" ВМРО-ДПМНЕ и „белиот" СДС, но и создавање перцепција за персоналните карактеристики на колегата Мицкоски и „квалитетите" на самиот себеси (Заев). Може да очекуваме втората фаза да изобилува со објавување на банални разговори кои ќе се однесуваат на личносните описи како основна цел за создавање перцепција за карактерната „подобноста" на лидерството на ВМРО-ДПМНЕ. Пред се, да не заборавиме за во иднина дека Заев ја започна бомбашката сезона на која опозицијата одговори веднаш со иста мерка на опис на карактерот на лицето З.З. Така, втората фаза на Заев веднаш на почетокот

покажува тенденција на личен судир помеѓу Заев и колегата Мицкоски (што е само создавање привид), наместо да зборуваме за криминалите на Заев и неговата анационална идеолошка матрица која нанесе несогледива штета врз Македонското државно и национално ткиво од секој аспект.

На крајот, повторно забораваме нешто што е суштествено, а за кое што пишував, а тоа е потребата да се престане со емитување на нелегално снимен материјал, што претставува кривично дело, како и самото нелегално снимање. Исто така, потребно е да се утврди доколку е можно секако, а што е многу тешко, кој се поседува и каков и за кого нелегално снимен материјал кој се употребува во лични и политички цели за компромитација. Ете, повторно ги имаме на дело последиците од минатото делување на Заев и тоа што се прифати овој начин на политичко-политикантско делување, а последиците од тоа делување предизвикаа тешки политички последици врз Македонија и Македонската нација кои денес во полна сила ги чувствуваме, а за жал ќе ги чувствуваме уште долго.

Прашањето на колумната е токму во овој контекст и гласи: *„Зошто Јовевски и ЈО не реагираат за објавување на нелегално снимени материјали и не спроведат истрага покренувајќи кривична пријава“?* Многу лесно може да го следат трагот како е дојдено до снимениот материјал, односно кој се присуствувал на разговорите, а потоа да се дојде и до нарачетелите на снимањето и со тоа да се откријат пред се пред јавноста, но и пред судовите, политичките, економските или од друг аспект цели на влијание кои требало да се постигнат со нелегалното тајно снимање.

Додека се занимаваме со втората фаза и пред наши очи Заев ги става „под тепих“ неговите злодела, со вршење на нови кривични дела, ќе чекаме да започне третата фаза. На мислење сум дека нема долго да чекаме. Се ќе зависи од резултатите од „лидерската средба“ кај Пендаровски на 12-ти мај. Пота, во зависност од времето кое ќе го има на располагање до избори, според планот на Заев ќе бидат употребени лицата таргетирани во втората фаза кои треба да го дадат „заемот од ЕУ“ за да се корумпираат изборите.

*„Време е да се тргне маската од очите“.* Или некому тоа му одговара?

На денот на Св.апостол Симеон (трета недела по Пасха)
27.04./10.05.2020

**Ecclesia patiens**

Насловот на колумната во превод значи Црква која трпи или Црква во чистилиште. Ова е латински поим кој за основа го има грчкиот збор за Црква (Ecclesia), а ја означува црквата во состојба на трпение притисок или прочистување. Ова само како терминолошко објаснување за значението на насловот, но насловот се однесува на случувањата во МПЦ-ОА (Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија), како несомнен показател за духовната и особено национално-духовната состојба, на прво место на епископите или еден „поголем“ дел од нив. Знам дека мнозина од нив ќе ми забележат на оваа колумна, но го користам моето право на слобода пред Христа Бога за да го кажам мојот став, секако свесен и за нивното право да не се согласат со мене. Всушност тоа и не е најважното. Сметам дека најважно е дека Македонскиот Православен народ, членовите на живата Црква на земјата во лицето на МПЦ-ОА чија глава е самиот Христос, имаат право да знаат што се случува во нашата Света Православна Црква. Тоа е онаа иста Црква за која од 1767 година и нејзиното неканонско укинување, генерации Македонци се бореа цели два века за да ја обноват нејзината афтокефалоност. Како израз на силна национално-духовна состојба тоа и се случи на 18-ти јули 1967 година на третиот Црковно-Народен собор.

Денес повеќе од педест години подоцна, во триесет години (како – така) независна Македонска држава, наместо силна и во Христа Бога втемелена Црква со силна духовност и национален столб на Македонскиот народ, МПЦ-ОА се наоѓа на самиот праг на своето уништување или самоуништување. Уништување преку раскинување (Распнување) на нејзиното тело (Македонскиот народ – верниците) помеѓу интересите на соседните Православни Цркви односно нивните државни политики.

Но, на ваквата состојба не „кумува“ само Светиот Архиерејски Синод на МПЦ-ОА (тој може да се смета и за жртва на своите земни и човечки слабости), туку зад се стои власта. Власта и Заев кој треба да одговори, а секако нема да даде одговор на прашањето: „Чии интереси ти Заев лице под маска застапуваш“? Оваа лице под илјада маски, никогаш нема да каже чии интереси застапува, односно покрај своите лукративни цели кои му се другите цели поради што ја бутка МПЦ-ОА во состојба на дополнително внатрешно разединување со последици за црковно-духовно разединување на Македонскиот народ. Зарем не беше доволна лекцијата со Вранишковски, па следуваше мешањето во изборот на Јаков, а сега во најголема тајност и изборот на Архимандрит Партениј. Не можеше да се избере полошо време за еден ваков чекор, или можеби ова е најдоброто време за Заев и неговите пулени. Впрочем, Манџурискиот кандидат при стапување на должноста Министер за Внатрешни работи, според некои извори јавно кажал дека „ги држи владиците за брада“. Доколку Црквата е одделена од државата како што е според Уставот на Република Македонија, би му препорачал на Манџурискиот кандидат според Кумановското наречје „да ги подржи владици не за браду него за ...“ Нивната лична гревовност е неважна во однос на опстанокот на МПЦ-ОА како последен

бастион на одбрана на Македонскиот идентитет и на Македонскиот народ. Личната гревовност е човекова „нормална“ состојба во паднатиот свет во кој живееме и ниту архиереите и целиот клир не се поштедени од тоа, бидејќи „владичтвото не гарантира светост“. Сосема поголема паднатост и пред се подлост е да ги „држиш за бради“ за да ги уценуваш односно за да им диктираш политики кои се анационални и водат кон уништување на Македонското самобитие на црковно-духовен план, со директни последици и кон националната самобитност на Македонскиот народ.

Сепак, тоа е СДС и Заев на дело-во пракса, тие во оваа фаза на разнебитување на Македонската нација и држава треба да ја доведат МПЦ-ОА во состојба на потполна конфузија. Внатрешни противречности и поделби како на архиереите уште повеќе на верниот народ, а кои на утрешната седница на САС ќе бидат само почеток. Безобразлукот на Заев е видлив во неговото однесување. Тој е типичен пример на заболен од синдромот Мунчаузен или фактичко нарушување наметнато на себе во кое лицето под илјада маски постојано дејствува како да има физичко или ментално нарушување кога, за волја на вистината самиот тој ги предизвикува симптомите. Синдром на Мунчаузен е ментална болест поврзана со сериозни емоционални тешкотии.

Не ги разбирам владиците на МПЦ-ОА кои влегуваат во искушение да ги слушаат земните власти, особено овој со видлив синдром на психичко (а психичките заболувања се ѓаволоимани заболувања) заболување, а спротивно на волјата на своите верници. Христијанската Црква отсекогаш дејствувала врз основите на соборност и верниот народ се прашувал за изборот на епископите. Само за потсетување, видете како е избран за Епископ Св.Амвросиј Милански. Тоа се урнеците од Црквата вистински верна во Христа Бога. Црква која го слушала гласот на народот на верните кои на хиротонијата на новиот епископ ќе треба со чисто срце и мисла пред Христа да воскликнат „Достоен“, а не гласот и волјата на земните власти од типот на Заев за кој достојноста не значи ама баш ништо. Време е МПЦ-ОА да размисли предлозите за избор на сите нови архиереи да ги става на разгледување на Црковно-Народниот собор, а не само изборот на Архиепископ. Така сите нови владици на МПЦ-ОА ќе можат уште пред хиротонијата да бидат „достојни“ и да ги избегнат сите подоцнежни „говоркања“ од разни страни, а што секако беше и е присутно.

Што значи овој „таен“ избор на нов архиереј на МПЦ-ОА, слично и според теркот на претходниот? Поради ваквите „тајни“ избори со посредство на властите, неколку работи во иднина ќе се случуваат и тоа со различна динамика, но се во насока на разнебитување на МПЦ-ОА.

*Прво*: Ова ќе се внесе како пракса, при која изборот на владици ќе биде наметнат од световните власти според нивни мерила на „подобност“ или според притисокот кој некоја од соседните Цркви според нивните државни интереси ќе сака да го оствари во Македонија, односно врз Македонскиот народ од духовно-национален аспект. Тоа без одложување веќе е во подготовка и ќе можеме на дело да го видиме во скоро време. При тоа нема да бидат исклучени и неканонски дејствија од типот на „Симонии“ и слично, што не е непозната

пракса особено во Македонија (на пример хиротонијата на Фирмилијан), но последиците на црковно-духовен план се несогледиви.

*Второ*: На среден период ова ќе предизвика внатрешни отворени конфронтации помеѓу архиереите на МПЦ-ОА кои може да завршат по примерот на Вранишковски, а потоа повторно ќе се дели Македонското ткиво на Патријаршисти, Егзархисти и во современи услови на уште некои, а тоа се секако СПЦ и АПЦ.

*Трето*: Некои од архиереите на МПЦ-ОА треба да си го поставаат прашањето дали во ново создадените услови кои им се наметнуваат, набрзо нема нивната глава да заврши на тацна (како што некои од нивните браќа архиереи некаде коментирал) па во најблага форма да имаме повторно реприза од деведестите години на минатиот век, така што некој ќе биде „пензиониран“.

На крајот од се, Заев игра на исклучително опасен терен кој не верувам дека владиците не го гледаат, но очигледно оној Мнџурискиот кадидат добро ги има „исплашено“. Јас би им порачал дека треба да се „плашат“ само од Бога и од неговата правда и суд. Еден ден сите ќе застанеме пред него. На ново предложениот кандидат, Архимандритот Партениј би му поставил едно прашање за кое го замолувам да ми одговори и во приватна преписка, немора јавно, бидејќи многу добро се познаваме: „Отец, дали како владика на МПЦ-ОА прво што ќе направите ќе биде да имате јавно сослужување на Литургија со браќата архиереи и монаси од Бугарската Православна Црква и тоа во Бигорскиот манастир или било кој друг храм на МПЦ-ОА во Македонија, со што и de facto БПЦ ќе ја признае афтокефалноста на МПЦ-ОА“? Убеден сум дека владиците на БПЦ доколку сакаат можат да присуствуваат на Вашата хиротонија и веднаш по неа да отслужат со Вас Света архиерејска Литургија. Ова, за да не се повтори настанот со посетата на Претседателот на Бугарското Собрание Главчев на Бигорскиот манастир при што се беше во наша Македонска штета и во претежно политичко-световен дух. Лично не верувам дека ќе го сторат тоа, бидејќи да сакаа да ја признаат МПЦ-ОА, тоа ќе го направеа уште во 1967 година, но и сега при посетата на Главчев на Бигорскиот манастир, при што господинот Главчев ќе дојдеше со некој од Бугарските архиереи и тоа ќе беше Литургиски настан од историско значење, а не гол политички настан. Би сакал да ме разуверат на дело и браќата од БПЦ и Вие лично отец Партениј. Во спротивно, напоменувам дека за нас Македонците и за нашата Света Охридска Архиепископија во лицето на МПЦ-ОА историјата ќе се повтори по теркот на документот на отоманските власти од 28.02.1870 година, како голема измама на начелниот договор од 1861 година помеѓу Македонците и Бугарите за возобновување на Охридската Архиепископија и Трновската Патријаршија како две помесни Православни Цркви.

Што се однесува до можните забелешки за етнофилетизам, јавно кажувам дека сум противник на таа појава во Православната екумена. Според Св.Апостол Павле, ние Христијаните сме нов народ, Божји народ. Сепак, според Божја промисла ние имаме и своја национална припадност (секако тоа е лично чувство и определба и тоа нема никакво значение во нашата

Православна Црква и верата во Бога и пред Христа, како и во нашата меѓусебна љубов во Црквата), но доколку сакаме да ја живееме верата со полнота како што не учат Светите Отци, тогаш нека и нашите браќа Православни од целото Православие ја прифатат нашата Македонска народност и припадност без забелешки, историски закачки и измислици. Тоа нема да го постигне Заев со неговите синдроми, лаги и измами, но цврстината на епископите на МПЦ-ОА која произлегува од сопствениот верен народ е силата која може многу да смени и тоа најмногу во перцепцијата, довербата и односот на членовите на живата Христова Црква во ликот на МПЦ-ОА кон нејзините епископи и клир.

На сите владици на нашата Света МПЦ-ОА сакам да им порачам дека МПЦ-ОА влегува во чистилиштето од каде има само еден пат, а тоа е да стане стожер (аголен камен, оној што ѕидарите го отфрлија) на Македонскиот народ. Секое друго решение е само вовлекување (пред се лично нивно) во фигуративниот деветти круг на Дантеовиот пекол и на целиот Македонски народ.

Христос Воскресе! - Навистина Воскресе!

На денот на Св.Апостол и Евангелист Јован Богослов (08./21.05.2020)

## Ecclisia militanis

Насловот на колумната означува „Црква која војува“ во највулгарна смисла во римо-католичката реторика се употребува за детерминирање на „насилна Црква“. Во оваа колумна синонимот е наменет за отсликување на внатрешните состојби во МПЦ-ОА.

Во претходната колумна напишав дека МПЦ-ОА под „притисок“ или „водство“ на световната власт на Заев е на раскрсницата дали ќе биде Црква која го минува чистилиштето или пак ќе тргне по патот кон деветтиот круг на пеколот. Лично очекував внатрешна ескалација на состојбите во МПЦ-ОА, а што секако ќе се пренесе и на поделби во Македонското општество (кај Православниот Македонски народ), но самата брзина на ескалација и тоа само еден ден по првиот дел на седницата на Светиот Архиерејски Синод на МПЦ-ОА, ме изненади и мене. Очигледно е дека внатрешните конфликти помеѓу владиците се толку тензични и пред се динамични што бараат рапидно брзи реакции на различните групации и веројатно меѓусебни обвинувања и уценувања со вадење на „валкан веш“. Токму ова е очигледниот индикатор кој ни укажува на насловот на колумната, односно дека МПЦ-ОА оди по патот на „Црква која војува“. Засега тоа се случува внатре во Синодот, но несомнено ги мобилизира и свештенството и монаштвото, а по нив и целиот Православен народ во Македонија. Овој процес на внатрешно војување ќе биде еден вид на чистилиште за МПЦ-ОА, но во која насока ќе се „прочистува“ Црквата ќе зависи од тоа кој се ќе заземе одлучувачка позиција во Синодот, односно кој ќе има повеќе гласови со што ќе ја креираат идната политика на МПЦ-ОА. Во превод, ова значи дека ќе надвладее струјата (поддржана од надворешен центар на моќ со сесрдна помош од Заев) која ќе има повеќе компромитирачки материјали за спротивната струја. При тоа да не нѐ залажуваат надворешните манифестациони однесувања или биографски податоци на играчите во врска со носењето заклучоци кој за кој центар на моќ во соседството работи. Познати се „позајмиците“ на соработниците и „дуплите игри“ во вакви операции на рушење на нација и државност преку правење привид за да не се гледа вистинската состојба и оној кој ја раководи операцијата.

Сепак, да не се залажуваме. Внатрешната битка е една фаза, втора фаза ќе биде да се добие битката против мешањето на Заев и друштвото му во работата на МПЦ-ОА. Засега таа „втора фаза“ е далеку, пред се затоа што Заев отворено игра на картата да ја вклучи МПЦ-ОА во изборна кампања за свои цели, односно да му донесе гласови. Да не се чудите на оваа констатација, бидејќи влијанието на духовните отци може да биде големо врз своите духовни чеда, особено доколку се побара од нив (отворено или суптилно-сугестивно) да дадат поддршка за СДС и Заев, како „подобра опција“ за Црквата (читај за „духовникот“ лично). Ете тоа го има „откриено“ Заев како нова мантра за дополнување на изборната негатива, па покрај тривијалната корупција на изборите (поделба на „хуманитарни пакети“ во Струмица, Прилеп, Охрид, Бутел итн.) која секојдневно ја гледаме на дело и претстојната „трета фаза“ од планот на Заев за корупција на изборите со „заемот“ од ЕУ, ова е уште еден

сегмент кој треба мозаикот да го направи целосен. Навидум се работи за мал сегмент (мислам дека и опозицијата за жал смета дека тоа е незначајно влијание па затоа „немаат став за случувањата во МПЦ-ОА“ или тоа на дело покажуваат дека „државата и Црквата се одвоени“), но кога Заев со „дисциплинираниот“ Манџурински кандидат ќе влезат во операцијата овој „мал сегмент“ да може многу да натежне на тасот на изборната вага. Знаете, постои една поука од Светите отци која вели: „Еден стар монах на младиот собрат му рекол да земе еден голем камен и да го помести од неговото место. Младиот монах го поместил каменот, а потоа стариот монах му рекол повторно да го врати на неговото место што младиот монах многу лесно го направил. Потоа, стариот монах му рекол повторно на младиот монах да собере една вреќа ситни каменчиња, што овој го направил, но кога стариот монах сега му рекол на младиот монах да ги врати ситните камчиња на своето место од каде ги собрал, овој секако не можел да го направи тоа“.

Поуката се однесува на тежината на големиот грев за кој знаеме дека сме го сториле и кој го исповедаме, и за безбројните мали гревови кои дури и не знаеме дека сме ги сториле па затоа и не можеме (не паметиме ) како да ги исправиме. Преведено на политичкиот јазик и математика својствена на размислувањето на Заев, мешањето во внатрешните работи на МПЦ-ОА е токму нешто слично. Сака да ги собере ситните камчиња (духовните чеда) преку нивните „фатени за брада“ отци во својот амбар за да му натежнат колку и еден голем камен (Македонскиот народ во целост) кој никогаш не може да го добие на своја страна.

Ова е само тривијалната цел на Заев да ја злоупотреби МПЦ-ОА за останување на власт, но клучната цел е неговото одработување за туѓи интереси таму каде што е задолжен и мора да се одборчува, доколку сака да преживее во буквална смисла, а во што совршено му се вклопуваат лукративните и хедонистички лични цели на некои архиереи во МПЦ-ОА. Сето ова придружено со „држањето за брада“ заради нивно доведување во безпоговорна послушност.

Затоа МПЦ-ОА ќе војува самата против себе и ќе биде Црква во војна, која ќе пролее сопствена крв за ништо (бидејќи Заев е секако НИШТО), иако Црквата секогаш во историјата пролевала Маченичка крв заради верата и Христа. Толку ли е слаба верата на нашите архиереи и не се подготвени да го истрпат ударот на Заев врз нивната личност, да се спротивстават на отвореното уривање на последниот бастион на Македонската национална идеја? Ова е прашање за верниот народ заради расудување. Наместо да собира МПЦ-ОА ќе влезе во војна за да растура. Секако, како што вели Светото Писмо во Стариот Завет: „Има време за собирање и време за растурање, има време за мир и време за војна, ... се има свое време“, но се поставува едно круцијално прашање: „Зарем не е време за собирање и обединување на Македонскиот народ и тоа токму околу својот вековен обединител Православната Црква (Охридската Архиепископија), денес во лицето на МПЦ-ОА?“

Оваа историска шанса да биде стожер на Македонскиот народ МПЦ-ОА и нејзините архиереи ја пропуштаат и за жал ги отвораат вратите за влез на други, туѓи интереси. Не можам да разберам една работа која се однесува лично на секого од членовите на САС на МПЦ-ОА (сегашни и идни). Дали мислите дека доколку не бевме Автокефална помесна Православна Црква (иако намерно - политички и против канонски непризнаена од Православната Екумена, бидејќи на сите треба да ни е јасно дека во Црквата има многу вмешување на политиката, а тоа барем Охридската Архиепископија го има како многу вековно искуство), во своја држава Македонија вие некогаш ќе бевте епископи, па дури и викарни? Никако да научите од историјата некоја лекција, а толку се видливи. По се изгледа хедонизмот и личниот комфор се на прво место па доведуваат до заборав за собитија не толку далечни во историјата.

Сетете се на последниот Архиепископ на Охридската Архиепископија пред нејзиното укинување во 1767 година, Арсениј II кој по неканонското, но политичко, поттикнато од Фанар заради „мегали идејата“ укинување на Охридската Архиепископија беше поставен за Митрополит Пелагониски, а потоа и од таму тргнат, како и сите наши (Македонски – словенски) архиереи за да бидат заменети со Грци. Да се потсетиме дека истите тие Грци архиереи во 1901 година по политички преговори со тогашното Кралство Србија и руско вмешување кај Портата, за пари (со Симонија) го хиротонисаа Фирмилијан за митрополит Скопски по што СПЦ навлезе во Македонија, а чии последици и денес ги чувствуваме.

Но, најважно е да се потсетите на тоа дека токму СПЦ еднаш и само еднаш „згреши“ и за викарен Епископ Топлички го избра Достиеј кој како Македонец подоцна стана прв Архиепископ на возобновената Охридска Архиепископија во лицето на МПЦ. По ова беа избрани домородни владици со што и поради што опстанавме како Црква и народ и дојдовме до самостојна Македонија. Не случајно, на првиот Црковно-народен собор во Скопје 1945 година е донесена одлука за забрана за враќање во Скопје на Митрополитот на СПЦ Јосиф (познат четнички војвода и асимилатор на Македонскиот народ). Ова се еклатантни историски поуки и показатели дека да не беше МПЦ-ОА и нејзиниот Македонски Православен народ како носечки во Република Македонија како држава на Македонскиот народ, никогаш, ниеден од сегашните архиереи на МПЦ-ОА или кои и да е Македонец немаше да биде владика. Едноставно, и да беа светители во полна смисла на значението и да се прославуваа со видливи дела во името на Христа како монаси (слепи да прогледуваа, хроми да проодуваа, реки да потекуваа и зли духови да истеруваа со името Христово), никогаш, ама токму никогаш, немаше ниту една друга помесна Црква да ги избере и хиротониса ниту за викарни Епископи, а не пак да им даде на управување епархија и тоа во Македонија.

Како што се вели: „Каменот тежи најмногу дома на своето“, па колку и да е обременет од нашата световност и гревовност како лично бреме или подвиг, работата на Македонското националното-народното дело преку лицето на МПЦ-ОА не може да го замени ниту една световна власт колку и да е страшна и колку и да притиска, како што не може да го замени ниту една

хедонистичка побуда. После исповедањето на Христа, на Православната Света вера доаѓа верноста кон својот народ со кого се раководи (не злоупотреба за лични цели и туѓи политички интереси). Тој што служи на олтар, од олтар треба и да живее, а тоа му го овозможува токму народот чии епископ е и за чие спасение треба да свети со чистота во верата и лојалност кон нацијата и Македонија.

Ете затоа, МПЦ-ОА во „војна - чистилиште" треба да се прочисти за чистота на Македонската идеја, опстанок на Македонскиот народ, опстанок на државата Македонија и за спасение на целиот наш род, а за добар одговор на Страшниот Христов суд. Водењето на народот ќе бара добар одговор пред Христа и за тоа, бидејќи соблазната погубува повеќе од се друго, а лошо е кога соблазната и губењето на верата ќе дојде од архиереите и преку нивниот пример.

Заев и неговата корумпирана свита одамна не се на патот на Христа и на Македонскиот народ, тие се на патот на туѓите државни интереси и своите лукративни цели. Во нив не ја барајте вистината, а како архиереи би требало многу добро да знаете каде е вистината, силата и вечноста. Таа сигурно не е кај Заев од кого сте исплашени, бидејќи тој е НИШТО. Христос е се и почеток и крај, а вие тоа треба многу добро да го знете. Во Христа е и грижата за вашето стадо кое ви е доверено Макеоднскиот Православен народ за кого исто така ќе треба да дадете добар одговор.

Вие архиереи на МПЦ-ОА (сегашни и идни), секогаш треба да бидете исполнети со вера во Христа, да ја браните и по цена на живот Православната вера и Црква и да бидете верни на својот Македонски Православен народ и државата Македонија исто така по цена на сопствениот живот, бидејќи само така ќе дадете добар одговор и ќе имате оправдание за сите паѓања во животот како човечка слабост на сите нас. Тоа е патот кој треба да го одите за да го заслужите своето достоинство и почитта на Македонскиот народ и Православната Екумена.

Христос Воскресе! - Навистина Воскресе!

На денот на Светите Рамноапостоли словенските просветители Светите Кирил и Методиј (11./24.05.2020)

**Трета фаза**

Пред повеќе од еден месец пишував за планот на Заев во три фази поврзани со изборите, а потоа повторно во една моја колумна се осврнав на втората фаза од неговиот план.

Сите политички индикатори во последно време укажуваат на тоа дека Заев на големо ја започнува третата или последна фаза во неговиот мастер план за изборите. Не е многу важно што се уште влече рецидиви (незавршени планирани активности) од првата и втората фаза, едноставно времето го притиска да забрзува до максимум. Времето кое го става во тесно е поврзано и со глобалните случувања и потребата изборите да ги заврши до средината на Јули, но за геополитичките случувања во светот во друга прилика, мислам дека сега е потребно потполно да се сконцентрираме на нашите собитија, а потоа да се вклучиме во анализа и евентуално дејствување во геополитичките случувања. Токму овие наши собитија укажуваат дека Заев продолжува со својот план и тоа доста агресивно на терен, а во меѓувреме внатре партиски ги дисциплинира час едната групација, час другата, во зависност од дневно политичките потреби или доколку некој како Манџурискиот кандидат без дозвола ќе се истрча на терен и ќе му ги загрози плановите и особено изборниот датум. Во такви случаи како што беше слободната волја на Манџурискиот кандидат да ја крши волјата на неговиот пресветол лидер и јавно да побара избори на 5-ти јули, следува „карантин" како дисциплинска мерка. Гледате како кумашинот Мухи дисциплинирано се повлече во карантин токму на време за случувањата во ИВЗ да поминат, каде што ДУИ покажа сила дека ја држи работата под контрола. Затоа сега Ахмети и Груби му ја испорачуваат сметката на Заев, токму навреме да се чеша кај што не го јаде, за евентуална пост изборна коалиција. Во меѓувреме Марија Антоанета невешто се обидуваше да се сокрие зад „заборавената 2001" (иако тоа за неа не е вообичаено кога се во прашање логореични манипулации со меѓународната и граѓаните во пакет), а поради своите додворувачки настапи во Кичево, се со цел да се релаксира ДУИ во пресрет на идната можна коалиција. Тоа значи дека секоја комбинација е во игра, а пусти Заев и сака се да внесе во игра, бидејќи само во матно може да ќери мандат за влада.

Сите овие настани го тераат Заев да недовршените прва и втора фаза ги довршува во движење, а целосно да се посвети на реализацијата на третата фаза. Тоа што оваа „трета фаза" е всушност масовно корумпирање на изборите, тоа никој нема да го гледа, бидејќи со сите сили ќе се притиска кон избори најдоцна до 15-ти јули (можеби малку, некој ден подоцна). Впрочем тоа ни го порача и Жбогар, а тој како и вообичаено ни ги кажува лошите вести, таков гласник е и не треба да го запоставуваме неговиот засега „осамен" јавен глас на меѓународната. Тој глас е само предвесник за опипување на пулсот, а кога Заев ќе му даде знак на Вилипчета, оп ќе нема мерки, а потоа и Пендаровски ќе ја укине вонредната. Тогаш од карантин ќе излезе Манџурискиот кандидат програмиран за изборни брзи активности (специјализиран за држења за бради

и за друго . . . итн.) и ние ќе си одиме на избори според нивниот план за 22 дена по укинувањето на вонредната состојба.

Во меѓувреме, за да не ни биде досадно ќе се забавуваме со тоа кој каде оди во полициски час надвор од Скопје каде што нема полициски час или кој во која кафеана со кого седи, а се со цел за сите да бидат уредно извалкани во истата кал (што понекогаш самите го дозволуваат од непознати причини). Но, дали забележувате нешто интересно, сите се некаде па дури и пола СДС во карантин, а Заев го „нема никаде“, тој е дисциплинираното момче кое чека да се појави на сцената по завршувањето на третата фаза. Токму спроведувањето на оваа трета фаза за него е од витално значење. Не е проблемот да се спогоди со ДУИ, доколку успее да ја реализира третата фаза и да ги корумпира изборите, а според сè на добар пат е тоа да му успее. Многу едноставно, до почетокот на кампањата упорно ќе дели „хуманитарна“ помош на ранливи категории граѓани (и колку што може да се забележи во јавноста тоа стана нормално, никој повеќе не се „вознемирува“ од оваа ненормална нормалност), а во кампањата кога ќе ја има почетната предност ќе се концентрира на потполно корумпирање преку сите можни „легални“ методи, секако со парите од „позајмицата“. На време ќе се вклучат неговите олигархиски паретнери, како и од него создадената нова олигархија или бате Вице за да се истурат куп „државни“ пари со кои ќе се купат изборите.

Сето ова се одвива и ќе се одвива пред наши очи, а ние само ќе си гледаме, бидејќи како што може да се забележи, апатијата кај граѓаните е на големо ниво. Таквата апатија и му одговара на Заев, бидејќи тоа што може да го корумпира пред избори е она гласачко тело што може да излезе да гласа за него, другото не му е важно, според неговата математика подобро и да не излегуваат на гласање. За овие избори не е потребен цензус за излезност, така што и со 30% излезеност, Заев смета на легалитет, за легитимитетот да владее никогаш и не се грижел, едноставно му треба форма (сетете се како го изманипулира референдумот за името), никогаш и немал суштина.

По легалитетот на Заев или по завршувањето на изборите ќе заврши и неговиот мастер план. Потоа сметката, особено за третата фаза од реализацијата на овој мастер план ќе треба да ја платиме сите ние, бидејќи „позајмицата“ ќе мора да се врати, а сигурно Заев, бате Вице и останатите од нивната дружина нема да ја вратат. Тие за тоа и се борат, ништо да не платат и ништо да не вратат, а да владеат без легитимитет и да заработат уште некоја пара.

Во целата оваа игра на Заев се поставува едно клучно прашање: „Дали опозицијата, а тоа е очигледно само ВМРО-ДПМНЕ, е подготвена да го спречи остварувањето на мастер планот на Заев“? Ова прашање не е реторичко, туку суштествено, затоа што кога зборуваме за опозиција, видливо е дека другите политички партии или немаат сила или се сè поблиски до Заев очекувајќи некоја трошка од власта. Не е спорно тоа дека политичката борба е борба за власт и дека помалите политички партии доколку сакаат да опстанат ќе треба да се одлучат на пост изборни коалиции, најверојатно со власта. Дилемата е во тоа зошто Заев „предвреме“ ги врбува (корумпира или компромитира сеедно) и

приближува кон себе. Можеби и не е предвреме, а можеби и математиките му кажуваат дека е во тесно, а безбели тоа го гледа и Али па од заседа најавува што ќе биде цената за останување на власт на СДС со негова поддршка. Затоа и се случи ИВЗ, затоа и Заев ги притиска верските заедниците, како што кажав, таму има простор за влијание врз базен со гласови.

Многу индикатори и сигнали во предвечерието на изборите, и покрај многуте димни бомби сепак се гледаат. Прашањето е: „Дали некој ја извади маската од очи и гледа подалеку од карантинот или ужива во своите соништа под превезот на лажно блаженство во претстојната загарантирана победа“? Во меѓувреме ќе се изнагледаме многу глумци во кратки епизодни улоги на политичката сцена, се во зависност од потребата за забава на гласачите или по налог на некој центри на моќ. Нема да се изненадам дури ни од организирани „демократски“ протести пред дипломатски претставништва во Македонија, бидејќи такво е времето нели.

На денот на слегувањето на Светиот Дух
Педесетница – Духовден
(25.05./07.06.2020)

**Волшебникот од Оз (Шипковица)**

Верувам, многумина од Вас се сеќаваат на енигматичниот Волшебник од Оз, и малата Дороти која заедно со кутрето Тото, Лимениот човек, Дрвосечачот кој нема срце, Лавот кој нема храброст, Страшилото кое зборува, го бараат мистериозниот Волшебник од Оз за да им ги реши проблемите.

Па така во оваа, наша, волшебна земја, некои ја нарекуваат Македонија, а некои ја сметаат за Оз, се јави мистериозниот ВОЛШЕБНИК од Шипковица. Како и во книгата на Баум, кога се подигна завесата, зад која се криеше волшебникот, сите останавме, неми...во чудо.

На Али Ахмети, како најуспешен политичар во последните две децениии во Македонија (според времето на непрекинато траење на политичката сцена), патем да не заборавам, најдобар војсководец во Источна Европа, и литерарен љубител (повозрасните паметат кога се сликаше со книга во рацете), верувам дека му е познато на кој постулати се темели моменталниот светски поредок - Вестфалскиот договор, надополнет на Јалта и Потсдам. Како и тоа дека моменталните светски случувања се токму во спротивставените ставови по однос на новиот светски поредок.

Позицијата која ја застапува Ахмети, се сомневам дека ќе победи, впрочем тоа е трета опција која не е земена во разгледување. Но, за судирите околу идниот нов светски поредок, како и за третата опција која ја застапува Ахмети, во некоја друга прилика.

За да не го навредам, „најуспешниот“ македонски политичар, околу познавањето на Вестфал, Версај, Јалта итн, ќе се задржам само на она што сеуште некој, со подсмев, го нарекува Устав на Македонија. Патем Али и булументата која владее 20 години во Македонија од таа света книга, да друже Ахмети (ова „друже“ според твоата Марксистичко-Ленинистичка идеологија) за државите "свети книги" се уставите или темелни (основни) закони, направивте „алвациски тефтер". Имено, согласно „алвацискиот тефтер", во Македонија, Премиер може да биде секој полнолетен граѓанин кој не е правосилно осуден, „цитат од уставот за пратеник, премиер, правото да се бира и да биде биран", и така е од пред Твоите сулуди војни, односно никаде не е запишано од која националност, верска, политичка, сексуална определба или боја на кожа мора да биде. Да ве подсетам, во една прилика на таа позиција атакуваше, мојот драг пријател, г-дин Поликарп Симеон, попознат во Македонската јавност како Џими, Македонец од Нигериско потекло.

Вие, како добар познавач на марксистичката теорија и историја, подолг временски период бевте во „ленинистичко-марксистички“ групи, и сигурно добро ви е позната разликата помеѓу народ и нација. Токму така, иако многу пред Маркс, во 1648 во Вествал е поставен светскиот поредок врз основа на државата и нацијата. Верувам дека од марксистичката историја, познат Ви е и одговорот на Хенри Григориевич Јагода дадено на прашањето од обвинителот Андреј Вишински, на неговото судење во 1938 година.

Жалосно е Ахмети што вашата политичка трансформација се движи од крајност во крајност, секогаш бирајќи ги политичките филозофии без иднина, стигматизирани од цивилизираниот свет. Патем, како и секој ВОЛШЕБНИК – АЛХЕМИЧАР си се обидел (или твоите „недоквакани“ советници се обиделе) во твоето обраќање кон Македонските граѓани, да создадеш амалгам од говорот на Мартин Лутер Кинг „I have a dream – Јас имам сон“ од 1963 година и говорот на Рафсанџани во ООН од 2007 година. Промашено, бидејќи колку и да ги сметаш Македонските граѓани за глупави и лекомислени, сепак се уште не е изгубен интелектуалниот субстракт, а тоа значи и интелектуалната и институционална меморија на народот. Но...Ти си знаеш. Процесот на уништување на „алваџискиот тефтер“ не е завршен, можете да вметнете што сакате во него и веројатно во вакви околности со другар ти Заев може и да ти помине, па дури тоа да биде и Апартхејд. Со Заев Македонија одамна е земја на чудата.

Но...еден ден, а тој ден ќе дојде многу бргу, Македонските граѓани, независно на кој Бог се молат, ќе ги раскинат прангите во кои не ставивте, ќе ја напушти крвавата Прокрустова постела и ќе ги сруши Вашите Потемкинови села.

Се има  свој почеток и крај и за се има свое време. Иако, како убеден марксист, сте атеист. Само по потреба верник, текстов ќе го завршам со цитат од Куранот во Сура 5:82 „И секако ќе видиш дека на верниците најблиски пријатели им се тие што велат: Ние сме Христијани“.

Верувам знаете дека Пророкот овие зборови ги кажа кога беше принуден да во емиграција во Абисинија ги засолни своите следбеници и тоа кај Христијаните кај Патријархот на Етиопија. Сура 10:94 „Ако се сомневаш во тоа што ти го објавуваме, запрашај ги тие што ја читаат Книгата што е пред тебе објавена“.

На денот на Св.Александар Александриски (29.05./11.06.2020)

**Изборни последици**

Секогаш кога во животот преземаме активности, особено крупни и одлучувачки чекори принудени сме да сметаме на последиците од истите. Последиците може да бидат позитивни и тогаш сме самозадоволни од извршената работа, односно од постигнатата цел, но доколку не ја постигнеме целта, направиме стратешка, одлучувачка грешка, лоша проценка или се прелажеме, последици се негативни и тоа долгорочно. За жал ние Македонците, сите Македонски граѓани искуствено знаеме што значи да се донесат погрешни одлуки, особено на избори. Тоа задоволство го имавме во 2016 година и давањето можност Заев да дојде на чело на Владата на Република Македонија. Во тој контекст, задоволството е особено големо за „Волшебникот од Оз“. Тој јадниот упорно се фаќа за сламката (наречена Албанец Премиер) која самиот ја лансираше за да се спаси од политичка смрт. Така не мислеше 2016 година кога ги прекрши сите „принципи“ за кои дотогаш нели се бореше, а со што покажа дека за него и неговите пајташи нема принципи, односно дека единствениот принцип е „кеш и власт“. Затоа сега Муртинскиот замешател му најавува опозиција, а за да биде уште поинтересно со своите популистички и дневно политички идеи си создава невозможна приказна и кај колегата Мицкоски. Впрочем, нормална е реакцијата на Мицкоски и може да кажам и храбра во самото предизборие да одговори негативно во однос на ваквите политички игри. Таквиот одговор е во основа отворена борба против уривањето на Уставните принципи на Македонија за еднаквост на сите и борба против внесување на Апартхејд на Македонската политичка сцена, а особено промоција на основните политички постулати дека влада ќе прави (а со тоа и мандатар ќе даде) онаа политичка партија или коалиција која ќе победи на изборите. Тука нема ништо нејасно и се е во духот на демократијата, дека на избори се оди да се победи и тој што победува формира влада и владее до следните избори.

Ете тука се последиците од изборите како општествено-политичка и социјална операција која определува кој ќе владее во следните години, односно каде и како со своите политики ќе ја насочува државата.

Изборните последици може за краток период на владеење да предизвикаат долгорочни последици со трајни историски импликации. Да не се занесуваме дека промената на името на државата и Уставот (алвацискиот тефтер) нема да имаат историски последици во проценката на Македонската способност за државност.

Токму затоа, на почетокот на изборната кампања апелирам до сите граѓани на Македонија, да бидат свесни за значењето на оваа „втора шанса“ за сите нас. Парите ќе се потрошат, шарените лаги ќе избледат како и секоја лага, писанијата ќе се искинат, но ќе остане нашата сиромаштија и пониженост, како и кредитите кои ние ќе треба да ги вратиме. Не велам дека не треба да му ги земете парите на Заев и СДС кои штедро ги делат на разни „легални“ и потполно криминални начини. Тие пари се секако ваши, на сите нас и сите ние ќе треба да ја вратиме „позајмицата“ на Заев, па зошто тогаш и да не ги земеме

тие пари кои пак ние ќе ги враќаме. Сепак, тоа никако не нè обврзува да гласаме за Заев и да се чувствуваме должни кон него затоа што се обидува да не корумпира со наши пари. Така ќе ги избегнеме изборните последици, а тие можеме да ги конципираме во само неколку клучни точки:

1.Потполно уништување на Македонскиот народ и нација преку уривање на столбовите кои го карактеризираат народот и нацијата.

2.Девастирање на системот на функционирање на државата поради што дополнително ќе се поттикне несигурноста на граѓаните во сопствената држава.

3.Контрола и максимална корумпираност на судството, со што правната функција на државата и правната сигурност на граѓаните нема да бидат во функција, а во такви услови ќе биде едноставно невозможно да се живее и функционира нормално.

4.Фискална и бизнис несигурност при што корупцијата, рекетарството, изнудите и уценувањето на бизнис заедницата ќе бидат во подем, а што ќе резултира со ужасна бизнис клима и бегање на бизнисот, односно намалување на работни места.

5.Намалување на буџетските приходи што ќе резултира со дополнително намалување на капиталните инвестиции во инфраструктура, здравство, образование, социјала и многу други сектори со што го затвораме магичниот круг на тонење на целото општество.

Тоа се последиците од политиките на Заев кои веќе ги гледаме на дело. Имаме избор, а тоа е да се спротивставиме на негативните изборни последици и да тргнеме во обнова на Македонија. Да не подлегнеме на тривијалните коруптивни дејствија на СДС, да не веруваме во шарените лаги на Муртинскиот манипулант, Манџурискиот кандидат, Марија Антоанета и целата булумента на дворски играчи од СДС. Бидејќи, таму нема здрав разум, патриотизам, грижа за татковината, хуманост и човекољубие. Таму има само и исклучиво себељубие и сребролјубие.

На крајот на оваа колумна во самото предвечерие на почетокот на изборната кампања ќе испратам една порака до членовите, симпатизерите и особено до поранешните и актуелните функционери на ВМРО-ДПМНЕ:

„ВМРО-ДПМНЕ е единствената политичка сила која е способна да го победи СДС и да ја врати Македонија во редот на нормални просперитетни држави. Сите оние кои во некој период се нашле на партиски или државни - локални функции предложени од ВМРО-ДПМНЕ или во овој момент се наоѓат на било кое ниво на партиски должности, без разлика на личните чувства или перцепции за поединци во партијата, раководството или некои собитија, потребно е да ги надминат личните суети на големина, навреденост или важност. Надминувајќи ги личните суети сите можеме да се вклучиме во активностите во предизборието, но воедно преку личен пример да ги поттикнеме нашите соседи, сограѓани да не останат пасивни и апатични дома, туку да излезат на денот на избори и да гласаат за ВМРО-ДПМНЕ. Оваа власт нема да падне сама од себе и единствено затоа што граѓаните се разочарани од

лагите на Заев и неговите секојдневни криминали. Оваа власт може да падне исклучиво преку масовна активност на секој поединечно и на сите заедно во ВМРО-ДПМНЕ, коалицијата и граѓаните. Власта најмногу се плаши од масовна излезеност на граѓаните, бидејќи тогаш нема да може да сметаат на онаа маса што успеале на разни начини да ја корумпираат. Затоа ние треба да излеземе на браникот на татковината за да им помогнеме на нашите сограѓани да ги избегнат негативните изборни последици".

Да се избориме за победа, бидејќи ова е борба за воскреснување на нашата заедничка татковина Македонија и сите граѓани без разлика на пол, вера, нација и политичка определба над оваа зло СДС и да воскликнеме денес, на 15-ти Јули и засекогаш: „Да живее Република Македонија".

На денот на Св.Тимотеј Пруски (10./23.06.2020)

**Ода на примитивизмот (Заевизмот)**

Најчесто поставувано прашање, во последниве три години, е – Што ни се случи, како успеавме да го допреме дното? Од држава која некако опстојуваше, минувајќи низ семожни сцили и харибди, да се заринкаме во канализацијата на цивилизацијата.

Секој народ ја изнедрува во себе, како и секој жив организам со сопствената автоимуна болест, сопствената негација, вирусот на кој ќе му дозволи да го уништи. Вирусот, за кој се правевме слепи дека не го гледаме, се разви до степен да го уништи сопственото тело (сите нас, нашата Македонија), што секако е најголем парадокс, паразитот се уништува себе си гонет од поривот да го уништи домаќинот. Нашиот вирус, кој го поседуваат сите народи, но превземаат разни методи и средства, кога веќе не можат да го уништат, да го стават под контрола недозволувајќи му да се вообрази во својата значајност и создаде канцер во општественото живеење, се нарекува ПРИМИТИВИЗАМ.

Според Вујаклија примитивци се прости, сирови, груби, нецивилизирани, еднострани, некултурни луѓе. Карактеристично за примитивците е што како паразити седат притаено во недрата на општеството,чекајќи го својот момент на слава. До овој момент нив тешко ќе ги препознаете, со неколку напамет научени фрази, скромно облечени, културни во своето однесување чекајќи го моментот кога ќе метаморфозираат од ларва во штеточина. Моментот кога ќе нанесе несогледливи штети по општеството, едноставно, примитивците уништуваат се што ќе допрат.

Примитивците имаат свои тајни знаци (по примерот на секое окултно здружение) по кои се препознаваат, наспроти сите бои со кои се премачкани, солидарни се и сè подржуваат во ширењето на мрежата на примитивизмот. Нивното опстојување е во правопропорционален однос со големината на мрежата на привитивизмот и оние кои ќе се вплеткаат во неа. Внимавајте, примитивизмот е заразен, вкалкулиран во конформизмот и опортунизмот.

Простаклукот, sui generis на примитивизмот, во ова време, тероризирани од разно-разни „Фарми“, многумина ги маѓепсува. Простакот-примитивецот ќе го препознаете по тоа што тој нема недоумица, грижа на совеста, траума, тој е убеден дека светот постои само поради него. Светот во неговите очи е едноставен, праволиниски, без морални дилеми. Неговото гесло е „или ќе биде како јас ќе кажам или никако“, поткрепено со удар по масата, со широка, лицемерна, насмевка покажувајки ги искривените заби потрошени и пожолтени од консумирање големи количества на алкохол и никотин, но сепак спремни смртоносно да го касаат општественото тело во кое тие самите живеат.

Во периодот кога се качуваат на скалилото на општествениот систем, примитивците се олицетворение на простаклукот и служат за подсмев на околината. Но, тие се прават дека тоа не го забележуваат, како одговор на оние кои им се подсмеваат, со блажена наивна насмевка го трасираат патот, во себе трупајќи омраза и жед за одмазда. Примитивците создаваат своја култура, свои идоли, идеали, креираат сопствена држава во држава, секако по нивна

примитивна мерка и со исти такви „вредности“. Се до моментот кога ќе се пробијат на врвот на општествената скала, тогаш сите ќе го почувствуваат духот на примитивизмот, нивната култура и нивните идоли, вредности и идеали ќе ги наметнат врз масите станувајќи државна култура, идоли на масата. Фамата на примитивизмот лебди над општеството, креира мислење, создава „морални“ норми, диктира (манипулира) со секој сегмент во општеството. Креирајќи го (како во огледало) својот одраз во општеството (кој и не забележуваме колку е грд, како впрочем нели грдото лице на Заев за што порано пишував). На тоа се надодава простаклукот на кој му се воодушевува, безобзирноста со која се самозадоволува, грубоста која го маѓепсува, насладувајќи се на плодовите од својот интелект - тоталното безумие.

Во политиката, ПРИМИТИВЕЦОТ, го почитува само начелото на силата, кога не е на врвот на скалилото тогаш е понизен и се умилкува. Штом се добере до врвот, тој секогаш е во право, го уништува секое мислење кое е различно од неговото, слеп и глув за било какви аргументи и факти. Се што ќе допре примитивецот го претвора во својата спротивност, идентитетот е срам, патриотизмот несватлива глупост, верата станува бласфемија, буџетот простор за лично богатење, високо-образовнтие институции параван за глупоста, високо-научните институции непотребен товар, власта се претвора во гнездо за примитивизмот и примитивците, националните интереси можност за богатење и одмазда кон оние кои се подсмеваа на примитивецот, основен идеал и цел кон која се стреми примитивецот е уништување на домаќинот (државата) од која се изродија како несакана последица на нашиот молк.

Примитивецот нема способност за било каква визија за иднината, минатото (историјата) за него се важни неколку, напамет научени, стереотипи со кои ја разрешува целокупната светска и национална историја. Вирусот на примитивизмот може да создаде пандемија. Дури и Коровид-19 е безопасен грип во однос на примитивизмот, со тенденција да се претвори во наследна болест од која ке боледуваат генерации и генерации. Неговата моќ за самоодржување и (наспроти интелектуалната хермафродитност) саморазмножување е неверојатна.

Во благопријатни услови, какви што се денес во Македонија, масите опфатени во мрежата на примитивците стануваат фанатични подржувачи и целосно го имитираат Врховниот Примитивец, претворајќи се во аморфна маса. Тие услови овозможуваат примитивците да станат опасни по своето постоење, фанатично следејќи го Врховниот Примитивец насочени се кон сопственото уништување, па единственото решение да бидат сопрени е примена на брутална сила (пред се интелектуална) пандан на нивната со која се насочиле кон уништување на сопствената (заедничка) држава.

ПРИМИТИВИЗМОТ е Нашето „Диво месо“, прекрасно искажано низ устата на Горан Стефановски, односно неговата Марија. Не е легенда неговото постоење, тоа е нашата суштественост, она што не оневозможува да создадеме „Оптимистичка теорија за мојот народ“. Требаше одамна да превземеме чекори

, во стилот на Димитрие од истото „Диво месо“ на Горан Стефановски: „Да знаев какви ќе излезете ќе ве издркав во чаша“.

Можеби се уште не е доцна, на 15-ти јули имаме шанса да ја исполниме мечта на Димитрие, секако: „Европа ве бара! И се прди на Европа за Вас...“

Во прашање сме ние самите и нашата Македонија која испушта задушени крици под бремето на примитивизмот (Заевизмот).

На денот на Светите маченици Леонтиј, Ипатиј и Теодул (18.06./01.07.2020)

**Одекот на тишината**

Како шлагворт на денешнава колумна ми се зборовите, кои деновиве ги слушнав, од еден мој пријател, познат интелектуалец, убеден атеист, аполитичен, активен учесник во „шарената" – Како можев да си дозволам да бидам во друштво на овие луѓе? Како можев да ги следам, подржувам, одам на митинзи, да го дадам мојот живот во нивни раце, да гласам за нив, ги читам нивните пораки, да го трошам на нив моето скапоцено време, одобрувајќи ги и промовирајќи ги нивните ставови, и пред моите пријатели ги воздигам во небесата, ставајќи ги рамо до рамо со Боговите? Како можев да бидам слеп, за животот да ми зборуваат оние кои живеат во лажни вредности, за убавината-неморалните, за финансии-клептомани, за среќата-несреќните, за љубовта оние кои на првата „препрека" нова среќа бараат!? Како, зошто!?

На мојот драг пријател му одговорив со цитат од „интелектуалецот" Ферид Мухиќ и неговиот предговор на „Пофалба на лудоста" од Еразмо Ротердамски. Можеби коалициониот партнер на Заев заборавил што напишал во 1990 год, па да го потсетам, „тоа е приказна за маршот на полудените-кои сопственото лудило го прогласуваат за врвна мудрост и добродетелство". Можете да претпоставите како се чувствувал овој „великан" на Македонската филосовска мисла, вклучувајќи се во големиот марш, како тој го нарекува „лудата анабаза".

Оваа кратка исповест, на мојот драг пријател, доволно зборува сама за себе. Нема да ја коментирам, но ќе се обидам да најдам одговор и решение на прашањата, кои верувам си ги поставуваат многу наши сограѓани.

Пародијата „Мисија Струмица" заврши, псевдоглумците ја претворија во најцрн ХОРОР, дури и оној смешен КЛОВН кој даваше темпо на претставата се разоткри дека е жална човеколика, клептоманска, креатура. Време е да ја спуштиме завесата и ги упатиме кон местото кое го заслужуваат, на полињата на Идриз-беј, во царството на заборавот и таму од каде како стаорци се појавија, во канализацијата на цивилизацијата. Премногу зло, чемер и јад ни нанесоа! Ниту една генерација, за време на владеење на една ваква булумента, не памти толку несреќи, понижувања, распродажба на сето она што е свето за еден народ. Крикот на тишината на народот наш беше првичен одговор на бласфемијата која ја нанесоа на националната гордост, моралните вредности и идентитетски обележја. Крикот предизвикан од неверување, бес, шок, тага, очај, немоќ. Тишината која завладеа, нашите властодршци, како и вообичаено, погрешно ја разбраа. Подигравањето со народот го споредуваа со онаа псевдопсихолошка метода "Луѓе кои блеат во кози", а периодот на нивното владеење го нарекуваа „Кога јагнињата ќе стивнат" (секоја сличност со култниот филм е намерна). Занесени во мирисот од неподносливата реа на сопственото распаѓање, ја заборавија народната мудрост, за султанот кој најмногу се вознемирувал кога му пренесувале дека „народот молчи".

Не, тие не можеа да го слушнат злокобниот шепот на народот, задушен од дивото месо во неговото грло. Никогаш не сум се посомневал во мудроста

на мојот народ, преку неа сме опстоиле векови, не продаваа на Ат пазар, не раселуваа, угнетуваа, се боревме едни против други за разни цареви и идеологии, опстанавме, ќе опстанеме и понатаму. Верувам дека го преминавме „Крикот на тишината“ се разбудивме од грозоморниот сон, за кој долго глаголевме дали е сон или јаве. Дојде времето кога треба мудро да извагаме со кого и кој ќе го подржиме. Од нашиот избор зависи правецот на единствениот живот кој го имаме и иднината на нашите најмили. Од нас зависи кого како пример на нашите деца ќе им го препорачаме. Решени храбро и гласно да проговориме за вистинските вредности, јавно во очи да им кажеме за сите нивни лаги и измами. Носители на промените кои сакаме да ги видиме, во нашите животи да ги пуштиме работните и вредни луѓе, лица со жар во срцето кои имаат желба на сите нам да ни биде подобро.

Стравот и неправдата која ни ја наметнаа е предизвик, тест за нашите способности да изградиме, дизајнираме подобро и поправедно општество.

На 15-ти јули ни се дава ретка прилика, сите заедно, независно на кој Бог се клањаме, да ја реализираме никогаш досега во светот не изведена, единствената **револуција во името на човекот**, македонскиот граѓанин - ***Давајќи го својот глас за ВМРО-ДПМНЕ!!!***

П.С Деновиве постојано во мисла ми се стиховите на големиот чилеански поет Пабло Неруда *„Можете да ги исечете сите цвеќиња, но не можете да го спречите доаѓањето на пролетта.“*

На денот на Светите Апостоли Петар и Павле (Петровден)
29.06./12.07.2020

**Д. О. О. Е. Л.**

Во времињата минати живееше идеалот за „американски сон"- САД, како простор каде можат да се реализираат сите Ваши сништа. Но, во времињата сегашни, суровата стварност го создаде бласфемично наречениот „македонскиот сон", а всушност се работи за кошмар кој го живеат повеќето граѓани во Македонија, но за некои тоа е навистина сон кој и во најрозовите слатки сништа не можеле да го сонуваат.

Впрочем, без никакво образование може да станете началник, директор на важна институција, од терорист и криминалец да се преобразите во почитуван авторитет, од сиромашен, како црковен глушец, преку ноќ да располагате со богатство кое ни идните десет генерации не можат да го потрошат, од старо фиќо да седнете во луксузен мерцедес, од општествен маргиналец со подпросечен и скромен интелектуален капацитет во мудар министер, од продавач (бизнисмен) на пипер и патлиџан на Кванташки, кога најголемиот сон Ви бил да продавате ајвар, како највисоко ниво на проширување на бизнисот, или пак на клакер и боза, директно претседател на партија, а потоа и во премиерска фотеља.

Да не бидам погрешно разбран, ова неможе да му се случи секому од нас почитувани читалите, но едно општество кое може да дозволи вакви „квантни скокови" во животот на граѓаните, заслужува целосен респект или резил (за тоа е потребно веројатно јавна дебата). Сепак, секогаш постои едно – но. Се би било убаво доколку исполнувањето на детските сништа на една мала група неграмотни персони, не се темели на корупција и не го води целото општество во пропаст.

Токму поради ова, пред извесно време, јавно го спомнав Платон и неговата „Држава", која од Аристотел, а и од денешните „мудреци" се прогласува за утопија. Не знам зошто, но сите теории и идеологии кои зборуваат за праведно општество и соодветна благосостојба на граѓаните, пред се од страна на неолибералните структури, се прогласуваат за утопии. Последниот случај, за кого сеуште се водат расправи, на светско ниво, со „Капиталот во 21-от век" на, францускиот економист, Томас Пикети, е нај еклатантен пример. Но, да се вратиме на Платон и неговата држава. Освен што посочува дека „на врвот на државата треба да бидат оние кои имаат знаење потребно за раководење на државата", односно „секој да си ја врши својата работа и да не им пречи на другите во реализирање на нивните задачи". За Платон, најголем проблем на кој треба да внимава држава е власта, односно таа да не биде во рацете на лица кои поседуваат сопствен бизнис, бидејќи, како што вели Платон, тие секогаш ќе се грижат повеќе за своите лукративни интереси одколку за интересите на државата (впрочем и повеќе од доволно докажано во пракса во Македонските услови).

Колку и да е утопистичка Платоновата држава, таа од современите демократии е прифатена многу сериозно. Па така, постои јасна поделба помеѓу аристократија и буржоазија. Првите, аристократите, своето место во општеството го здобиле со учество во создавањето и одбраната на државата,

додека пак буржоазијата со шпекулативни, скоро секогаш на границата на легалноста, бизниси. Во принцип буржоазијата скоро секогаш финансиски е помоќна од аристократијата, но моќта на власта е во рацете на аристократијата. Од овие причини и се создадени дводомни парламенти, како одбрана од лукративните интереси на буржоазијта, па законите кои ги донесува буржоазијата во долниот дом секогаш мораат да бидат верификувани од горниот дом, аристократијата. Во контекст на ова се појави поимот олигархија, поточно дефиниран како: „богати поединци и групи кои корумпирајќи ги политичарите влијат на донесување на политички одлуки“, секако во нивен интерес.

Низ примерите за „македонскиот сон“ сакав да го лоцирам проблемот на Македонија. Власта и бизнисот во рацете на таква структура на луѓе, општествено неодговорни, во ситуација кога не постои аристократија, се погодно тло за завладејување со државата на олигархиските структури. Еднаш веќе јавно запрашав: „Кои интереси ќе ги брани олигархот, кој е на привремена работа Премиер, во разговорот со мутрата Бојко Борисов, интересите на фамилијарните бизниси или пак интересите на Македонија“? Прашањето е реторичко, одговорот е даден во досегашните олигархиски активности на олигархот – Премиер и олигархиската булумента која впрочем и го донесе на власт.

Имено, и двата договори (Преспанскиот и Добрососедскиот), со невидена катастрофа по интересите на Македонскиот народ и државата Македонија. Договорот за добрососетство и Договорот од Преспа, се плод на олигархиските интереси (за да ги набројам сите нивни лукративни цели со овие договори ќе одземе подоста простор), пропратните олигофрени изјави се само за замајување на јавноста. За да ги зацврсти своите позиции, буквално да ја окупира државата, олигархијата превзема и други активности. Впрочем како велат: „со едно крило не се лета“. Затоа потребно е да ја завладеат и опозицијата.

Водејќи пропаганда по урнек на Едвард Бернајс, најпрво ја набедија опозицијата дека целосно е зависна од финансиската подршка на олигарсите, сакајќи да ја изнивелираат со власта, па аналогно на тоа и таа треба да биде предводена од олигарх, кого исто како и нив не треба да го прашувате како го создал првиот милион од продажба на клакер и боза (или матна вода беше). Но, како вели еден наш „еминентен“ политичар: „Некои прашања не заслужуваат одговор“. Всушност јас би кажал дека до одговорите самите дојдовме, прашање е кога ќе го кажеме јавно, јасно и гласно својот одговор.

Како и да е фактот дека Македонија е пред амбисот, не за име, идентитет и друго, туку во однос на сопственото постоење. Поради ова, кога веќе не создадовме аристократија, нејзината улога мора да ја превземе интелигенцијата, овде пред се мислам на професорската фела вгнездена и „ушушкана“ во комоцијата на универзитетските кабинети, институти, како и МАНУ. Таа мора да собере храброст и го премине Рубиконот наречен „Бегството на интелектуалците“ и да го претвори во „Враќање на интелектуалците“, ако не за друго, тогаш поради сопственото опстојување.

Многу бргу, како што тргнале олигарсите, дипломите и научни трудови на академската и универзитетска јавност нема да вредат ни „пет пари“.

Доколку некој се препознал во текстот и не се чувствува пријатно – не е далеку од вистината и тоа е негов проблем, а и неговите чувства не се мој проблем.

На денот на Преподобните 40 Битолски маченици
28/15.10.2020

**Поговор**

Историските премрежија за Македонија никогаш не завршуваат. Така било од секогаш, така ќе биде довека. Македонската национална борба е непрестајна генерациска борба на целиот Македонски народ. Таа генерациска борба се одвива во разни услови и со различни средства за секоја генерација. За некои тоа беше преродбеништвото и блесокот на Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, но и на мнозина други кои го продолжија нивното дело, знаејќи дека без светлината на знаењето генерациите Македонци ќе бидат подложни на однародување.

За вторите, тоа беше духовната борба за обновување на Охридската Архиепископија како Македонска национална црква во времето на навлегувањето на „етнофилитизмот“ во Православието, како и за воведувањето на нашиот домороден јазик во општата комуникација. Денес токму за јазикот некои кои го оспоруваат тврдат дека е основа на Македонскиот сепаратизам. Всушност, политички може да ги потврдиме, затоа што јазикот, Македонскиот јазик е еден од столбовите на нацијата која во современите услови треба да ја пресоздадеме, а токму Македонскиот јазик е тоа што треба да ги обедини сите граѓани на Македонија во една општа комуникација.

Потоа тоа беше борба за создавање на „Македонското прашање“ во времето на големата Источна криза и славните Македонски востанија, Кресненското и Разлошкото, а потоа и создавање на Македонската револуционерна организација.

Следната генерација се бореше за Автономна Македонија под паролите: „Слобода или смрт“ и „Македонија на Македонците“, како да насетуваше каква трагедија на распарчување на Македонската земја се подготвува и брзаше да го освести и подготви народот за борба за сопствена држава.

Генерациите потоа се converted бореа да преживеат во виорите на Балканските и Првата Световна војна за да опстане Македонскиот народ на биолошка основа, бидејќи не уништуваа физички и духовно, а без своја држава неможеше да се слушне нашиот глас. Избликот на ехото од Илинден 1903 година во периодот помеѓу двете војни се одрази врз големи настани кои имаа влијание врз Европската политика.

На крајот од Втората Световна војна во едни сосема други геополитички односи повторно на Илинден, но сега во 1944 година една генерација Македонци ја создаде современата Македонска држава, а потоа се зацврстуваа атрибутите на државноста низ историските одлуки на АСНОМ, кодофицорајќи го Македонскиот јазик и вознобувајќи ја Светата Охридска Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква, се до 1991 година кога некоја следна генерација

Македонци успеа да ја донесе Македонија на пиедесталот на независна, самостојна држава Македонија,

За жал, некои следни генерации не покажаа чувство за државност и нашата татковина ја уништуваа на економски, образовен, здравствен, развоен, безбедносен и секој друг план. Така, цели 30 години, а се со цел Македонскиот народ да изгуби доверба во сопствената држава и самодоверба дека е способен да има своја држава и самиот да раководи со неа, а душманите со „факти“ да тврдат низ светските центри на моќ дека ете Македонците не се способни да имаат своја држава и дека се национално неосвестени, непостојани, аморфни.

Во таквите новонастанати општествени услови на национална криза, дојде една генерација политичари кои се плиткомислечки и кои ништо не научиле од историјата (доколку некогаш и учеле нешто) и искуството на сопствениот народ токму од не така далечните историски собития. Тие тргнаа авантуристички во односите со соседите, во веќе виденото од претходните генерации без историска меморија и знаење влегоа во истите контроверзи креирани од соседните центри на моќ. Лажејќи го сопствениот народ, кој во денешниве генерации очигледно има дефицит во соодветно образование и национална свесност, како и духовно и економско осиромашен, ја доведоа Македонија во состојба на недефинирана територија, со недефинар народ или аморфна маса, со понижена и проблематизирана црква, со институции неспосбни за државно дејствување и спроведување на законите. Создадоа јаз помеѓу Македонскиот народ и нивната татковина Македонија, сменија име и устав, лутаа низ Балканските волчји дувла барајќи „мајки и татковци“, за на крајот да доживееме потполно отрезнување од нашите „браќа“ (мајки, тетки, маќеи или така некако) Бугарите.

Оваа книга говори токму за времето на духовниот пад, економското осиромашување и националното понижување на Македонскиот народ и уривањето на неговата држава и Света Православна Црква. Ова е време на „Времиња на смут“ (како што би рекол Андреј Рубљов) или време во кое „паметниот замолчува, будалата прозборува, а неранимајкото се обогатува“ (како што би рекол Иво Андриќ). Време на уривање на Македонија не од вооружена агресија на непријателски војски, туку уривање од една генерација „Македонци“, неграмотни, неморални, алчни, анационални, кримиминални и уценети луѓе доведени на власт или поставени во опозиција заради исполнување на политичка стратегија на соседните држави врз Македонија.

Монографијата која е претставена би сакал да биде историски запис за отрезнување на секоја идна генерација Македонци кои во специфични геополитички и регионални околности ќе мора да продолжат да се борат за Македонија во својата генерациска борба која

никогаш нема да заврши за нас Македонците. Таа генерациска борба ќе ја пренесуваме од генерација на генерација, како Тешкото од Блаже Конески, повторно „син оди по татка, по деда си – внук“, за жал во борбата за нашето битисување како Македонци.

За жал идните генерации Македонци ќе мора да вложат многу труд за да го исправат тоа што го згреши оваа генерација, бидејќи недоветноста и грешките на една генерација најчесто се приморани да ги исправаат неколку следни генерации и тоа макотрпно и со многу жртви.

Ги молам и заколнувам во Христа Бога следните генерации Македонци никогаш повеќе да не ги повторат грешките на оваа генерација, а од оваа генерација Македонци барам да направат саможртва преку самоосвестување и уривање на режимот на Заев кој не доведе во оваа состојба со своите бесмислени анационални политики и со својата потполна неспособност да се справи со било кој предизвик. Понекогаш имам чувство дека со неспособноста на ова власт сите ние сме во истата состојба на биолошко уништување како Македонски народ, исто како во времето на Балканските и Првата Световна војна. Се надевам дека веќе следната власт во Македонија ќе ја крене државата Македонија на нозе и ќе ги охрабри сите граѓани да веруваат во Македонија и да ја возобнови Македонската нација врз современи принципи.

На денот на Св.великомаченик Прокопиј Кесариски
21/08.07.2021 година

ISBN 978-608-65457-3-4